НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА

ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ

НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ – БИТОЛА

# ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

## БР.25



**БИТОЛА**

**2022**

**ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ БР. 25 НА Н.У. ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ – БИТОЛА**

**Издавач:**
НУ Завод и музеј Битола

**За издавачот:**
д-р Мери Стојанова

**Претседател на редакциски одбор:**
Енгин Насух

**Технички секретар:**
м-р Јове Парговски

**Членови на редакциски одбор:**
Надежда Георгиева
Оливера Макриевска
Владо Ѓоревски
д-р Александар Литовски

**Лектор:**
д-р Виолета Крстеска

**Печати:** ГРАФО ПРОМ Битола

**Тираж: 300**

## СОДРЖИНА

**Александар Литовски**
ПРИЛОГ ЗА БИОГРАФИЈАТА НА РОЗА КАМХИ 1

**Гоце Вељановски**
КУЛТУРНО-ИСТОРИСКО НАСЛЕДСТВО ВО КИЧЕВО И КИЧЕВСКО 13

**Драган Георгиев**
БИТОЛСКОТО ГИМНАСТИЧКО ДРУШТВО ПЕЛИСТЕРСКИ ЈУНАК 23

**Евгениј Литовски**
ЕДЕН ИЗВЕШТАЈ ОД ЈУНИ 1948 ГОДИНА НА РИСТО БАЈАЛСКИ ЗА ПОСЕТА НА ПИРИНСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА 35

**Роберто Трајковски**
ВОЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ НА ВЕРМАХТОТ ВО ЈУГОЗАПАДНИОТ РЕГИОН НА ВАРДАРСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА (КРАЈ НА АВГУСТ-ПОЧЕТОК НА СЕПТЕМВРИ 1944 ГОДИНА) 45

**Рубинчо Белчески**
ПАНЕ НАПЕСКИ (1902 - 1979) 53

**Александар Миткоски**
МЕТАЛНИ НАОДИ ОД ЖЕЛЕЗНО ВРЕМЕ ОД ПРАИСТОРИСКАТА ЗБИРКА НА НУ ЗАВОД И МУЗЕЈ – ПРИЛЕП – ВТОР ДЕЛ 65

**Владимир Крстески, Душко Темелоски**
МОНЕТИ НА АВТОНОМНИТЕ ОБЛАСТИ И ГРАДОВИ ЗА ВРЕМЕ НА ФИЛИП V И ПЕРСЕЈ (187-168 Г. ПР.Н.Е.) 83

**Гоце Наумов, Јасминка Гулевска**
ИСТРАЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛИТЕТОТ ВЕЛУШКА ТУМБА ВО 2022 ГОДИНА 95

**Јасмина Гулевска**
ЗООМОРФЕН СКИПТАР ОД ЛОКАЛИТЕТОТ ШУПЛЕВЕЦ, БИТОЛСКО 109

**Оливера Јандреска**
ТРИ ИКОНОГРАФСКИ МОДЕЛИ НА СЦЕНАТА „ДИОСКУРИ“ 125

**Заревска Паре**
МОТИВОТ „ДРВО ВО МЕДАЛЈОН" ПРЕТСТАВЕН НА СРЕДНОВЕКОВНИТЕ ГЛАЗИРАНИ САДОВИ ОД МАРКОВИ КУЛИ – ПРИЛЕП 137

**Мимоза Христоска**
ЦРКВАТА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА ВО СЕЛО МАЖУЧИШТЕ, ПРИЛЕПСКО 147

**Владо Ѓорески**
ИСТОРИЈА НА БИТОЛСКОТО СОВРЕМЕНО СЛИКАРСТВО – ТРЕТ ДЕЛ 157

**Билјана Темелкоска**
ЈАВНИ БИБЛИОТЕКИ 171

**Соња Стрезоска Вељановска**
„МАКЕДОНИКА" ВО НУБ - НАЦИОНАЛНО И НАУЧНО ЗНАЧЕЊЕ 179

**Викторија Момева Алтипармаковска**
РУРАЛНАТА СПОМЕНИЧКА ЦЕЛИНА БРАЈЧИНО – КУЛТУРНА ОСТАВИНА ПОД ПРИВРЕМЕНА ЗАШТИТА 187

**Почитувани читатели,**
**Почитувани колеги,**

Пред нас е новото издание на „Зборник на трудови"  кое како и години station наназад така и овој пат ќе понуди автентични  материјали  и нови сознанија од областа на историјата, заштитата и презентацијата на  движното и недвижното културно наследство, како и од музеологија, етнологија, фолклористика, археологија, историја на уметноста, епиграфика....

Како дел од издавачката дејност на Националната установа Завод за заштита на споменициите на културата и Музеј – Битола оваа едиција претставува стручно и научно списание кое е интересно четиво како за стручната така и за пошироката јавност. Во него се поместени трудови на наши колеги  од редот на вработени во оваа институција, но и трудови на колеги  кои работат во различни сфери во културните и научнитеинституции ширум републиката.

Традиционално „Зборникот на трудови" го носи зачуваното графичко решение на корицата како препознатлив печат на ова издание, додека во самата едиција ќе ги најдете поместени и инструкциите за авторите, со цел да информираме  за тоа како треба технички да се подготвуваат статиите за да го заслужат своето место во некој  иден  ваков број.

Како и секое претходно,  и ова издание го испраќа својот апел до сите колеги  и научни работници и во иднина да се пријавуваат со свои стручни и научни трудови до редакцискиот одбор со цел истите да бидат презентирани во јавноста. Престедателот и техничкиот секретар на овој одбор во текот на целата година стојат на располагање за прифаќање на трудови, но и  за секаква асистенција во врска со аплицирањето за учество во Зборникот.

Претседател на Редакцискиот  одбор

Енгин Насух

в.д.Директор

д – р  Мери Стојанова

**UDK 929(=411.16)Камхи, Р.** **ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ БР.25**
**UDK 325.83(=411.16:497.7)1941/1944”**
**UDK 94(=411.16:497.774)1941/1944”**

**Александар Литовски[1]**

# ПРИЛОГ ЗА БИОГРАФИЈАТА НА РОЗА КАМХИ

***Апстракт**: Во статијата се дава кратка биографија на Роза Русо Ментеш–Камхи, Еврејка од Битола, активно вклучена во дејноста на градската комунистичка организација во Битола и учесник во антиокупаторската борба. Ќе се презентира како успеала да ја избегне депортацијата на битолските Евреи во логорот Треблинка и кое било нејзиното искуство во битолскиот Областен окупаторски затвор. Преку нејзиниот животопис ќе се презентира начинот на дејствување на антиокупаторското движење во Битола и проблемите со кои тоа се соочувало во организирањето на Националноослободителната борба.*

***Клучни зборови:***
*Роза Камхи, Македонија, Народноослободителна борба, Битола, Евреи.*

Роза Русо Ментеш–Камхи (Roza Ruso Menteš-Kamhi)била припадник на Македонското националноослободително и комунистичко движење и учесник во антифашистичката војна во Вардарскиот дел на Македонија. Родена била на 4 јуни 1922 г., во Битола[2]. По националност била Еврејка[3], од познатото битолско семејство Камхи[4], односно таа била ќерка на Берта и

---

[1]Александар Литовски, доктор по историски науки, адреса: ул. „Баталјон Стив Наумов“ 9/40 – Битола, е-маил: acelitobitola@gmail.com

[2]ДАРСМ–ПО Битола, фонд број 741: Збирка мемоарска граѓа–Битола, кутија 9, Спомени на Роза Русо(натаму само „Спомени на Роза Камхи“),лист 2.Спомените на Роза Русо Ментеш–Камхи се во обем од 9 листа. Забележано е дека „Сеќавањата“ ги снимил на магнетофонска лента Александар Крстевски, архивист во Научно истражувачката и издавачка дејност при Историскиот архив во Битола, на ден 14 декември 1976 година, од 14–16 часот во просториите на Републичкиот одбор на СЗБ на НОБ Скопје; Димитар Белчев, In memoriam Роза Русо, Весник *„11 март 1943“, г. XXI, бр. 25*, Скопје, март 2017, (натаму само „In memoriam...“) 22–24.

[3]Бегајќи од инквизицијата од Шпанија и Португалија во 1492 г., над 90 000 Евреи дошле на Балканот. Од нив 2000 се населуваат во Македонија. На крајот на XIX век, според некои податоци кои ги пренесува Владимир Јанев, може да се забележат различни бројки за жителите Евреи во Битола, но како најрелевантна се чини онаа од официјалниот попис што го спровела Османлиската Империја, по кој имало 2.332 Евреи и 2.227 Еврејки. Владимир Јанев, *Историја на Евреите во Македонија (1700-1912)*, Скопје, 2018, 13.

[4]Најпознат е Рафаел Моше Камхи, (Битола, 15 декември 1870 – Ерусалим, 1970), револуционер, учесник во Илинденското востание. Пред Втората светска војна живеел во Солун. Во почетокот на март 1943 г., се преселил во Софија, а оттаму се иселил во Израел, во 1948 г. *Македонска енциклопедија*, МАНУ, Скопје, 2009, (натаму само „*МЕ*“) т. I, 666.

Ментеш Камхи. Нејзиниот татко бил средноимотен трговец со жито којшто им овозможил на своите деца добро да се школуваат, а Роза Камхи во учебната 1937/38г., се запишала како ученичка во Трговската академија во Битола[5].

Уште во периодот пред фашистичката окупација како член на еврејската младинска организација „Хашомер Хацаир“[6], Роза Камхи била вклучена во помагање на активностите на прогресивното комунистичко движење[7]. Македонското националноослободително движење, под раководство на КПЈ во правец на изградување на широка основа на Националноослободителната и антифашистичка војна,настојувало да ги вклучи во неа и припадниците на разните национални малцинства од Македонија. Секако, еврејското национално малцинство воопшто не било заобиколено во таквата националнополитичка стратегија на Македонското националноослободително движење[8]. Оттука, Роза Камхи по воспоставувањето на бугарската фашистичка окупација во1941 г.,станала активист во антифашистичкото движење, а таа година била примена и за член во Сојузот на комунистичка младина – СКОЈ. Била задолжена да работи со училишната младина, посебно со еврејската младина, со цел, тој дел од битолското население што помасовно да се вклучи во антифашистичкото движење. Посетувала и курс за прва помош кој бил партиски организиран во насока на подготовки за отпочнување на вооружена антиокупаторска борба, а предавач била лекарката Хелена Ишак[9]. Работела и меѓу жените од еврејско

[5]„Биографија на Роза Русо од Димитар Белчев“ која е направена врз основа на нејзините снимени аудиоспомени (оригинален материјал од две страни кај авторот, љубезно отстапен од амбасадорот Димитар Белчев); Ѓорѓи Димовски–Цолев, Ученици Евреи во Трговското училиште во Битола,*Зборник на трудови на НУ Завод и музеј–Битола бр.17*, 2013, 67–80.

[6]Хашомер Хацаир (Млад стражар; 1921–1943), еврејска младинска прогресивна организација во Македонија. Била активна во сите поголеми центри во Македонија со еврејско население. Во Битола бил основан огранок со околу 400 членови во 1931 г. Организацијата развивала воспитнообразовна дејност, изучување на хебрејскиот јазик и приближување кон природата со организирани логорувања.Ѓ. Димовски–Цолев,*Битолските Евреи*, Битола, 1993.

[7]В. Весковиќ–Вангели, Жената од Битола и Битолско во Народноослободителната војна и Револуцијата (1941–1942), *Битола и Битолско во НОВ 1941 и 1942*, Битола, 1978, кн. 1, 246.; Jaša Romano, *Jevreji Jugoslavije 1941–1945. Žrtve genocida i učesnici narodnooslobodilačkog rata*, Beograd, Savez jevrejskih opština, 1971, 269, 474. Браќата на Роза Камхи, Моис и Пепо, во еден период, биле раководители на Еврејската младинска организација „Хашомер Хацаир“ со прокомунистичка ориентација, која легално работела во времето на Кралството Југославија и ја вклучиле својата сестра во активностите уште кога била на петнаесетгодишна возраст.Д. Белчев, In memoriam...23.

[8]Александар Литовски, Застапеноста на еврејското и другите национални малцинства во политичката платформа на Македонското националноослободително движење од Вардарскиот дел на Македонијаво текот на Втората светска војна, *„Зборник Историја“* Музеј на Македонија–Археолошки, Етнолошки и Историски, бр. 3, Скопје, 2009, 101–105.

[9]Јелена Ишах(село Падина, Банат, Србија, ?– ?) припадник на југословенското комунистичко движење и учесник во антифашистичката борба, лекар. Медицина завршила во Белград. Живеела и работела најпрво во Белград, а потоа во Битола. Од октомври 1944 г., станала раководител на болницата на Главниот штаб на НОВ и ПОМ во селото Горно Врановци. Ј. Romano, *Jevreji Jugoslavije*..., 394.

потекло, со цел, тие да се вклучат во помагање на антиокупаторското движење. Покрај тоа, вршела активности за собирање помош во храна и облека за партизаните и за политичките затвореници. Раководела со повеќе, таканаречени,читачки групи“ од женската младина кои имале образовно-еманципаторска функција[10].

Како резултат од нејзината политичка и антиокупаторска активност,во еврејските куќи имало сместено голем број на комунистички илегалци. И во куќата на самата Роза Камхи што се наоѓала близу битолски „Ат пазар“, покрај реката Драгор, биле сместувани илегалци, понекогаш и високи партиски раководители како Вера Циривири[11]иКиро Крстевски–Платник[12]. Во сите овие партиски активности соработувала и со Бено Исак Русо[13], кој подоцна, по Втората светска војна, ѝ станал сопруг[14].

Во март 1942 г.,на партиски состанок со присуство на Фана Мајкова[15], член на Месниот комитет на СКОЈ и на Цветко Узуновски-Абас[16], Роза Камхи

[10]Спомени на Роза Камхи, лист 3.

[11]Вера Циривири–Трена (Прилеп,1921 – 15 јули 1944,Штип) припадник на македонското националноослободително и комунистичко движење и учесник во антифашистичката војна во Вардарскиот дел на Македонија. Од пред Втората светска војна била член на КПЈ. Како инструктор на КПЈ за Македонија била еден од главните организатори на оруженото востание во Прилеп, а потоа на антиокупаторската борба во Скопје и Битола, во Тиквешко, во Куманово и во Штип. По провала во Штип, била опколена од бугарската полиција во куќата во која се наоѓала и, за да не биде фатена жива, се самоубила.*Македонски историски речник*, Скопје, 2000, 490.; *Енциклопедија МИ–АН општа и македонска*, Скопје, 2006, 1898.

[12]Кирил(Киро)Крстевски–Платник (Прилеп, 20 јули 1909 – 20 јуни 1965, Скопје) припадник на македонското националноослободително и комунистичко движење и учесник во антифашистичката војна во Вардарскиот дел на Македонија. Уште во предвоениот период бил член на КПЈ. Во септември 1941 г. бил во борбениот строј на Првиот прилепски партизански одред „Гоце Делчев“ и учествувал во нападот на полициската станица во Прилеп, на 11 октомври 1941 г.Учествувал во организирањето и формирањето на Првиот битолскиот партизански одред „Пелистер“ во април 1942г.Есента 1942 г., бил поставен за инструктор на Покраинскиот комитет на КПЈ и на Главниот штаб на НОВ и ПОМ. Велимир Брезоски, *Комунистичка партија на Македонија 1941–1944*, Скопје, 2003, 140.; *МЕ*, т. I, 764.; Рубинчо Белчовски, Докажавте како треба да се гине, в. „*Борец*“, година V, бр. 43, мај 2019, 16–17.

[13] Бено Исак Русо(Битола 20 јануари 1920 –18 јуни 2006 Скопје) припадник на македонското националноослободително и комунистичко движење и учесник во антифашистичката војна во Вардарскиот дел на Македонија, генерал–мајор на ЈНА. Како политички комесар на Петнаесеттиот (македонски) корпус на Југословенската армија учествувал во борбите на Сремскиот фронт. *МЕ*, т. II, 1290.; *Зборник докумената и података НОР–а*, (натаму само „Зборник докумената...“) том VII, књ. 1, док. 110, 392. J. Romano, Jevreji Jugoslavije..., 269, 474.

[14]https://www.centropa.org/en/photo/picture-beno-ruso-and-roza-kamhis-wedding(посетено на22мај 2022)

[15]Фанија (Фана) Тозија Мајкова е припадник на македонското националноослободително и комунистичко движење и учесник во Антифашистичката војна во Вардарскиот дел на Македонија. Член на Месниот комитет на СКОЈ–Битола. Во септември 1944 г., била вклучена во составот на Вториот обласен комитет на КПМ во Битола. Даница Хаџи Поповска, Активноста на СКОЈ во женската потребителна задруга во 1941 и 1942 г, *Битола и Битолско во НОВ 1941 и 1942*, Битола, 1978, кн. 2, 47–49.

била примена зачлен на КПЈ[17],а по големата „априлска провала“ во Битолската партиска организација во 1942 г.[18], станала член и секретар на Месниот комитет на СКОЈ воБитола[19]. Била задолжена за работа со училишната младина и жените.

Кон крајот на 1942 и почетокот на 1943 г., дел од нејзината партиска работа била во контекст на „ситуацијата“ со Евреите која била „посебна со оглед на тоа што се осеќаше едно движење и едно настојување дека ќе дојди до собирање на евреите и однесување на истите. Меѓутоа во тоа време посебно беше потешкотија тоа што партијата беше прилично десеткована со провалата[20] и многу беше тешко да се најдат можности за евентуално извлекување на што поголем дел од евреите да не бидат депортирани“[21]. За опасностите кои се надвиснувале врз македонските Евреи, биле свесни во македонската организација на КПЈ, за што сведочи и „Прогласот“ на Покраинскиот комитет од јули 1942 г., во кој била констатирана и осудена антиеврејската политика на бугарската фашистичка влада, македонското население се повикува да ја отфрли „подлата демагогија“ на „фашистичките окупатори“ и „братска солидарност“ со Евреите, а пак, самото еврејско население се повикувало да се вклучи во „редовите на народната антифашистичка борба“[22].

---

[16] Цветко Узуновски–Абас (село Царев Двор, Преспанско, 24 декември 1912 – 24 мај 1994, Скопје), припадник на македонското Национаноослободително и комунистичко движење и учесник во антифашистичката војна во вардарскиот дел на Македонија, политичар. Бил член на КПЈ од 1934 г. и борец во интернационалните бригади во Шпанската граѓанска војна. Бил еден од главните организатори на антиокупаторската борба во 1941 г. Од јуни 1942 г., станал член на Главниот штаб на НОПОМ и член на Привремениот покраински комитет на КПЈ за Македонија. Во март 1943 година, бил вклучен во првиот состав на Централниот комитет на Комунистичката партија на Македонија, а од пролетта 1943 г., станал и политички комесар на ГШ на НОВ и ПОМ. *МЕ*, т. II, 1527.; М. Димитријевски, Македонската војска 1944-1945, Скопје, 1999, 30.

[17]Ѓ. Димовски–Цолев, Ученици Евреи..., 67–80.; Jaša Romano, Jevreji Jugoslavije..., 269, 474.Во своите спомени за овој чин Роза Русо Ментеш го запишала и следото: „За мене тоа ми претставува посебен впечаток бидејќи еден поозбилен човек, разбрав дека бил шпански борец и тоа повеќе ми допринесе да сфатам дека не само младината туку и поозбилни и повозрасни луѓе се вклучени во овој покрет, со поголема верба во конечното реализирање на идеите на покретот.“Спомени наРоза Камхи, лист 2.

[18]Се однесува на „Априлската провала“ во битолската партиска организација во 1942 г. Таа започнала околу 7 април 1942 г., со апсењето на Томе Спасовски–Ѓуш, член на Месниот комитет–Битола, а се проширила на сета организација на КПЈ во Битолско. *Архивите говоря: Българското управление във Вардарска Македония (1941–1944). Документален сборник*, София, 2011, т. 63, док. 62, 285, 289.: Јован Кочанковски, *Битола и Битолско во Народноослободителната и антифашистичка војна на Македонија 1941–1945*, Битола, 2010, кн. 1, 285–291.

[19]Според нејзините „сеќавања“ членови биле и Мишко Божиновски, Адела Фараџи и Милица Маслинкова. ДАРСМ–ПО Битола, фонд број 741: Спомени на Роза Камхи, лист 2.

[20]Роза зборува за „априлската провала“ од 1942 г.

[21]Спомени наРоза Камхи, лист 3.

[22]Жамила Колономос, Вера Весковиќ–Вангели, Евреите во Македонија во Втората светска војна (1941–1945)Зборник на документи, Скопје, 1986, 478–480.

Во март 1943 г., бугарските окупаторски власти на територијата на Вардарскиот дел на Македонија го спровеле Холокаустот на македонските Евреи. Имено, врз основа на антисемитското и расно законодавство кое постоело во фашистичка Бугарија од пред почетокот на Војната и врз основа на спогодбата Белев–Данекер, од 22 февруари 1943 година, во ноќта помеѓу 11 и 12 март 1943 година, во градовите Скопје, Штип и Битола бугарската војска и полиција извршила целосна блокада и биле уапсени сите затекнати еврејски жители[23]. Организацијата на КПЈ во Битола во рамките на своите можности презела мерки за спротивставување и извлекување на депортацијата на битолските Евреи. Меѓутоа, објективната ситуација во која дејствувала битолската партиска организација била исклучително тешка, врските меѓу градот и битолските партизанските одреди кои тогаш се наоѓале во Егејскиот дел на Македонија биле прекинати, па затоа испраќањето на борци, не само од еврејска националност, било неможно и сите илегалци биле во позиција сами да се снаоѓаат пред прогонот од бугарската окупаторска полиција[24]. Всушност, иако постоел интерес да се омасоват партизанските одреди, деклариран токму во периодот пред самата депортација на Евреите, дури и од делегатот на ЦК на КПЈ, Светозар Вукмановиќ-Темпо кој по своето пристигнување во Македонија, во писмото од 28 фебруари 1943 г., до

[23]Собраните Евреи од Македонија биле депортирани најнапред во Скопскиот монопол, кој бил претворен во привремен концентрационен логор, каде биле затворени вкупно 7 215 лица. Од нив од Битола биле 3 276 Евреи. Со три транспортни воза од 22 до 29 март сите овие лица биле депортирани во логорот Треблинка во Полска и таму, до капитулацијата на фашистичка Германија, сите биле убиени.Од апсењето и депортацијата успеале да се спасат само мал број Евреи од Македонија, односно околу 400 лица, и тоа претежно оние кои се наоѓале во партизанските единици.*Зборник докумената...*, т. VII, књ. 1, док. 71, 229–233.

[24]За да се увиди дека примањето на новомобилизирани борци навистина било проблем, и заради отежнатите врски и заради недостаток на оружје, сведочи, на пример, Тодор Ангелевски–Строгов, член на Окружниот комитет на КПЈ–Битола, кој уште од крајот на јануари 1943 г., пишувал до раководните партиски кадри во самиот град;„Шо ке прајме со тије 10 шо мисли да ги донеси Платник (Киро Крстевски–б.м.). Јавете ако има каде нека останат извесно време...“ *Извори за Ослободителната војна и Револуцијата во Македонија 1941–1945*, Скопје,(натаму само „Извори“)т. V, кн, 5, док. 10, 328. Сепак, на 12 февруари 1943 г., Страхил Бегинов секретар на Окружниот комитет на КПЈ–Битола му најавил на Штабот на ПО „Јане Сандански“ дека претстои како задача „поширока масовна работа и стварање нови партизански одреди“ и дека тие треба да бидат „побројни во одредот“, односно да примат нови партизани. Извори..., док. 20, 351. Следејќи ја партиската сугестија за Евреите привремено да се засолнуваат во Егејскиот дел на Македонија, односно Грција, една група од „18 младинци“ од Битола избегале во Костур, на 10 март 1943 г., и дел од нив се придружија на единиците на ЕЛАС. Како такви се споменуваат имињата на Шамуел Калдерон-Бима, Давид Калдерон, Марсел Демајо, Јосеф Пепо Хасон, Манташ Исак, Пинхас Ишах и Луна Исак. Една група Евреи, во кои биле браќата Алберт (Аврам Сегев), Моше Касорла, браќата Јосеф и Симон Аруести побегнале од Битола на „грчка територија“, чекале да се појави лицето за врска со партизанските одреди од Битола, но кога тоа не се случило избегале во Албанија, а по капитулацијата на Италија се приклучиле на македонските партизански единици.Шаломо Албохер, *Евреите од Монастир, Македонија*, 2010, 104-105. Ова сведочи дека „инструкциите“ од Битолската организација на КПМ вродиле со позитивен резултат, иако тоа било далеку од потребната и посакуваната масовност.

членовите на КП во Македонија ја истакнал потребата од „привлекување“ во вооружената борба на „Арнаути, Турци, Власи, Евреи, кој исто така го осетуват на своите плешти тегобниот јарем на окупаторот“[25], сепак, „партиските организации и покрај добрата волја за спасување на Евреите, реално немале никаква подлога врз која можеа да ја базираат таа желба“[26].

И во такви неповолни услови, по барање на Окружниот комитет на КПЈ за Битола и неговиот секретар Страхил Бегинов, се правеле напори за криење на битолските Евреи пред бугарскиот окупатор[27]. Така биле организирани и двете илегални престојувалишта за Евреите во Битола. Едното било во подрумот од дуќанот на Богоја Силјановски каде се засолнале Естреја Овадија, Стела Леви, Жамила Колономос, Адела Фараџи и Роза Камхи[28]. Тие скоро цел месец, односно до 7 април 1943 г. на ова место чекале

[25]*Извори...*, т. I, кн. 1, док. 26, 110, 115.

[26]Т. Чепреганов, Можеше ли партиската организација во Македонија да ги спаси Евреите?, *Дипломатијата и депортацијата на Евреите од Македонија во 1943 година,* Скопје, 2015, 55–60.

[27]Така на пример, неколку дена пред депортацијата на Евреите, Страхил Бегинов, секретар на Окружниот комитет на КПЈ–Битола, инсистирал кај Штабот на ПО „Јане Сандански“ да примат нови партизани. Тој во писмото од 9 март 1943 г., пишувал: „Драги другари. Према вашите извештаји да уште не сте спремни да примите нови партизани мија известивме до Гл[авниот] ш[таб] и ПК јер они ни доставија да други борци и од страна који идат и које они ке ги достават треба одма да се примајат. Еве го нивнио став и мишлење, ви го давам во препис. Да се разкрши таја зачауреност кај партиз[анските] раководители да не може да примат нови лугје. Нужно је да се сквати да је судбаносно времето и да треба да се прошират партиз[анските] одреди. Чврста врска со позадината ради примане нови борци. А оружје кје се набави кога ке се почнит сос акцији! Демек што значит посмело да се приступа на примање нови партизани и това у ова време кога уште акцијите не започнале...“ Тој во писмото го бележел токму моментот со опасноста која се надвиснала над еврејските жители на Битола, па пишувал: „Но за ова време вије присобирајте се и снабдујте со потребни работи а и бидите спремни во секој случај да примите нови борци јер може би да дојда од Пр.[илеп] а и по сио изглед је оти ке извршат интернација на поголем дел евреји па сигурно тука ке има доста кој ке се јават да се приклјучат во партизаните. За овова нарочно припремајте се јер инаку можеме да изгубиме доста борци. Мија немаме овде кај да ги закланууваме.“*Извори...*,т. V, кн, 5, док. 31, 380

[28]Богоја Сиљановски во своите „спомени“ пишува: „Кога се креваа евреите 1943 година ми се чини во март месец, 13 март ако не се лажам, Павле дојде и ми рече ќе примиш илегалци во едно мало дуќанче што го имав јас, под паролата дали имаш цигари „Картел“. Прво дојде Ѓорѓи Тапанџиев, по него Васко Пурино (Васко Ангелески–Пурино–б.м.) по Васко Пурино и еден друг името не му го знам, дојде Роза Ментеш Камхи, дојде Џамила Коломонос (Жамила Исак Коломонос–Цвета–б.м.), дојде Марта Стреја (Стела Леви–б.м.) како ја викаат неја не знам и дојдоа уште две, три другарки.Така кај мене се собраа 5 другарки и тројца другари.Беја тие околу март април месец, околу три четири недели беа како илегалци.Почнаа да бегаат за да излезат горе.Пред да влезат горе нешто мене ми се посумља кај комшиите во дуќаните, како некој да отвара или одзидуе что ти јас знам.Да не ги фатат кај мене одма му сигнализирав на Павле.Со Павлета донесовме решение да се преселат.Павле ми кажа што е како и некои отидоа кај Павлета Кипров појдоа неколку дена, не им се свиѓало тамо, по сигурно им беше местото кај мене макар да беше кај участакот, се вратија назад.После враќањето назад, пак во истото место каде што беа, по десетина дена не знам колку, веќе

врска за излегување во партизани. Втора група на Евреи се засолнила во куќата на Борис Алтипармаковски. Таму биле Саламон Садикарио, Самуел Садикарио, Алберт Русо и Алберто Касарола и сите тие подоцна биле префрлени во Партизанскиот одред „Даме Груев“[29].

Роза Камхи во воите спомени за настаните кои ги доживеала во март 1943 г., пишува: „Се сеќавам дека на последниот состанок на МК беше поставено тоа прашање што да се прави во случај на депортирање на евреите бидејќи се слушна од поуздани извори дека се спрема тоа депортирање. Тогаш беше завземен ставот да се најдат можности самите тие да се снајдат бидејќи во селата беа со провалата така да врските со селата и со партизаните беа во тоа време прекинати, да се најди можност да се секој снајди, а после да остави адреса како би могло да се за неколку дена изврши прибирање на тие луѓе. Но со оглед дека малко имаше контакти повеќе беа поделени луѓето во работата мислам посебно еврејската младина, посебно останалата младина тешко можеа тие самите да се снајдат, а и од друга страна сепак уште провејуваше извесна надеж дека нема исцело да ги депортираат него дека ќе ги депортираат еден делод оние работоспособни, а дека другите деца и помлади женска младина ќе биди оставена. Така последната вечер го сметам како посебно вака задолжение и према тие луѓе што беа депортирани, последната вечер прилично од луѓе од еврејското потекло поготову организираните луѓе вознемирени и бараа излез, бараа начин да им се помогне меѓутоа можноста беше минимална. Беше пренесено на неколку од тие другари да се склонат али успеавме само една мала група тогаш од оние кои може да се каже случајно најдовме да се организираме и да се склониме таа вечер на дуќанот Ѓоко Тапанџиев... Бевме склонети едно две вечери кај Ѓоко па после бевме префрлени во дуќанот на Силјановски Богоја каде што се најдовме една група од еврејки тоа беше Адела Фараџи, Жамила Коломонос, јас, последно време дојде и Ѓоко Тапанџиев тамо. Тамо останавме едно 15-20 дена неможам точно да се сетам. И после тоа се организира одењето во партизани...“[30].

---

требаше да излезат горе во планина.“ ДАРСМ–ПО Битола, Фонд број 741: Збирка мемоарска граѓа–Битола, кутија 9, Спомени на Богоја Сиљановски.

[29]Јован Кочанковски, Битола и Битолско..., кн. 1, 452–454.Александар Манојловски, Учеството на битолските Евреи во Народноослободителната и антифашистичка војна во Македонија. Гласник на ИНИ, г. 65, бр. 1-2, Скопје, 2021, 117-134.

[30]Спомени на Роза Камхи, лист 3–4. Во своите „спомени“ Богоја Сиљановски запишал: „Заминаја сите, Роза се врати. Роза се врати влезе в дуќан кај мене. Оти не врати полицијата сношти, сега ќе си одам.Заминувајќи Роза со групата на Ѓорѓи Манџуро(Ѓорѓи (Јорго) Ристовски–Манџуро)во таа група беше Минела Бабукот што го викавме и некои други и ги фатија. Ги фатиле кон лавчанско некаде, не знам каде точно.Мачејќи ја, за да не го провали Роза станот каде се криела, ги носела во некои колиби ама агентите бугарски се сетиле и рекле кај одела по нужда.Меѓутим барале, барале не нашле и морала вечерта Роза да го каже и да го провали станот. Во тој провален стан кога станав едно сабајле, а Павле мене ме опомена дека се фатени тие и вика животот луѓето го даваат и не признаваат. Дали си издржлив? (така е во оригиналот-забелешка А.Л.) Јас имам мака да речам само еднаш

Во целата оваа ситуација поврзана со депортацијата на Евреите, позитивниот и рамноправен третман кон нив, како и за сите останати национални малцинства, од страна на македонското националноослободително движење, може да се констатира и од фактот што Комунистичката партиската организација од Битола, веќе на 16 март 1943 г., издала леток, во кој освен жестоката критика на антицивилизацискиот чин на одведување на еврејското население од нивните домови во концентрациони логори[31], уште еднаш ја потенцирала демократската и хумана основа на Националноослободителна и антифашистичка војна на македонскиот народ и побарала од целото македонско население да се солидаризира и да ги помага Евреите[32].

При обидот за заминување во редовите на партизанските единици Роза Камхи,во април 1943 г., била заробена од бугарската окупаторска полиција[33]. Апсењето се случило при излегување од градот, ноќно време кај реката Курделес, кога окупаторска полициска контрола ги сопрела, неа и нејзината врска за партизани Минела Бабукоски[34], и им побарала лични исправи, а тие

не.Реков не и тоа ќе остане". ДАРСМ–ПО Битола, фонд број 741: Збирка мемоарска граѓа–Битола, кутија 9, Спомени на Богоја Сиљановски.

[31]Во „леток", помеѓу останатото, пишувало: „На бугарските поробители јасно им беше уште од окупацијата на Македонија оти Евреите ги чекат концентрациони логори. Но верните кучиња на Хитлера је крија вистината од Евреите и ги залажвеја со разни обеќјања, само да добијат време...Најсетне им забранија да работат, и кладоја значки, им одредија полициски час, им забранија да поминат преку Драгор.Штом ги ограбија до последна пара, кога ги исцедија како лимони и им ги остаја само голите животи, чопоро од бугарските фашиски шакали је извршија и последната, лешинарска задача: Прво го блокира целио град, ги затворија грагјаните цел ден по кукјите, и тогај уште ноке разбојнички се доближија до еврејската мала и се фрлија како диви зверои на незаштитените жени, деца, старци, ги собра и му ги испратија на милост и немилост на Хитлера". *Зборник докумената...*, том VII, књ. 1, док. 71, стр. 229–233

[32]Леток на Месниот комитет на КПЈ во Битола по повод депортирањето на Евреите од градот и Македонија, *Зборник докумената...*, том VII, књ. 1, док. 71, стр. 229–233.Жамила Коломонос, Вера Весковиќ Вангели,*Евреите во Македонија за време на Втората светска војна (1941–1945)*, Скопје, 1986, том I, 796–800.

[33]Ѓ. Димовски–Цолев, Ученици Евреи..., 67–80.

[34]Минела Бабуковски е посочен и од Богоја Сиљановски како лице кое било врска за излегување во партизани на Роза Камхи. ДАРСМ–ПО Битола, фонд број 741: Збирка мемоарска граѓа–Битола, кутија 9, Спомени на Богоја Сиљановски. Исто така, потврда на овој податок има од Павле Кипровски кој во своите „сеќавања"пишува: „Во овој период Минела Бабуковски, Роза Ментеш Камхи [...], требаше да излезат во партизани носејќи со себе еден пакет со лекови, формат 25x30x40. Но во обидот не успеја, а пакетот го оставија дома кај мене каде со сестарми остана да спие Роза Камхи. На другиот ден повторно се обидоа, заедно со Јорго Ристевски, но пакетот со лекови го оставија или заборавија кај мене дома. И пофторното излегување не им беше успешно, беа фатени од еден бугарски полицаец и приведени во полицијата. При испитувањето Минела Бабуковски ме предаде, кажувајки дека кај мене се наоѓа кутијата со лекови и дека кај мене спиела Роза Ментеш Камхи." ДАРСМ–ПО Битола, фонд број 741: Збирка мемоарска граѓа–Битола, кутија 9, Сеќавања на Павле Кипровски. Различно од ова е податокот кај Димитар Белчев каде како врска е посочен

такви не поседувале. Веднаш биле спроведени во полициската станица во центарот на градот, а наредниот ден во истражниот затвор. По извесен период поминат во истражниот затвор каде како Еврејка била подложена на исклучително жестока физичка тортура да признае каде се криела за време на депортацијата на еврејските жители на Битола, била одведена на судење[35]. Согласно партиската линија сите искази и признанија дадени во време на истрагата да се откажат како изнудени и невистинити, Роза Камхи и останатите судени лица ги откажале сопствените искази.Сепак, таа била осудена од воениот суд во Скопје на 15 години затвор[36].

Роза Камхи била затворена во Обласниот централен затвор,кој бил отворен уште во јули 1942 г., во близината на битолскиот „Црн Мост“. Во него биле затворани политичките осуденици од целата Битолска Област и врз нив биле спроведувани „редовни“ инквизиторски сослушувања. Во затворот, во ќелијата број 9,таа била активна во тамошниот организиран партиски затворски живот. Била член на затворското партиско раководство. Имено, зад затворските решетки политичките затвореници илегално имале организирана и содржајна идејно-политичка, културно-просветна и образовна активност,пред сè, со читање и проучување на марксистичката литература,со што се изградувал и калел борбениот дух на револуционерите[37].

---

„Манџурот“, односно Јорго Ристевски–Манџуро. „Биографија на Роза Русоод Димитар Белчев“.

[35]Богоја Сиљановски за ова пишува: „Мачејќи ме многу и Роза, кога ќе барав да одам по нужда и таа бараше и ми велеше дека да признаам само за Ѓорѓи Тапанџиев ме провали, а Ѓорѓи беше избеган и не можеа да го фатат.Само така ќе се спасиш и немој организација да предаваш. Морав јас тоа да го направам оти немаше излез.Седнавме таму околу две три недели и Велигден го направивме во државната сигурност.Сетне не пренесоа во долните згради и од таму не однесоа во битолскиот затвор.По затворот не однесоа на судење.Во судењето бев осуден јас година и пол, Роза беше – требаше првин да не интернираат кај евреите и Роза и мене, ама ме осудија година и пол, а Роза ми се чини 10 години“. ДАРСМ–ПО Битола, фонд број 741: Збирка мемоарска граѓа–Битола, кутија 9, Спомени на Богоја Сиљановски.

[36] Фашистичкиот воено–полев суд од Скопје во процесите во Битола изрече казни на над 250 учесници во Народноослободителното и антифашистичко движење. Над 50 од нив биле осудени на смрт со бесење, над 20 биле осудени на доживотна робија, а другите на временски казни со строг затвор од една до 20 години.

[37]Интересен е описот за овие активности на самата Роза Русо Ментеш: „Грото од времето вглавном го проведувавме во учење, во проучавање на „Историјата на СКПБ“, во проучавање на други материјали, па и во причање еден на друг она што знаевме. Беа формирани скојевска група која беше раководена од нас таму со посебно акцент изучувањето на идеологијата на партијата. Се избра раководство на келијата како шо тоа беше сторено и во другите и во машките келии и тоа раководство беше задолжено како за одржување на врски со келиите машки така и за спроведување на одредена програма што значеше идејно и политичко издигање на сите нас затворенички.Преку другарката Блага Рампова, која одржуваше со надвор преку Аспасија она ми се чини беше одредена од другарите носеше храна на нашата келија исто така дотуруваше и одредени вести, одредени материјали од надвор. Интересно е да се одбележи тоа дека прилично се работеше и на препишувањето на одредени материјали како би можеле тие да се проучуваат. Добиените материјали за Историјата на СКПБ моравме да ги препишиме како би могле после онај првиот примерак да

Како на Еврејка, чија поблиска и подалечна фамилија настрадала со депортацијата[38], Роза Камхи немала никој близок да ја посетува во затворот, па затоа за неа организираниот затворски партиски живот бил особено значаен. Во своите „Сеќавања" таа токму тоа и го забележува: „Мене посебно ми беше тешко во смисла на тоа што на сите другари му идеа повремено на посети, мујносеа јадења, меѓутим јас бидејќи немав никого бев во посебна психичка положба, но сметам дека односот мислам онај колективниот живот и другарство кој беше таму во многу нешто го амортизираа сето она. Така да за еден другарски живот, кој таму бевме организирани недозволуваше да почуствувам да фактички може човек да почуствува кога останува сам. По однос на исхрана се одвиваше така да немаше разлика неовисно на кого му носеше, сето заеднички се делеше и заеднички се, секоја радост секоја мака заеднички се поднесуваше што секако олеснуваа во една таква положба... Посебно за одбележување е кога после една година од затворањето таму во пролетта '44 годинакога стасаа поголема група од скопскиот затвор така да ние можевме да подобро и да се организиравме, а иако условите во кои бевме сместени беа многу тешки затоа што имавме многу мала површина, на многу мала бевме сместени прилично голем број на луѓе. Спиевме во два спрата. Многу пати просто немаше воздух за дишење, со оглед дека имаше само едно мало пенџерче за сета таа просторија. Но можам да кажам дека животот секогаш се одвиваше во добро разбирање, во слога, во една интимност така да сите тие потешкотии просто беа савладани со еден ентузијазам, со една овај оптимизам, со една верба за подобар живот. Дури можда и смешно со една верба дека кога ке излеземе од затворот пак ке живееме сите заедно како една фамилија, како еден колектив"[39].

Од средината на 1944 г., бил формиран и затворски воен штаб, кој бил ангажиран околу подготовки на бегството на политичките затвореници. Во затворот од страна на затворскиот комитет на КПМ бил издаван илегален затворски весник „Наш пат", во чија подготовка учествувала и Роза Камхи[40]. Политичките затвореници активно се подготвуваа за бегство од затворот.

---

го вратиме на другарите, а другиот да ни послужи за кај нас за проучавање. Со оглед дека во истата келија имаше и криминалки, малку во тој поглед беше отежнато нашето работење додека кај мажите тие беа по друго тие келии беа чисто политички затвореници. Затоа се бараше и одредена конспирација внатре во келијата, многу работи беа така организирани со одредени потешкотии да во одредено време, бидејќи келијата се состоеше од два дела предниот и задниот дел да би могле тие да се изолираат во едниот дел да би можело да се врши проучувањето во другиот дел. Имаше повремено и претреси од страна на Управата на затворот бидејќи тие беа убедени дека ние имаме некои материјали меѓутоа ни во еден случај не дојде до тоа да се открие материјалите така да повремено и добро беа тие скриени така да не падна ни еден од тие материјали во овие претреси од страна на Управата на затворот". ДАРСМ–ПО Битола, фонд број 741: Збирка мемоарска граѓа–Битола, кутија 9, Спомени на Роза Русо, лист 7.

[38]Целото нејзино семејство било однесено во логорите на смртта и никој од нив не преживеал. Д. Белчев, In memoriam.., 24.

[39]Спомени наРоза Камхи, лист 6.

[40]*МЕ*, т. II, 1035.

Роза Камхи информира во своето „Сеќавање“: „Во договор со машки политички затвореници беше се организирано во случајот да се излегува како ќе се излегува,кој ќе биде во група, во кој правец ќе се движиме и така да секој ден очекуваме да при излегувањето организирано се настапи да не би дошло до одредени жртви да би се што поорганизирано приклучиле во натамошната борба...Још би рекла малку за онај ден кога беше денот на излегувањето. Тоа беше посебен радосен ден пошто неверувавме, јас неверував дека сне веќе на слобода и едини идеал ми беше да што поскоро се вклучиме активно во борбата да она време за нас мислевме вака некорисно малко. Додека другите другари се бореа ние седевме пасивно во затворот сем што идеолошки се подготвувавме. Едвај чекавме да се вклучиме со сета снага да се бориме за извојувањето на конечната слобода“[41].

Соочени со поразот на фашистичката власт Управата на затворот, три дена пред капитулацијата на фашистичка Бугарија, односно на 6 септември 1944 г., била приморана да дозволи да се отворат затворските порти и околу 120 политички затвореници успеале да побегнат од затвор. Меѓу нив побегнала и Роза Камхи. По бегството од затворот сите политички затвореници успешно се вклучиле во завршните операции на Македонската војска за конечно ослободување на Македонија од фашистичка окупација и создавање на македонската држава[42].По кратко време била именувана за член на Окружниот комитет на КПЈ за Битолската околија и испратена во Преспа за работа на политички план со жените и младината. Таму останала до 1945 г., кога била повлечена на работа во Скопје, во Поверенството за финансии, „како еден од ретките кадри школувани за таа област. Во ова Министерство го поминала целиот работен век, извршувајќи различни должности, вклучувајќи ги функциите на помошник министер и потсекретар, сè до пензионирањето во 1982 г.“[43].

Била носител на орденот„Партизанска споменица 1941 година“,како и ордените за заслуги за народ со златна ѕвезда и со сребрена ѕвезда, ордените на братство и единство со златен венец и со сребрен венец, Орденот за храброст, Орденот на трудот со златен венец и била добитник на повеќе други признанија од Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Социјалистичка Република Македонија[44]. Борбената биографија на Роза Камхи е своевиден пример за борбените биографии на македонските антифашистички борци во периодот, 1941-1945 година, и во сите тие биографии може да се забележи една крајна посветеност на идејата за социјално и национално ослободување и на борбата за протерување на фашистичките окупатори.

---

[41]Спомени наРоза Камхи, лист 7–8.
[42]Ј. Кочанковски, Битола и Битолско..., кн. 2, 123–124.
[43]Д. Белчев, In memoriam..., 24.
[44]Биографија на Роза Русоод Димитар Белчев.

**Резиме**

Роза Камхи е битолска Еврејка, активно вклучена во антиокупаторското и антифашистичко движење во Вардарскиот дел на Македонија, раководено од Македонската, односно Југословенската комунистичка партија. Роза Камхи успеала да го избегне холукаустот, благодарејќи на активноста и врските на битолската комунистичка партиска организација, но сепак, не успеала да се спаси од апсење, судење и затворска казна од бугарската окупаторска власт. По помината скоро година и половина во битолскиот Областен затвор, таа побегнала на слободната територија под контрола на единиците на Народноослободителната војска на Македонија и да се вклучи во антиокупаторската борба, а подоцна во изградбата на слободната македонска федерална држава во Демократска Федеративна Југославија.

**Summary**

Rosa Kamhi was Jew from Bitola who was member of antifascist movement in Vardar Macedonia, which was lead of Macedonian and Yugoslavian Communist Parties. Thanks to her activity in the Party organisation in Bitola, she was not deported in concentration camp where the rest of Jews from Bitola were send. But she was arrested from Bulgarian occupying army and sent to serve prison time. After a year and a half in the prison in Bitola, she succeeded to ran away to the free teritory that was under control of the National liberation army of Macedonia and to join the antioccupying combat. After the war she Deputy Minister in Ministry of finance in Macedonia.

**Гоце Вељаноски**[1]

# КУЛТУРНО-ИСТОРИСКО НАСЛЕДСТВО ВО КИЧЕВО И КИЧЕВСКО

***Апстракт:*** *Кичевскиот крај е доста богат со културно-историско наследство, како што се археолошките локалитети, средновековни цркви, објекти од историско значење, споменици, спомен-бисти, спомен-обележја, спомен-плочи, спомен-чешми и друго.*

*Во овој труд ќе бидат претставени дел од најзначајните културно-историски и духовни споменици низ Кичево и Кичевско, и тоа: манастирите Св. Богородица - Пречиста и Св. Ѓорѓи во с. Кнежино, Китиното Кале, Музејот „Западна Македонија во НОВ“ и „вовчето Ќиро“.*

***Клучни зборови****: културно-историско наследство, споменици, Кичево, манастир, кале, музеј, воз.*

## МАНАСТИРОТ СВ. БОГОРОДИЦА ПРЕЧИСТА

Манастирот посветен на Св. Богородица-Пречиста, попознат како Кичевски или Крнински манастир, претставува духовен центар на Кичево и регионот. Се наоѓа јужно од Кичево, на полите на планината Цоцан, во подножјето на планинскиот врв – Врвој, на надморска височина од 920 метри[2].

Овој манастир, како што напоменавме, е познат и како Крнински[3]. На ова име гласат манастирските тапии и тоа е наведено во Зографскиот поменик и на манастирскиот печат од 1763 год.

Манастирот има посебно значење за чувањето и за развојот на словенската духовна просвета, култура и книжнина бидејќи овде престојувале и работеле наши познати преродбеници како Кирил Пејчиновиќ, Јоаким Крчовски, Партениј Зоографски, Васил Икономов и многу други[4]. Учителите, наставата ја изведувале на македонски народен јазик[5].

[1] Гоце Вељаноски, кустос оветник-историчар во НУ Музеј „Западна Македонија во НОВ“- Кичево, ул. „Стојан Божиноски“ бр. 1, адреса на живеење: ул. „Кленоечка“ бр. 6, Кичево, е-маил: gocemuzejkicevo@yahoo.com

[2] Наум Целакоски, Кон историјата на манастирот Пречиста, Манастир Света Пречиста Кичевска, Скопје, 1990, 41.

[3] За историјатот на манастирот види:Никола Наревъ, Монастир ПрЪчиста, София 1912.

[4] Петар Хр. Илиевски, Св. Пречиста Кичевска-чувар на словенската писменост, Кичево и Кичевско, Скопје 1998, 63.

[5] Ванѓелко Лозаноски, Манастирите ја отвораат вратата на туризмот во планинските села низ Македонија, Битола 2009, 39.

Во средината на манастирскиот двор, лоцирана е црквата посветена на Благовештението Богородично, а изградена е во 1848 година. По своите димензии и архитектура, црквата спаѓа меѓу најголемите од овој вид кај нас[6].

Црквата ја краси репрезентативен иконостас од Дичо Зограф со творби настанати во периодот од 1848 до 1865 година[7].

Внатрешноста на црквата е живописна, освен припратата каде што е видлива камената ѕидарија. Подовите се поплочени со камени плочи чие редење во наосот ја следи осмоаголната надворешна форма на табурот од куполата. Црквата е зачувана во многу добра состојба.

Заради затоплување и соодветно извршување на верските обреди во студените периоди од годината, од јужната страна на црквата, прилепена е и мала црквичка посветена на св. Никола.

Царските двери од манастирот Св.Богородица Пречиста спаѓаат во редот на извонредните уметнички дела на Прилепско – слепченската група. Карактеристичност кај дверите од Пречиста е тоа што резбата зазема доминантно место за сметка на иконописот[8].

Манастирот има 3 конаци. Едниот е изграден на местото на постариот кој изгорел 1953 година, другиот е стариот конак и третиот е најнов и е пуштен во употреба неодамна. На крајот од манастирските конаци, а под прав агол во однос на нив, продолжува големата трпезарија, која се наоѓа од неговата западна страна. Оваа трпезарија е една од најубавите манастирски трпезарии.

Во 2014 година, во манастирскиот комплекс изграден е параклис посветен на пречистанските маченици Евнувиј, Пајсиј и Аверкиј.

Манастирот Св. Богородица Пречиста е од големо културно и историско значење за македонскиот народ.

## МАНАСТИРОТ „СВ. ЃОРЃИ” – КНЕЖИНО

Манастирскиот комплекс Св Ѓорѓи, познат и како Кнежински манастир, се наоѓа западно од градот Кичево, на околу 1,5 км. југозападно од селото Кнежино на падините на планината Бистра, на надморска висина од над 900 метри. Пределот е богат со вегетација, со букова и дабова, и особено, со костенова шума.

Денес манастирскиот комплекс е археолошки локалитет.

Манастирската црква во основа е ранохристијанска црква со базиликална форма, изградена во V-VI век од нашата ера со должина 27-29 метри.

[6] Крум Томовски, Тодор Паскали, Никола Шентевски, Манастир Св. Богородица Пречиста – Архитектура, Манастир Света Пречиста Кичевска, Скопје 1990, 52.

[7] Антоние Николовски, Иконописот во црквата и параклисот на Манастирот Света Пречиста, Манастир Света Пречиста Кичевска, Скопје 1990, 97.

[8] Димитар Ќорнаков, Резбите во Манастирот Св. Богородица Пречиста – Кичевска, Манастир Света Пречиста Кичевска, Скопје 1990, 113.

Ранохристијанската црква била разрушена во непознато време. Делови од нејзината камена пластика биле вградени во обновената црква, кон крајот XI век и во другите објекти на манастирскиот комплекс.

Околу црквата биле откриени гробови градени од камени плочи[9].

Посебна раритетност на овој локалитет му ја даваат откриениот поден мозаик во наосот на црквата, изработен во опус сектиле, како и фрагментираниот фрескоживопис со позлата од крајот на XI век, кој е единствен и најстар од таков вид на фрескосликарство во Македонија. Не помалку е значаен и фрагментираниот фрескоживопис од XII и XIII век[10].

Сите фрагменти на фрески се откриени во западните делови на црквата. Поголем дел од нив претставуваат сцени и поединечни претстави на светци кои припаѓаат на циклусот на „Менологот”, како и фрагменти што се делови од фигури на светци од најниска зона на црквата[11].

Манастирот Св. Ѓорѓи бил доста богат, имал имоти во повеќе села, а самото име Кнежино потсетувало на седиште на некој среднове-ковен кнез бидејќи во средината на XIII век, Кичевската Област била освоена од српските владетели Урош и Милутин, а за Милутин се смета дека во 1282 година ги посетил овие места[12].

Манастирскиот комплекс опстојува, односно живее во средновековието сè до неговото палење, запустување и рушење во првата половина на XVIII век. Монашкото братство се растура, а самиот манастир е препуштен на забот на времето запуштајќи се до срушување.

Манастирскиот комплекс е вратен во живот во 1973 година, кога жителите од селото Кнежино ја градат малата црквичка на зададниот дел на старата црква, а во исто време го градат манастирскиот конак.

Најновата црква, четврта по ред во манастирскиот комплекс, почна да се гради во 1999 година, а во 2007 година, на 11 октомври беше осветена. Конакот, исто така е обновен и проширен.

## КИТИНО КАЛЕ

Кичевското кале, познато и Китино кале се наоѓа на висок рид со две платоа во средишниот дел на градот. Тоа е археолошки локалитет кој, за жал, сè уште е недоволно истражен.

На тврдината Китино кале, животот започнал во бронзено време, па со осцилации, продолжил низ античкиот и средновековниот период. Калето,

[9] Гордана Димитриоска, Археолошкото минато на Кичевската Котлина, Кичево и Кичевско, Кичево1998, 83.

[10] Гордана Димитриоска, Археолошко минато на Кичевската котлина, Кичево 2000, 3.

[11] Сашо Цветковски, Фрески од црквата Св. Ѓорѓи – Кнежински манастир, Јубилеен зборник – 25 години Митрополит Тимотеј, Охрид 2006, 238.

[12] Душан Ристоски, Селото Кнежино во минатото-сегашноста и иднината – Осветување на црквата „Свети Димитрија“, Кнежино 2005, 2.

важен стратешки пункт во котлината, визуелно контактирало со околните тврдини.

Во средниот век, околу него се развива цивилна населба под името Kiggava. Се спомнува во повелбата на византискиот цар Василиј, издадена по паѓањето на Самоиловото Царство, во 1018 година, и по неговото заземање од страна на Византија. Тоа покажува дека името на градот е од многу порано и дека е од словенско потекло (според академик Петар Илиески)[13].

Кога сме кај името на градот Кичево, би ја спомевале и легендата, според која името го добил по името на сестрата на Крали Марко - Кита која била сместена во Кичевското кале. Во тврдината била изградена палата, а околу неа почнал да се формира градот кој го добил името по Кита, Китин град, односно Кичево.

Во средината на XIX век, Китино кале почнува да се уредува. Имено, се прави пат до самиот врв на Калето, се пошумува со разновидни садници, особено борови стебла, се прават паркови и хортикултурно се уредува целиот простор на Калето. Направена е целосна инфраструктурна мрежа, односно се поставува водовод и се носи струја. Се гради и ресторан, во кој може посетителите да се одморат и релаксираат.

Во меѓувреме, на највисокото ниво на Калето се гради Спомен-костурница на која се поставени и Спомен -плочи на кои се испишани имињата на 555 борци од Кичево и Кичевско, погинати за време на НОВ (1941-1945 година).

На едно посебно плато се подигнати и Спомен- бисти на првоборци од Кичево.

## МУЗЕЈ „ЗАПАДНА МАКЕДОНИЈА ВО НОВ”

Националната установа - Музеј „Западна Македонија во НОВ” – Кичево, како установа од областа на културата, формиран е 1973 година, а за посетителите отворен е на 11 октомври 1980 година, по повод празникот Ден на народното востание.

Музејот се наоѓа во самиот центар на Кичево, сместен е во зграда која датира од 1892 година. Воедно, овој објект претставува Споменик на културата бидејќи тука во текот на Народноослободителната и антифашистичка војна (1941-1945 год.) во повеќе наврати престојувале членови на Главниот штаб на НОВ и ПО на Македонија.

Концептот на музејската поставка е на д-р Галена Куцуловска, кустос-советник во Музеј на Македонија – Скопје, а ентериерот е изработен

[13] Гордана Димитриоска, Археолошкото минато... цит.дело, 76.

по проект на д-р Александар Никуљски – професор на Архитектонскиот факултет – Скопје[14].

НУ - Музеј „Западна Македонија во НОВ” – Кичево врши систематско истражување, собирање, средување, стручно и научно обработување и проучување, заштита, чување, објавување и презентирање на музејскиот материјал од областа на историјата, археологијата, етнологијата и уметноста.

Во музејот на простор од околу 600 м², изложени се голем број музејски експонати и тоа: огнено оружје - пушки, пиштоли, револвери, автомати, пушкомитралези; ладно оружје - ножеви, ками, бајонети, бодежи, сабји, мечови; знамиња, фотографии, карти, документи; ликовни дела - цртежи, фрески и мозаици.

Сите музејски предмети во НУ - Музеј „Западна Македонија во НОВ” – Кичево распоредени се во следните музејски збирки:

Збирка на историски предмети[15]; збирка на археолошки предмети; збирка на етнолошки предмети[16]; збирка на уметнички предмети; збирка на документи; збирка на фотографии; фонотека и библиотека.

Постојаната музејска поставка која е сместена на приземјето и катот на површина од околу 400 м², на соодветен музеолошки приод, користејќи документи, фотографии, предмети, карти, скици и други придружни материјали - архитектонски и ликовно обликувани, ги истакнува најзначајните историски збиднувања во НОВ во Македонија (1941-1945 год.), на подрачјето од западниот дел на Македонија.

Хронолошки, самата музејска поставка нè води од втората половина на XIX век, преку организираните буни и востанија на македонскиот народ против петвековниот османлиски окупатор. Во западниот дел на Македонија во 1880/81 година избувнала Брсјачката буна[17].

Формирањето на Македонската револуционерна организација, во Солун, на 23 октомври (4 ноември) 1893 година, и Илинденското востание од 2 август 1903 година, заземаат значајно место во музејската поставка.

Во музејот преку фреска прикажан е 11 октомври 1941 година - Денот на народното востание.

Пролетта 1943 година, Главниот штаб на НОВ и ПОМ, ЦК на КПМ и печатницата „Гоце Делчев“ се стационираат во Лопушник, планина во близина на Кичево.

---

[14] За историјатот и дејноста на музејот види: Гоце Вељаноски, 30 години Музеј „Западна Македонија во НОВ" - Кичево, Кичево 2010.

[15] За збирката на историски предмети види: Гоце Вељаноски, Збирка на историски предмети во НУ Музеј „Западна Македонија во НОВ" - Кичево, Кичево 2009.

[16] За збирката на етнолошки предмети види: Гоце Вељаноски, Збирка на етнолошки предмети во НУ Музеј „Западна Македонија во НОВ" - Кичево, Кичево 2014.

[17] Подетално за постојаната музејска поставка во Музејот види: Ѓорѓија Сајкоски, Музејски водич, Кичево 2005; Гоце Вељаноски, Водич ни музејската поставка, Кичево 2011.

По капитулацијата на фашистичка Италија, 9 септември 1943 год., во западна Македонија се создава слободна територија од с. Ботун до Буковиќ, со два слободни града Кичево и Дебар. Во овој период посебно место зазема отворањето на првото училиште на македонски јазик во с. Подвис.

Посебно место во музејската поставка зазема одржувањето на Првото заседание на АСНОМ, на 2 август 1944 год., во манастирот Св. Прохор Пчински, а музејската поставка завршува со Референдумот за самостојна и независна Македонија, од 8 септември 1991 година.

Во состав на музејската поставка се наоѓа и Спомен- собата каде што во текот на НОАВМ, поточно септември 1944 година, престојувал командантот на Главниот штаб на НОВ и ПО на Македонија, Михајло Апостолски.

Во посебен дел на Музејот, се наоѓа етнолошка поставка во која се презентирани народни носии од нашиот крај, како и други етнолошки предмети.

Покрај грижата за ова културно-историско наследство, НУ - Музеј „Западна Македонија во НОВ" – Кичево, врши и други дејности поврзани со својата мисија. Изложбената дејност ја има насочено кон организирање повремени изложби, било да се самостојни или прифатени, тематски или ликовни. Исто така, Музејот се јавува како издавач на книги, каталози, брошури и друг печатен материјал, а врши и разни предавања, организира трибини и семинари, активно се вклучува во одбележувањето и организирањето на јубилејни прослави, како на општинско така и на државно ниво.

## „ВОВЧЕТО ЌИРО“

Музејскиот експонат воз, познат како „вовчето Ќиро“ се наоѓа на платото пред железничката, односно автобуската станица во Кичево.

Значењето на овој културно-историски предмет ќе го проследиме преку неговиот историјат. Имено, железничката пруга од 0,60 см, од Скопје кон Охрид почнала да се гради за време на Првата светска војна, поточно во 1916 година. До 15 септември 1918 година, пругата била изградена од денешната населба Ѓорче Петров во Скопје –Тетово – Гостивар – Кичево до с. Мешеишта.

По завршувањето на Првата светска војна, разурнатата пруга, без мостови, станични згради и други станични постројки ја наследило Кралството СХС. Веднаш биле преземени мерки за оспособување на пругата и изградба на недоизградената траса. Пругата од Ѓорче Петров до Охрид и с. Ташмаруништа била пуштена во сообраќај на 15 јули 1922 година.

Најголемата дозволена брзина на овој воз била 20 км на час, а обично се движел со 10 км на час. Од Скопје до Охрид патничкиот воз, познат како„ малиот Ќиро“, патувал 22 часа.

За време на Народноослободителната војна во Македонија (1941-1944 година), односно по фашистичката окупација, во април 1941 година,

раководењето и експлоатирањето на пругата ја презеле окупаторските власти, а за време на неколкуте ослободувања на овој простор, пругата ја користеле единиците на НОВ и ПО на Македонија.

Од овој период би го издвоиле и штрајкот на патарските работници, пролетта 1942 година, како и штрајкот на железничарите од 15 октомври 1942 година, организиран од Тане Цалески, секретар на Железничката партиска организација[18].

По ослободувањето на Македонија, малиот „воз Ќиро", продолжил да вози сè до 1965 година, кога е укинат, а веќе била во изградба новата пруга Скопје – Кичево со нормален колосек.

Една локомотива и три вагони од овој воз се наоѓа на железничката станица во Кичево. ЈП Македонски железници оваа композиција му ја отстапува на НУ - Музеј „Западна Македонија во НОВ" – Кичево, како музејски експонат.

Музејот изврши целосна реконструкција, заштита и дислокација. Сега возот се наоѓа во паркот пред платото на железничката станица во Кичево, каде што се наоѓа и бистата на Тане Цалески, а на самата станица се наоѓа и спомен -плоча посветена на штрајкот на железничарите.

**Резиме**

Кичево и Кичевско располагаат со голем број на културно-историски споменици.

Манастирот Света Богородица Пречиста изграден на падините на планината Врвој на надморска висина од 920 метри, оддалечен од Кичево околу 12 км има повеќевековна и богата историја, како и извонредна уметничка и архитектонска вредност, која зазема посебно место, не само во однос на историја на овој крај туку и во однос на вкупната историја на Македонија и на македонскиот народ.

Манастирскиот комплекс Св Ѓорѓи, познат и како Кнежински манастир, се наоѓа западно од градот Кичево, на околу 1,5 км југозападно од селото Кнежино на падините на планината Бистра, на надморска висина од над 900 метри.

Кичевското кале, познато и Китино кале се наоѓа на висок рид со две платоа во средишниот дел на градот. Тоа е археолошки локалитет, кој за жал, сè уште недоволно истражен, а таму се наоѓа Спомен -костурницата.

Музејот „Западна Македонија во НОВ" – Кичево, се наоѓа во самиот центар на Кичево, сместен е во зграда која датира од 1892 година. Овој објект претставува Споменик на културата, бидејќи тука во текот на НОАВМ (1941-1945 год.) во повеќе наврати престојувале членови на Главниот штаб на НОВ и ПО на Македонија.

---

[18] За историјатот за изградбата на пругата види: Катарина Гогова, Крвава пруга, Скопје 1965.

Музејскиот експонат воз, познат како „вовчето Ќиро“ се наоѓа на платото пред железничката, односно автобуската станица во Кичево. Тоа претставува посебна атракција за посетителите на градот, како и за самите кичевчани, особено за децата.

Покрај овие, низ Кичево и Кичевско има и други културно-историски споменици. Пред сè, би ги спомenale Кичевската чаршија, со автентично-архитектонските градби, Соколаната, црквата Св. Апостоли Петар и Павел, џамијата Султан Бајазит, првото училиште на македонски јазик во с. Подвис, партизанската база во Лопушник и споменикот на Кочо Рацин, споменикот на Христо Узунов во с. Цер, како и многубројните археолошки локалитети, споменици, спомен-бисти, спомен-обележја, спомен-плочи и спомен-чешми, распоредени низ целата Кичевска Котлина.


## Summary

Kicevo and the region of Kicevo have a large number of cultural and historical monuments.

The monastery “Sveta Bogorodica Precista” build on the slopes of the mount Vrvoj at an altitude of 920 meters, about 12 km away from Kicevo has a centuries-old and rich history, as well as outstanding artistic and architectural value, which occupies a special place, not only in term of history of this region, but also in terms of overall history of Macedonia and Macedonian people.

The monastery complex “Sv. Gjorgi” also known as a “Knezinski Manastir” is located west of the city Kicevo, about 1.5 km southwest of the village Knezino on the slopes of the Mountain Bistra, at an altitude of 900 meters.

The Kicevo Fortress, also known as a Kitino Kale, is located on a high hill with two plateaus in the central park of the city. It is a archeological site which unfortunately is still insufficiently explored, and also there is located the Memorial ossuary.

The museum „Western Macedonia in NLW” – Kicevo, located in the centre of Kicevo in a building, dating back to 1892. This building is a Cultural Monument, because during the NLAWM (1941-1945) members of the General Staff of the National Liberation Army and the Macedonian Armed Forces stayed here on several occasions.

The musuem exhibit train, known as the „Little Kiro”, is located on the plateau in front of the railway, ie bus station in Kicevo. It is a special attraction for the visitors of the city, as well as for the people from Kicevo, especially for the children.

In addition to these, there are other cultural and historical monuments throughout Kicevo and its region. First of all, we would mention the Bazaar of Kicevo, with its authentic - architectural buildings, the Sokolana, the church „Sv. Apostoli Petar I Pavle”, the mosque „Sultan Bajazit”, the first school in macedonian

language in village Podvis, the partisan's base in Lopusnik and the monument of Koco Racin, the monument of Hristo Uzunov in village Cer, as well as numerous archeological sites, monuments, memorial busts, memorials, memorial plaques and memorial fountains located throughout Kicevo Valley.

**Литература**


- Вељаноски Гоце, Збирка на историски предмети во НУ Музеј „Западна Македонија во НОВ" - Кичево, Кичево 2009.
- Вељаноски Гоце, 30 години Музеј „Западна Македонија во НОВ" - Кичево, Кичево 2010.
- Вељаноски Гоце, Водич ни музејската поставка, Кичево 2011.
- Гогова Катарина, Крвава пруга, Скопје 1965.
- Димитриоска Гордана, Археолошкото минато на Кичевската Котлина, Кичево и Кичевско, Кичево1998.
- Димитриоска Гордана, Археолошко минато на Кичевската котлина, Кичево 2000.
- Илиевски Хр. Петар, Просветната улога на Манастирот „Св. Пречиста", Манастир Света Пречиста Кичевска, Скопје 1990.
- Илиевски Хр. Петар, Св. Пречиста Кичевска-чувар на словенската писменост, Кичево и Кичевско, Скопје 1998.
- Наревъ Никола, Монастир ПрЪчиста, София 1912.
- Николовски Антоние, Иконописот во црквата и параклисот на Манастирот Света Пречиста, Манастир Света Пречиста Кичевска, Скопје 1990.
- Ристоски Душан, Селото Кнежино во минатото-сегашноста и иднината – Осветување на црквата „Свети Димитрија", Кнежино 2005.
- Ристоски Душан, Кичево и Кичевијата со спомениците од минатото, Скопје 2015.
- Сајкоски Ѓорѓија, Музејски водич, Кичево 2005.
- Сајкоски д-р Ѓорѓија, Фото документација во минатото и денес на дел од црквите и манастирите во Кичево и Кичевско, Кичево 2019.
- Томовски Крум, Паскали Тодор, Шентевски Никола, Манастир Св. Богородица Пречиста – Архитектура, Манастир Света Пречиста Кичевска, Скопје 1990.
- Тричковска Јулија, Живописот во Манастирската црква Богородица Пречиста-Кичевска, Манастир Света Пречиста Кичевска, Скопје 1990.

- Тричковска Јулија, Манастирот Света Пречиста Кичевска, Кичево и Кичевско, Скопје 1998.
- Ќорнаков Димитар, Резбите во Манастирот Св. Богородица Пречиста – Кичевска, Манастир Света Пречиста Кичевска, Скопје 1990.
- Цветковски Сашо, Фрески од црквата Св. Ѓорѓи – Кнежински манастир, Јубилеен зборник – 25 години Митрополит Тимотеј, Охрид 2006.
- Целакоски Наум, Кон историјата на манастирот Пречиста, Манастир Света Пречиста Кичевска, Скопје, 1990.

**Драган Георгиев***

# БИТОЛСКОТО ГИМНАСТИЧКО ДРУШТВО ПЕЛИСТЕРСКИ ЈУНАК (1909-1912)

*Апстракт: Како модерно спортско друштво се опфаќа создавањето и делувањето на битолското гимнастичко друштво „Пелистерски јунак“.*

*Клучни зборови: Младотурска револуција, модерен спорт, главатар, јунаци, гимнастичко друштво, Јунак, Битола, Даниел Бланшу.*

Првите елементи и појави на современото физичко образование и спортските активности во Македонија, се јавуваат во услови на отоманското владеење во втората половина на XIX век, кога овие дејности и активности доживеале силен подем во Европа. Благодарение на општествено-политичките реформи извршени во Империјата, а особено по Младотурската револуција, во 1908 година, тие се јавуваат кај нас. Основа за тоа претставувале народните форми на спортски активности, кои соседните држави преку воведување на физичкото вежбање во своите училишта го пропагирале и физичкото образование. Дотогаш турските власти го попречувале воведувањето на физичкото вежбање и спортските активности во училиштата на христијанското население[1].

Со прокламираната либерализација на режимот, по настаните од летото 1908 година, се дала шанса за појава на нови организации во отоманска Македонија, односно своите експанзионистички политики и пропаганди соседните монархии легално да ги унапредат на политичко, црковно-школско, спортско и на културно поле.

Тогаш замав зеле формираните бугарски, српски и грчки гимнастички друштва, кои имале основна цел преку гимнастички вежби, спортски и културно-уметнички активности да привлечат во своите редови што поголем број Македонци и да ги денационализираат. На тој начин тие настојувале да создадат што поголеми свои територијални интересни сфери, кои при заемна поделба на Македонија полесно ќе ги окупираат и присоединат кон своите држави. Во тоа предничела бугарската егзархија, која создала плодна почва во Македонија за формирање и дејствување гимнастички јуначки друштва - *Јунак* наспроти српските гимнастички соколски друштва - *Силни*[2].

---

* Д-р Драган Георгиев, НУ Музеј на Република Северна Македонија-Скопје, ул. Јосиф Михајловиќ бр. 7, живеалиште на ул. Јани Лукровски 10/11 Скопје, e-mail: dragangeorgiev@hotmail.com

1 Душан СТАНИМИРОВИЌ, *Почетоците на спортот и физичкото образование во Македонија,* Скопје, 2013, 26.

2 Истото, 129.

Инаку, гимнастичките друштва во Бугарија биле основани при самиот крај на XIX век, кога по примерот на швајцарските гимнастички друштва и чешките друштва „Сокол“ биле формирани на територијата на кнежевството во поголем број населени места[3]. За таа цел, од Швајцарија биле повикани повеќемина истакнати учители по гимнастика, кои почнале да предаваат физичко воспитание, како Луј Ајер, Даниел Бланшу[4], Шарл Шампо и др. Тие како истакнати стручњаци, учители по гимнастика, ги раководеле и јуначките друштва во Бугарија.

Од таму биле испратени на работа во бугарските егзархиски средни училишта во Македонија откога настанала промена на ситуацијата на Балканот, односно по абдикацијата на султанот Абдул Хамид II.

Тоа го забележал и редакторот на списанието „Илустрација Илинден“, Кирил Христов, во својот осврт за создавањето на друштвата во Македонија дека со доаѓањето на „...хуриетот, најпосле егзархијата со големо усилие ја искористила можноста за наложување на гимнастиката како предмет во училиштата за да може да се формираат гимнастички јуначки друштва, кои обрнувале внимание и на физичкото развитие на младината“[5].

Така, истакнатиот стручњак Даниел Бланшу се јавува како основач на првото гимнастичко друштво во Македонија, основано во Солун, 1908 година. Имено, од неговиот проглас истакнат на 14 декември 1908 година, како веќе назначен учител по гимнастика во солунската гимназија „Св. Кирил и Методиј“, за важноста и значењето на физичкото образование ги повикува во дворот на тукашната гимназија на демонстрација на вежбите од страна на јунаците[6]. Со тоа се навестило основањето и формирањето на гимнастичкото друштво „Јунак“ во Солун[7].

---

Во споменатиот период (1908 - 1912) во Македонија биле формирани бугарски гимнастички јуначки друштва во 17 града и 9 села, а српски гимнастички соколски друштва се создале само во Куманово, Скопје, Тетово и во Крива Паланка.

3 Првото јуначко друштво „Осоговски јунак“ било формирано во Ќустендил, во текот на 1895 година, од страна на Даниел Бланшу, многу важна фигура во основањето на гимнастичките друштва „Јунак“.

4 Даниел Бланшу (Лозана, Швајцарија 1860 - 1945/) учител по гимнастика, иницијатор и организатор за создавање на гимнастичките јуначки друштва во Македонија во текот на 1908-1912 година.

5 К.[ирил], ХР.[ИСТОВЪ] *Български гимнастически дружества „Юнак“*, Илюстрация.ИЛИНДЕНЪ, г. XI, кн. 6 (106), София, 1939, 7.

6 Ивайло НАЧЕВ*, Съюзът „Юнак“ и българското гимнастическо дружество в Солун*, ЗБ. „Солун и българите: история, памет, съвремие“ (Съставителство и редакция Юра Константинова, Надя Данова, Йордан Желев), Институт за балканистика с Център по Тракология – БАН, 2019, 293.

7 Полното име на друштвото било „Първо Българско Гимнастическо Дружество въ гр. Солун“.

Види: Истото, 294.

Гимнастичкото друштво во Солун станало центар, од каде што се распространиле друштвата и во другите населени места во Македонија, каде што со помош на бугарската егзархија се ширело формирањето на друштвата[8].



*Фотографија 1.*
*Даниел Бланшу, истакнат стручњак, учител по гимнастика*

Таков бил случајот и со формирањето на гимнастичкото друштво „Пелистерски јунак", во Битола, 1909 година[9].

Неуморниот работник за развој на телесното образование на македонската младеж, Даниел Бланшу, за време на летната ваканција како учител во солунската машка гимназија, пристигнал во Битола од Солун. Желбата му била да помогне и во овој град да се формира јуначко друштво. Затоа во неговата придружба бил и истакнатиот културен деец Георги Данаилов[10], кои биле поканети од истакнати битолчани**.** Во јули истата година, било основано гимнастичкото друштво „Пелистерски јунак" кога по

8 Во овој период (1908-1912) во Македонија биле формирани гимнастички јуначки друштва, и тоа во: Велес („Велешки јунак"), Скопје („Вардарски јунак"), Струга („Чернодрински јунак"), Лерин („Бигленски јунак"), Кичево ( „Јоаким Крчовски"), Солун („Драмски јунак"), Куманово („Гоце Делчев"), Штип („Брегалнички јунак"), Охрид („Охридски јунак"), Разлог („Пирин"), Кратово, Тетово„ Крушево, Радовиш, Дебар, с. Јанковец, Ресенско („Источни јунак"), с. Вевчани и др.

9 *Отоманско българско гимнастическо дружество „Пелистерски Юнак"* било целосниот назив на гимнастичкото друштво во Битола.

10 Георги Данаилов (Кратово, 1877 – 1928,/), учител, завршил гимнастички курс во Прага, еден од основачите на „Осоговски јунак" во Ќустендил.

иницијатива на некои учители и граѓани било свикано општограѓанско собрание во митрополијата[11].

На самиот почеток при основањето на друштвото му пристапиле 50-тина членови , битолчани, за до крајот на годината нивната бројка да достигне 200. За масовноста говори податокот дека друштвото броело 700 члена до самиот почеток на балканската војна, во чија бројка влегувале јунаци, јунаши, јунакињи (женски членови, јунакињи, почнале да се запишуваат кон крајот на 1911 година), активни членови и нивни помагачи.

Главен старешина, нивен главатар (началник), бил Григор Мирчев, кој го завршил курсот за главатари во Солун под раководство на споменатиот Даниел Бланшу. Овој едномесечен курс го организирала егзархијата за да ја зацврсти организациски и стручно работата на гимнастичките друштва и да ја прошири нивната мрежа. На летниот курс во Солун во 1909 година учествувале 48 учители од Македонија за да се оспособат за настава по гимнастика и работа во друштвата[12].

Други началници на групи во битолското друштво биле Тома Христов, Мих. Видинчев и Ст. Лозанчев; како членови на управата биле учителот Петар Киров, Александар Развигоров; други членови: Владимир Лазаров, Христо Илиев, Иван Василев, Кирил Трпков и др.

За кратко време при друштвото бил образуван оркестар со дувачки инструменти, кој бил раководен од учителот по музика во гимназијата - Иван Василев, како и хор, управуван од учителот Никола Јанишлиев. Нивниот колега од гимназијата Јордан Бадев ја основал театарската група со младинци ентузијасти[13].

За целите, начинот на работа и задачите на гимнастичките друштва дознаваме преку сочуваниот Устав на гимнастичкото друштво во Солун[14].

Така, во првиот член по именувањето на формираното друштво, во членот 2 од Уставот се искажува целта на самото негово постоење, и тоа: да го поддржува здравјето; да ја развива и зајакнува физичката сила на телото; да ги развива дружељубивоста и веселото душевно настроение; да го поддржува патриотското чувство; како и да ја распространува идејата за

---

11 Во групата иницијатори се среќаваат имињата на: Антон Кецкаров, Александар Развигоров, Ст. Видинчев, Владимир Лазаров, Иван Василев, Никола Јанишлиев, свештеникот Васил Младенов и др. Види: *Юбилеен сборникъ съюзъ „Юнак“*, Солун – София, 1939, 246.

12 Душан СТАНИМИРОВИЌ, *Елементи и појава на модерните спортови во Македонија до Првата светска војна,* Прилози за историјата на физичката култура на Македонија, г.1, Скопје, 1975, 78. .

13 *Юбилеен сборникъ съюзъ „Юнак*, 246.

14 Целосниот наслов гласи: „Уставъ на Гимнастическото Д-во на Отоманскитѣ българи въ гр. Солунъ“.

Уставот бил издаден во 1912 година, иако друштвото било формирано и работело уште од крајот на 1908 година. Се подразбира дека наведениот Устав бил земен и користен како терк и при создавањето и на другите јуначки друштва низ Македонија.

гимнастички вежби и да потпомога за откривање нови и други гимнастички друштва.

Во членот 3 се дефинира именувањето на членовите на друштвото меѓусебно да се викаат - браќа.

Во членот 4 од Уставот се дефинира начинот за постигањето на своите цели, односно да се служат со следниве средства: гимнастичките вежби да се одвиваат по рационален, хигиенски и естетски систем; тие се реализираат преку гимнастички игри, општествени собири и натпревари; преку прошетки и екскурзии; со пеење и музика; како и со зближување и здружување со други гимнастички и спортски друштва[15].

За да биде во духот на новонастанатата ситуација, со воведувањето релативен општествен мир и сигурност, во наредниот член изречно се напоменува дека друштвото „...не се занимава со политика и не поседува никакви огнострелни оружја, сабји и мечеви“[16].

Во другите членови на Уставот се споменуваат и набројуваат разните позиции на членови на самите друштва, од активни вежбачи, нивни помагачи, до висината на месечниот износ на членарината, начинот на управување со друштвото, кое било составено од седуммина одговорни лица, нивното редовно тековно и годишно собрание, носење годишна програма за работа, како и потребната отчетност во текот на годината и сл.

Во членот 30 се опишува начинот на облекување за време на вежбањето, односно се опишува носијата: гимнастички чевли, бела кошула, црвен појас, црни панталони, црни чорапи и фес. Младите членови, јуношите, имале куси панталони и црни чорапи.

Дневната активност на друштвото се одвивала по 18 часот кога двапати седмично се изведувале гимнастички вежби, како и вежбање на музиката, чија музичка група била обезбедена со 32 инструмента[17].

Преку страниците на јубилејниот зборник на друштвото „Јунак“[18] се запознаваме и со некои епизоди од активноста на самото битолското гимнастичко друштво во тој кус период на неговото постоење. Имено, во јуни 1910 година, друштвото направило излет до градот Прилеп, каде што биле најсрдечно пречекани од целокупното граѓанство. На другиот ден, иако бил работен понеделник, чаршијата била затворена, битолското друштво се претставило со игри организирани од речиси 200 јунаци координирани со уште

---

15 www. Strumski.com/books/Ustav_na_Solunskoto_Junashko_Druzhestvo.pdf посетено на 26.6.2022.

16 Истото.

17 За управување со музиката се наложувало изработка на посебен правилник за нејзино раководење во согласност со чл. 25 од Уставот на друштвото.

18 *Юбилеен сборникъ съюзъ „Юнак“*, Солун – София, 1939.

толкав број јунаци од прилепското гимнастичко друштво[19]. Со тоа оставиле длабоки траги во душата на многубројната прилепска публика.

Друштвото „Пелистерски јунак“ направило излети и биле дочекани најсрдечно и радосно и во Лерин, село Сурович, и посетиле 15-ина битолски села.

Исто така, се запознаваме и со активноста на музичкиот дел на друштвото, кое свирело јавно, на официјални државни празници, на имендени на истакнати фамилии во градот и сл. Останал забележан неговиот настап на коледарската вечера во 1910 година, односно пречекот на Новата година кај рускиот конзул. Точно на полноќ, при размената на здравиците за Новата година, во присуство на многубројни конзули и нивни блиски, грмнала музиката на „Пелистерски јунак“ со изведба на руската императорска химна. По неа, се изредиле и многу други песни - турската химна, „Шуми Марица“, разни француски и германски популарни песни и сл.. Поради овој нивен настап, самиот домаќин ги наградил со 15 златни наполеони, на што се придружиле и другите присутни, така што останало забележано дека се собрала убава сума од 130 златни наполеони наменети за самото друштво[20].


Юнашко дружество въ Битоля „Пелистерски юнакъ“

*Фотографија 2.*
*„Пелистерски јунак“ пред црквата во Битола*

При посетата на главните вилаетски градови во Македонија, султанот Мехмед V Решад ја посетил и Битола на 9 јуни 1911 година, каде што бил спектакуларно дочекан. Во негова чест била изградена и свечена порта (арка) во вредност од 150 златни наполеони, а од другите собрани доброволни прилози на победните ученици им биле приготвени и дарувани официјални

19 Во градот Прилеп било основано гимнастичкото јунашко друштво „Златоврв“, во септември 1909 година.

20 *Юбилеен сборникъ съюзъ „Юнак“...*, 247.

алишта, украсени биле маалата во градот, како и општествените згради, со знамиња и венци од цвеќе и сл. за да го импресионираат самиот султан.

Наредниот ден, приближно 500 члена на „Пелистерски јунак“ пред конакот, каде што престојувал нивниот висок гостин, кој лично се покажал на прозорецот, продефилирале во своите свечени униформи: бела капа со црвено дно, црвена кошула и таков појас, сиви куси панталони, долги црни чорапи и вкрстени бели и црни широки ленти. На чело на јунашките редици бил знаменосецот Наум Јосифов-Касапчето со развиореното знаме, направено од темноцрвено платно, кое на едната страна била претставена планината Пелистер и лик на јунак, а на другата бил натписот со името на друштвото – „Българско гимнастическо дружество Пелистерски Юнак - 1908 година“.

Истиот ден, јунаците ги извеле своите вежби во чест на посетата на султанот, кој преку неговиот аѓутант искажал голема благодарност и му предал на главатарот една свилена кеса со 15 турски лири во знак на признание и поддршка[21].




*Фотографија 3.*
*„Пелистерски јунак“*

Иако не правеле пречки при основањето и активностите на јуначките друштва, сепак Младотурците, во август и септември 1910 година, спровеле акција за разоружување на народот, во која рамка привремено била забранета активноста на гимнастичкото друштво „Пелистерски јунак“ во Битола и покрај тоа што тие имале уредно потврдени статути од надлежните органи[22].

21 Истото.
22 Душан СТАНИМИРОВИЌ, *Почетоците на спортот…*, 74.

Истовремено, овој ентузијазам за создавање услови за развиток на физичката култура привлекло членови и нивни симпатизери од сите возрасти и професии: лекари, трговци, свештеници, занаетчии, ученици. Во својата активност гимнастичкото друштво „Пелистерски јунак" пројавило и општествена активност, општокорисна дејност со потпомагање градби на цркви, манастири и училишта; помагање бедни ученици и занаетчии, а еснафите ги „...отвориле своите каси" за помагање на бедните со униформи, а друштвото со музика и инвентар[23].



*Фотографија 4.*
*Стефан Ролев*

Од првите денови како дел од основачите и раководител на гимнастичкото друштво „Пелистерски јунак" се јавува името на првиот учител по гимнастика во Битола, Стефан Ролев, кој поради својата физичка сила бил наречен и Железниот Ролев, пионер во популаризацијата на физичкото воспитание и поголем број спортови во Лерин и Битола. Познати биле неговите изведби на модерни спортови: гимнастика, бокс, велосипедизам, мотоциклизам и планинарство[24].

---

23 К., ХР. *Български гимнастически дружества „Юнак"*, 7.

24 Јонче ДОНЕВСКИ, *Стефан Ролев (1865 - 1969) учител по гимнастика и многустран спортист во Југозападна Македонија*, Прилози за историјата на физичката култура на Македонија, г. 4, Скопје, 1978, 101-108; Владо ТЕМЕЛКОВСКИ, Александар ЛИТОВСКИ, *Спортот во Битола низ историјата*, (каталог), Битола, 2010, 5.

Стефан Атанасов Ролев (с. Врбени, Леринско, 1865 - 1969, Битола), учител во Битолската гимназија, предавал хигиена, географија и гимнастика, војвода на чета со која учествувал за



*Фотографија 5.*

*Стефан Ролев како главатар на гимнастичкото друштво „Бигленски јунак“ во Лерин* [25]

Поради потреба за понатамошно унапредување кадри, како и ширењето на друштвата, биле организирани и курсеви за главатари, учители по фискултура и во градот Битола. За време на летниот период, односно од 20 јуни до самиот крај на август 1911 година, во Битола бил одржан курс за подготвување главатари за друштвата во Прилеп, Охрид, Кичево, Крушево и други места. Со него раководел поканетиот истакнат стручњак Даниел Бланшу на кого му биле платени сите трошоци за сместувањето од страна на „Пелистерски јунак“[26].

Зголемениот интерес за активноста на гимнастичките друштва наложило и наредното лето, 1912 година, да биде одржан уште еден курс за главатари. Посетителите на курсот биле сместени во трговската гимназија во Битола, а како предавач зел учество и афирмираниот млад Јосиф Буреш, кој бил челник на „Вардарски јунак“ во Скопје[27].

---

време на Илинденското востание. Како генерален агент на прекуморска компанија имал можности да посети поголем број европски земји и САД, каде што се запознал со нивните системи на организирање на гимнастиката и современите спортови. Бил основач на гимнастичкото друштво „Бигленски јунак“ во Лерин во 1908 година.

25 Користена е фотографија која е во сопственост на Музејот на РС Македонија. На задната страна е логото, испишано во елипсовидна рамка: *Фото „Манаки“ Ателье основано 1898, Битоль.*

Фотографијата била заведена и инвентарирана во Етнолошкиот музеј - Скопје на 31-I- 1950 година.

26 *Юбилеен сборникъ съюзъ „Юнак“...*, 248.

27 Драган ПЕТКОВСКИ, *Прилог кон прашањето за основање и дејноста на гимнастичките друштва „Јунак“ во Македонија во периодот од 1908 од 1912 година*, Прилози за историјата на физичката култура на Македонија, г. 2, Скопје, 1976, 108.

Јосиф Буреш (Софија, 1883-1966, Софија), син на чешки фотограф, педагог по физичка култура, учител во Скопје.



*Фотографија 6.*
*Посетители на курсот за главатари во Битола*

На одржаните курсеви се работело според издадената книга на Даниел Бланшу[28], преку која биле застапени спортски дисциплини од атлетиката, вежбите со подвижни и неподвижни гимнастички справи, неколку видови борење, боксот, мечувањето, како и пливањето, веслањето, лизгањето, велосипедизмот и др.[29]. Исто така, биле забележани и игри со топка, меѓу кои и фудбал[30] и рагби.

За завршениот курс посетителите добивале *Свидетелство,* доделувано од бугарската егзархија, во кое стоело името на посетителот, неговото родно место, како и времетраењето на посетување на едномесечниот курс по гимнастика во определениот датум и дата на издавањето.

---

28 Книгата била со коавторство на П. Голоминов, издадена во Ќустендил, во 1901 година, со наслов: *Пълно раководство по гимнастика (учулищна, дружествена, военна и разни спортове).*

Овој модерен европски учебник опфаќал во одделот *Практика* спортски елементи и активности за правилен растеж и психофизички развиток на учениците. Имало и оддел *Вежби со справи,* каде што е опишано кревање тегови, мечување со стапови, скокање во височина и далечина, вежби на вратило, на коњ, на разбој и др. Секоја вежба била прикажана со цртежи. Во поглавјето *Спортови* опишани се 10 видови спортови: кревање тегови, слободно борење, бокс, пливање, велосипедизам и др. Види поопширно Душан СТАНИМИРОВИЌ, *Почетоците на спортот…*, 107-114.

29 Душан СТАНИМИРОВИЌ, *Почетоците на спортот…*, 133.

30 Првата фудбалска топка е донесена во Битола во 1891 година, постепено е воведен и на часовите по физичко воспитание. Гркот Јоанидис бил ангажиран како прв учител за топка околу 1903 година.. Забележан е фудбалскиот натпревар за време на посетата на султанот во 1911 година, помеѓу тимот на конзулите и турскиот воен гарнизон. Види: Борис ПОП ЃОРЧЕВ, *Појава и развиток на фудбалот во Македонија до Првата светска војна*, Прилози за историјата на физичката култура на Македонија, г. 1, Скопје, 1975, 83-84.

Уште една епизода била забележана за гимнастичкото друштво „Пелистерски јунак“ непосредно пред неговото затворање од страна на новата наложена, овој пат српска власт.

Имено, ретка и особена чест им била доверена да бидат чувари на редот и спокојството на својот град во деновите на војната, ноември 1912 година, кога се вршеле подготовките на предавањето на градот на сојузените балкански војски, предводени од српските војски. Случката се однесува пред самото повлекување на турскиот аскер кон Јанина кога ги повикале христијанските првенци и им предложиле да изберат луѓе на кои ќе им ја предадат власта за да преземат мерки за запазување на безбедноста на градот за време на интеррегнумот, што тие успешно го извршиле.

Самите Турци предложиле друштвото „Пелистерски јунак“ да ја добие задачата за преземање на градот сѐ до предавањето на власта на новите сојузници од сојузот против Отоманската Империја, со што и згаснала активноста на ова гимнастичко друштво[31].



*Фотографија 7.*
*Изведба на вежба на „Пелистерски јунак“*

31 К.[ирил] ХР.[ИСТОВЪ], *Български гимнастически дружества „Юнак“*, Илюстрация.ИЛИНДЕНЪ, г. XI, кн. 6 (106), София, 1939, 7.
Во текот на Првата светска војна било обновена активноста на гимнастичкото друштво „Пелистерски јунак“, а од 1941 година, исто така повторно било обновено за време на бугарското владеење со градот.

За развитокот на повеќе современи спортови во Македонија од 1908 година, од особена важност била организираната активност на бугарските, српските и на грчките гимнастички друштва формирани по младотурскиот пресврт. Определен придонес за нивниот развиток дале и поединци од редовите на учениците, студентите и турските офицери кои се школувале во европските земји, како и трговците и другите граѓани од Македонија што престојувале во странство. Не помала улога имале и странските дипломати, членови на трговските претставништва, банкарските чиновници, инженерите и други стручњаци што работеле во Македонија[32].

Сепак, треба да се напомене дека првото забележано гимнастичко друштво во Битола било грчкото во 1886 година, како и „Гимнастерио Пелистери“, кое постоело во последната деценија на 19 век (1893 година), иако засега не се располага со податоци за неговата активност[33].

## Резиме

Непосредно по настаните од летото 1908 година, се создале услови за појава и ширење на модерните спортови во отоманската Македонија. Тоа го искористила експанзионистичката бугарска егзархија и набргу формирала гимнастички друштва во повеќе македонски градови, а во Битола го создала „Пелистерски јунак“. Набргу со своите настапи, гимнастички, спортски и музички, го освоиле градот и придонеле за омасовување и популаризација на голем број модерни спортови.

## Summary

Immediately after the events of the summer 1908, were created conditions for emergence and spread of modern sports on the ground of Ottoman Macedonia. It was used by the expansionist Bulgarian exarchate and in a short time it formed gymnastics associations in several Macedonian cities. One of them was Bitola where have been created „Pelisterski junak“. After the while, they gained the city with theirs gymnastics, sports and musical performances. In this way, they contributed for popularization of a large number of modern sports.

32 Душан СТАНИМИРОВИЌ, *Почетоците на спортот...,* 107.
33 Истото, 128.

**Евгениј Литовски**[1]

# ЕДЕН ИЗВЕШТАЈ ОД ЈУНИ 1948 ГОДИНА НА РИСТО БАЈАЛСКИ ЗА ПОСЕТА НА ПИРИНСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА[2]

**АПСТРАКТ**

*Културната автономија на Македонците во Пиринскиот дел на Македонија претставува еден процес кој опфаќал широк спектар на активности кои биле во насока за национална афирмација на Македонците од Пиринскиот дел на Македонија. Дел од тие активности биле и разните посети на разни општествени и политички дејци од НРМ во Пиринскиот дел на Македонија. Така, Ристо Бајалски како член на Сојузот на борци на НРМ, бил дел од делегацијата која го посетила Пиринскиот дел на Македонија во текот на месец јуни 1948 година, односно непосредно пред објавувањето на резолуцијата на Информбирото. За активноста и впечатоците на делегацијата, дознаваме од извештаите кои самите учесници ги испратиле до ЦК КПМ после нивното враќање во НРМ.*

**КЛУЧНИ ЗБОРОВИ:**

*Пиринска Македонија, културна автономија, Ристо Бајалски, национална афирмација*

Со Бледските спогодби[3] помеѓу ФНРЈ и ОФ Бугарија од крајот на јули 1947 година, била проширена културната автономија на Македонците во

---

[1]Евгениј Литовски, магистер по историски науки, адреса:ул. „Димо Хаџи Димов" 40/11 – Скопје, е-маил: litovski.evgenij@gmail.com

[2]ДАРСМ, фонд ЦК на КПМ/СКМ од основање до I-от конгрес – Агитациско пропагандно одделение, кутија 14, архивска единица,20

[3]Познатите Бледски спогодби во историографијата се всушност договори меѓу владите на ФНРЈ и НРБ (Тито и Г, Димитров), врз основа на заедничките преговори водени на Блед (Словенија), од 30 јули до 1 август 1947 година. Суштината била конкретизирана во повеќе точки, меѓу кои: 1. Склучување договор за пријателство, соработка и заемна помош. 2. Царинско олеснување и подготовки за формирање царинска унија, 3. Специјален договор за двосопственичките имоти по должината на југословенско-бугарската граница. Договорите од Блед и, подоцна договорите во Евксиноград (Варна), не го решиле прашањето за присоединување на Пиринскиот дел на Македонија кон НРМ, врз основа на претходно донесените заклучоци од Десеттиот пленум на ЦК БРП(к) од август 1946 година. Сепак, во наредниот период, врз основа на овие договори функционирала т.н. културна автономија во Пиринскиот дел на Македонија, кога биле отворени училишта на македонски јазик и неколку македонски културни институции.Повеќе околу Бледските спогодби види:*Македонска енциклопедија на МАНУ,* Скопје, 2009 *(*Натаму скратано: МЕ*)*, т. 1., стр. 172; Мичев Добрин, *Македонският въпрос и българо-Югославските отношения 9 септември 1944-1949,* София, 1994, 509; Нешовиќ Слободан, *Бледските спогодби*, Скопје, 1990, 279; Petranović Branko, *Balkanska federacija 1943-1948*, Beograd, 1991, 206; *Енциклопедија на Југославија*, Загреб, 1985, т. 2, стр. 768; *Enciklopedija Jugoslavije*, Zagreb, 1965, t. 6, str. 562.

Пиринскиот дел на Македонија. Тој е процес од клучно значење кога се работи за Македонците и нивната национална афирмација во Пиринскиот дел на Македонија, во периодот од 1947-1948 година. Дел од овој процес биле отворањето на македонските книжарници на „Македонска книга“ низ повеќе градови во Пиринскиот дел на Македонија, отворањето на Обласниот македонски народен театар во Горна Џумаја, испраќањето на учителите од НРМ за настава на македонски литературен јазик, но исто така и посети на масовните организации од НРМ по повод разни настани[4].

Во текот на месец јуни 1948 година, Сојузот на борци од НОБ добил покана од страна на бугарското здружение на борците[5], да посети одредени градови и села во Пиринскиот дел на Македонија, каде ќе се одржат јавни собранија и средби со месното население. Одредени членови на Сојузот на борци биле повикани од страна на ЦК на КПМ за да ги подготват за нивното патување во Пиринскиот дел на Македонија. Дел од оваа делегација биле Ристо Бајалски,[6]Иван Мазов,[7]Стоилко К. Иванов, Злате Билјановски,[8] Димитар Алексиевски[9] итн.[10].

---

[4]За разните активности кои биле преземани во културната автономија поопширно пишувале: Ивановски Иван, *Обласниот македонски народен театар во Горна Џумаја*, Скопје, 1977, 109; Илиев Митко, *Сведоци*, Скопје, 1979, 105; Јотевски Васил, *Националната афирмација на македонците во пиринскиот дел на Македонија 1944-1948*, Скопје, 1996, 180;Јотевски Васил, *Пиринскиот дел на Македонија помеѓу 1949-1968*, Скопје, 1997, 174; Китаноски Мишо, *Пиринска историска висина*, Скопје, 2004, 320.; Митрев Димитар, *Пиринска Македонија,* Скопје, 1986, 426.; Мичев Добрин, *Македонският въпрос и българо-Югославските отношения 9 септември 1944-1949,* София, 1994, 509.; Мојсов Лазар, *БРП (к.) и македонското национално прашање*, Скопје, 1978, 284.; Чинго Никола, *Политиката на БРП (к.) спрема македонското прашање во периодот 1944-1948*, Скопје, 1976, 285.; *Историска вистина. Прогресивната општествена јавност во Бугарија и Пиринска Македонија за македонското национално прашање – Документи, студии, резолуции, апели и публицистички прилози – 1896 – 1956*. Избор и редакција: Перо Коробар и Д-р Орде Ивановски. Скопје, 1981, 525.; *Од признавање до негирање (Бугарски ставови за македонското прашање) – статии, говори, документи* – Избор и редакција: Ванѓа Чашуле. Скопје, 1976, 484.

[5] Съюза на бойците против фашизма (СБПФ)

[6]Ристо (Христо) Бајалски (Солун, 27 септември 1916 – 2 март 1999 г., Скопје) – национален комунистички деец и политичар. Член на СКОЈ од 1935 г. и на КПЈ од 1936 г., бил секретар на МК на КПЈ од 1936 г., и на Окружниот комитет на КПЈ во Гевгелија од 1942 г. до почетокот на 1943 г. Во НОВ и ПОМ бил политички комесар на Гевгелискиот НОПО „Сава Михајлов“, политички комесар на НО баталјон „Страшо Пинџур“ и политички комесар на Првиот бугарски НО баталјон „Христо Ботев“, формиран на македонска територија. Бил избран за учесник на Првото заседание на АСНОМ и делегат на Третото заседание на АВНОЈ. По ослободувањето бил министер за трговија и снабдување во Владата на НРМ.*МЕ...,*т. 1., стр. 117.

[7]Иван Мазов – Климе (Кавадарци, 7 јануари 1923 – 17 февруари 1977 г., Рогашка Слатина, Словенија) - еден од првите организатори на слободното новинарство во Македонија. Носител на „Партизанска споменица 1941“. Завршил Висока политичка школа во Белград. Главен и одговорен уредник на првиот весник на македонски јазик „Млад борец“ од 22 март 1944 г., на планината Козјак. *МЕ*, т. 2, 817.

Посетата на оваа делегација траела од 10 до 15 јуни 1948 год. Во тој период, сите учесници заминале на разни места откако меѓусебе се договориле кој каде ќе оди. Така, Р. Бајалски и И. Мазов добиле задача да одржат предавања во Горна Џумаја, с. Симитли и кај работните младински бригади на патот помеѓу Горна Џумаја и с. Бистрица. За оваа нивна мисија, детални информации добиваме од извештаите кои Р. Бајалски и И. Мазов ги испратиле до ЦК на КПМ откако се вратиле во НРМ, на 16 јуни 1948 год., како и од сеќавањата на Р. Бајалски, каде кажува дека при самото пристигање од страна на раководните лица на БРП (к.) за Пиринскиот округ им било кажано дека не треба да говорат за македонското национално прашање, а со тоа и за обединувањето на Пиринскиот дел на Македонија со НРМ[11].

Својата задача Р. Бајалски ја започнал уште на 11 јуни 1948 г., кога требало да одржи предавање во с. Симитли, но поради официјалното собрание кое се одржувало по повод годишнина од смртта на Александар Стамболиски истиот ден во Горна Џумаја, предавањето за с. Симитли било откажано, а Р. Бајалски останал на собранието со цел да одржи поздравен говор од името на Сојузот на борците[12].

Наредниот ден, на 12 јуни 1948 г., Р. Бајалски заедно со И. Мазов ги посетиле работните младински бригади на патот помеѓу Г. Џумаја и с. Бистрица. На оваа средба, прв говорел И. Мазов од името на Народната младина и според него, оваа средба со младинците била најпродуктивна[13]. После него, Р. Бајалски зборувал за НОБ во Македонија, братството и единството во ФНРЈ, Петгодишниот план на ФНРЈ и односот на НРМ спрема тој план, но и за прашањето за Пиринскиот дел на Македонија, и тоа во

[8]Златко (Злате) Каранфилев Билјановски (БиЉановски), (псевд. Михајло) (с. Пуста Река, Крушевско, 25 јануари 1920 - 8 март 2009 г., Скопје), комунистички деец, првоборец и државник. Член на СКОЈ од 1936 г. и на КПЈ од 1939 г. Бил избран делегат на АВНОЈ и делегат-учесник на Првото заседание на АСНОМ, заменик политички комесар на Третата македонска НОУБ, шеф на ОЗНА при ГШ на НОВМ од август 1944 г. По Ослободувањето го завршил Економскиот факултет и извршувал разни политички и општествени должности. Носител е на „Партизанска споменица 1941“ и одликуван со орденот „Народен херој на Југославија" (29 ноември 1953). *МЕ,* т. 1, стр. 151.*; Утрински весник од 9 март 2009 г.*

[9]Димитар Алексиевски, учесник во антифашистичката војна. Заменик-политички комесар во Осмата македонска дивизија на КНОЈ.

[10]*Спомени и материјали за Националноослободителната и антифашистичка војна на македонскиот народ (1941 - 1945), Том I, Сеќавања на Цветко Узуновски и Христо Бајалски,* Книга 1, Избор, предговор и редакција: д-р Александар Литовски, Скопје, 2021, стр. 458.Р. Бајалски во своите спомени изнесува дека пред заминувањето на 10 јуни 1948 година, тие биле запознати со Резолуцијата, иако таа уште не била јавно објавена.

[11]ДАРСМ, ф. ЦК на КПМ/СКМ од основање до I-от конгрес – Агитациско пропагандно одделение, к. 14, а. е. 20; *Спомени и материјали за Националноослободителната...*, стр. 458.

[12]Исто, к. 14, а. е. 20, стр. 70.

[13]ДАРСМ..., к. 14, а. е. 19, стр. 66.

рамките на рефератот на Лазар Колишевски[14] поднесен на Вториот конгрес на Народниот фронт на Македонија на 23-24 мај 1948 год.[15]. Тој се осврнал на македонското национално прашање и обединувањето на Пиринскиот дел на Македонија со НРМ, откако добил прашања од страна на публиката. Токму тоа направило проблем, бидејќи на Р. Бајалски му било замерено што го цитирал Л. Колишевски[16] од страна на раководните лица на БРП (к.) за Пиринскиот дел на Македонија, Крсто Стојчев[17] и Никола Рачев[18]. Во една

[14] Лазар Колишевски - Митре(Свети Николе, 12 февруари 1914 - 6 јули 2000, Скопје) припадник и раководител на македонското национаноослободително и комунистичко движење и учесник во антифашистичката војна во Вардарскиот дел на Македонија, политичар. Секретар на новоформираниот ЦК на КПМ на 19. март 1943 до јули 1963 г. Прв претседател на првата Влада на НРМ од април 1945 г.

[15]Л. Колишевски во својот опширен реферат се осврнува на повеќе прашања од стопанскиот и економскиот живот, како и за малцинските права, но својот главен фокус го става на Пиринскиот дел на Македонија. Имено, откако ги објаснал големобугарските аспирации низ низа историски примери, притоа споменувајќи го и воедно објаснувајќи го Сан Стефанскиот договор, Л. Колишевски потенцирал дека „одделни активисти на ОФ уште не се ослободиле од идејата за ,Голема Бугарија'". Исто така, Л. Колишевски ги истакнал придобивките од културната автономија која сè уште била во полн ек во Пиринскиот дел на Македонија, како испраќањето на учителите, отворањето на неколкуте книжарници на „Македонски книга", одржувањето на предавања за изградбата на социјализмот во НРМ, курсевите за македонскиот литературен јазик итн. Тој истакнал дека бројот на распространети книги и списанија за само изминатите 6 месеци изнесува над 80.000 егземплари, а дневниот весник „Нова Македонија" на дневна основа се распродава во околу 2.000 примероци. Л. Колишевски за целиот овој процес истакнал дека најзаслужен е македонскиот народ од Пиринскиот дел на Македонија, односно за огромната желба да се гради и развива националната култура и да се изучува литературниот македонски јазик. Ја потенцирал „големата љубов на нашиот народ во Пиринска Македонија спрема Народна Република Македонија" и дека тоа е доказ за желбата на македонскиот народ за што побрзо решавање на прашањето на обединувањето. Понатаму тој се заблагодарил на ОФ и ја истакнал значајната улога на Г. Димитров, но истовремено и упатил остра критика кон централното раководство на ОФ за разни препреки во процесот на спроведувањето на разните мерки во склоп на културната автономија. Тој се осврнал на критиките на македонскиот литературен јазик, односно дека е „србизиран", како и на „теоријата" дека пред стандардизирањето претставувал „дијалект на бугарскиот јазик". Главната поента на рефератот на Л. Колишевски претставува критиката за укинувањето на Горноџумајската околија и поделбата на Пиринскиот дел на Македонија на повеќе околии. По ова прашање тој истакнал дека „македонскиот народ во Пиринска Македонија очекуваше да му биде загарантирана територијалната целост, за да се истакне националниот карактер на Пиринска Македонија и да се овозможи понатомошно зацврстување и развивање на националниот живот". Како пример за тоа, го навел системот на функционирање на ФНРЈ, со републики и покраини и како сите тие ги раководат своите работи, стопански и културно-просветни. Л. Колишевски, *Аспекти кон македонското прашање*, Скопје, 1979, 341-358.

[16]ДАРСМ..., а. е. 20, стр. 72; *Спомени и материјали за Националноослободителната...*, стр. 459.

[17]Крсто Стојчев - (Разлог, пирински дел на Македонија, 10 септември 1910 - 19 јуни 1974, Софија, Бугарија), припадник на македонското Националноослободително и бугарското комунистичко движење и учесник во Антифашистичката војна во пиринскиот дел на Македонија. Секретар на Обласниот комитет на БКП за Пиринскиот дел на Македонија.

прилика, од страна на К. Стојчев била пренесена замерката до И. Мазов дека „Р. Бајалски не треба да се повикува на Л. Колишевски“, но и директно до Р. Бајалски дека „не било фер да го прекрши договорот“[19].

На 13 јуни 1948 г., Р. Бајалски бил во с. Симитли каде одржал сличен говор како за младинците, но прилагоден за возрасни луѓе. Тука добил прашање околу присоединувањето на Пиринскиот дел на Македонија кон НРМ, односно дека со тој чекор ќе се „страда за жито, бидејќи житото доаѓа од НР Бугарија, а помеѓу НРМ и Пиринскиот дел не постојат добри патни и железнички врски“. Бајалски одговорил дека ќе има жито, а секако дека и ќе се изгради добра патна инфраструктура. Тој заклучува дека ваквиот став кај земјоделците е резултат на некои „опортунисти-раководители (на БРП (к.) - б.м.)“. За поткрепа на оваа теза, дава пример дека после него, говорел претседателот на СБПФ, Кољо Михајлов кој воопшто не споменал за ништо поврзано со НРМ, Пиринскиот дел на Македонија, културната автономија, националната афирмација на Македонците во Пиринскиот дел на Македонија итн., туку дека (не)намерно се задржал на класната борба во Индонезија, а и постојано споменувал дека бил во иста затворска ќелија заедно со Л. Колишевски, како некаков „аргумент“. Покрај К. Михајлов, во с. Симитли зборувал и Славе Волев, кој бил раководител на БРП (к.) за Г. Џумаја. Неговиот говор бил посветен на тоа дека буржоазијата во ОФ Бугарија е наполно ликвидирана, а во приватен разговор со Р. Бајалски го убедувал во неправилниот став на Л. Колишевски по прашањето за Пиринскиот дел на Македонија.[20]

На 14 јуни 1948 г., Р. Бајалски зборувал пред работниците на Тутунскиот комбинат во Горна Џумаја каде присуствувале преку 300 луѓе. Биле поставени повеќе прашања како на пример за бригадирското движење во НРМ, за работата на народните одбори итн. Исто така, било поставено прашањето за тоа дали со „присоединувањето на Пиринскиот дел на Македонија, ќе биде поставен услов, луѓето прво да го научат македонскиот литературен јазик“. Р. Бајалски изнел интересен одговор, односно дека во НРМ се враќаат Македонци од Австралија чии деца не знаат ниту еден збор на македонски јазик.

Истиот ден, Р. Бајалски оддржал и отворена средба во Г. Џумаја. Тој тука, воопшто не зборувал за прашањето околу Пиринскиот дел на Македонија и потполно се ограничил од било какво повикување на рефератот на Л. Колишевски. Сепак, говорел во широки рамки за заедничката борба на македонскиот и бугарскиот народ против фашизмот, за изградбата на македонската национална култура како и литературниот јазик. Во својот

[18]Никола Рачев - Војводата (село Бања, Мехомиско (ден. Разлошко), пирински дел на Македонија, 14 јуни 1903 - ?, Софија, Бугарија) учесник во антифашистичката борба во пиринскиот дел на Македонија. Член на БКП од 1932 г. Секретар на Околискиот комитет на БКП за Разлошко и секретар на Окружниот комитет на БКП за пиринскиот крај.
[19]ДАРСМ..., а. е. 20, стр. 72.
[20]Исто, а. е. 20, стр. 70-72.

извештај истакнал дека кај работниците од Г. Џумаја интересот за неговиот говор бил голем, како и тоа дека биле изразени желби почесто да се прават собири со делегати од НРМ[21].

Во вториот дел од извештајот, Р. Бајалски се осврнал на приемот и организацијата на нивната посета од страна партиските членови на БРП (к.). Тој изнел дека никој не ги пречекал, а дури ниту превозот во Пиринскиот дел на Македонија не им бил добро организиран бидејќи постојано им доцнеле автомобилите. Исто така, изнел низа критики по однос на самата организација на настаните, односно конференциите и предавањата, дека или почнувале со задоцнување или пак, настаните биле најавувани неколку часа непосредно пред нивното одржување, што значително ја намалувало посетеноста.Слични впечатоци околу приемот и организацијата изнесува и И. Мазов[22].

На крајот, Р. Бајалски изнесува заклучок дека „тие луѓе (раководните лица на БРП (к.) - б.м.) неправилно ги разбираат работите по националното прашање и имаат сосем неправилен став". Ваквата констатација Р. Бајалски ја поткрепил со тоа дека ставот на членовите на БРП (к.) е цврст и се однесува на тоа дека единствено правилно решение на македонското национално прашање и Пиринскиот дел на Македонија може да има во склоп на Балканската федерација[23], а тоа прашање пак е веќе решено во склоп на Бледските спогодби помеѓу Јосип Броз Тито[24] и Георги Димитров[25]. Покрај

[21]ДАРСМ..., а. е. 20, стр. 70-72, а. е. 19, стр. 66.

[22]Исто.

[23]Балканската федерација била идеја уште втората половина на XIX век, која во текот на годините добивала различни концепции за тоа кои држави би се опфатиле, какво би било уредувањето итн. Во балканските ослободителни движења постојано е актуелна, а особено популаризирање добива помеѓу војните. После Втората светска војна, прашањето за балканска федерација повторно било популаризирано, но во нова форма, односно југословенска федерација во која првично би влегле ФНРЈ и ОФ Бугарија. Поради различниот пристап од двете страни, пропратено со интересите на големите држави, создавањето на ваква федерација било доста тежок процес кој се одвивал многу бавно и со долги преговори. Сепак, поради резолуцијата на ИБ, последната идеја и напори за создавање на голема федерација на Балканот, била затворена. За ова прашање види повеќе:*МЕ..., т. 1, стр. 124-125;* Лалков Милчо, *От надежда към разочарование – Идеята за федерация в Балканския югоизток (1944-1948 г.)*, София, 1993, 303; Михајлов Миле, *Прашањето на обединувањето на Македонија во Втората светска војна,* Скопје, 2000, 259; Мичев Добрин, *Македонският въпрос и българо-Югославските отношения 9 септември 1944-1949,* София, 1994, 509; Petranović Branko, *Balkanska federacija 1943-1948*, Beograd, 1991, 206; Petranović Branko, *Istorija Jugoslavije 1918-1978,* drugo izdanje, Beograd, 1981, 648; Avramovski Živko, Devet projekata ugovora o jugoslovensko-bugarskom savezu I federaciji (1944-1947), *Istorija 20. veka,* t. 2, Institut za savremenu istoriju, , Beograd, 1983, 91-124.

[24]Јосип Броз Тито, (с. Кумровец, Хрватска, 25 мај 1892 - 4 мај 1980, Љубљана, Словенија) - револуционер-комунист, политичар и државник. водач на Народноослободителната антифашистичка војна на Југославија од 1941-1945 год., претседател на Федеративна Југославија, генерален секретар на КПЈ. Се застапуваше за создавање национални држави на југословенските народи, меѓу кои и за македонскиот народ, односно за Македонија како членка и конститутивен елемент на Југословенската Федерација.*МЕ..., т.2, 1486.*

тоа, Р. Бајалски добил впечаток дека во рефератот на Л. Колишевски тие гледале „сепаратен став" со кој Тито „не е согласен". Сето тоа доведувало да работата со народните маси дава негативни резултати. Според него, говорот на Л. Колишевски до кој се придржувале сите од делегацијата ќе го истакне опортунизмот на „некои луѓе во раководствата", а од друга страна ќе се зголемат симпатиите за Колишевски со што ќе се зацврсти желбата за побрзо присоединување на Пиринскиот дел на Македонија со НРМ[26].

Иако посетата на делегацијата била непосредно пред јавното објавување на резолуцијата на ИБ[27], кога всушност веќе било јасно дека КПЈ ќе биде осудена и исклучена од Коминформ, а со тоа дека ќе се прекинат односите помеѓу ФНРЈ и ОФ Бугарија, сепак, членовите на делегацијата доследно ја извршиле својата задача и покрај пречките од страна на раководните лица на БРП (к.). Всушност, оваа делегација била и една од последните активности како дел од културната автономија на Македонците во Пиринскиот дел на Македонија, иако во дадениот момент, сѐ поотворен бил судирот помеѓу КПЈ и КПМ со БРП (к.). Имено, БРП (к.) го искористила моментот на влошување на односите во Коминформот на Тито со Сталин, за отворено да ја попречи културната автономија.

[25]Георги Димитров (с. Ковачевци, Софиско, Бугарија, 18 јуни 1882 – 2 април 1949, Москва, СССР) - бугарски и меѓународен раководен комунистички деец и државник. Роден бил во селото Ковачевци, Софиско, Бугарија, на 18 јуни 1882 г. Неговите родители биле по потекло од Пиринскиот дел на Македонија.Се застапувал за тесна соработка меѓу балканските социјалдемократски партии, за создавање Балканска Федерација. Ја осудувал како завојувачка политиката на бугарските влади спрема Македонија. Го осудил учеството на Бугарија во Балканските и во Првата светска војна, како и поделбата на Македонија.Бил претседател на Бугарската влада и секретар на БКП (1945-1949). Се застапувал за соработка со Југославија. Го поздравил создавањето на ДФМ/НРМ во составот на ФНРЈ и ја прогласил за пиемонт за обединувањето со другите македонски делови. Ја поддржал и таканаречената културната автономија во Пиринскиот крај од есента 1944 г. до објавувањето на Резолуцијата на Информбирото во 1948 г.*МЕ...*, т. I, 465.; *БКП, Коминтернът и македонският въпрос (1917-1946)*, София, 1998, 65.

[26]ДАРСМ...,а. е. 20, стр. 70-72; *Спомени и материјали за Националноослободителната...* стр. 460.

[27]Резолуцијата на ИБ „За состојбата во КПЈ" е објавена на 28 јуни 1948 год., кога комунистичките партии здружени во Коминформ ја исклучиле КПЈ од комунистичкиот табор. Од тој момент, односите помеѓу ФНРЈ со сите комунистички држави се влошил и меѓудржавните односи биле прекинати. Во склоп на тоа, БРП (к.) уште истиот ден ја прифатиле резолуцијата со што директно се влијаело на развојот на настаните по однос на културната автономија на Македонците во Пиринскиот дел на Македонија. Околу прашањето за резолуцијата на ИБ види повеќе: *Историја савеза комуниста Југославије*, Београд, 1985, стр.485; Marković Dragan, Kržavac Savo, *Zavera Informbiroa*, Beograd, 1987, 26; Морача Перо, Биланџиќ Душан, Стојановиќ Станислав, *Историја на Сојузот на комунистите на Југославија*, Скопје, 1979, 449; Dedijer Vladimir, *Dokumenti 1948*, Knjiga prva, Beograd, 1980, 639.

**Резиме:**

Бледските спогодби значително ја подобриле позицијата на Македонците во Пиринскиот дел на Македонија, со воведувањето на културната автономија во која биле опфатени широк спектар на активности. Соработката на масовните организации од НРМ со нивните пандан-организации од ОФ Бугарија, исто така биле дел од тој процес и биле од големо значење. Така, делегацијата на Сојузот на борци од НОБ, во периодот од 10-15 јуни 1948 год., односно само 10-тина дена пред јавното објавување на резолуцијата на ИБ, била последната формална соработка помеѓу ФНРЈ и ОФ Бугарија. Благодарение на извештаите на членовите на таа делегација, ние денес, го знаеме текот на настаните, атмосферата во која се случила посетата и односот на раководните лица на БРП (к.) кон членовите на КПМ. Начинот на организацијата и приемот на членовите на делегацијата, како и замерките од страна на раководните лица на БРП (к.) по однос на рефератот на Л. Колишевски, само го потврдиле нивниот однос кон македонското национално прашање.

**Summary:**

Bled agreements were important part of national affirmation of Macedonians in Pirin Macedonia, because with them, it came to force the cultural autonomy, which is term for various activities of national rights. The collaboration of mass organization from People’s Republic of Macedonia with their counterpart organizations from People’s Republic of Bulgaria, was also part of cultural autonomy. In order of that, the Union of fighters from national-liberation war, in the period between 10-15 june 1948, just 10 days before the split in Cominform, made a visit in Pirn Macedonia. This visit, was one of the last activities that happened as part of cultural autonomy in Pirin Macedonia and also, in the friendly relations between Federal People’s Republic of Yugoslavia and PRB. Thanks to reports that members of this delegation wrote to Central Comitee of Communist Party of Macedonia, today we know about this visit. In addition to that, we can analyze the organisation and reception from higher rank members of Bulgarian Communist party which were not friendly toward the members of the delegation. The objections that were made about the speech of L. Kolisevski, was just the proof of their wrong understanding of macedonian national question.

Користена литература:

**АРХИВСКИ ФОНДОВИ**

**Државен архив на Република Северна Македонија (ДАРСМ):**

Агитациско-пропагандно одделение.

**ЛИТЕРАТУРА:**

Avramovski Živko, Devet projekata ugovora o jugoslovensko-bugarskom savezu I federaciji (1944-1947), *Istorija 20. veka,* t. 2, Institut za savremenu istoriju, Beograd,1983,91-124.

*БКП, Коминтернът и македонският въпрос (1917-1946)*, София, 1998, 683.

Dedijer Vladimir, *Dokumenti 1948*, Knjiga prva, Beograd, 1980, 639.

*Енциклопедија на Југославија*, Загреб, 1985, т. 2, стр. 768.

*Enciklopedija Jugoslavije*, Zagreb, 1965, t. 6, str. 562.

Ивановски Иван, *Обласниот македонски народен театар во Горна Џумаја*, Скопје, 1977, 109.

Илиев Митко, *Сведоци*, Скопје, 1979, 105

*Историска вистина. Прогресивната општествена јавност во Бугарија и Пиринска Македонија за македонското национално прашање – Документи, студии, резолуции, апели и публицистички прилози – 1896 – 1956.* Избор и редакција: Перо Коробар и Д-р Орде Ивановски. Скопје, 1981, 525.

*Историја савеза комуниста Југославије*, Београд, 1985, стр. 485.

Јотевски Васил, *Националната афирмација на македонците во пиринскиот дел на Македонија 1944-1948*, Скопје, 1996, 180.

Јотевски Васил, *Пиринскиот дел на Македонија помеѓу 1949-1968*, Скопје, 1997, 174.

Китаноски Мишо, *Пиринска историска висина*, Скопје, 2004, 320.

Колишевски Лазар, *Аспекти кон македонското прашање*, Скопје, 1979, 463.

Лалков Милчо, *От надежда към разочарование – Идеята за федерация в Балканскияюгоизток (1944-1948 г.)*, София, 1993, 303.

Marković Dragan, Kržavac Savo, *Zavera Informbiroa*, Beograd, 1987, 26.

*Македонска Енциклопедија*, МАНУ, Скопје, 2009, т. 1 и 2, 1671.

*Македонски историски речник, Скопје, 2000,* 521.

Михајлов Миле, *Прашањето на обединувањето на Македонија во Втората светска војна,* Скопје, 2000, 259.

Мичев Добрин, *Македонският въпрос и българо-Югославските отношения 9 септември 1944-1949,* София, 1994, 509.

Морача Перо, Биланџиќ Душан, Стојановиќ Станислав, *Историја на Сојузот на комунистите на Југославија*, Скопје, 1979, 449.

Нешовиќ Слободан, *Бледските спогодби*, Скопје, 1990, 279.

*Од признавање до негирање (Бугарски ставови за македонското прашање) – статии, говори, документи* – Избор и редакција: Ванѓа Чашуле. Скопје, 1976, 484.

Petranović Branko, *Balkanska federacija 1943-1948*, Beograd, 1991, 206.

Petranović Branko, *Istorija Jugoslavije 1918-1978,* drugo izdanje, Beograd, 1981, 648.

*Спомени и материјали за Националноослободителната и антифашистичка војна на македонскиот народ (1941 - 1945), Том I, Сеќавања на Цветко Узуновски и Христо Бајалски*, Книга 1, Избор, предговор и редакција: д-р Александар Литовски, Скопје, 2021, стр. 520.

Чинго Никола, *Политиката на БРП (к.) спрема македонското прашање во периодот 1944-1948*, Скопје, 1976, 285.

**Роберто Трајковски**[1]

# ВОЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ НА ВЕРМАХТОТ ВО ЈУГОЗАПАДНИОТ РЕГИОН НА ВАРДАРСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА (КРАЈ НА АВГУСТ-ПОЧЕТОК НА СЕПТЕМВРИ 1944 ГОДИНА)

***Апстракт:*** *Повеќепати сме истакнале дека исходот од Јаш-Кишињевската воена операција, круцијално ја влошил военостратегиската положба на Третиот Рајх и неговите вооружени сили концентрирани на Балканскиот Полуостров*[2]*. Во врска со тоа, вечерта, на 23 август 1944 година, врховната команда на Група армии Ф*[3]*, издала наредба за подигнување на борбената готовност и прегрупирање и концентрација на дополнителни свои сили во просторот Ниш-Скопје, со што и започнало повлекувањето на Вермахтот од Балканскиот Полуостров*[4]*, при што биле реализирани и повеќе воени мерки-активности во Југозападниот Регион на Вардарска Македонија.*

***Клучни зборови:*** *Втора светска војна, Вермахт, НОВ и ПОМ*[5]*, Вардарска Македонија, Југозападен Регион.*

На 27 август 1944 година, по негативниот развој на ситуацијата во Романија, Царска Бугарија прогласила неутралност, истовремено барајќи Вермахтот да се евакуира од нејзина територија[6]. Поради тоа, во наредните десетина денови, воено-политичката ситуација се развивала како на филмско платно, а бидејќи претставува природна врска меѓу јужните и централните

---

[11] Д-р Роберто Трајковски е вработен како професор по предметот Историја во СОУ Таки Даскало-Битола. trajkovski.robert@yahoo.com.

[2] Во текот на Јаш-Кишињевската воена операција (20-29 август 1944 година) советските Втор и Трет украински фронт, го пробиле германско-романскиот фронт (Група армии „Јужна Украина") во Молдавија и Бесарабија, при што биле уништени 18 непријателски дивизии. Истото предизвикло пад на прогерманскиот режим во Романија, на 23 Август 1944 година. Karl Hnilicka, *Das Ende auf dem Balkan. Die militarische raumung Jugoslawiens durch die deutsche Wehrmacht.* Musterschmidt, Gottingen-Zurich-Franfurt, 1970, 51; *Drugi svetski rat*. Pregled ratnih operacija. kniga 4. događaji od 1 januara do decembra 1944. VII, Beograd, 1970, 335.

[3 3] Група армии Ф („Врховен наредбодавец на Вермахтот за Југоистокот") била стратегиско-оперативна команда на Вермахтот на Балканскиот Полуостров, формирана на 12 август 1943 година, под чија стратегиска команда биле Група армии Е и 2. оклопна армија. Роберто Трајковски, *Вермахтот и Македонија (1943-1944 година).* Аз-Буки, СБМ-Битола, Битола, 2018, 33-35.

[4] Група армии Ф. National Archives and Records Administration (скратено NARA) Микрофилм (М) Т 311, Ролна (Р) 190, 000949-000950, 000986-000991, 1006-1007.

[5] Народноослободителна војска и партизански одреди на Македонија.

[6] Група армии Ф. NARA M T 311, P 190, 001001, Група армии Ф. NARA M T 311, P 191, 000005; *Akten zur deutchen Auswärtigenpolitik 1918-1945.* Serie E: 1941-1945. Bande VIII. 1. Mai 1944 bis 8. Mai 1945. Vandehoeck & Ruprecht, Göttingen, 1979. док. бр. 180, 360-361.

делови на Балканскиот Полуостров, Вермахтот во делот на Македонија, кој бил под бугарска воено-административна управа, презел повеќе мерки и активности, со примарна цел, Група арми Е[7], што е можно побезболно да се повлече на север.

Во врска со споменатиот развој на воено-политичката ситуација, командата на 2. Оклопна армија[8] им издала наредба на XXI-от планински армиски корпус[9] и германскиот генерал во Албанија[10], во кое меѓу другото се говори следното: „Во Бугарија, имаме намера да преземеме одредени противмерки за да се добие на време. Гласините за наводно наше повлекување треба да се опвргнат. Интернација или заточување на наши сили во никој случај не смее да се дозволи, туку на евентуални такви намери, да се одговори со борба до последен куршум. Истовремно, таму стационираните единици да се концентрираат во борбен распоред. Споменатата противмерка, на Бугарите да им се образложи како подготовка за евакуација“... Во врска со тоа, на командата на корпусот, требало да му се потчине германскиот генерал во Албанија, која би била преименува во Армиска заднинска команда 1021[11]. Таа требало да ја преземе воено-тактичката команда врз единиците на Вермахтот во Вардарскиот дел на Македонија, со примарна задача, борбено да ги подготви и распореди. Исто така: да издејствува пријателски правец на ситуацијата и поддршка; во случај на непосакуван развој на ситуацијата, да дејствува енергично; да ги штити германските интереси-логистичките добра кои по потреба би биле искористени. Во истата наредба, истакнато е уште дека во просторот Качаник-Скопје и Велес-Битола е потребно да се концентрираат дополнителни сили на XXI-от планински армиски корпус, за цврсто да се запоседнат сообраќајниците (Операција „Вероломство“). Седиштето на армиската заднинска команда 1021, која би била под команда на генерал-мајор Ото Гулман[12], требало да се наоѓа во Битола[13].

---

[7] Група армии Е била формирана на 1 јануари 1943 година, со реорганизација на Врховната армиска команда 12. По капитулацијата на фашистичка Италија, во нејзиното оперативно подрачје влегувал најјужниот дел од Балканскиот Полуостров. Роберто Трајковски, *Вермахтот и Македонија (1943-1944 година)...*, 28, 34-35.

[8] Командата на 2. Оклопна армија, на Балканскиот Полуостров била префрлена во средината на август 1943 година. Под нејзина оперативна команда, до 11 септември 1944 година бил и XXI планински армиски корпус. Истот, 273.

[9] XXI планински армиски корпус, бил формиран на 12 август 1943 година. Во неговото воено-оперативно подрачје влегувале Албанија, западниот дел на Македонија, Косово и Црна Гора во почетокот. Истото, 106-109. Georg Tessin, *Verbande und Trupen der deutschen Wehrrmacht und Waffen-SS im Zweiten Weltkrieg 1939-1945*. 4. Band.Verlag E.S. Mittler&Sohn GMBH, Frankfurt, 1970, 154.

[10] Германски генерал во Албанија, била воено-територијална команда на територијата на т.н. „Независна Албанија“, формирана по капитулацијата на фашистичка Албанија. Роберто Трајковски, *Вермахтот и Македонија (1943-1944 година)...*, 99-100.

[11] *„Kommandant rückwärtiges Armeegebiet 1021“*, скратено *„Korück 1021“*.

[12] Генерал-лајтнант Ото Гулман, Од почетокот на 1944 година, до 27 август 1944 година, ја извршувал функцијата Германски генерал во Албанија. Роберто Трајковски, *Вермахтот и Македонија (1943-1944 година)...*, 99-100.

На 29 август, заедно со I/524. гренадерски полк, во Битола пристигнал и генерал-лајтнант О. Гулман (Армиска заднинска команда 1021)[14]. Истиот ден, командата на 2. Оклопна армија му издала наредба, со која неговите примарни задачи биле доконкретизирани. Посебно важно било да се изврши запоседнување и обезбедување на железничката делница (Битола-Велес); цврсто запоседни и брани потпорната точка Битола, како и другите значајни точки; воспостави тесна соработка со таму стационираната логистика; патниот правец Струга-Битола да биде прооден. Сите мерки и активности требало се реализираат безобзирно, пришто посебно жестоко требало да се одговори и на најмал отпор. Исто така, патниот правец Битола-Велес добил задача да го обезбедува I/524. гренадерски полк, пришто, во случај на потреба, армиската заднинска команда 1021 можела да смета и на една моторизирана резерва-борбена група која требало да се организира во просторот на Струга[15].

Истиот ден, 297. пешадиска дивизија, добила наредба од XXI планински армиски корпус, да го забрза организирањето на споменатата моторизирана јуришна резерва, т.е. моторизираниот баталјон „Строшке". Негов командант требало да биде мајорот Строшке, командирот на 297. фузеларски баталјон, а би била во состав: Штаб на 297. фузеларски баталјон; 4/297. фузеларски баталјон; 4./48. брз баталјон; една противоклопна чета од 48. брз баталјон, од кои веќе започнале да се прегрупираат во просторот на Струга. Оттаму , баталјонот требало да се прегрупира во Битола, за да се стави под команда на армиската заднинска команда 1021, т.е. генерал-лајтант О. Гулман[16].

На 30 август 1944 година, генерал-лајтнант О. Гулман го испратил следниот извештај до командата на XXI планински армиски корпус:

"Лично воспоставив врска со командантот на бугарската дивизија[17]. Се работи за енергичен војник, кој за време на Првата светска војна, како пилот, се борел на наша страна. Инаку, во однос на случувањата во Софија, истакна дека на Германците нема никогаш да крене оружје, па ниту да преземе било какви мерки. Истовремено, од мене беше замолен, командата врз дивизијата,

---

[13] XXI планински армиски корпус. NARA M T 314, P 664, 000630-000632.

[14] Истото. 000637, До пристигнувањето на генерал-мајор Ото Гулман, командант на гарнизонот на Вермахтот во Битола бил некојси офицер со презиме Шмедс, но тој, очигледно поради боледување, бил отсутен околу осум недели, а пак негов заменик не бил назначен. Група армии Ф. NARA T 311 P 193, 000022.

[15] XXI планински армиски корпус. NARA MT 314, P 664, 000645.

[16] Истото. 000639.

[17] Се работело за генерал-мајорот Иван Маринов, командантот на Бугарската 15. „Охридска" пешадиска дивизија, со седиште во Битола. Според оценка на Вермахтот, еден од најспособните бугарски дивизиски генерали: „Отворен, свеж, енергичен, со младелачки дух"... Истиот, вечерта на 2 септември 1944 година, бил назначен за воен министер во владата на Константин Муравиев. „Воена мисија во Бугарија". Bundesarchiv Militärarchiv Freiburg im Breisgau (скратено, BAMAF) RH 31-II/9;, Група армии Ф.NARA M T 311 P 193, 000086.

да ја задрже по секоја цена во свои раце, или пак да преземе било какви суштински одлуки. Во меѓувреме, ќе се обидам целосно да го придобијам.

И неговите офицери ги делат неговите ставови. Пријателство и поддршака за нас и безпоштедна борба со бандите. Дивизијата е во константна борба со нив и еден нивен напад на железничката делница[18] одбила дури со артилерија.

Железничката делница сѐ уште ја обезбедува бугарската војска (крајно лево 300 нејзини припадници, распоредени на 20-тина контролно-безбедносни пунктови). Подготвив и план за нејзино запоседнување од наша страна. Таа е во должина од 129 км, со 17 тунели и 23 мостови (податоците ќе следат). Препорачувам, командантите на Вермахтот кои транзитираат низ македонскиот простор[19], посебно во врска со бандите, да соработуваат и содејствуваат со бугарската војска. Исто така, за да се избегнат взаемни провокации, да се избегнува концентрација на единици на Вермахтот во места под бугарска контрола. Истите, да се запоседнат со минимални сили или дури да се избегнуваат.

Според командантот на дивизијата, силни бандитски групи се концентрирааат северно од линијата Воден-Лерин-Корча и се подготвуваат да продрат на север; бандите во просторот Тетово-Кичево, кон исток. Цел: запречување на сообраќајниците меѓу Прилеп и Скопје. Се работело за план кој веќе постои година, а требало да се реализира меѓу јули и август 1944 година. Забелешкава сериозно да се земе во предвид.

Според тајната фронтовска полиција во Битола[20] во просторот меѓу Прилеп и Велес се концентрирани околу 600 бандити[21], без постојано место на прибежиште. Бугарската војска препорачува превоите да не се преминуваат во ноќе, туку само дење. Западниот патен правец Прилеп-Велес[22], поради тесните засеци (кривини), не е погоден за транзит на влекачи.

Препорачувам, со бугарската војска да се разменуваат пријателски поздрави. За да се минимизираат активностите на агентите провокатори, да се испровоцира бугарско-македонски конфликт. Да не им се дозволи да се разјадат германско-бугарските односи. Од друга страна, односот спрема Македонците да се биде крајно внимателен, за да не би се влошиле германско-бугарските односи“...[23]

[18] Железничката делница Битола-Прилеп-Велес.

[19] Се мисли на делот од Вардарскиот дел на Македонија и јужниот дел на Србија, од април 1941 година под бугарска окупација и воено-политичка.

[20] Се работело за одделение на Тајната фронтовска полициска група 640, специјализирана за противпартизанска и противсаботажно-диверзантска борба.

[21] Се мисли на борците на НОВ и ПОМ, т.е. 2. и 10 МНОУБ од составот на 41. македонска народноослободителна дивизија на народноослободителната војска на Југославија (скратено 41. МНОД на НОВЈ), во чиј состав нешто подоцна ќе влезе и 5. МНОУБ. Марјан Димитријевски, *Македонска војска 1944-1945*. ИНИ, Скопје, 1999, 171., Бора Митровски, *Петнаесетти (Македонски) ударни корпус НОВЈ*. Војноиздавачки завод, Београд, 1983, 78.

[22] Се мисли на патниот превец Прилеп-Извор-Велес.

[23] XXI планински армиски корпус. BAMF RH-24/21/108.

Во меѓувреме, на 29 август 1944 година, превојот Бабуна, од страна на 41. МНОД на НОВЈ, бил жестоко нападнат и целосно опколен I/8. противвоздушен баталјон (баталјон „Досов“)[24], пришто 15 негови припадници биле убиени, 12 ранети, тројца ќе се водат за исчезнати. а се работело за една од поединечно најголемите загуби на Вермахтот во Македонија, при борбите со НОВ и ПОМ. Армиската задninска команда 1021, испратила засилување во Прилеп (200-тина припадници на Вермахтот), а во деблокирањето на споменатиот баталјон учествувале и бугарска артилерија и воено воздухопловство.[25].

На 1 септември 1944 година, XXI планински армиски корпус известува дека железничката делница Прилеп-Велес, меѓу селата Гостиражни и Богомила е целосно запоседната од „бандите“, чија бројност и сила не била утврдена, додека со доволно сили за нејзино деблокирање, не располагал. Истиот ден, германскиот преведувач при штабот на Бугарската 15. Пешадиска дивизија, во името на нејзиниот командант генерал-мајор И. Маринов, ги информирал официјалните лица на Вермахтот во Битола, дека тогашната бугарска влада ќе падне[26] . Во согласност со тоа, железничките станици Битола, Слепче, Браилово и Сенокос биле евакуирани од бугарските железничари, додека мостовите меѓу Битола и Прилеп веќе не биле обезбедувани од бугарската војска[27]. Армиската заднинска команда 1021 започнала да организира одбрана на Битола и тамошниот аеродром/[28] Истовремено, I/524. гренадерски полк, го презел обезбедувањето на патниот правец Прилеп-Плетвар-Градаско-Велес[29]. Армиската заднинска команда 1021 известила, дека не располага со доволни сили за обезбедување на сообраќајниците во Југозападниот Регион, поради што побарала отстапување на II/2. полк „Бранденбург[30], или да и се отстапи друг засилен баталјон, посебно по сѐ поевидентната бугарска евакуација на споменатиот простор[31.]

[24] Споменатиот баталјон, околу 20 август 1944 година, од Грција, пристигнал во Битола, за во крајот на август 1944 година, да продолжи на север.

[25] Tagesmeldung An Pz.AOK 30. 8. 44. Gen. Kdo. XXI. Geb. Ia Nr. 6071/44 v. 30. 8. 44. Anlagen zum Kriegstagebuch Nr. 12 Gen. Kdo. XXI (Geb.) A.K. von 1.8.-31. 8. 44. Ia. XXI планински армиски корпус. BAMAF. RH-24/21/108., XXI планински армиски корпус. NARA M T 314, P 664, 000653., Kriegstagebuch Nr. 12 Gen. Kdo. XXI (Geb.) A.K. von 1.8.-31.8. Ia. XXI планински армиски корпус. BAMAF. RH-21/21/107, 26., Сослушување (записник) на војникот Густав Милер. Досие бр. 61. Фонд германски воени заробеници. Државен архив на РС Македонија.

[26] XXI планински армиски корпус. NARA M T 314 P 664, 000670. Марјан Димитријевски, *Третиот Рајх и Македонија.* том 1. книга 1. ИНИ. Скопје, 1996, Бр. 53, 125.

[27] Група армии Ф. NARA M T 311 P 196, 000080.

[28] Изгледа се мисли на импровизираниот аеродром што се наоѓал кај стадионот „Тумбе Кафе“.

[29] XXI планински армиски корпус. NARA M T 314 P 664, 000679.

[30] Меѓутоа, спомеантиот баталјон воопшто не бил ангажиран во просторот на Битола, туку тој веднаш, по пристигнување во Битола, од Струга, односно Дебар, од Градско, железнички бил транспортиран во просторот на Белград.

[31] XXI планински армиски корпус. NARA T 314, ролна 664, 000682.

Во наредните денови, според документацијата на Вермахтот, нападите на НОВ и ПОМ (7.Македонска народноослободителна ударна бригада, скратено 7.МНОУБ), на патниот правец Ресен-Битола се интензивирале[32]. Истовремено, тие биле проширени потегот до Струга, каде започнала да се прерупира 1.МНОУБ, поради што, на 5 септември 1944 година, околу 21.00 часот, моторизираниот баталјон „Строшке", засилен со вод од 8./297. артилериски полк, се пробил кон Битола.[33] Струга ја обезбедила марш-потерната чета од 297. дополнителен баталјон.[34]

На 7 септември 1944 година, командата на XXI планински армиски корпус ја известила командата на 2. Оклопна армија, дека патните правци Битола-Охрид и Прилеп-Велес, како и железничката делница Прилеп-Велес се под силен притисок на НОВ и ПОМ. Нејзините запречни активности биле видливи. и дека мостот 4 км источно од Прилеп бил уништен, приштo биле преземени активности за негово ставање во употреба. Исто така, дека бугарската војска започнала со евакуација од запад (Охрид), оставајќи ги капацитетите за поддршка и логистика на Вермахтот, кои требало да останат во употреба со ангажирање на локалното население-Македонците. Со по еден баталјон планирала да се обезбедат и Велес и Прилеп, т.е. цврсто запоседнат потпорните точки Битола, Прилеп, Велес. Нејзини дополнителни дејствија, поради недостиг на сили не биле можни[35]. Нешто подоцна, пред самата смена на воено-политичкиот курс на Бугарија, патниот правец Битола-с. Кажани, го обезбедувале делови од 4/297. извидувачки (фузиларски) баталјон. Нападите на НОВ и ПОМ, по бугарската евакуација на Охрид уште повеќе се интензивирале [36]

Во меѓувреме, командата на XXI-от планински армиски корпус испланирала организирање на втора одбранбена линија, што би започнувала од Јонското крајбрежје (Сан Џовани), би продложувала кон Шар Планина, Качаник, а потоа во североисточен правец, кон р. Јужна Морава и како варијанта би биле вклучени и просторот јужно од Кукс (Албанија), Гостивар и Велес, приштo одбраната на линијата Штип-Кочани требало да ја организира нова воено-териториjлна команда[37]. На 7 септември 1944 година, генерал-фелдмаршалот М. фон Вајкс издал директива за формирање нова воено-територијална команда во „македонскиот простор", во ранг на армиски корпус, која требало да биде именувана „Воен наредбодавец за Македонија", на која функција бил назначен генерал-лајтнант Хајн Шоерлен, дотогашен „Воен наредбодавец за Грција"[38].

[32] Истото, 000691.
[33] Истото, 000693.
[34] Истото, 000693, 000694.
[35] Истото, 000713., Марјан Димитријевски, *Третиот Рајх и Македонија.* том 1. книга 1. ИНИ..., Бр. 60, 137.
[36] XXI планински армиски корпус. NARA T 314, ролна 664, 000716.
[37] Истото, 000711-000712.
[38] „Група армии Ф". NARA M T 311, P 193, 000287.

Два денови подоцна, по смената на воено-политичкиот курс на Бугарија, оперативното подрачје на Групата армии Е било проширено на север и под нејзина оперативно-територијална команда бил ставен и „Воениот наредбодавец за Македонија“, чија примарна задача била водството (командувањето) во Македонија (*„Führung in Mazedonien“...*), во што спаѓало: обезбедувањето и поддршка на експлоатацијата на сообраќајните комуникации; разоружувањето на Бугарската 5. армија; затворање на превоите Клуч, Царево Село, Крива Паланка и Босилевград (Србија), спрема Бугарија; цврсто запоседнување на сообраќајниот јазол Скопје; да го поддржи евентуалниот продор на 1. планинска дивизија во правец на Софија (воена операција со тајна шифра „Кучкин син“)[39]. Треба и да се истакне, дека од истиот датум, „Армиската заднинска команда 1021“ му била потчинета на „Воениот наредбодавец за Македонија“[40].

**Резиме**

Кон крајот на август и почетокот на септември 1944 година, како последица на влошувањето на стратешката состојба на Балканскиот Полуостров, Вермахтот во југозападниот дел на Вардарскиот дел на Македонија презел повеќе воени мерки и активности. Тие имаа за цел да ги обезбедат патиштата и точките за поддршка, по очигледната промена на воено-политичкиот курс на Бугарија.

**Summary**

At the end of August and the beginning of September 1944, as a consequence of the deteriorating the strategic situation on the Balkan Peninsula, the Wehrmacht in the southwestern part of the Vardar part of Macedonia undertook several military measures and activities. They aimed was to secure the roads and the points of support, after the more so evident change of the military-political course of Bulgaria.

*Извори и литература:*
*Извори:*
*Непечатени:*
*Државен архив на РС Македонија:*
*Фонд германски воени заробеници:*
- Досие бр. 61 на Густав Милер. Досие бр. 61.
*National Archives and Records Administration:*
*Група армии Ф:*
- NARA M T 311, P 190;

[39] „Група армии Е“. NARA M T 311, P 181, 001001-1002.
[40] „Германски XXI планински армиски корпус“. NARA M T 314, P 664, 000733, 000026.

- NARA M T 311, P 191;
- NARA M T 311, P 193;
- NARA M T 311 P 196.
*Група армии Е:*
- NARA M T 311, P 181;
*XXI планински армиски корпус:*
- NARA M T 314, P 664.
*Bundesarchiv Militärarchiv Freiburg im Breisgau:*
XXI планински армиски корпус:
- BAMAF. RH-21/21/107;
- BAMF RH-24/21/108.
Воена мисија во Бугарија:
- BAMAF. RH 31-II/9.
*Печатени:*
*Akten zur deutchen Auswärtigenpolitik 1918-1945.* Serie E: 1941-1945. Bande VIII. 1. Mai 1944 bis 8. Mai 1945. Vandehoeck & Ruprecht, Göttingen, 1979;
Димитријевски Марјан, Третиот Рајх и Македонија. том 1. книга 1. ИНИ. Скопје, 1996;
Tessin Georg, *Verbande und Trupen der deutschen Wehrrmacht und Waffen-SS im Zweiten Weltkrieg 1939-1945.* 4. Band.Verlag E.S. Mittler&Sohn GMBH, Frankfurt, 1970.
*Литература:*
Димитријевски Марјан, *Македонска војска 1944-1945.* ИНИ, Скопје, 1999;
*Drugi svetski rat.* Pregled ratnih operacija. kniga 4. događaji od 1 januara do decembra 1944. VII, Beograd, 1970;
Митровски Бора, *Петнаесетти (Македонски) ударни корпус НОВЈ.* Војноиздавачки завод, Београд, 1983;
Трајковски Роберто, *Вермахтот и Македонија (1943-1944 година).* Аз-Буки, СБМ-Битола, Битола, 2018.
Hnilicka Karl, *Das Ende auf dem Balkan. Die militarische raumung Jugoslawiens durch die deutsche Wehrmacht.* Musterschmidt, Gottingen-Zurich-Franfurt, 1970.

**Рубинчо Белчески**[1]

# ПАНЕ НАПЕСКИ (1902 - 1979) - „ЗАНЕСЕНКО“ ПО ФИЛМОТ И ФОТОГРАФИЈАТА

***Апстракт***

*Оваа година се одбележуваат 120 години од раѓањето на човекот кој беше голем вљубеник во кинoприкажувачката и фотографската дејност. Добар повод да се потсетиме на овој „занесенко“ кој ги оствари своите соништа, го отвори првото кино во Прилеп во 1917 година, а подоцна стана „хроничар“ на Прилеп преку фотографиите кои ги создаваше и „раскажуваше“ за прилепчаните, тутунарите, занаетчиите, за селските и градски градби, за црквите и манастирите, за културното наследство, за обични и необични нешта. Со ИСКАЗОТ на Пане Напески, кој е дел од Збирката на документи во НУ Завод и музеј – Прилеп, преку неговиот живот пат, дознаваме за Прилеп во текот на Првата и Втората светска војна, но и за периодот по ослободувањето и неговите патешествија и вклученост во обуката на илјадници нови фотографи.*

***Клучни зборови:*** *Пане Напески, кино, филм, фотографија, Прилеп.*

Во Париз, на 28 декември 1895 година, во „Гранд кафе“, браќата Луј и Огист Лимиер, организирале прва филмска проекција. Тоа биле првите „подвижни слики“ во историјата на човештвото. Оваа филмска претстава предизвикала воодушевување кај публиката и се смета за ден на раѓањето на кинематографијата.

Десетина години подоцна, браќата Манаки „ја донесле“ кинематографијата во Битола. Во Македонија, за првпат било отворено постојано кино во Скопје, 1912 година, а наредната 1913 година и во Битола е отворено кино.

Но, и Прилеп не заостанал долго. Само неколку години покасно, прилепчани ја доживуваат првата филмска проекција, а набрзо е отворено и првото кино.

За кинoприкажувачката дејност во Прилеп, ќе стане збор во редовите кои следуваат.

Во Збирката на документи на Историското одделение на НУ Завод и музеј – Прилеп, постои документ од 07.10.1960 година, кој е заведен како ИСКАЗ на Пане Димов Напески, од Прилеп, роден 1902 година. Од него дознаваме за кинoприкажувачката дејност во Прилеп, како тој (Пане

[1] Рубинчо Белчески, кустос – советник, историчар во НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Прилеп, ул.Александар Македонски бр.142, адреса на живеење ул. Димо Наредникот бр.89/39 Прилеп, е-маил: rubin.belceski@yahoo.com

Напески), тогаш на 15 години и неговиот татко Димко, го отвориле првото кино во Прилеп пред 105 години. Воедно, Пане „не информира" за фамилијарниот бизнис, за филмовите, за фотографскиот занает и за многу други нешта во периодот од Првата светска војна до периодот на слободен Прилеп. Но, за да не Ви прераскажувам што Пане „раскажува" за својот живот, во целост ќе Ви го „дадам на увид" неговиот ИСКАЗ, без да направам граматички корекции, онака како што му го дал, односно го запишал, колегата Боро Јованоски, тогашен кустос во Народен музеј – Прилеп.

Потоа, подолу во текстот ќе го „надополнам" Пане со информации од моето истражување за него, така што Вие (читателите) ќе добиете целосна слика за животот на киноприкажувачот, а воедно и фотографскиот хроничар на Прилеп, „занесенкото" Пане Напески.

Тој во ИСКАЗОТ вели: *„Мене, ми раскажуваше татко ми Димко, како во Париз гледал кино уште во 1908 година, како фотографиите биле претворени во живи луѓе да се движат т.е. да одат на бело платно преку некоја проекција со светлост. Мене како дете тоа нешто многу ме заинтересира бидејќи татко ми беше фотограф и тој процес ми беше интересен како станува. За време на Првата светска војна случајно помина еден воен кинематограф. Во Прилеп остана 2-3 дена во денешната Чарши џамија под саатот. Како дете уште повеќе се заинтересирав за кинематографската работа и секоја вечер му зборував на татко ми да купи кино апарат. А тој во сушност во тоа време немаше доволно пари. Тогаш решив да работам и да продавам мекици меѓу војската во Прилеп и заработив 7200 германски марки. Го натерав татко ми преку војници што си одеа на отсуство да донесат еден кино-апарат, бидејќи истите војници седеа во нашата куќа. Војниците за дадените пари донесоа кино-апарат за со рака вртење, а за светло на проекцијата донесоа боца со воздух и резервоар за газолин (еден вид бензин). Кога виде татко ми дека многу се интересирам, ми потпомагаше скоро во рамна мера како што работев и јас. После испитување на работите на газолинот со воздух видовме дека не беше практично и успешно и дојдовме до заклучок со татко ми да се купи мотор и динамо. Моторот служеше за вртење на динамото и даваше струја за проекција на кино-апараторот. Моторот и динамото се купени накнадно од Софија во 1917 година. Сета оваа работа се заврши, а нужно беше да се направи една зграда. Дојдовме до решение старата куќа на улица „Пере Тошев" бр.18 меѓу старата црква и Грчката црква да ја турниме и соградиме сала за кино. Во салата работевме се до 1922 година. Прв филм прикажан во новата сала беше „Дамата со камелии", а журнал изглед на Прилеп. Името на киното беше „Кино Прогрес". Од поважните филмови прикажани во овие пет години е „Фантом" – германски филм и др. Салата беше изградена на два спрата, партер и балкон. Истата беше долга 17 м. а широка 9,5 м. Партерот беше нареден со обични дрвени столови и сите беа наредени како во амфитеатар. Сето ова беше поставено на гола земја. Балконот и партерот беа направени од стари даски кои што останаа при*

*рушење на старата куќа. Сето ова беше направено прво што немавме пари, а второ што немавме од каде да се купат даски за душемето, од други места не можеше да се донесе, бидејќи целата граѓа беше под војна управа и резервисана за фронтот во 1917 година. Бидејќи зградата не беше соградена од здрав материјал истата се сруши во 1922 година. Бидејќи не ги знаевме доволно работите т.е. да ракуваме со кино-апаратот се појавија тешкотии и тоа пуштањето на моторот траеше извесно време, потоа пак застануваше а сето тоа стануваше од непознавање на механичката работа. А исто се појавува и тешкотија со кино-апаратот. Отпрво вртев со рака и неможев да издржам. Вртев 30 минути додека да заврши првиот чин. Секој чин беше долг 400-500 метра. Се случуваше и да се скине лентата т.е. недобро залепувани каде што биле сцените додавани, а се случуваше да пукни каучокот од лентата поради брзото вртење на апаратот, а многу пати се случуваше палење на филмот. Некогаш се поништуваа 3-4 м. Натписите на филмовите следуваа така: филмот го прикачуваш и штом се дојде до туѓ натпис, го запираш апаратот и ставуваш плоча преку дијалукс и плоча преведена со натпис се ставува на она место каде што се застанало.*

*Рекламите стануваа на овој начин. Фотографиите се редеа на тараби (даски) и се пишуваше на една книга името на филмот, во колку саатот и цената на седиштата. При првото отварање на кино-претставите цените на местата беа следните: I место 1 1/2, II место 1лев, III место 50 стотинки, а на балкон беше 2 лева. 1922 година бидејќи немаше доволно претстави киното беше пренесено во Битола во ,,Гранд хотел“. Седевме 3 месеци, надевајќи се да добиеме филмови од Солун, а од овој град не можеше да се добијат филмови бидејќи беше слаба кинематографијата. Одма го вратимве киното во Прилеп и останавме без работа 4 месеци. Потоа под кирија го добивме кафето ,,Велика Србија“ во 1923 година и во истата година умре и татко ми. На 16 годишна возраст ја продолжив работата со киното. Главна работа за прехрана ми беше фотографскиот занает. Потоа техниката понапредна и почнаа да се произведуваа електро мотори. Купив едно електро моторче и го поставив на самиот апарат за да го врти и така се ослободив од вртење со рака при прожектирање на филмот. Во кафето ,,Велика Србија“ работев се до 1931 година и направив 4 прекиди затоа што публиката не го примаше киното како културно-просветна разонода, туку од самите граѓани бев потценет како прилепските граѓани ги водам на лош пат. Често се случуваше да на улица ме сретнат жени и мажи ме плукаат како да јас ги носам нивните деца на лош пат. После тоа народот увиде дека киното е полезно на човекот со прикажување на забавните, историските и поучните филмови, така народот зеде сосем подруго мнение за мене и почнаа да ме почитуваат.*

*1931 година од српските власти бев истеран како македонец, односно не Србин, а како голем Србин беше донесен од тогашните власти Ице Зерде и истиот е заштитен од српските власти, бидејќи татко му беше претседател на општината. Истиот отвори кино во просториите на хотел*

*,,Велика Србија", а пак јас макар да имав платено кирија на сопствениците Бомболовци напред за 6 месеци просечно, морав да си ги приберам машините и да си одам дома. Поради оваа причина бев приморан да купам место, макар да немав пари, морав да запнам повеќе со работата на фотографскиот занает. Скитав по села, панаѓури, слави, цркви за да можам повеќе да сликам и да заработам пари. На денешното место на улица ,,Моша Пијаде" бр.104 почна градбата на кино салата во м.XI.1931 година.*

*Нарочито одбегавав да ги прикажувам криминалните и каубоските филмови, бидејќи воспитувањето на младото поколение лошо би се одразило. Во сушност не бев послодавец, туку бев во своето кино како работник, и то кино-оператор, а во сушност мојата мајка Донка беше вратар и кинеше билети од граѓаните, а пак брат ми Гоче и сестра ми Ружа беа редари и во исто време стоеја и на благајната. Ова кино беше од работната снага на целата фамилија Напевци, која работеше се до м. мај 1946 година.*

*1935 и 1936 год. во Прилеп почнаја да работат ,,Трезвената ложа" и друштвото ,,Коста Абрашевиќ". Како по буден човек од тоа време знаев што е потребно за подигање свеста на нашата напредна младина и на целото општество, стапив во врска со другарот Данко Гешелин, по потекло Русин кој работеше во ,,Меркур-филм" – Загреб. Истиот човек ги имаше Советските филмови на рака од Државното претпријатие ,,Мос-филм" т.е. Московско филмско претпријатие, кое беше под раководство на истиот другар Данко Гешелин. Сите советски филмови кои беа дојдени во Загреб веднаш беа праќани како премиери во Прилеп и створив голема пропаганда со овие советски филмови кои ги прими со големо задоволство тогавашната напредна младина. Отогаш напредната младина во дискреција киното го именува под име советско кино. Филмови кои беа прикажани од овој жанр беа: ,,Чељускинци", ,,Жена за 1000 рубли", ,,Московски славеј", ,,Златниот кључ", ,,Василиса Прекраснаја", ,,Пастир Костја", ,,Волга-Волга" и мкогу други. Овие филмови беа прикажувани од ова време се до окупацијата на Бугарите 1941 година. И за време на окупацијата, од кога почна покретот да работи во Прилеп, имав задржано некои совјетски филмови и ги пуштив повторно да работат за пропаганда. Така на пр. Филмот ,,Волга-Волга" и ,,Даштерјата на Панкратов", за кое беф благовремено повикан од Бугарските власти и доста малтретиран, зашто ги прикажував овие филмови. Мојата сала секогаш беше дозволена за конференции на напредната младина, кои се одржуваа во тајност.*

*Покретот го помагаф прилично преку мојата сестра Ружа Напеска, како морално и материјално. Целата наша фамилија работеше во покретот, како мојот брат Гоче, сестра ми Ружа и мајка ми Донка.Прилеп беше нападнат на 9-IX-1944 година од страна на партизаните и Бугарската војска и ослободен истиот ден. Другиот ден се даде проглас (10-IX-44 год.) кој сака да стапи како доброволец на народната војска да појди на помош кај местото ,,Дабнички завој", или како што народот го вика по старо ,,Капандрица" и таму не дочека др(угарот) Мики, капетан на НОВ и ПОЈ и*

*многу други другари, кој што ги запишуваше за во партизани.*

*Тука поседов 6-7 саати, примив храна, поседов до 17 саатот на истото место и дојде другарот Коце Солунски и ми рече: „Ти Пане иди со мене бидејќи си потребен да прикажуваш филмови за нашата НОВ. Разбравме дека си имал запазено советски филмови и дека истите треба да ги прикажуваш“. Филмот го имав скриемо во с.Варош, филмот беше Волга-Волга кој се најдуваше кај другарот Пецо Јандреоски, кој го зедофме веднаш со џип од с.Варош и уште истиот ден почнав да давам претстави. Така за 6 дена дадов 36 претстави со вкупно 13-14 000 посетители-борци од НОБ. Со киното работев се до напуштањето на Прилеп од страна на партизаните. Кога се истеглија партизанските војски од Прилеп отидов во манастирот Св.Богородица-Трескавец заедно со партизанските единици и таму седев се до второто ослободување на градот. По ослободувањето на Прилеп го наставив своето работење како сопственик на киното се до м. јуни 1946 г. потоа излезе закон да сите кина во Југославија како културно-просветни установи да припаднат на државата и тука станав како единствен работник кино-апаратер. Во исто време бев повикан од страна на синдикатот како треба да се оформи во Прилеп народна техника која ќе има за цел оспособување на кадрови како на пр. шофери, тракториsти, фото-аматери, кино-аматери и др.*

ИСКАЗОТ на Пане Напески од 1960 година, Ви го пренесов во целост. Како што и самите „видовте“, Пане „ни ја раскажа“ својата приказна, што е историја на киноприкажувачката дејност во Прилеп од пред повеќе од 100 години, но и случувањата после тоа. Можеме слободно да заклучиме дека бил голем вљубеник во кинематографијата, воедно и на фотографијата која му останала пасија и професија до крајот на својот живот.

Иако имав некои предзнаења за Пане, сепак тој ја „предизвика“ мојата љубопитност, па почнав да „трагам“ по Пане. Нормално дека нема сè кажано во овој ИСКАЗ. Почнав да ги прелиствам трудовите на познавачите на „ликот и делото“ на Пане Напески, како: Илинденка Петрушева, Цветан Беличански, Слободан Беличански, Роберт Јанкулоски, но „прелистав“ и некои други книги, за да дознавам нови нешта за Прилеп, за „занесенкото“ Пане, за неговата сопруга Слободанка, за фамилијата Напески.

ИСКАЗОТ на Пане Напески ќе го надополнам со моето „мало“ истражување, со кое дојдов до дополнителни информации. Истите истражувања, Ви ги пренесувам и Вам.

Тој е роден во Прилеп на 6 мај 1902 година, од родителите Донка и Димко. Како дете, се одликувал со невообичаен љубопитен дух. Го интересирале новите технички пронајдоци. Татко му Димко, кој бил фотограф, му раскажувал за новото „чудо“- филмот кој го видел во Париз.

Во текот на Првата светска војна, во 1916 година, германската војска во дворот на семејството Шесколеновци, организирале филмска проекција. Пане тогаш за првпат го видел „новото чудо“ - кинематографот. Бил

воодушевен и се родила голема љубов која предизвикала одлучност. Од тој момент знаел дека еден ден ќе има свое кино.

Со заштедените пари Пане и Димко, купуваат проектор „Ернеман 1" и го отвораат првото кино во Прилеп, во месец октомври 1917 година. Прв прикажан филм бил „Дамата со камелии" според истоименото дело на Александар Дима и журналот „Изгледот на Прилеп", снимен од германски, веројатно, воени сниматели. За првите почетоци Пане „ни раскажа" во ИСКАЗОТ. Во јануари 1918 година, од Софија, купуваат мотор (марка „Дајц") и динамо за производство на струја (марка „Сириус"), за подобрување на сликата, а пред киното поставиле рекламна светилка, за која прилепчани зборувале:„Гледај, сонце на дирек".

Немите филмови, Пане ги „поддржувал" свирејќи на пијанинотo, марка „Франц Фух".

Пане бил вљубеник и во спортот, во фудбалот. Во 1919 година, во Прилеп е основан првиот фудбалски клуб СК „Огнена искра". За основач или еден од основачите на клубот се смета Пане Напески, кој воедно бил и активен играч. Потоа е фудбалер и во фудбалскиот клуб СК „Југославија" - Прилеп.

По големата зима 1921/22 година, објектот на киното се срушил. Пане почнал да го „преселува" своето кино, по разни објекти во Прилеп, како, кафеаните „Србија", „Кајмакчалан" (Старо Корзо) и други. Краток период киното го „преселил" и во Битола. По повеќегодишно преселување, решиле да купат земјиште и да изградат свој објект. Така, во ноември 1931 година, ја започнале изградбата на објектот за киното. Тоа е зградата на денешниот прилепски театар.

Според законите на Кралска Југославија, секој кој сака да отвори сопствено кино треба да има положено мајсторски испит за киноапаратер. Во март 1932 година, Пане Напески во Белград се стекнал со таа диплома.

Набрзо, набавува и тонски уред марка „Телевизија", за да на 25 октомври 1932 година, киното „Балкан" се заведе во регистарот на трговски дуќани при Прилепскиот првостепен суд. Сопственици на киното се водат Пане Напески и неговата мајка Донка. Следувала првата проекција на новото кино со звучниот филм „Титаник".

Во 1935 година, Паневото кино добива конкуренција. Во занаетчискиот дом во Прилеп се отвора истоименото кино. Пане во своето кино прикажувал разни филмови: „Грофицата Валевска", „Дамата со камелии", „Источниот крик", „Багдадски крадец", „Раѓањето на цивилизацијата", „Манон Леско", „Том Соер", „Пикова дама" и други. Неговото кино„Балкан" го нарекувале „прилепски културен центар", но уште го нарекувале и „црвеното кино" затоа што од 1938 година до окупацијата на Македонија, на репертоарот биле советските филмови: „Чељускинци", „Петар Велики", „Волга Волга", „Овчарчето Костја", „Чапаев", за што во текот на Втората светска војна ќе има и проблеми со Бугарите и Германците. Но, по ослободувањето, Пане, согледувајќи ја состојбата во новата држава ќе

напише писмо до Филмското претпријатие на ФНРЈ – Дирекција за Македонија: „Разбирајќи ја улогата на филмското претпријатие и потребите на државата го подарувам на филмското претпријатие мојот биоскоп со зградата и целиот инвентар на улица Маршал Тито 104....“(објектот на денешниот Народен театар „Војдан Чернодрински“ – Прилеп, на ул.Александар Македонски). Воедно, замолува, бидејќи нема други приходи, тој и сопругата да бидат вработени во киното. Новата власт нема да му ја удоволи молбата и ќе му го конфискува киното.

Во 1948 година, во Прилеп е формирана „Народна техника“ која одигрува значајна улога во развојот на техничката култура. Пане Напески има исклучителна улога во обучување на нови кадри во фотокино - клубот, а воедно го раководел и курсот за возачи. Се смета дека обучил повеќе од 5000 курсисти.

Откако престанал да работи со киното, продолжил да биде „фотографски хроничар на градот“, оставајќи илјадници фотографски сведоштва за историјата на Прилеп, за занаетите и занаетчиите, за градските и селските куќи, за црквите и манастирите, за Марковите Кули, Старата Чаршија и Градскиот Саат, за тутунот, тутуноберачите и за многу, многу други нешта за нашиот Прилеп.

Пане Напески, нашиот „занесенко“ по филмот и фотографијата, починал 1979 година во Прилеп.



*Пане Напески во своето кино*



*Пане Напески во новото кино (денешен театар)*




*Пане Напески пред своето фото студио*



*Пане Напески и дел од неговиот „опус“*













**Резиме**

Пане Напески е еден од основоположниците на кинoприкажувачката и фотографската дејност во Прилеп. Со овој труд сакам да го потенцирам одбележувањето на 120- години од неговото раѓање. За неговата активност, за почетоците и ентузијазмот, имав одредени сознанија од автори вљубеници во филмот и фотографијата. Сепак, ИСКАЗОТ на Пане Напески од 1960 година, претставува извор во кој „нашиот јунак“ во целост ни ја раскажува неговата „историја“, а воедно, претставува „извор“ и за други случувања во Прилеп. Покрај тоа, преку фотографиите кои ни ги оставил, тој е хроничар на Прилеп и Прилепско, уште еднаш ја потврдува изреката „Една фотографија, илјада зборови“.

**Summary**

Pane Napeski is one of the founders of the cinema and photography in Prilep. With this paper I want to emphasize the celebration of 120 years since his birth. For his activity, for the beginnings and enthusiasm, I had certain knowledge from authors, lovers of film and photography. However, the STATEMENT of Pane Napeski from 1960 is a source in which "our hero" completely tells us his "history", and also is a "source" for other events in Prilep. In addition, through the photos he left us, he is a chronicler of Prilep and Prilep region, and thus, once again confirms the saying "One photo, a thousand words."

**Извори и литература**

1. Беличански Слободан, Киноприкажувачката дејност во Прилеп меѓу двете светски војни, „Кинопис“, година III, бр.5, Скопје, 1991.
2. Белчески Рубинчо, Прилеп низ стари фотографии, Прилеп, 2010.
3. Петрушева Илинденка, Сонце на дирек, Скопје, 2005.
4. Прилеп и прилепско меѓу двете светски војни 1918-1941 (Материјали од Научниот собир одржан на 1,2 и 3 јуни 1988 година, книга III (редакциски одбор претседател Борко Темелкоски-Лилјак и др. ...), Прилеп, 1992.
5. Прилеп и прилепско низ историјата – меѓу двете светски војни и Народноослободителната војана, (редакциски одбор претседател Михаило Апостолски и др. ...), книга втора, Прилеп, 1972.

**Александар Миткоски**[1]

# МЕТАЛНИ НАОДИ ОД ЖЕЛЕЗНО ВРЕМЕ ОД ПРАИСТОРИСКАТА ЗБИРКА НА НУ ЗАВОД И МУЗЕЈ – ПРИЛЕП – ВТОР ДЕЛ

***Апстракт:*** Во праисториската збирка на НУ Завод и музеј – Прилеп, се наоѓа група на движни археолошки наоди, датирани во железното време, а кои припаѓаат на категоријата накит кој имал украсна функција. Изработени се од метал, односно од бронза и сребро, а само мал дел од нив се од стаклена паста. Овие наоди потекнуваат од повеќе локалитети од подрачјето на прилепскиот дел на Пелагонија и Мариово и добиени се по пат на археолошки ископувања, дел по пат на рекогносцирање, а само неколку од нив добиени се како подарок.

***Клучни зборови:*** накит, железно време, Пелагонија, Мариово.

Во првиот дел беше презентирана група на движни археолошки наоди од праисториската збирка на НУ Завод и музеј – Прилеп, датирана во железното време, со наоди изработени од метал, односно од бронза кои припаѓаат на категоријата накит. Според својата функција и стилски особености, поделени се на три групи: украсна, утилитарна и култна, додека во хронолошка смисла, целокупниот накит се дели на две групи: постари форми и помлади форми на накит. Во првата група спаѓаат: спиралната белезица со повеќе навои, белезици со префрлени краеви, наочаресті фибули, како и постарите форми на македонски (пајонски) бронзи. Карактеристични помлади форми на накит се: двопетлестата лачна фибула со нога во форма на беотски штит, иглите од т.н. „пелопонески тип" и помладите форми на македонски (пајонски) бронзи[2].

Одреден број од овие движни наоди добиени се по пат на археолошки ископувања, дел по пат на рекогносцирање, а само неколку од нив се добиени како подарок.

Во овој втор дел ги презентираме сите останати наоди од накит од железно време кои се евидентирани во праисториската збирка на НУ Завод и Музеј, Прилеп. Исто така, и тие се претежно изработени од бронза или сребро, а само мал дел од стаклена паста. Наодите потекнуваат од следните археолошки локалитети: Долзи Нивје, село Волково; Кутлиште, село Подмол; Ридот, село Мажучиште; Грамада - под три камна – Старо Бонче, село Бонче;

---

[1] археолог, кустос советник, Александар Миткоски, НУ Завод и музеј-Прилеп, ул. Александар Македонски бр. 142, amitkoski@yahoo.com

[2] Миткоски А., 2021, 1 – 11.

Баба, Прилеп; Корбоец – Долна Чешма, село Шелеверци; Асаница, село Горно село и Вршник, село Пештани, Мариово. Одреден број на наоди се од непознат локалитет.

***Накит за на раце***

Кај овој накит се застапени неколку типови на белезици кои се јавуваат во две основни форми, претходно споментатите спирални белезици и белезици со префрлени (преклопени) краеви[3].

***Масивни бронзени белезици со преклопени краеви***

Во збирката се наоѓаат две **масивни бронзени белезици со преклопени краеви,** направени од лентеста бронзена жица со ромбоиден пресек, заоблени од надворешната страна, спирално навиени со два навои, при што во едниот случај лентата кон краевите се стеснува. Едната од нив потекнува од локалитетот Долзи Нивје кај село Волково, а другата е од непознат локалитет (**Т. 2, 1, 2**).

Белезиците со преклопени краеви претставуваат форма на накит добро позната од поширокото балканско подрачје, од Италија до западна Бугарија и од Романија, на југ до Македонија, како и во грчките светилишта, а карактеристични се за фазата С на халштатската култура[4]. На Гласинац во Босна, каде што се откриени во голем број, се јавуваат за првпат во фазата IVa (800 – 750 г.пр.н.е.),[5] во следната фаза се изработуваат од железо[6] и егзистираат до фазата Va (500 – 350 г.пр.н.е.)[7].

Во Македонија се појавуваат речиси истовремено и се наоѓаат на повеќе локалитети: Висои, Петилеп, село Беранци, Лисичин Дол, Марвинци, Валандово, Криви Дол, село Радање, Бел Брег, Куманово, Коколов Рид село Виничка Кршла, Бразда, село Вучи Дол, Орешани, Куново Чуки, село Оризари и во гробот 1 во Кршлански Гумења, село Кршла и др.[8]. Вообичаено се придружувани од наоди карактеристични за VII или VI век пр.н.е. Сепак, нашите наоди можат да се издвојат како порана варијанта, која во типолошкиот развој на овој тип на белезици претходат на сродните примероци со печатесто проширени краеви кои, пак, понатаму, во текот на VI век пр.н.е. се повеќе добиваат во елеганција и декоративност.

---

[3]Миткоски А., 2021, 9.
[4]Георгиев З., 1978, 73, Митревски Д., 1991, 61.
[5]Benac A., Čović B., 1957, 27, Т. II, сл. 15.
[6]Ibid, 8 – 10, T. VIII, sl. 14 – 16, T.IX, sl. 14 i 15, T. X, sl. 6, 7, T.XI, sl. 20 – 22.
[7]Ibid, 40, 42.
[8]Гарашанин Д и М., 1959, сл. 67, 69, Симоска и Санев 1976, 56, кат. бр. 281, 282, Георгиев З., 1978, 71, сл. 5, 6, Георгиев 1985, 193, Т. I, 1, 2, Кузман П., 1985, 39 – 40, Митревски Д., 1999, 76, Т. II, 3, сл. 2, Видески З. и Темов С., 2003, кат. Бр. 15, 287, Mitreski D., 2006, 93, fig. 9, Папазовска и Хусеновски 2019, кат. бр. 18, Иванова Ј. Стојанова Б., 2020, 99, 103, Т. VI, 3.

## ***Декорирана бронзена белезица со преклопени краеви***

На локалитетот Кутлиште кај село Подмол, како случаен наод, пронајдена е една **бронзена белезица изработена** од помасивна жица со кружен пресек и краеви кои се преклопуваат. Преклопените делови во средината се задебелени во вид на стилизирани змиски глави, а потоа се стеснуваат и завршуваат со пластично изведени прстени од кои се извлекуваат призматично проширени завршетоци во вид на печат. Преклопените делови украсени се со линеарни орнаменти, попречно и косо врежани линии, како и со повеќе втиснати мотиви на концентрични кругови со точка во средината **(Т. 1, 4, 4а)**[9].

Идентични вакви белезици пронајдени се и на локалитетите: Каменен Мост - Опален кај село Радолишта, Струшко и во гробот 8 на локалитетот Три Чељусти кај село Горенци во рамките на Требенишката некропола[10]. Овој тип се издвојува од останатите белезици со карактеристичното задебелување во средината или кон крајот на преклопените делови, каде што се и линеарно орнаментирани. Оваа нивна посебност упатува на локално потекло и на тесна поврзаност со Требенишката некропола, при што се датираат во помладата фаза од постарото железно време, т. е. крајот на VII век пр.н.е. и целиот VI век пр.н.е.[11].

## ***Белезица од тенка бронзена лента***

Од локалитетот Долзи Нивје кај село Волково ќе ја спомнеме и **белезицата од тенка бронзена лента**, со сегментен пресек и краеви кои малку се разминуваат. Едниот крај е заострен, а другиот рамно засечен и моделиран во стилизирана змиска глава. Лентата е најширока во средината (0,8 см.), додека најголемата дебелина изнесува 0,5 см. **(Т. 2, 3).**

Што се однесува до змијата како декоративна форма, се среќава уште во текот на полното железно време, и тоа кај поедини култни предмети од фамилијата на т.н. „македонски (пајонски) бронзи“. Но, змиски претстави се наоѓаат и на краевите од белезиците, фибулите и други укарасни предмети во текот на следните векови во Македонија. Овој елемент му дава во толкава мера посебен белег на накитот од ова време во Македонија, што сосема оправдано е воспоставен терминот „змиски стил“, карактеристичен и за следниот период на доцното архајско време и раната антика[12]. Така, веќе во VI век пр.н.е. змијата се поврзува со чистите форми накит, како што се белезиците со расчукани краеви од Лозишта, село Речица или оние со кружен

---

[9]Jakimovski A, Temelkoski D., 2018, 209 – 210, fig. 5.
[10]Кузман П., 1985, 17, 33, Т.III, 1, 2, Кузман П., 1988, 104, Т.I, 1 – 3, Митревски Д., 1988, 92, сл. 2В.
[11]Кузман П., 1988, 107, 109.
[12]Митревски 1997, 176.

пресек и задебелени краеви во форма на стилизирана змиска глава од Три Чељусти, Требениште, како и од гробот 44 од Црквиште, село Беранци[13].

Имено, по кусата егзистенција на многу раскошните „јањевски“ или тип „Прилеп“ белезици, чија појава паѓа на преодот од VII во VI век пр.н.е., се појавуваат крајно сиромашни белезици изработени од тенка бронзена жица, често со вкрстени краеви, но кои не го преживуваат целиот архајски VI век пр.н.е., пред да бидат сосема заменети со сроден облик - само со змиски завршетоци на краевите, како последни дегеренирани претставници на своите раскошни претходници, што најверојатно е одраз на еден нов лесен „нехалштатски“ вкус. Белезиците со змиска глава на краевите како појава е распространета, воглавно, на македонското – илирското – пеонското подрачје[14]. Лахтов В., ваквиот тип на белезици го става во групата В (тип 3с) и групата Е (тип 2), наоѓајќи им при тоа многубројни аналогии[15].

***<u>Бронзена широколентеста белезица</u>***

При археолошките истражувања извршени во 2004 година, на локалитетот Ридот кај село Мажучиште, откриена е и **бронзена широколентеста белезица** со карактеристично ребресто тело. Таа има правоаголен пресек и краеви што се разминуваат, а украсена е со врежани орнаменти, седум хоризонтални линии на краевите со по три реда од крукчиња и коси кратки линии, вертикално поставени **(Т. 1, 1, 1а, 1б)**[16]. Според Микулчиќ И., во случајов се работи за еден многу редок облик на белезица изработена од широка ребреста лента, која тој ја датира во VI век пр.н.е., додека Лахтов В. ја сместува во рамките на фазата IIIа од неговата поделба на железното време во Македонија, односно кон крајот на VI век пр.н.е.[17].

Со истражувањата на локалитетот Требениште, во 1953/54 година, пронајдени се четири белезици од овој тип во Гробот 27 и една надвор од гробните целини[18]. Васиќ Р. гроб 27 го датира во почетокот на првата половина на V век пр.н.е., а со самото тоа и четирите белезици пронајдени во него[19]. Една ваква белезица пронајдена е и на локалитетот Три Чељусти, а слични белезици пронајдени се и на локалитетот Пешта, село Градешница, како и во Гробот 17 на локалиетот Сарај, Брод[20].

[13]Lahtov V., 1965, 75, T. XI, 5, Микулчиќ 1972, 139, Т. I, i – 395, Кузман 1983, 110, 112, Т.II, Т.III, 2 – 4, сл. 1 – 3, Кузман 1985, 25, 28, Т.IX, 1, Т. X, i – 395, Видески и Темов 2003, кат. бр. 22 – 25.

[14]Mikulčić I, 1966, 33, 42, сл. 10, Симоска Д., Санев Д., 1976, кат. бр. 278 – 280.

[15]Lahtov V., 1965, 72, T. IX, 2.

[16]Митkоски А. и Темелкоски Д. 2019, 173, 182, Т. VIII, 2, Т. IX, 3.

[17]Lahtov V., 1965, 71, 75, T. VIII, 3, T. XI, 5.

[18]Лахтов и Кастелиц 1957, 37, 38, Т.XIV, 6, 7, 9, 10, Т. XXIII, 4.

[19]Lahtov 1965, 149, Mikulčić 1966, 33, Vasić 1997, 65.

[20]Mikulčić 1966, 28, 33, T. IX, 18, и, Мачкиħ и др., 1961, 206, Сл. 37, Кузман 1985, 40, Т. X, 1.

Со археолошки истражувања во 2010 година, на локалитетот Грамада - под три камна – Старо Бонче, село Бонче, во Гроб 6 откриена е една половина од слична ваква белезица, кај која на краевите се наоѓа по една мала перфорација[21]. Еден фрагмент од ваква белезица потекнува од непознат локалитет.

***Бронзена белезица со плочесто проширен крај***

На локалитетот Ридот кај село Мажучиште, евидентирана е и **бронзена белезица со плочесто проширен крај со триаголна форма** и димензии: должина 7,8 см, ширина 2,3 см и дебелина 0,2 см. Нејзината горна површина украсена е со врежани орнаменти - висечки шрафирани триаголници, додека на најширокиот дел има надолжен засек со должина од 5 мм и ширина од 1,5 мм. **(Т., 2, 2а, 2б)**[22]. Овој наод, најверојатно е фрагмент од тип на белезица изработена од тенка жица чиј еден крај остро е зашилен, додека другиот е во форма на триаголна плочка. Сребрената белезица со врежани линеарни орнаменти на проширениот дел, пронајдена на локалитетот Парцела, Коногново, се сместува во фазата Гласинац IVc, односно се датира во VI век пр.н.е.[23]. Развојниот пат на овој тип на белезица, авторите понатаму ги води во фазата Гласинац Va, во која се појавува варијантата кај која едниот крај завршува со проширена триаголна орнаментирана плочка[24]. Две белезици од овој тип кои се пронајдени на локалитетот Три Чељусти се сиромашни со орнаментика и претставуваат наједноставен и најпрост облик[25]. Одредени автори претпоставуваат дека овие предмети од домашно локално производство се, всушност, украсни игли за одело, при што не го исклучуваат VI век пр.н.е. како нивна хронолошка рамка[26]. Во сиромашните гробови од Требенишката некропола пронајдени се повеќе вакви белезици од сребро и бронза, и тоа во гробовите 24, 25, 26 и 27 кои Васиќ Р. ги датира во V век пр.н.е.[27].

***Накит за околу врат***

Оваа категорија на накит се јавува исключиво во женските гробови, и тоа во облик на ѓердан од сребро, бронза и стаклена паста. Во праисториската збирка на НУ Завод и музеј - Прилеп застапен е накит за околу врат, пред сè, со поединечни наоди: минијатурен приврзок од типот „лабрис”, монисто со

[21]Jakimovski A, Temelkoski D., 2018, 237 – 243, fig 48.
[22]Митkоски А. Темелкоски Д., 2019, 182, Т.VIII, 3, Т. IX, 4.
[23]Benac A. Čović B., 1957, 23, 44, T.XXXXVII, 1.
[24]Benac A. Čović B., 1957, 48, 9, T.XXXVIII, 10, T.XXXXI, 2, T.XXXXIII, 3, 4.; Čović B., 1987, 621, сл. 36, бр. 19, 30,32.
[25]Кузман 1985, 29, 41, T.XI, 12,13.
[26]Кузман 1985, 41.
[27]Вулиќ 1941-48, 269, 270, С.

триаголно тело, наушница со плочесто проширен крај, наушници со правилна конусна глава и мониста од стаклена паста.

### *Минијатурен приврзок од типот „лабрис”*

При истражувањата на локалитетот Ридот кај село Мажучиште, откриен е и **минијатурен приврзок од типот „лабрис”,** односно во форма на двојна секира, изработен од две еднакви парчиња од тенок сребрен лим, споени во едно. Горниот дел од десното сечило недостасува, додека во неговиот долен дел е распукан. Приврзокот од предната страна е украсен во средината и рабовите со плитко врежан орнамент (т.н. тремоло- техника) и со по четири мали врежани концентрични крукчиња (по две на краевите и по две во средината). Сечилата се благо заоблени и без остри завршетоци, а ушката е куса и проширена, со пречник на отворот од 2,0 мм. Димензиите на приврзокот се: должина 2,7 см, широчина 2,6 см и дебелина 0,2 мм **(Т. 1, 3, Т. 2, 12)**[28]. Предмети во форма на двојна секира како минијатурни приврзоци - амулети или бричеви, на територијата на Република Македонија се јавуваат во гробовите од преодниот период од бронзено во железно време[29]. Во следниот период, односно во раното железно време, лабрисот добива широка употреба, и тоа сосема извесно како култен предмет. По правило, наоди од овој тип се откривани во богати гробови во кои биле погребани жени, а поврзувани со култно - религиски дејности[30].

Минијатурниот приврзок од локалитетот Ридот, најблиски аналогии има со луксузниот ѓердан составен од повеќе сегменти, од кои четири биле во форма на двојна секира, изработени од злато и украсени со филигран и гранулација, а потекнува од Синдос кај Солун и е пронајден во гроб од VI век пр.н.е., но ваков приврзок е пронајден и во Горна Порта, Охрид[31]. Според декорацијата, приврзокот блиски аналогии наоѓа и кај дел од наодите од сиромашните гробови од локалитетот Требениште, датирани во V век пр.н.е.[32]. Со техниката на тремоло, украсен е и дел од накитот карактеристичен за Гласиначкиот културен комплекс, односно за неговите фази Гласинац IVc и Гласинац Va[33]. Со плитко, тремоло врежан орнамент, најчесто

[28]Миткоски А. Темелкоски Д., 2019, 181, Т.VIII, 5, Т. IX, 2.
[29]Mikulčić I., 1966, 16, T.IV, 8 b; Санев В., et al., 1976, 56, 61, кат. бр. 536, 539 а, б, в, 654, 656; Георгиев З., 1987, 117, сл. 1 А; Митревски Д., 1995, 68, 69, 74 , Т.II. 6; Митревски Д., 1997, 61, 114, сл. 18, 6, 7; Mitrevski D., 2006, 89, 91, fig. 4-6.
[30]Митревски 1997, 61.
[31]Соколоска В., 1997, 39, фот. 32, Кузман П.,2013, 451, сл. 31.
[32]Vulič N., 1941-1948, 270, fig. C, Popović Lj., MCMLVI, 48, T.XX, 7, 8, Лахтов В. Кастелиц Ј., 1957, 21, 22, 25, 44, Т.II, 6, Т.III, 8-14; Т.V, 15, 16; Т.X, 14, 16, Т.XX, 5, 6, Vasić R., 1997, 64, црт. 1.
[33]Benac A. Čović B., 1957, 9, 23, 43-44, T. IX, 10, T.XXXIV, 1, 2, T. XXXVII, 1, Čović 1987, 630 - 1, T.LXIV, 4, 9, sl. 36, br. 30.

се украсувани сребрените лачни фибули со четвртаста плочеста нога и петличест завршеток, распространети на Балканот и во Подунавјето. Евидентирани се при истражувањата на кнежевската гробница кај Печка Бања (датирани на преминот од VI век пр.н.е. во V век пр.н.е.), во Тумулот 1 на локалитетот Умка во Атеница кај Чачак (крај на VI век пр.н.е. и почеток на V век пр.н.е.), а оние од Тумулот, откриени под темелите на црквата св. Петар во Рас кај Нови Пазар, се датираат на самиот почеток на V век. пр.н.е.[34].

## ***Монисто со триаголно тело***

Од локалитетот Баба, Прилеп, потекнува **монисто со триаголно тело**, во средината кружно продупчено и на секој агол со по едно продолжение што на крајот се завршува со петличесто проширување **(Т. 2, 7)**[35].

Бронзените мониста од гердан со три краци се чести предмети на македонските локалитети: Калдрма, Варош, Прилеп, Лозишта, село Речица и Лисичин Дол, село Марвинци, Валандово, потоа во Албанија и во Грција на локалитетот Трилифон – Месимери[36]. Ваквите мониста се карактеристични за временскиот период од крајот на VII пр.н.е., а наодот од Калдрма укажува на тоа дека тие се употребувале и во V, односно IV век пр.н.е. [37.]

## ***Мониста од стаклена паста***

Мониста од стаклена паста со жолтеникава и зеленкаста боја и вметнати боени окца, во комбинација на бела и плава боја, од непознати локалитети, претставува исто така значаен наод **(Т. 2, 9, 10)**. Потеклото на стаклените мониста со вметнати боени окца се бара на Исток, повеќе кон Сириско – Египетското подрачје, додека на нашето подрачје се среќаваат најрано при крајот на VII век пр.н.е. и во текот на VI век пр.н.е. и во наредните векови стануваат типични за ова време, односно се одомаќинуваат на територијата на Македонија. На крајот на VI и на почетокот на V век пр.н.е. следува нивниот продор кон север [38.]

Најстари наоди на вакви мониста на нашето подрачје потекнуваат од Висои, село Беранци, гроб 28 и од гробовите на локалитетот Криви Дол, село Радање, кои временски одат на преминот од VII во VI век пр.н.е. Чести на ова

---

[34]Ђукнић и Јовановиќ 1966, 28, 57, Т. IX, 9, Т. XV, 13, Vasić 1987, 645, 646, Т.LIX, 1-4, Тасиќ 1998, 214, кат.бр. 216.

[35] Миткоски А. и Темелкоски Д., 2019, 118.

[36]Лахтов 1965, 60, Т. XX, 3, Bouzek J.,1973, 329, fig. 21 (7), Китаноски Б., 1975, 110, 124, 125, Т.XII, 319, Кузман П., 1983, 115, 116, Т.V, 6, 7, сл. 2, 5, Митревски Д., 1997, 310, Видески З., 1999, 94, Т. II, 18, 19, Видески З. и Темов С., 2003, кат. Бр. 274, и 275, Митkоски А. и Темелкоски Д., 2019, 118 .

[37]Китаноски Б., 1975, 125, Темелкоски Д. и Митkоски А., 2021, 107, 121, Т. III, 6.

[38]Mikulčić I, 1966, 32 – 33, Митревски 1997, 175, сл. 51, 13, Темелкоски Д. и Митkоски А., 2021, 107, 121, Т. III, 7, 8.

подрачје се во текот на VI век пр.н.е., преживувајќи го можеби и неговиот крај. Други локалитети на кои се наоѓаат вакви мониста се: Требениште (гроб од II - VII и 32), Горно Поле, село Стар Караорман, Лисичин Дол, Марвинци, Валандово, Сува Река, Гевгелија, Демир Капија, Бабино во Демир Хисар, Црквиште, село Беранци (гроб 44), Каменен Мост – Опален, село Радолишта, село Чепигово, Опеница, Калдрма, Варош, Прилеп[39].

***<u>Наушница од сребрена жица со плочесто проширен крај</u>***

Од локалитетот Вршник кај село Пештани, Мариово потекнува една **наушница изработена од спирално завиткана сребрена жица** со еден плочесто проширен крај, украсен со плитко врежан орнамент во т.н. тремоло -техника по рабовите, а другиот крај е стеснет во тенка жица погодна за провлекуваење низ ресицата на увото **(Т. 2, 8)**. Во најголем број на случаи, овој тип на наушници изработени се од сребро и во ретки случаи украсени со врежување и пунктирање. Пронајдени се на локалитетите: Лисичин Дол, Марвинци, Дедели кај Валандово, Текешински Лозја, Кочани, Пржали, село Варвара и Сува Река, Гевгалија и датирани се во VI век пр.н.е.[40]. Вакви наушници во полуксузна варијанта, изработени од златна жица, откриени се во Нови Пазар, а од сребро на локалитетот Вртиште, каде проширениот дел е украсен со исчукување и таа е окарактеризирана како белезица[41]. Ваквиот тип на наушници карактеристични се за Гласиначката Va фаза (500 (475) – 350 г.пр.н.е. (Врезје – Коногово VI и Читлуци V). Изработени се од сребро и на проширениот крај украсени со тремолиран орнамент[42].

***<u>Наушници со правилна конусна глава</u>***

**Наушници со правилна конусна глава,** масивно лиена и од неа извлечена долга жица - карика која кружно е свиткана, изработени од сребро, пронајдени се на неколку локалитети во прилепскиот дел на Пелагонија: Сурун – Испраена плоча, село Горно Село, Грамада под три камна – Старо Бонче и Претериште – Старо Бонче и двата кај село Бонче и Присои кај село Прилепец **(Т. 2, 4, 5)** [43.]

---

[39]Вулиќ Н., 1932, 6, Сл. А, Вулиќ Н., 1933, 269, сл. на стр. 270 а, Венедиков И., 1948, 91, Гарашанин М. Гарашанин Д., 1959, 40, sl. 56, Mikulčić I, 1966, 24, 32 - 33, Т. V, 11 г, Т, X, 19 с, Т. XI, 19h, Микулчиќ И., 1972, 139, 143, Т.I, i – 393, Китаноски Б., 1975, 124, Т.XIV, 383 - 385, Пашиќ Р., 1978, 27, сл. 2а, сл. 16б, Кузман 1988, 107, , 109 – 110, Т. II, 1, Нацев Т., 1993., 119, Т. V, 5, Митревски 1997, 175, сл. 51, 13, Видевски З., 1999, 109, Т.VIII, 12, Кузман П., 2013, 446, сл. 21.

[40]Čović B., 1987, 631, Митревски 1991, 21, Т. V, 12, Ристов К., 1993, 98, 105, Т. I, 6, Т. II, 5, Митревски 1997, 296, Видески и Темов, 2003, кат. бр. 252 – 259, Ристов К., 2021, 235, сл.3, 5,6

[41]Vasić R., 1987a, 665, T. LXVIII, 16.

[42]Čović B., 1987, 631, 633, sl. 36, 30.

[43] Темелкоски Д. и Миткоски А., 2021, 121, Т. III, 1 – 3.

Потеклото и на овие наушници, како и повеќето погореспоменати наоди, се бара во Мала Азија. Во Егеја се појавуваат веќе во VII век пр.н.е., а наушници од ваков тип на нашите простори се појавуваат во јужна Пелагонија уште во раниот VI век пр.н.е. Но, примероците од гробот 44 на локалитетот Црквиште кај село Беранци, како и од Охридскиот басен (Радолиште), покажуваат дека истата форма ја надживаела 500 – та година од овој век[44].

Во Македонија се развиваат две варијанти кои би можеле и хронолошки да се разликуваат. Постарата варијанта подразбира поедноставна изведба со полно лиена глава во облик на шилест конусен завршеток, многу попрост во однос на бројните и раскошно работени шупливи примероци со празно лиена глава во форма на инка и со венец, кои се датираат на истекот на архајскиот период и нешто подоцна[45].

Наушници со конусна глава изработени од бронза, пронајдени се на повеќе локалитети, во гроб 19 од локалитетот Сарај, Брод, како и во последните гробови вкопани во тумулот Висои, Петилеп, село Беранци (гробови 25, 42)[46].

Масивно лиени наушници во злато и сребро пронајдени се на Горна Порта, Охрид, Радолишта, Исар, Марвинци, Валандово, Гробот, село Живојно, како и во Црквиште, село Беранци, каде сребрениот примерок од гробот 44, воедно, е најмлад познат наод од овој облик на накит. Во Требениште во гробовите IX, X, XII, пронајдени се наушници од сребро со врв украсен со гранули, а такви се пронајдени и на локалитетите Грамада-под три Камна – Старо Бонче, село Бонче и Милци кај Гевгелија. Овој последен примерок со својот псевдогранулиран и позлатен врв ги има сите одлики на вкусот од доцноархајското време и изработен е, исто така во некој од халкидичките занаетчиски центри[47].

***<u>Бронзена алка</u>***

Од локалитетот Асаница кај село Горно село, потекнуваат **три фрагемнти од бронзена** алка со кружен пресек, на која од надворешната страна се наоѓаат три кугли со по три мали испапчувања, симетрично распоредени **(Т. 2, 7)**.

[44]Поповиќ Љ. 1958, 85, Т. IX, 4/1, 5/1, Mikulčić I, 1966, 33, Микулчиќ 1972, 143, Китаноски Б., 1975, 125, 112, Т. XII, 245, Т. XIII, 247, Георгиев З., 1984, 60, сл. 3В
[45]Вулиќ Н., 1933, 10 – 11, сл. 10, 12, Mikulčić I, 1966, 33, Микулчиќ И., 1966а, 216, 4f, sl. 7, Митревски Д., 1997, 176, сл. 51, 16.
[46]Мачкић П.и др. 1961, 206, сл. 30, 35, Mikulčić I, 1966, T.V, сл. 11 d – g, Микулчиќ И., 1966а, 216, сл. 4 d – g, Симоска Д. и Санев В., 1976, кат. бр. 274.
[47]Вулиќ Н., 1933, 10 , сл. 8, 10, 11, сл. 10, 9, Поповиќ Љ., 1958, 85, Т. IX, 4/1, 5/1, Микулчиќ И., 1966, 216, сл. 3g, Соколоска В., 1997, 138, сл. 20 – 24, Микулчиќ И., 1972., 140, Т. I, и – 398, Георгиев З., 1984, 60, сл. 3В, Кузман П., 2013, 460, сл. 46, 474, сл. 80, Jakimovski A, Temelkoski D., 2018, 237, fig. 48.

Алки со по три или со четири кугли на кои има три или пет помали испупчувања, чифт или поединечно, откриени се и во гробовите II, III, VI, и VII на некрополата Требениште, на локалитетот Горна Порта, Охрид, потоа Три Чељусти, село Горенци, Текешински Лозја кај Кочани и Лисичин Дол, Марвинци, и се датираат во VI век пр.н.е.[48]. Тие се појавуваат на подрачјето на Албанија, Македонија, Грција и јужна Тракија, изгледа најрано околу средината на VI век пр.н.е., но најголем број познати примероци се врзуваат за доцноархајскиот период, кога од надворешната страна добиваат и повеќе издатоци, често со пораскошен облик[49].

Практичната примена на ваквите алки не е позната. Според Васиќ М. тоа се делови од коњска опрема, а според Лахтов В. овие предмети имале намена во врска со носење на меч и нож и тоа го темели врз основа на податоците добиени при истражувањето на Требенишките гробови, каде ваквите алки секогаш се наоѓани до меч или околу појасот[50].

Според Соколовска В., тоа е култен предмет со приказ на упростена претстава на афион[51]. Во секој случај, ограничени се на Пајонскиот, односно Охридскиот и Халкидичкиот Регион.

## ***<u>Висулец во форма на макара</u>***

Од локалитетот Корбоец – Долна чешма кај село Шелеверци, потекнува **висулец во форма на макара**, направен од бронза со техника на шупливо лиење, со кружни дискови поставени на краевите и во централниот дел украсени со врежани попречни зарешки **(Т. 2, 11).**

Идентични примероци со нашиот, пронајдени се во оставата на бронзен накит од локалитетот Лозишта кај село Речица, Охридско, при што едниот од нив има по четири врежани вертикални линии од надворешната страна на крајните два прстени[52]. Збирниот наод, Кузман П. го става во временскиот период од 650 до 550 година пр.н.е., а според Митревски Д. се датираат во VI - V век пр.н.е. [53]

Еден ваков висулец пронајден е во гробот 3 на локалитетот Вардарски Рид, потоа во Сува Река кај Гевгелија, во гробот 357 во Лисичин Дол, Марвинци, во тумулот 2 на локалитетот Влаштица, како и во тумулите од Кучи и Зи во Албанија[54]. Боузек Ј., ваквите висулци и нивните варијанти ги

[48] Вулиќ Н., 1932, 27, сл. 49, Вулиќ Н., 1933, 19, сл. 42 – 43, Георгиев З., 1981, 70 – 71, сл. 1, 9, Кузман П., 1985, 43, Т. XII, 18, Т А, 13, Vasić R., 1987, 727в, Т. LXXVI, 10, 11, Видески З. и Темов С., 2003, кат. бр. 230 – 234, Bouzek 2006, 99, fig. 2, 41, Кузман П., 2013, 451, сл. 28

[49] Spahiu H., 1971, 251, T. VII, 2 – 3, fig. 2, Георгиев З., 1981, 70 – 71, сл. 1, 9

[50] Lahtov 1965, 82, T. XXVII, 6, 7, Vasić R., 1987в, 727

[51] Соколовсла В., 1997, 54 – 55, 88, сл. 85 - 87

[52] Кузман 1983, 110, Т. V, 1, 3, сл. 2, 3

[53] Кузман 1983, 117, Митревски Д., 1997, 310

[54] Andrea 1976, T. IV (v.16,3), TXII (v. 104, 2), T.XIV, 7, T. XVI (4), Vasić R., 1987б, 679, 701,T. LXXIII, 2, T. LXXIII, 12, Папазовска А. Хусеновски Б., 2019, кат. Бр. 42

наоѓа во Македонија, Србија, Војводина, потоа во Грција, па дури и во Ефес и ги датира во втората половина на VII и првата половина на VI век пр.н.е.[55] .

Постојат различни претпоставки за нивната намена, од тоа дека биле украсни предмети поставени на дрвените делови од свечените коњски коли до мониста од ѓердани коишто во разни варијанти, од цевкасти до биконусни, се јавуваат на поширок географски простор во халштатскиот период. За наодот од Вардарски Рид, Папазовска А. смета дека е дел од композитен предмет од типот на „македонски бронзи“[56].

## Резиме

Во праисториската збирка на Н.У. Завод и Музеј - Прилеп се наоѓа група на движни археолошки наоди датирани во железно време, а кои припаѓаат на категоријата накит. Овие наоди изработени се од метал, односно од бронза и сребро, а само мал дел од нив се од стаклена паста.

Во случајов се работи за накит за на раце, односно неколку типови на белезици, од кои некои се со преклопени краеви, а кај некои се јавува декоративен стилизиран мотив – претстава на змиски глава. Застапен е и накит за околу врат и тоа со поединечни наоди: минијатурен приврзок од типот “лабрис”, монисто со триаголно тело, наушница со плочесто проширен крај, наушници со правилна конусна глава и мониста од стаклена паста.

Овде ќе ги спомниме и бронзената алка на која од надворешната страна се наоѓаат три кугли со по три мали испапчувања, симетрично распоредени и висулецот во форма на макара.

Одреден број од овие движни наоди добиени се по пат на археолошки ископувања, дел по пат на рекогносцирање, а само неколку од нив се добиени како подарок. Тие потекнуваат од следните археолошки локалитети: Долзи Нивје, село Волково, Кутлиште, село Подмол, Ридот, село Мажучиште, Грамада - под три камна – Старо Бонче, село Бонче, Баба, Прилеп, Корбоец – Долна Чешма, село Шелеверци, Асаница, село Горно село и Вршник кај село Пештани, Мариово. Одреден број од наоди се од непознат локалитет.

## Summary

In the prehistoric collection of N.U. Institute and Museum - Prilep there is a group of movable archaeological findings dated to the Iron Age, which belong to the jewelry category. These findings are made of metal, i.e. of bronze and silver, and only a small part of them are made of glass paste.

Папазоска А., 2005, 389, Т. I, 3
[55] Bouzek 1973, 309, fig. 12 (25), Bouzek 2006, 99, fig. 2, 25
[56] Кузман 1983, 114, Пазовска А., 2005, 389

Actually this is a hand jewelry, that is, several types of bracelets, some of which have folded ends, and some have a decorative stylized motif - a representation of a snake's head. There is also jewelry like necklace, with individual findings: a miniature pendant of the "labris" type, a bead with a triangular body, an earring with a flat widened end, earrings with a regular conical head and glass paste beads.

Worth to mention also is the bronze bracelet, on the outside of which there are three balls with three small protrusions, symmetrically distributed, and the pendant in the form of a pulley.

A certain number of these portable remains were obtained through archaeological excavations, some through reconnaissance, and only a few of them were received as a gift. They come from the following archaeological sites: Dolzi Nivje, village of Volkovo, Kutlishte, village of Podmol, Ridot, village of Mazuchishte, Gramada - under three stones - Staro Bonche, village of Bonche, Baba, Prilep, Korboec - Dolna Cheshma, village of Shelevertsi, Asanitsa, village Gorno selo and Vrsnik near the village of Peshtani, Mariovo. A certain number of finds are from an unknown locality.

**Библиографија**

1. Andrea Zh., 1976, La civilisation des tumuli de basin de Korçe, Ilira IV/ 1, Tirana, 133 - 155
2. Benac A. Čović B., 1957, Glasinac, dio II, Sarajevo
3. Bouzek J., 1973, Graeco - Macedonian bronzes (Analysis and chronology), Acta universatatis Carolinae phil. Et hist., Monofr. 49, Praha
4. Bouzek J., 2006, Macedonian Bronzes – 30 Yars Later, Folia archaeologica balkanica Vol.1, (In Honorem Verae Bitrakova Grozdanova), Skopje 97 – 109
5. Vasić R., 1987, Kneževski grobovi iz Novog Pazara i Atenice, Praistorija jugoslavenskih zemalja V, Sarajevo, 644 – 650
6. Vasić R., 1987a, Centralnobalkanska regija – Moravsko – timočka oblast, Praistorija jugoslavenskih zemalja V, Sarajevo, 651 – 672
7. Vasić R., 1987б, Oblast istočnog Kosova, juzne Srbije i severne mkedonija, Praistorija jugoslavenskih zemalja V, Sarajevo, 673 - 689
8. Vasić R., 1987в, Centralnobalkanska regija - Ohridska oblast, Praistorija jugoslavenskih zemalja V, Sarajevo, 724 – 733
9. Vasić R., 1997, The ″Poor″ Graves of Trebenishte, Macedonia and the neighbouring regions from 3$^{rd}$ to 1$^{st}$ milenium b.c., Struga 63 – 66
10. Видески З., 1999, Лисичин Дол – Марвинци некропола од железното време (истражување 1997), Macedoniae acta archaeologica 15, Прилеп, 91 – 112
11. Видески З. Темов С., 2003, Македонски бронзи, каталог, Скопје

12. Вулиќ Н., 1932, Један нов гроб код Требеништа, Гласник скопског научног друштва књ. XI, Скопље, 1 – 41
13. Вулиќ Н., 1933, Нови гробови код Требеништа, Споменик С.А.Н. LXXVII, други разред, 60, Београд
14. Вулиќ Н., 1949, Антички споменици наше земље, Споменик С.А.Н. XCVIII, I одел. друшт. наука 77, Београд, 269 – 271
15. Венедиков И., 1948, Баргала, Раскопки и проучвания I, София
16. Гарашанин М. – Гарашанин Д., 1959, Археолошка ископавања у селу Радању на локалитету Криви Дол, Зборник на штипскиот Народен музеј I, Штип, 9 – 60
17. Георгиев З., 1978, Нов халштатски наод од околината на Куманово, Macedoniae acta arhaeologica 4, Скопје 69 – 80
18. Георгиев З., 1981, Праисториски наоди од Кочани и прашањето на рамните некрополи по Брегалница, Годишен Зборник ФФ, бр. 7, Скопје, 65 – 79
19. Георгиев З., 1984, Елементи на раната Антика во Долно Повардарие, Годишен зборник Годишен Зборник ФФ, бр. 2, Скопје, 51 – 85
20. Георгиев З., 1985, Гробни наоди од Гевгелија во Народниот музеј во Титов Велес, Историја, XXI, бр. 1, Скопје 193 – 198
21. Георгиев З., 1987, Необјавени и нови наоди од Повардарјето, ГЗФФ, кн. 14 (40), Скопје, 117 – 133
22. Иванова Ј. Стојанова Б., 2020, Коколов Рид – Тумул I – погребувања од VIII – VII век пр. н.е., Macedoniae acta arhaeologica 22 (2010 - 2012), Скопје 91 – 107
23. Jakimovski A, Temelkoski D., 2018, Complex of the Archaeological Sites of Staro Bonče, Folia Archaeologica Balkanika IV, Скопје, 205 – 255
24. Китаноски Б., 1975, Некрополата Калдрма кај Прилеп, Macedoniae acta archaeologica 1, Прилеп 89 – 132
25. Кузман П., 1983, Збирниот наод од Лозишта кај Речица, Лихнид 5, Зборник на трудови, Охрид 109 – 125
26. Кузман П., 1985, Три Чељусти и Вртуљка - Требеништа 1972, Охрид
27. Кузман П., 1988, Прилог кон проучувањето на некрополата од железно време кај Радолишта близу Струга, Macedoniae acta arhaeologica 9 (1983 - 1984), Скопје, 103 – 112
28. Кузман П., 2013, Архајски период во Македонија, П. Кузман., Е. Димитрова, Ј. Донев (ред.) Македонија, Милениумски културно – историски факти Том 1, Скопје: Медиа Принт Македонија, Евро – Балкан, 431 – 482
29. Лахтов В. - Кастелиц Ј., 1957, Нови истражувања на некрополата Требениште 1953 - 1954, Лихнид, Годишен зборник на НМ во Охрид, кн. I, том I, Охрид 5 – 58
30. Lahtov V., 1965, Problem Trebeniške kulture, Naroden muyej, Ohrid, Ohrid

31. Мачкић П., Симоска Д., Трбуховиќ В., 1961, Ранохалштатска некропола на локалитету Сарај у Броду, Стринар н.с. XI, Београд 199 – 208
32. Mikulčić I, 1966, Pelagonija u svetlosti arheoloških nalaza od egejske seobe do Augusta, DISS III, Skopje–Beograd
33. Микулчиќ И., 1966а, Архајске некрополе јужне Пелагоније, Старинар н.с. XV – XVI (1964 - 1965), Београд, 209 – 226
34. Микулчиќ И., 1972, Једна античка некропола из околине Битоља, Старинар XXI, Београд, 139 – 148
35. Миткоски А., Темелкоски Д, 2019, Локалитетот Ридот кај село Мажучиште, Macedoniae acta archaeologica 21, МАНД Скопје, 173 – 198
36. Миткоски А., 2021, Метални наоди од железно време од праисториската збирка на НУ Завод и Музеј, Прилеп, Зборник на трудови 24, Битола, 1 - 16
37. Митревски Д., 1988, Карактеристични форми на "Македонски Бронзи" од наоѓалиштата по долината на Вардар, Macedoniae acta arhaeologica 9, Скопје, 83 – 102
38. Митревски Д., 1991, Дедели – некропола од железното време во долно Повардарје, Скопје
39. Митревски Д., 1995, Праисториската некроола "Клучка - Хиподром" кај Скопје, Зборник на ММ, н.с. 1 (А), Скопје, 61 – 89
40. Митревски Д., 1997, Протоисториските заедници во Македонија преку погребувањето и погребните манифестации, Скопје
41. Митревски Д., 1999, Гробот на пајонската свештеничка од Марвинци – прилог кон вреднувањето на пајонската религија на железното време, Macedoniae acta archaeologica 15 (1996 - 1997), МАНД, Скопје, 69 – 89
42. Mitreski D., 2006, Genesis of the Iron Age Culture in Macedonia, Folia archaeologica balkanica Vol.1, (In Honorem Verae Bitrakova Grozdanova), Skopje 85 – 95
43. Нацев Т., 1993., Фибули и игли од железнодопските наоѓалишта во штипско, Macedoniae acta arhaeologica 13 (1992), Скопје, 113 – 124
44. Пашиќ П., 1978, Археолошки испитувања на локалитетот Сува Река во Гевгелија, Зборник на АММ кн. VIII – IX, Скопје, 21 – 52
45. Папазовска А., 2005, Погребувањата на Вардарски Рид, Вардарски Рид, том I, Скопје, 385 – 397
46. Папазовска А. Хусеновски Б., 2019, Статусни симболи кај пајонските заедници, каталог, Скопје
47. Popović Lj., MCMLVI, Katalog nalaza iz nekropole kod Trebeništa, antika I, Beograd
48. Поповиќ Љ., 1958, Радолиште, Зборник радова Народног музеја у Београду, кн. 1, Београд, 75 – 94
49. Ристов К., 1993, Сува Река – Гевгелија, Macedoniae acta arhaeologica 13 (1992), Скопје, 95 – 112

50. Ристов К., 2021, Меч со едно сечило од Варвара – прилог кон еволуцијата на железновременските мечеви со форма mahaira, Macedoniae acta arhaeologica 23 (2012 - 2014), Скопје, 231 – 247
51. Санев В. - Симоска Д. - Китаноски Б. - Саржоски С., 1976, Праисторија во Македонија, каталог, Скопје
52. Симоска Д., Санев Д., 1976, Праисторија во централна Пелагонија, каталог, Битола
53. Соколоска В., 1997, Етничките носители на Требенишката некропола, Скопје – Охрид
54. Spahiu H., 1971, Gjetje të vjetra nga varreza mesjetare e Kalasë së Dalmaces, Iliria I, Tirana, 227 – 262
55. Тасиќ Н., 1998, Гвоздено доба, Археолошко благо Косова и Метохије од неолита до раног среднег века (каталог), Београд
56. Темелкоски Д. Миткоски А., 2021, Раната антика во прилепскиот регион, Патримониум 19, Скопје, 103 - 132
57. Čović B., 1987, Glasinačka kultura, Praistorija Jugoslavenskih zemalja V, Sarajevo, 575 – 689
58. Ђукнић М, Јовановиќ Б., 1966, Илирска кнежевска некропола у Атеници., Чачак




**Слика 1, 1а, 1б –** Локалитет Ридот село Мажучиште;
**Слика 2, 1а, 2б –**Локалитет Ридот село Мажучиште;
**Слика 3 –** Локалитет Ридот село Мажучиште;
**Слика 4, 4а –** Локалитет Кутлиште село Подмол;
**Слика 5 –** Локалитет Непознат;

**Слика 6 –** Локалитет Грамада - Под три камна – Старо Бонче кај село Бонче.




**Слика 1 –** Локалитет Непознат
**Слика 2 –** Локалитет Долзи Нивје село Волково
**Слика 3 –** Локалитет Долзи Нивје село Волково
**Слика 4 –** Локалитет Грамада - Под три камна – Старо Бонче кај село Бонче
**Слика 5 –** Локалитет Грамада - Под три камна – Старо Бонче кај село Бонче
**Слика 6 –** Локалитет Асаница село Горно село
**Слика 7 –** Локалитет Баба, Прилеп
**Слика 8 –** Локалитет Вршник село Пештани, Мариово
**Слика 9 –** Локалитет Непознат
**Слика 10 –** Локалитет Непознат
**Слика 11 –** Локалитет Корбоец – Долна Чешма село Шелеверци
**Слика 12 –** Локалитет Ридот село Мажучиште

**Владимир Крстески[1]**
**Душко Темелкоски[2]**

# МОНЕТИ НА АВТОНОМНИТЕ ОБЛАСТИ И ГРАДОВИ ЗА ВРЕМЕ НА ФИЛИП V И ПЕРСЕЈ (187-168 Г. ПР.Н.Е.) ВО НУМИЗМАТИЧКАТА ЗБИРКА НА НУ ЗАВОД И МУЗЕЈ ПРИЛЕП

***Апстракт**: Во текот на 67 - годишното постоење на НУ Завод и музеј - Прилеп евидентирани се и обработени 122 монети на автономните области и градови за време на владеењето на последните македонски кралеви, таткото и синот Филип V и Персеј. Во овој труд овие монети ќе бидат презентирани типолошки, воедно ќе биде претставена и нивната концентрација по наоѓалишта.*

***Клучни зборови**: македонски кралеви, Филип V, Персеј, монети на автономни области и градови, монетоковници, Амфипол, Пела, Тесалоника, Ботиаја, Парореја.*

Во најстаро време трговијата, главно, била заснована врз поседувањето,сопственоста на добиток и земјоделски производи од каде што ,претежно, се вршела нивна размена. Развојот на занаетите и производството на нови производи наложил појава на платежни средства, монети. Појавата на паричното стопанство, како што терминолошки е познато во политичката економија, сепак, уште од самиот почеток било неразделно поврзано со стоковото стопанство. Повеќе народи минале низ долг пат, односно неколку фази пред да ја развијат конкретната платежна форма. Појавата на првата монета била еден од предусловите за почетокот на формирање на класното општество и на државата. Затоа, нејзината појава во светската историја се третира како мошне значаен социјален настан кој претставува голем чекор во развојот на општеството, воопшто. Монетоковниците, местото каде што се изработувани монетите, биле промислено лоцирани на релативно добро заштитени места и под контрола на власта, односно во главните градови на државите и во моќни утврдени полиси.

Првите монети од електрон се ковани во областа Лидија во Мала Азија (VI век пр.н.е.). Античка Македонија наоѓајќи се на раскрсница помеѓу Исток и Запад, е една од првите земји на европско тло што започнала организирано ковање на пари, односно монети. Како самостојно платежно средство,

[1] Владимир Крстески, конзерватор – археолог, НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Прилеп, ул. Александар Македонски, бр.142, Прилеп, е - пошта: vladokrsteski03@yahoo.com.
[2] Душко Темелкоски, кустос – советник, НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј Прилеп, ул. Александар Македонски, бр.142, Прилеп, е - пошта: duletem@yahoo.com.

најрано се појавуваат во нејзините источни делови богати со руда. Конкретно, планините Дисорон и Пангај биле експлоатирани, како од локалното македонско население така и од хеленските градови - колонии на Халкидичкиот полуостров, па дури и од Атинскиот полис[3]. Сите македонски владетели коваат свои монети во злато, сребро и бронза. Во време на најголемата моќ на империјата, монетите на македонските кралеви биле користени на поголем простор во источниот медитерански басен.

Во долгогодишното постоење на НУ Завод и музеј- Прилеп формирана е нумизматичката збирка, со цел, овој тип на движно културно наследство (монетите) да биде соодветно валоризирано и презентирано пред стручната, но и пошироката јавност. Од периодот којшто е предмет на анализа во овој труд - автономни градови и области (187-168 г.пр.н.е.), од 122 евидентирани монети, дел се претходно публикувани[4]. Но, при реевиденцијата на нумизматичката збирка во установата, констатирани се одредени непрецизности во читањето на монетите, а исто така од времето на ова публикување до денес збирката е надополнета со поголем број нови наоди од односниот период.

По ревидирањето на збирката, а со цел на изработка на елаборат за нејзина ревалоризација, обработени се и веќе презентирани монетите на антички - македонските владетели[5], така што објавувањето на овој труд има за цел да го следи континуитетот на циркулација на монетите во Прилепската Област и со тоа би се затворила една хронолошката рамка од историскиот развој во регионот пред доаѓањето на Римјаните.

Автономното монетоковање на градовите и областите, односно монетите во име на народот, започнува како последица на неповолната економска состојба на македонското кралство после Втората македонска - римска војна. По поразот кај Киноскефала (197 г.пр.н.е.) и склучениот мировен договор помеѓу Македонија и Рим, Филип V, во 188 - 187 г.пр.н.е., спровел значајни политичко - економски реформи. Конкретно, спомнатите историски настани ќе бидат причина за промените во монетарниот систем во државата. Иако Филип V, а после него и неговиот син Персеј, го задржале приматот на кралско монетоковање, на одделни региони и градови им е дадено правото да коваат свои автономни монети. Паралелно со нив се коваат и автономни монети на македонскиот којнон - народ[6].

Монетоковањето од страна на македонските градови во времето од 187 до 168 г.п.н.е., досега е обработувано од мал број на истражувачи. H. Gaebler е прв нумизматичар кој ги проучувал македонските автономни монети ковани во три македонски градови, Амфипол, Пела и Тесалоника. Монетите ковани во овие градови треба да се проучуваат заедно со оние монети ковани во име на областите на Амфакситида, Ботиаја и Пароreја и монетите на

[3] Таневски, 2019, 13.
[4] Кепески, 1988, 139-154.
[5] Темелкоски, Крстески, 2019, 1-14.
[6] Таневски, 2019, 365.

македонскиот којнон[7]. N. Hammond смета дека градските монети биле ковани по крунисувањето на Филип V, додека според Y. Touratsoglou македонските градови започнуваат ковање на свои монети за првпат во 187 г.пр.н.е.[8].




Во овој труд бројот на монетите по владетели, градови и области евидентирани во нашата нумизматичка збирка е презентиран графички, додека прегледот на нивната концентрација, односно пронаоѓање по наоѓалишта е прикажан описно. Евидентирани се само монети ковани во бронза. Претставена е и анализата на аверсните и реверсните претстави според нивната типологија, сублимирана врз основа на предлозите на повеќе автори: Геблер, Хамонд, Турацоглу, Таневски, Шелдаров и Хусеновски[9]. Начините на прибавување на монетите се археолошки истражувања и рекогносцирања, во најголем број се откупувани, потоа добивани како подарок, а одреден број на наоди се запленети.

*Преглед на бројноста на монетите*

| | |
|---|---|
| којнон | 8 |
| Амфипол | 24 |
| Пела | 40 |
| Тесалоника | 47 |
| Ботиаја | 1 |
| Пароrea | 2 |
| вкупно | 122 |

[7] Хусеновски, 2004, 39.
[8] Таневски, 2019, 393.
[9] Таневски, 2019.

*Преглед на потекло на монетите по локации и наоѓалишта:*

1. Филип V и Персеј - с. Вепрчани, с. Крушевица, с. Прилепец, с. Кошино, лок. Стибера, с. Чепигово, лок. Трескавец, с. Дабница, лок. Кале - Локвени, с. Подвис, лок. Панагија - с. Кошино, лок. Долиште, с. Прилепец, лок. Криви Рид, с. Вепрчани и Прилеп.
2. Амфиполис - лок. Долиште, с. Прилепец, лок. Црвеници, с. Чумово, лок. Ризоец, с. Горно Село, лок. Градиште, с. Дебреште, лок. св. Атанасиј, Варош, лок. св. Димитрија, Варош, лок. Стибера, с. Чепигово, лок. Висока, с. Крушевица, лок. Мал Сурун, с. Дупјачани, лок. Турско Гробје, с. Беловодица, лок. Безистен, с. Прилепец, лок. Глува, с. Прилепец, лок. Под кули, Варош, лок. Маркови Кули, Прилеп, лок. Планчова Нива, с. Бучин, лок. Петочна Вода, с. Браилово, лок. Баба, Прилеп, лок. Дабнички Пат, Прилеп, лок. Големи Камења, с. Горно Село, лок. Криви Рид, с. Вепрчани, лок. Камберица, с. Лопатица, лок. Палатица, с. Штавица, лок. Пештерица, с. Ореовец, лок. Сурун, Горно Село и од непознати наоѓалишта во близина на селата Манастир, Дреновци, Прилепец, Бучин.
3. Пела - лок. Петочна Вода, с. Волково, лок. Долиште, с. Прилепец, лок. Безистен, с Прилепец, лок. Каменица, Прилеп, лок. Петочна Вода, с. Браилово, лок. Грамаѓе, с. Топлица, лок. Баба, Прилеп, лок. Заполшка Река, Прилеп, лок. Заград, Варош, лок. Под кули, Варош, лок. Зеленик, Варош, лок. Кале, с. Алданци, лок. Планчова Нива, с. Бучин, лок. Стибера, с. Чепигово, лок. Мал Сурун, с. Дупјачани, лок. Кале - Локвени, с. Подвис, лок. Присои, с. Прилепец.
4. Тесалоника - лок. Долиште, с. Прилепец, лок. Безистен, с. Прилепец, лок. Глува, с. Прилепец, лок. Под кули - Варош, лок. Маркови Кули, Прилеп, лок. Планчова Нива, с. Бучин, лок. Петочна Вода, с. Браилово, лок. Баба, Прилеп, лок. Дабнички Пат, Прилеп, лок. Големи Камења, с. Горно Село, лок. Криви Рид, с. Вепрчани, лок. Камберица, с. Лопатица, лок. Палатица, с. Штавица, лок. Пештерица, с. Ореовец, лок. Градиште, с. Дебреште, лок. Стибера, с. Чепигово, лок. Сурун, с. Горно Село, лок. Мал Сурун, с. Дупјачани.
5. Ботиаја - лок. Палатица, с. Штавица.
6. Парореја - лок. Старо Бонче, с. Бонче, непознат локалитет.

# КАТАЛОГ

## ОПИС

**Којнон**
Евидентирани се четири типови на бронзени монети:

1. Три монети од типот:
   ав. Зевс, надесно
   рв. Крилеста молња, текст MAKE / ΔΟΝΩΝ (T. I, 1)

2. Две монети од типот:
   ав. Стримон со круна од трска, надесно
   рв. Тризабец, текст MAKE / ΔΟΝΩΝ (T. I, 2)

3. Две монети од типот:
   ав. Аполон, надесно
   рв. Лира, текст MAKE / ΔΟΝΩΝ (T. I, 3)

4. Една монета од типот:
   ав. Македонски штит со ѕвезда стровилос
   рв. Шлем, текст MAKE / ΔΟΝΩΝ (T.I, 4)



**Амфипол**

Евидентирани се единаесет типови на бронзени монети:

1. Две монети од типот:
   ав. Посејдон, надесно
   рв. Текст АМФIПО / ΛIΤΩΝ, суровица во средина

2. Шест монети од типот:
   ав. Посејдон, надесно
   рв. Текст АМФIПО / ΛIΤΩΝ, коњ во од надесно во средина (Т. II, 1)
3. Една монета од типот:
   ав. Речно божество Стримон, надесно
   рв. Во дабов венец текст АМФIПО / ΛIΤΩΝ, во средина делфин (Т. II, 2)

4. Една монета од типот:
   ав. Речно божество Стримон, надесно
   рв. Во дабов венец текст АМФI / ПОΛIΤΩΝ, во средина тризабец (Т. II, 3)

5. Три монети од типот:
   ав. Зевс, надесно
   рв. Преден дел од галија, текст АМФI / ПОΛIΤΩΝ

6. Една монета од типот:
   ав. Зевс, надесно
   рв. Текст АМФIПО / ΛIΤΩΝ, говедо во трк надесно во средина

7. Три монети од типот:
   ав. Артемида Таурополоска, надесно
   рв. Два исправени јарци, стојат еден спроти друг, текст АМФIПО / ΛIΤΩΝ (Т. II, 4)

8. Една монета од типот:
   ав. Артемида, надесно
   рв. Бик трча надесно, текст АМФIПО / ΛIΤΩΝ

9. Четири монети од типот:
   ав. Рома со шлем, надесно
   рв. Во дабов венец текст АМФIПО / ΛIΤΩΝ (Т. II, 5)

10. Една монета од типот:
    ав. Аполон, надесно
    рв. Житен клас, текст АМФIПО / ΛIΤΩΝ

11. Една монета од типот:
    ав. Атена Партенос, надесно
    рв. Бик пасе, текст ΑΜΦΙΠΟΛΙΤΩΝ (Т. II, 6)




**Пела**
Евидентирани се седум типови на бронзени монети:

1. Дваесет и девет монети од типот:
   ав. Атена Партенос, надесно
   рв. Текст ΠΕΛ / ΛΗΣ, во средина говедо пасе, надесно (Т. III, 1)

2. Една монета од типот:
   ав. Пан, надесно
   рв. Атина Алкидемос надесно, фрла копје, текст ΠΕΛ / ΛΗΣ

3. Една монета од типот:
   ав. Аполон, надесно
   рв. Лира, текст ΠΕΛ / ΛΗΣ (Т. III, 2)

4. Пет монети монети од типот:
   ав. Аполон, надесно
   рв. Триножник, текст ΠΕΛ / ΛΗΣ

5. Две монети од типот:
   ав. Зевс, надесно
   рв. Најгоре текст ΠΕΛΛΗΣ, орел држи молња во канџите (Т. III, 3)

6. Една монета од типот:
ав. Рома со шлем, надесно
рв. Во дабов венец текст ΠΕΛ / ΛΗΣ, горе и долу монограми (Т. III, 4)

7. Една монета од типот:
ав. Атина со шлем, надесно
рв. Ника во бига, надесно, текст ΠΕΛ / ΛΗΣ




**Тесалоника**
Евидентирани се девет типови на бронзени монети:

1. Тринаесет монети од типот:
ав. Дионис, надесно
рв. Текст ΘΕΣΣΑΛΟ / ΝΙΚΕΩΝ, во средина јарец стои, надесно (Т. IV, 1)

2. Осум монети од типот:
ав. Атена со шлем, надесно
рв. Текст ΘΕΣΣΑΛΟΝΙΚΗΣ, во средина коњ во трк, надесно, под него кадукеј (Т. IV, 2)

3. Десет монети од типот:
ав. Артемида Тауроплоска, надесно
рв. Текст ΘΕΣΣΑΛΟ / ΝΙΚΕΩΝ, во средина лак и тоболец (Т. IV, 3)

4. Една монета од типот:
ав. Херакле, надесно
рв. Во дабов венец текст ΘΕΣΣΑΛΟ / ΝΙΚΗΣ, во средина суровица, долу монограм (Т. IV, 4)

5. Четири монети од типот:
ав. Зевс, надесно
рв. Два исправени јарци, стојат еден спроти друг, текст ΘΕΣΣΑ / ΛΟΝΙΚΗΣ (Т. IV, 5)

6. Една монета од типот:
ав. Зевс, надесно
рв. Преден дел од галија, текст ΘΕΣΣΑΛΟ / ΝΙΚΕΧΣ

7. Три монети од типот:
ав. Рома со шлем, надесно
рв. Во дабов венец текст ΘΕΣΣΑ / ΛΟΝΙΚ / ΕΩΝ

8. Три монети од типот:
ав. Атена со шлем, надесно
рв. Текст ΘΕΣΣΑΛ / ΟΝΙΚΗΣ, во средина говедо пасе, надесно (Т. IV, 6)

9. Четири монети од типот:
ав. Јанус, надесно
рв. Два кентаури, свртени кон спротивни страни, текст ΘΕΣΣΑΛ / ΟΝΙΚΗΣ



**Ботиаја**

Евидентирана е една бронзена монета од типот:

1. ав. Атена Партенос со шлем, надесно
   рв. Говедо пасе, надесно, десно монограм, текст ΒΟΤΤΕΑΤΩΝ (Т. V, 1)

**Пароређа[10]**

Евидентирани се две бронзени монети од типот:

1. ав. Зевс, надесно
   рв. Орел држи во канџите молња, десно монограм (Т. V, 2)




*Заклучок*

Монетите кои се обработени во овој труд се присутни на територијата на Прилепскиот Регион со релативно поголем број на наоди, со оглед на мошне важната геостратегиска позиција којашто ја имала Котлината Пелагонија во периодот на владеење на последните два македонски кралеви.

Конкретно, за политичката ситуација во регионот, на крајот од III век пр.н.е. и во првата половина на II век пр.н.е., од антички историски извори дознаваме за одредени воени операции на Филип V и Персеј. Римскиот историчар Полибие го спомнува походот на Филип V во 217 г.пр.н.е. против илирскиот крал Скердилаида кој навлегол во Пелагонија и ги пустошел пограничните македонски области, вклучувајќи ја и малата населба Писаион, кај селото Дебреште (денешен локалитет Градиште)[11]. Ливие во своите записи забележал дека во рамките на Втората македонско - римска војна, римскиот заповедник Сулпикиј, во 200 г.пр.н.е., при повлекувањето од Линк со своите легии зема здив во Стибера, урбаниот центар на областа Дериоп, каде се снабдуваат со потребните намирници[12]. Во 169 г.пр.н.е., извесно време Персеј токму во Стибера го стационирал својот воен штаб и оттука

[10] Истражувачите не се сигурни дали Пароређа бил град или област, со оглед што сè уште не е убицирана нејзината местоположба (Таневски, 2019, 390).

[11] Папазоглу, 1957, 201, 211.

[12] Папазоглу, 1957, 217.

презел еден поход до Ускана (денешно Кичево)[13]. По успешната операција, се враќа во Стибера со заробените војници Пенести кои биле сојузници на Римјаните и ги продава како робови, што било вообичаена практика во тоа време.

По 168 г.пр.н.е., се до 148 г.пр.н.е за време на римскиот протекторат на Македонија, градовите Амфипол, Пела и Тесалоника, сега веќе како главни административни центри на новоформираните мериди, вклучително и градот Пелагонија, продолжуваат самостојно ковање, раководени од управното тело Синедрион, сочинето од претставници на самите градови[14].

## Резиме

На преминот од III кон II век пр.н.е., Македонија постепено ја губи својата политичка и економска моќ, а како последица на трите војни кои ги води против Римјаните. Со направените реформи на Филип V, се дозволува ковање на автономни монети на градовите и областите, како и на монети на македонскиот народ - којнон. Овие монети се коваат во периодот од 187-168 г.п.н.е., односно до поразот на Персеј, последниот крал на Македонија и нејзиното потпаѓање под Рим.

Во нумизматичката збирка на НУ Завод и музеј Прилеп со археолошки истражувања, по пат на откуп или поклон, се прибавени вкупно 122 монети на којнонот, на градовите Амфипол, Пела и Тесалоника и на областите Ботиаја и Пароореа. Наодите се ковани во бронза и потекнуваат од поголем број на локалитети во Прилепскиот Регион. Изнесена е анализата на аверсните и реверсните претстави според нивната типологија, сублимирана врз основа на предлозите на повеќе автори.

## Symmary

At the transition from the 3rd to the 2nd century BC, Macedonia gradually lost its political and economic power, as a result of the three wars it fought against the Romans. With the reforms made by Philip V, the minting of autonomous coins of cities and districts, as well as coins of the Macedonian people - koynon, is allowed. These coins were minted in the period from 187-168 BC, that is, until the defeat of Perseus, the last king of Macedonia and its fall under Rome.

In the numismatic collection of Prilep University Institute and Museum a total of 122 coins of the Koynon, of the cities of Amphipolis, Pella and Thessalonika, and of the areas of Botiaia and Parorea, were obtained by the archaeological researches as well as with purchase or donation. The findings are forged in bronze and come from a large number of localities in the Prilep region.

[13] Лилчиќ, 2009, 134.
[14] Папазоглу, 1957, 53.

According to their typology the analysis of obverse and reverse representations is presented, based on the proposals of several authors.

**Користена литература**


1. Кепески, К., 1988, Автономни монети на македонските градови од збирката на прилепскиот музеј, Macedoniae acta archaeologica 9, Здружение на археолозите на СР Македонија, Скопје, 139-154.
2. Лилчиќ В., 2009, Линкестида и Девриоп, Том 1, Македонска цивилизација, Скопје.
3. Папазоглу Ф., 1957, Македонски градови у римско доба, Жива антика, Књига 1, Скопје.
4. Размовска Бачевска Д., 2002, Нумизматичките наоди од југозападниот дел на Република Македонија од V век п.н.е. до XIV век, Завод за заштита на спомениците на култура и Музеј Охрид.
5. Таневски Д., 2019, Монетоковање на Античка Македонија, Матица македонска, Скопје.
6. Темелкоски Д., Крстески В., 2019, Монети на античко - македонските владетели во нумизматичката збирка на НУ Завод и Музеј Прилеп, Завод и Музеј Битола, Битола, 1-14.
7. Хусеновски Б., 2004, Античките монети од Вардарски Рид, НУ Музеј Гевгелија.
8. Шелдаров Н., Лилчиќ В., 1994, Кралевите на античка Македонија и нивните монети во Република Македонија, Македонска цивилизација, Скопје
9. Нузмизматичка збирка на НБРМ, 1999, Скопје.
10. Монетите и монетоковниците во Македонија, 2001, МАНУ, НБРМ, Скопје.
11. Македонија - парите и историјата / каталог на Постојаната музејска поставка на НБРМ, 2002, Скопје.
12. Парите и паричните системи во Македонија - Постојана музејска поставка во НБРМ, 2012, Скопје.

**Гоце Наумов**[1]
**Јасмина Гулевска**[2]

# ИСТРАЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛИТЕТОТ ВЕЛУШКА ТУМБА ВО 2022 ГОДИНА

Локалитет Велушка Тумба којшто се наоѓа во Централна Пелагонија во близина на селото Породин, од 2017 година, се истражува во нова мултидисциплинарна археолошка кампања. За ова наоѓалиште во повеќе прилики се приложени сознанија за неговата локација, околина, архитектурата и материјалната култура (**сл. 1**), така што во оваа пригода ќе се направи осврт на најновите теренски истражувања во 2022 година[3]. Најновото ископување на Велушка Тумба претставува континуитет на петгодишната научна кампања во која тој се проучува теренски, преку што и се добиваат информации за архитектурата и материјалната култура, но исто така се земаат и примероци за лабораториски анализи. Како резултат на ваквиот пристап применети се студиите за неолитските градби, садови, фигурални претстави и алатки од овој локалитет, а со примената на радиокарбонското датирање, геомагнетното скенирање, археоботаничките и геоархеолошките анализи се добиваат сознанија за неговата хронологија, просторна организација, природна околина и исхраната на населението[4].

Со негово истражување се продолжи и во 2022 година, кога повторно преку ископувањето се добија податоци за архитектонските структури, археолошки контексти и материјална култура, а воедно и се земаа примероци неопходни за повеќе стручњаци во ова истражување. Притоа, се направија радиокарбон и археоботанички анализи, а локалитетот беше повторно целосно скениран со магнетометар, при што се добија одлични резултати кои даваат нови перспективи за раниот неолит во Пелагонија. Овогодишната кампања, исто така е во домен на континуираната соработка меѓу Центарот за истражување на предисторијата, Завод и музеј - Битола и Универзитетот во Базел, а која и во овој случај придонесе кон нови темелни сознанија што ја надополнуваат сликата за овој извонреден локалитет. Тие, воглавно, произлегуваат од работата во веќе отворените квадранти, а кои поради големината на објектите требаше да се прошират.

Во таа смисла, во 2022 година продолжи работата во Квадрант I, со димензии 5x5 метри, а во кој се следат најраните слоеви од основањето на

[1] Гоце Наумов, доктор по археолошки науки, Киро Крстевски Платник 11-2/7, 1000 Скопје, е-маил: gocenaumov@gmail.com,
[2] Јасмина Гулевска, дипломиран археолог кустос, стручен работник за праисторија - бронза, железо неолит и енеолит, НУ Завод и музеј - Битола, ул. Климент Охридски бр.18, 7000 Битола, email: jasmina.jesi@gmail.com
[3] Симоска и Санев 1975; Симоска 1986; Наумов и др. 2020
[4] Наумов и др. 2017; Наумов и Гулевска 2020; Наумов и Гулевска 2021; Antolin et al. 2021; Sabanov et al. 2022.

населбата. Паралелно со ископувањето на овој простор, се истражуваше и Квадрант II кој беше неопходно да се прошири затоа што елементи од Градба 13 продолжуваат кон исток и југ. За таа цел, се отворија и квадрантите III, IV и V со кои се следеа појавите во овој објект и кој стратиграфски се наоѓа повисоко отколку контекстите и појавите што се регистрираа во Квадрант I (**сл. 2**). Тука треба да се истакне дека во Квадрант V не се открија археолошки содржини, бидејќи овој простор бил ископуван во 1970-тите години до здравица, така што остранети се сите слоеви и нивниот состав[5]. Во секој случај, иако помало по обем, овогодишното ископување на две различни стратиграфски целини овозможи одлични сознанија за формациските процеси на оваа тумба, но исто така и за архитектонските обележја за некои од најраните градби на Велушка Тумба.

Од тие причини, во оваа пригода ќе се направи осврт на востановените архитектонски контексти во 2022 година, со обид да се објасни нивниот карактер и функција. На тој начин овој труд би можел да придонесе кон разгледувањето на градежните техники во раниот неолит на Пелагонија, но исто така и во домен на начинот на формирање на првите земјоделски населби во овој регион. Поради тоа, во оваа пригода на кратко ќе се презентираат сознанијата врзани за најраните слоеви и Градба 13, додека најновите резултати од радиокарбон анализите, геоскенирањето, археоботаничките студии и проучувањето на керамографијата, фигуралните претстави и алатките ќе се публикуваат во друго издание.

*Квадрант I*

Овогодишните истражувања иако пократки беа доволни да се доистражат преостанатите најрани слоеви во Квадрант I и да се прошири просторот што го опфаќа Градба 13 во Квардантите II-IV. На тој начин се истражуваа слоеви, контексти и архитектонски ситуации од повеќе нивоа на најраните хоризонти, што овозможи увид во формациските процеси на неолитската тумба. Слоевите од Квадрант I се пониски, односно над здравицата и се однесуваа на првичните форми на живот во оваа населба, додека во останатите квадранти, слојот во кого се наоѓа Градба 13 е повисок за, отприлика, половина метар и се однесува на активности во втората фаза на живеење.

Во Квадрант I се продолжи со истражување на појавата чијашто функција не можеше да се дефинира, како и просторот околу неа. Во 2022 година, се работеше на нејзиниот северен дел кој, всушност, и завршува во средината на овој квадрант. Повторно се констатираа остатоци од бел малтер (СЕ 162) кој се надоврзува на оној од 2021 година и претставува композитен дел од целината. Имајќи го во предвид обликот на оваа појава, како и нејзината мала длабочина, таа се издвои како една целина (СЕ 168). Останува

[5] Симоска и Санев 1975.

нејасно дали се работи за јама или пак за земуница, со оглед на нејзиниот издолжен облик и плиткост (**сл. 3**).

Оваа појава (СЕ 168) ги содржи следните димензии: 1, 78 метри во правец север-југ, 2, 21 метар во правец исток-запад и во дијагонала е 4, 20 метри од источниот крај до западниот профил, каде што и продолжува. Во западниот профил широчината на оваа појава е 2, 10 метри, така што според вaквите димензии (најмалку 5 метри должина и 2 метри ширина), не може да се потврди дека станува збор за јама. Обликот на оваа појава повеќе сугерира на постоење земуница иако градежни елементи поврзани со неа (колци и лепеж од ѕидови) не се констатирани. На нејзиниот раб се откриени колец (СЕ 184) и јама (СЕ 195), меѓутоа тие се единствените вакви содржини со архитектонски карактер.

Она што изненадува е варијететот на слоеви констатиран во оваа појава, како во 2021 така и во 2022 година. Во нејзината внатрешност се открија слоеви со гареж и пепел (СЕ 168), кафен непечен лепеж (СЕ 183), зелена компактна земја меѓу нив (197) и зеленкаста земја со гареж (СЕ 206), а кои се дел и од површината над протохумусот (**сл. 4**). На овој начин, може да се каже дека во оваа појава се одвивале интензивни активности кои не биле пропратени со депонирање на керамички материјал (откриен во многу мал број) и коски. Останува понатаму да се проучува материјалот од овој контекст и преку евентуални аналогии да се предложат размислувања за неговата можна функција.

Во секој случај, оваа целина претставува нова археолошка појава во македонскиот неолит и во иднина треба да ѝ се посвети повеќе внимание. Во тој случај, би требало да се земат во предвид карактеристиките и типовите на земуници констатирани на Балканот во раниот неолит, како и постоењето на разни видови јами и канали кои би можеле да имаат повеќе намени. Ваквата целина особено би требало да се разгледува во однос на формациските процеси во самите почетоци на неолитската населба, бидејќи таа е изведена веднаш после иницијалното нивелирање на просторот над протохумусот. Иако на ова ниво каде што е таа откриена не се регистрирани елементи од други градби (под, ѕидови и колци), сепак не значи дека тие отсуствуваат во овие први слоеви на населбата. Тие може да се наоѓаат во просторот кој не е сè уште ископуван или пак навистина во оваа населба постои можност од присуство на земуници кои, освен во ретки и нетемелно образложени ситуации[6], не се вообичаени за Пелагонија.

*Квадрант II - IV*

Во квадрантите II до V ситуацијата беше далеку појасна поради тоа што се откриваа остатоци од Градба 13, а која е највероjатно далеку покомплексна од она што се очекуваше во 2021 година. Имено, во Квадрат III

[6] Китаноски и др. 1980.

се открија повеќе содржини поврзани со чувањето и процесирањето на житариците, како и градежни елементи кои укажуваат на масивноста на овој објект (**сл. 5**). После остранувањето на лепежот кој е остаток од паднатите источни и јужни ѕидови на објектот (СЕ 158), се регистрираа неколку сандаци и парапетен ѕид. Во самиот агол на Квадрант III присутен е поголем сандак (СЕ 163 и СЕ 172), а пред кого се најде цел голем сад со амфорест облик (**сл. 6**).

Југозападно од овој сандак се откри ѕид во правец југоисток-северозапад (СЕ 165) кој, всушност, е прекинат од низа помали сандачиња (СЕ 174 и СЕ 176), што ја проблематизира и улогата на ѕидот. Во оваа фаза од истражувањето не е јасно дали тој е дел од друга градба или тој останал недовршен па подоцна бил прекинат (разрушен) за да се инсталираат сандачињата. Интересно е што во истата линија на овие структури, во правец кон запад, откриено е уште едно помало сандаче (СЕ 178) кое, пак, е припоено кон поголем елипсовиден сандак (СЕ 177). Овој голем сандак во западниот дел завршува со ѕид од печен лепеж, сочинет од повеќе колци (СЕ 186), така што не е јасно дали ѕидот е дел од Градба 13 или, пак, тој е составен дел на сандакот (**сл. 7**).

Тука треба да се истакне дека покрај овој ѕид откриен е уште еден ѕид констатиран во Квадрант IV, поставен т.е. вкопан во правец север-југ (СЕ 187). Тој е прекинат малку пред сандакот СЕ 177, односно пред ѕидот со колци (СЕ 186), така што прашање е дали се дел од иста целина или, пак, тој е од некоја подоцнежен објект подигнат после Градба 13 (**сл. 5**). Имајќи го предвид овој ѕид останува нејасно дали структурите и мелниците констатирани во 2021 година во Квадрант II се дел од иста градба или станува збор за два различни објекти.

Покрај овие сандаци и ѕидови откриени се, исто така, и уште едно помало сандаче (СЕ 164) во Квадрант IV, како и ѕидови од структура во северниот профил на Квадрант III, а која се наоѓа меѓу сандакот 177 и оној откриен во 2021 година, а кој имал вметната голема плочкаста мелница. Поради тоа, уште повеќе збунува врската меѓу овие три структури и дали тие се дел од истиот објект, доколку се земе предвид дека меѓу нив постои ѕид (СЕ 186 и СЕ 187). Во таа смисла би се очекувал уште еден паралелен ѕид до овој кој би бил од соседна градба, а кој досега не е откриен.

Исто така, треба да се укаже и на тоа дека на неколку места во Квадрант III и IV регистрирани се остатоци од малтерисан под (СЕ 188) и големо количество гареж (СЕ 191-195). Тоа натамошно го потврдува карактерот на Градба 13 како композитен објект во кого се случувале интензивни активности поврзани со обработката на житариците. Во прилог на тоа оди и бројот од околу триесетина мелници кои беа откриени во рамките на овие два квадранти, што воедно претставува и најголемо количество на вакви предмети досега констатирани во неолитска градба од Македонија. Кога ќе се земе предвид и бројот на конструкции (сандаци) околу кои овие мелници се распоредени, тогаш станува очигледно дека во овој објект постоела динамика при подготовката на брашно. Во таа насока,

изненадува отсуството на печка за леб во овој дел или, пак, таа сè уште не е откриена. Како и да е, оваа градба заслужува поголемо внимание и фокус кон нејзините социјално-симболички аспекти, со оглед на тоа што се појавуваат и други вакви градби во Пелагонија[7].

Она што е интересно за овој објект и структурите во неа, е концентрацијата на сандаци во еден нејзин дел. Имено, најмалку осум сандаци се поставени во делот од парапетниот ѕид до северниот профил, што е релативно мал простор во однос на толкав број структури (**сл. 8**). Тоа значи дека активностите за обработка на житариците се одвивале претежно во овој дел на градбата, иако регистриран е уште еден сандак јужно од парапетниот ѕид. Исто така, и големиот број на мелници треба да се има предвид, бидејќи повеќето се распоредени низ целата градба, а не само во делот со сандаци, така што отворено е прашањето дали тие таму се наоѓале во време на функционирањето на овој објект или тие биле раштркани како резултат на нејзиното симболичко напуштање, што како појава е евидентирано на неколку неолитски локалитети во Македонија[8].

Што се однесува до позицијата на Градба 13, делумно може да се земат предвид констатираните ѕидови. Еден од нив, кој веројатно бил парапет, е оној до кого или после кого се распоредени малите сандачиња (во правец северозапад-југоисток). Од неговата источна страна присутна е група на десетина колци поставени под прав агол во однос на него и во правец североисток-југозапад (**сл. 5**). Во оваа фаза од истражувањето, а кое секако е нецелосно, може да се смета дека тие се дел од иста градба, поставена во правец североисток-југозапад. Во прилог на ваквото видување одат и сознанијата добиени од геоскенирањето на Велушка Тумба, а чиишто резултати јасно укажуваат на постоење на повеќе градби, поставени во истиот правец[9]. Оттука , може да се смета дека и Градба 13 има иста позиција иако преостанува да се доистражат уште делови од неа. Но, тоа го проблематизира и фактот што дел од нејзе бил истражен во 1970-тите години, којшто е остранет и за кого не постои никаква документација, ниту публикација. Тоа значи дека нејзината целина никогаш нема да се увиди дури и да се откријат останати нејзини делови при ископувањата северно и источно од Квадрант III и јужно од Квадрант IV.

Иако материјалната култура од Градба 13 ќе се презентира во друга пригода, тука само ќе се сумираат одредени првични сознанија за откриените наоди. Вообичаено, како и на другите локалитети, и во овој објект најбројни се керамичките фрагменти. Доминираат садовите со фина фактура, и тоа особено паниците со полузатворен и отворен обод, а кои се поретко сликани со бела боја. Исто така, присутни се и амфорестите садови со висок врат, а

[7] Симоска и Санев 1976; Санев и Симоска 1983; Симоска и Кузман 1990; Китаноски 1989; Naumov et al. 2021.
[8] Фиданоски и Томаж 2010; Naumov et al. 2021.
[9] Наумов и др. 2017.

еден од нив е целосно сочуван и бил поставен до големиот сандак CE 163/CE 172 (**Сл. 6**). Во рамки на објектот присутни се и садови со средна фактура, претежно грништа, иако изненадува отсуството на поголеми амбалажни садови со груба фактура. Фигуралните претстави се исто ретки и значително фрагментирани, додека елементи од жртвеници се откриени во поголем број. Треба да се истакне дека кремените алатки се почести за разлика од коскените кои скоро и воопшто да ги нема во овој објект. Камените секири се исто така ретки, додека во поголем број се откриваат дискови изработени од секундарно моделирани керамички фрагменти. На неколку керамички дна се забележуваат отисоци од ткаени што, секако укажува на нивно користење во рамки на Градба 13.

## Заклучок

Овогодишното ископување на Велушка Тумба обезбеди значајни резултати за најраните фази во населбата бидејќи се истражуваа првите антропогени слоеви формирани на тумбата. Методологијата на истражувањето, собирањето примероци, како и паралелната обработка на материјалот, овозможи во овој краток период да се добијат мноштво податоци кои не беа познати од претходните истражувања. Во таа насока, се прави ревизија на стратиграфијата на населбата, како и на архитектурата и типологијата на керамичките садови, а кои често се користат како референца за релативната хронологија на неолитските локалитети.

Покрај овие базични технички податоци, синхроно се добиваат информации за хронологијата на најраните фази, видовите на исхрана, климатските услови, промените во материјалната култура, архитектонските карактеристики, климатските фактори, формациските процеси итн. Новите сознанија добиени од радиокарбон и археоботаничките анализи ќе се публикуваат во друга пригода, додека во овој труд се направи краток осврт на резултатите од ископувањето на квадрантите I - V, а во кои се регистрираа две архитектонски содржини.

Во Квадрант I се доистражуваше појава која се откри минатата година и која претставува новина во македонската предисторија. Се работи за издолжено елипсовидно вкопување со документирана должнина од 4, 20 метри во правец североисток-југозапад, иако тоа продолжува во просторот после западниот профил на сондата. Во него се регистрирани повеќе слоеви со гареж и малтер, но и непечен лепеж врз нив, меѓутоа не може да се потврди дека се работи за подна структура или пак за исфрлени остатоци од горење. Прашање е дали станува збор за отпадна јама со оглед на нејзината плиткост и секако обликот и големината кои дефинитивно не се карактеристични за овој вид. Исто така, во ваквиот условно именуван проширен канал не се открија исфрлени коски и мноштво керамика, освен мала концентрација на камења на североисточниот крај. Имајќи го сето ова предвид тешко може да се потврди дека станува збор за јама или пак ров, така што поверојатна е

друга функција на ова вкопување. Тука треба да се истакне дека во погорните слоеви каде што е тој констатиран, неговата широчина е поголема, така што ваквиот изглед не упатува на канал, туку на земуница.

Во таа насока може и да се размислува за нејзино толкување како земуница, иако и за оваа алтернатива нема многу аргументи, освен слоевите со измешан малтер и гареж и присуството на непечен лепеж врз нив. Тука во прилог би можеле да одат и неколкуте откриени јами за колци, меѓутоа нивниот број е премал доколку постоеле странични ѕидови. Сепак, не треба да се занемарат сознанијата добиени од минатогодишното ископување на јужниот дел на Квадрант I, кога се открија повеќе јами за колци околу југозападниот дел на ова вкопување, како и поголемо количество малтер во него[10]. Во таа смисла, може во иднина да се разгледува и веројатноста оваа појава да се третира како земуница и да се бараат натамошни аналогии со овој објект, особено во однос на неговиот издолжен елипсовиден облик.

За разлика од ситуацијата во Квадрант I која се однесува токму на првите најрани фази на оваа тумба, во квадрантите II - IV архитектонските појави беа далеку појасни и се во релација со активностите во следната неолитска фаза. Имено, станува збор за Градба 13 која е сочинета од масивни ѕидови од печен лепеж и повеќе глинени структури за чување и обработка на житарици. Тука треба да се истакне тоа што изненадува големото присуство на интензивно горен лепеж, бидејќи такви содржини мошне ретко се регистрираа при ревизијата на западниот профил (со ширина од 8 метри и висина од 4 метри) во 2019 година[11]. Поради тоа и се истакна фактот дека повеќето регистрирани градби (околу десетина) на Велушка Тумба се сочинети од негорен лепеж. Сепак, ваквиот карактер на Градба 13 дава ново светло за архитектонскиот вариетет на овој локалитет, иако објекти со овие обележја се откриени и при ископувањата во 1970-тите и 1980-тите години[12].

Со оглед на тоа што западниот дел на Градба 13 бил истражуван во 1970-тите години и за што не постои документација, во 2022 година се истражуваше нејзиниот источен дел. Изненади фактот што во толку мал простор (нејзиниот североисточен дел, односно третина од нејзината можна целина) се открија дури девет сандаци, од кои 8 се концентрирани после парапетниот ѕид. Некои од од овие сандаци се помали, а три особено големи, така што може да се смета дека во нив и општо во овој дел се обавувале различни активности поврзани со обработката на житариците и обработката на лебот.

Во останатиот откриен дел од Градба 13, со исклучок на еден мал сандак, нема други глинени структури, па во оваа фаза од истражувањето може да се претпостави дека тој бил предвиден за други домашни активности, додека во североисточниот простор нејзините жители го чувале житото и подготвувале лебот. Имајќи го ова предвид особено изненадува

[10] Наумов и Гулевска 2021.
[11] Наумов и др. 2020.
[12] Симоска и Санев 1975; Санев и Симоска 1983; Симоска 1986.

големиот број на мелници низ целиот објект (околу триесетина). Нивното присуство во близина на сандаците е вообичаено, меѓутоа распоредувањето во останатите делови сугерира на пракса карактеристична за обредите при напуштање на објектите. Имено, како и на други неолитски локалитети во Македонија така и во Велушка Тумба се оставале мелници насекаде низ Градба 13[13]. Неколку од нив се оставени во оригиналната позиција, меѓутоа повеќето се превртени наопаку или се ставени една врз друга што го означува крајот на нивната функција. Во прилог на ваквото обредно напуштање и чистење на оваа градба оди и фактот што многу малку керамика е откриена на нејзиниот под, и особено очигледно е отсуството на концентрирани фрагменти од цели садови, освен со исклучок на комплетно сочуваната амфора во близина на еден од поголемите сандаци во североисточниот агол на Квадрант III.

Откриениот источен ѕид, парапетот и поставеноста на сандаците во Градба 13 укажуваат на тоа дека таа била основана во правец североисток-југозапад. Оваа позиција може да се забележи и на останатите градби во Велушка Тумба, регистрирани со помош на геомагнетните скенирања во 2017 година[14]. Во таа смисла може да се истакне дека ова е преферирана позиција за градбите во неолитската населба и дека мошне веројатно тоа е веројатно поврзано со климатските фактори. Дополнително изненадува и тоа што вкопувањето (можна земуница) во Квадрант I ја има идентичната позиција, така што може да се смета дека овој податок делумно оди во прилог на определување на неговиот архитектонски карактер.

Истражувањата на Велушка Тумба не запираат со ископувањата, туку тие продолжуваат со тековната кабинетска и лабораториска работа, во која детално се студираат керамичките садови, камените алатки и глинените фигурини, а воедно се врши и археоботаничка и радиокарбон анализа на органските остатоци. Поради тоа, во најскоро време се очекуваат многу потемелни сознанија за хронологијата, архитектурата, економијата, исхраната, занаетите и верувањата на првите жители на Велушка Тумба. Овие сознанија, како и во претходните археолошки кампањи, ќе се публикуваат и презентираат во повеќе пригоди, со што ќе им бидат достапни на научната и пошироката јавност, а која ќе може да дознае повеќе за почетоците на овој ранонеолитски локалитет.

## Билбиографија:


1. Antolín, F., Sabanov, A., Naumov, G. and Soteras, R. 2020. Crop choice: gathered plants and household activities during the beginnings of farming in the Pelagonia valley (North Macedonia). *Antiquity* 94(376): E21.
2. Bilbija, M. 1986. Cerje, neolitsko naselje. *Arheološki Pregled* 1985, 35 – 36.
3. Гарашанин М. и Билбија М. 1988. Куќа 1 во Зелениково. *Macedonia Acta Archaeologica* 9: 31 - 41. Скопје.


[13] Bilbija 1986; Гарашанин и Билбија 1988; Санев 1988; Наумов и др. 2018.
[14] Наумов и др. 2017.

4. Китаноски, Б. 1989. Врбјанска Чука. *Arheološki pregled* 1987: 47 - 48. Ljubljana.
5. Китаноски, Б., Симоска, Д., и Тодоровић, Ј. 1980. Населбата Пештерица и проблемот на раниот неолит во Пелагонија. *Macedoniae Acta Archaeologica* 6: 9-20.
6. Наумов, Г. и Гулевска, Ј. 2020. Археолошко истражување на Велушка Тумба во 2020 година. *Патримониум* 18: 12-34.
7. Наумов, Г. и Гулевска, Ј. 2021. Истражување на локалитетот Велушка Тумба во 2021 година. *Зборник на трудови на Завод за заштита на споменициите на културата и музеј - Битола* 24: 17-36.
8. *Наумов, Гоце; Јон, Јан и Хвојка, Ондреј. 2017. Геомагнетно скенирање на тумби во Централна Пелагонија. Во* Фиданоски, Љ. и Наумов, Г. (ур.) *Неолитот во Македонија II: чекор напред во проучувањето на првите земјоделски општества*: 161-180. Скопје: Центар за истражување на предисторијата.
9. Наумов, Г.; Миткоски, А.; Талевски, Х.; Мургоски, А.; Думурџанов, Н.; Бенеш, Ј.; Живаљевиќ, И.; Пендиќ, Ј.; Стојаноски, С.; Хибаха, Х.; Масуко, Н.; Хафнер, А.; Зидат, С.; Димитриевиќ, В.; Стефановиќ, С.; Будилова, К.; Вихронова, М.; Мајеровичова, Т. и Бумерл. Ј. 2018. Истражување на локалитетот Врбјанска Чука во 2017 година. *Balcanoslavica* 47 (1): 253-285.
10. Наумов, Г., Гулевска, Ј., Пенезиќ, К., Антолин, Ф., Миткоски, А. Сабанов, А и Сотерас, Р. 2020. Мултидисциплинарно истражување на Велушка Тумба во 2019 година. Во Фиданоски, Љ и Наумов, Г. (ур.) *Неолитот во Македонија: во чест на Драгица Симоска*: 29-61. Скопје: Центар за истражување на предисторијата.
11. Naumov, G., Mitkoski, A., Talevski, H., Anvari, J., Przybila, M., Stojanovski, D., Antolín, F., Sabanov, A., Živaljević, I., Dimitrijević, V., Gibaja, J., Mazzucco, N., Milevski, G., Dumurđanov, N., Pendić, J., Blažeska, Z. and Stefanović, S. 2021. Early Neolithic tell of Vrbjanska Čuka in Pelagonia. *Praehistorische Zeitschrift* 96(2): 345-381.
12. Sabanov, A., Antolín, F., Naumov, G. and Soteras, R. 2022. The use of plants and domestic spaces in the Early Neolithic Pelagonia Valley. Preliminary results of the integrated archaeobotanical and micro-refuse approach. In Fidanoski, Lj. and Naumov, G. (eds.) *Neolithic in Macedonia: Recent Research and Analysis*: 89-104.
13. Санев, В. 1988. Неолитско светилиште од Тумба во Маџари. *Macedonia Acta Archaeologica* 9: 9 – 30. Скопје.
14. Санев, В. и Симоска, Д. 1983. *Неолитските населби Велушка Тумба и Голема Тумба кај село Трн во развитокот на првите земјоделски заедници во Централна Пелагонија* – непубликуван извештај. Битола: Завод за заштита на споменициите на културата.
15. Симоска, Д. 1986. Велушка Тумба, неолитска населба. *Arheološki Pregled* 26: 48. Ljubljana.
16. Симоска, Д. и Кузман, П. 1990. Тумба Оптичари. *Arheološki Pregled* 1988: 63 - 66. Ljubljana.
17. Симоска, Д. и Санев, В. 1975. Неолитска населба Велушка тумба кај Битола. *Macedoniae Acta Archaeologica* 1: 25 – 85.
18. Симоска, Д. и Санев, В. 1976. *Праисторија во Централна Пелагонија*. Битола: Народен музеј Битола.
19. Фиданоски, Љ и Томаж, А. 2010. Под житните полиња: археолошки истражувања на неолитскиот локалитет Церје – Говрлево. *Македонско наследство* 36-37: 61-72. Скопје.




Сл. 1. Карта со Пелагонската котлина и позицијата на локалитетот Велушка Тумба



Сл. 2. Археолошката сонда во 2022 година - поглед од исток (фото: Гоце Наумов)



Сл. 3. Вкопаната целина СЕ 168 во Квадрант I (фото: Гоце Наумов)



Сл. 4. Составни елементи во целината СЕ 168 во Квадрант I (фото: Гоце Наумов)



Сл. 5. Ортофотографија на квадрантите II - IV и Градба 13 (фото: Христијан Талевски)



Сл. 6. Североисточен агол на Градба 13 со сандакот СЕ 163/172 во Квадрант III (фото: Гоце Наумов)



Сл. 7. Сандакот СЕ 177 во Градба 13 - поглед од исток (фото: Гоце Наумов)

**Јасмина Гулевска**[1]

# ЗООМОРФЕН СКИПТАР ОД ЛОКАЛИТЕТОТ ШУПЛЕВЕЦ, БИТОЛСКО

***Апстракт***: *Локалитетот Шуплевец се наоѓа во близина на селото Долно Ореово, на крајниот источен дел на Пелагониската Рамница. За првпат , во 1959 година, биле изведени помали заштитни ископувања под раководство на П.Мачкиќ и Д.Симоска. Веќе со наредните сондажни ископувања, во 1971 година, под раководство на Д.Симоска, се овозможи да се добие увид на стратиграфските обележја на енеолитсктата населба. Доминантната позиција на самата населба над Пелагониската Рамница, дава одлични стратешки можности за контрола на околното подрачје и овозможува лесна одбрана. Според овие карактеристики, можеме да истакнеме дека локалитетот јасно се издвојува од вообичаениот тип на предисториски населби во Пелагонија,додека пак примери од ваков тип на населби се наоѓаат во комплексот Бубањ-Хум I -Криводол-Салкуца. Формирањето на енеолитската културна група Шуплевец-Бакарно Гумно се поврзува со првите бранови од пробивањето на индоевропските сточари од подрачјето на Понт и Руските степи. Археолошкиот материјал од овој период се поврзува со групата Бубањ - Хум во Поморавието, Салкуца и Черна Вода во Романија како и Криводол во Бугарија. Во овој текст ќе се задржиме на типологијата на скиптарите од повеќе области преку кои ќе можеме да го анализираме скиптарот од Шуплевец и неговите стилски, морфолошки и социоекономски карактеристики.*

***Клучни зборови:****Пелагонија, енеолит, скиптар,типологија.*

Пелагонија претставува најголемата котлина во југозападниот дел на Македонија, во која се застапени многубројни локалитети од периодот на праисторијата. Нејзината затворена географска целина е мост на многубројни предисториски цивилизации, додека пак нејзиното природно богатство овозможило егзистенција на најстарите човечки заедници. Иако географски изолирана, котлината била поврзана преку двата превои, Дервен и Плетвар, со Повардариeто и северните области, преку превојот Барбарас со западните области, преку Ѓавато со албанскиот простор, и Кири Дервен на југ со долината на Островското Езеро. Сите овие премини претставувале цврста сувоземна врска на Пелагонија со преостанатите региони, а тоа го

[1]Јасмина Гулевска, дипломиран археолог кустос, стручен работник за праисторија - бронза, железо неолит и енеолит, НУ Завод и музеј - Битола, ул. Климент Охридски бр.18, 7000 Битола, email: jasmina.jesi@gmail.com

потврдуваат и најстарите археолошки наоди на пелагонискиот простор. Пелагонија била и останала единствена географска целина, со територијални особености кои овозможуваат продирање на надворешни културни влијанија, која со своите карактеристики ни овозможува да добиеме една јасна слика за предисторискиот период на овие простори.

Најголем дел од истражените археолошки локалитети во Пелагониската Рамница претставуваат тумби, основани во неолитот, кои во некои случаи континуирано се населувани и во времето на енеолитот и бронзеното време. Истражувањето на предисториските локалитети во Пелагонија се одвивале во неколку етапи, првите познати податоци потекнуваат од 1934 година, од истражувањата на американскиот археолог Владимир Фјукс кој извршил детални ископувања на локалитетот Црнобуки, како и рекогносцирања на повеќе предисториски населби во Пелагониската Рамница[2]. Поголем интерес кон пелагониските тумби се појавува после Втората светска војна и тоа најпрво со ископувањата на Гургур Тумба од страна на Јосип Корошец[3]. Во текот на 1950-тите години, се случува првото темелно и публикувано истражување на неолитска населба во Пелагонија, предводено од Миодраг Грбиќ и неговиот тим, на локалитетот „Тумба" кај Породин [4]. Истиот тој период се направени сондажни истражувања на локалитетот Шуплевец, село Суводол од страна на Драгица Симоска и Петар Мачкиќ.

Археолошкиот локалитет „Шуплевец" е лоциран на околу 2,5 км северно од селото Долно Ореово, на левата страна на патот Новаци - Суводол - Маково, на природно издигнат стрмен карпест срт, чии падини од источна, јужна и западна страна се тешко пристапни, додека пак северната страна благо преминува во ридски возвишенија. Локалитетот од јужната и западната страна преовладува над Пелагониската Котлина, со мошне поволни стратешки услови. Со сите овие одлики, локалитетот јасно се издвојува од најчестиот и вообичаениот тип предисториски населби во Пелагонија, населени во неолитот, но и во подоцнежните периоди. Населбата од Шуплевец била подигната на самата возвишена карпа, градбите се надземни со неправилна основа со ѕидови од плетер премачкани со кал, поставени помеѓу карпите при што самите карпи служеле како потпора. Вакви типови на енеолитски конструкции се познати во комплексот Бубањ - Хум I - Криводол - Салкуца[5].

Локалитетот е евидентиран во почетокот на 50-тите години, откако на самата населба започнал процесот на експлоатација на камен, при што биле откриени остатоци од градби и керамика од енеолитски период. Веднаш, стручна екипа од НУ Завод и музеј – Битола, отпочнала со заштитни

[2]Наумов и Томаж, 2014.
[3] Ibid.
[4] Ibid.
[5]Симоска и Гарашанин 1976; Симоска и Санев 1976.

археолошки истражувања, во периодот од крајот на 1958 година, сè до почетокот на 1959 година. Истражувањата се одвивале со прекини, при што бил истражен простор од 50 $м^2$. Во самите градби е откриена керамика карактеристична за енеолитскиот период, обработени коскени орудија, глинени фигурини во стоечка и седечка положба, скиптар од сиенит, една бронзена игла итн.[6]. Според овој прелиминарен извештај, добиваме сознанија за скиптарот дека бил откриен за времетраењето на археолошките истражувања во 1959 година, но не е наведено во каков археолошки контекст бил пронајден. Во зачуваната документација во НУ Завод и музеј - Битола, камениот скиптар под тоа име е инвентариран и заведен во картотеката од археолошките истражувања од локалитетот Шуплевец, 1959 година, при што е наведено дека се работи за случаен наод. Во преостанатата документација не постои предмет со такво име, така што голема е веројатноста дека се работи за затекнат површински наод кој првично не бил евидентиран како скиптар, но како обработен камен. Останува отворено прашањето дали скиптарот бил дел од погребен материјал, имајќи во предвид дека голем број на пронајдени скиптари од различни региони се пронајдени во гробови, така што голема е веројатноста и во нашиот случај да се работи за гроб кој при работата на каменоломот бил уништен.

Формирањето на пелагониската доцноенеолитска културна група Шуплевец - Бакарно Гумно, е направено врз основа на специфичноста и сличноста на материјалот од двата локалитети. Покрај Шуплевец и Бакарно Гумно во оваа група спаѓаат и енеолитските локалитети од Чепигово, Црнобуки и Скопско Кале. Тоа е периодот кога на целиот Балкан се случуваат сложени етнокултурни движења, кои доведуваат до формирање на повеќе енеолитски културни групи во кои се вклучува и пелагониската група, формирајќи единствен подунавски - балкански комплекс[7].

Самата доцноенеолитска група Шуплевец-Бакарно Гумно, поминува низ најмалку две развојни фази. Првата фаза (Шуплевец-Бакарно Гумно I) го опфаќа поголемиот дел од четвртиот милениум, до околу 3200 год.пр.н.е. Во овој период се случувале неповолни климатски услови и еколошка криза низ која минувале јужните и источните делови на Балканот [8]. Сите овие промени влијаеле врз материјалната култура така што се забележуваат елементи карактеристични за културната група Бубањ-Салкуца-Криводол. Најдобра потврда за тие влијанија имаме преку керамиката од Црнобуки I-II, Бакарно Гумно II, Шуплевец II и Крушеанска Чука, и тоа преку користењето на нови техники на украсување на садовите чии форми во целост припаѓаат на комплексот Бубањ-Салкуца-Криводол. Особено се издвојува керамиката која е украсувана по новиот индоевропски модел, со втиснување намотан конец, така наречена шнур- керамика. Важноста на локалитетот Шуплевец се

[6] Алексова 1959.
[7] Митревски 2012.
[8] Ibid.

дополнува со откривањето на скиптарот од камен, изработен во форма на коњска глава, кој ги потврдува големите културни и социоекономски промени кои се случувале на овие простори. Тој претставува симбол на достоинството кај индоевропските заедници од степско-кавкаските подрачја, најзастапен на територијата западно од Днепар, а раширен по северозападното Црноморие сè до Пелагонија на југ [9].

Притоа се развиваат неколку типови, меѓу кои примерокот од Шуплевец е најблизок до типот Суворово-Касимча датиран од средината на четвртиот милениум [10].

Втората развојна етапа на групата Шуплевец-Бакарно Гумно е одбележана со појава на нови индоевропски навлегувања поврзани најмногу со културата на Чернавода III, како и со појавата на елементи од соседните балкански влијанија на север, пред сè од Бубањ Хум II и од Баденската група[11]. Според сите овие карактеристики на материјалната култура од локалитетот Шуплевец, може да се донесе заклучок дека се работи за влијание од носителите на групата Чернавода, кои вршеле притисок врз автохтоното население од Олтенија (Романија) во правец од југ кон Србија и Македонија, за време на првите бранови на поместувања на индоевропјаните од руските степи[12].

## Типологија на зооморфните камени скиптари и осврт кон скиптарот од Шуплевец

Камените зооморфни скиптари претставуваат археолошки предмети кои се карактеристични за енеолитскиот период, пронајдени на една значително голема територија, чија појава е најдобра потврда за големите миграциони движења кои се случувале на овие простори. Камениот скиптар од Шуплевец е единствен ваков предмет откриен на територијата на Република Македонија, изработен од камен на чиј преден дел е претставена фино обликувана стилизирана коњска глава со јасно издвоени очи, уши, ноздри и уста, како и дополнително изработен релјефен орнамент кој може да се поистовети со узда, додека пак задниот дел на скиптарот служел за поставување на дрвена дршка. Овој тип на скиптар припаѓа во посебно издвоена групација на зооморфни скиптари со реалистичен облик, кој е карактеристичен за коњаниците од степско-кавкаското подрачје и претставува симбол на достоинството и водечкиот статус на племенската заедница.

[9] Митревски 2012.
[10] Ibid.
[11] Ibid.
[12] Симоска и Гарашанин 1976.

Широката распространетост на скиптарите во повеќе региони и различни културни средини, како и специфичниот временски период на кој припаѓаат, време на засилени меѓукултурни контакти, се причините за создавање на суштествено различни теории за нивната употреба и нивната културна припадност.

Енеолитските културни групи каде што се застапени скиптарите се простираат на еден поголем регион: во југозападниот дел се наоѓа Коџадеремен - Гумелнита - Караново културна група и Криводол - Салкуца - Бубањ, централниот дел е регионот на Кукутени - Триполи, северниот дел припаѓа на Хвалинската културна група и југоисточниот дел на Кавказ (**сл. 1**). Најприфатлива теорија за културната припадност на скиптарите е таа според која тие се една од карактеристиките на културата на степските племиња, одгледувачи на животни и нивното поместување кон територии каде е населено земјоделско население. Тој, всушност, претставува еден од белезите на така наречената прва миграција и инвазија на степските племиња[13]. Постои и друга теорија која е прифатена во научната литература според која миграциите не се одвивале инвазивно, но се случувале со постепено раселување за време на една поголема хронолошка рамка[14].

Причините за миграционите движења кои се случиле за време на енеолитот биле најмногу од природно - климатски, социоекономски и демографски карактер.

Основните аргументи кои ја поткрепуваат оваа теорија, се донесени врз основа на испитувањата и анализите на повеќе стручни лица од различни региони, преку чии трудови може да се донесат следните заеднички заклучоци:

- скиптарите претставуваат стилизирана претстава на коњска глава, животно кое било припитомено многу порано од страна на населението кое живеело во степските и шумско-степските региони на Источна Европа, додека пак за земјоделското население во тој период било сосем непознато.
- голем број од скиптарите се пронајдени во могилни или во рамни погребувања со специфичен ритуал (посипување на телото на покојникот и дното на гробната јама со црвена земја), карактеристики кои не се застапени кај земјоделските култури, но се особено присутни за културите кои одгледувале добиток, тоа се регионите на Хвалинската и културата на Среден Стог [15].

Во периодот на 1990-тите години, различни автори предложиле три независни класификациони шеми, каде што скиптарите се анализирани типолошки според регионите каде се пронајдени, како и според нивните стилски карактеристики. Постојат неколку класификациони шеми обработени

[13]Даниленко, Шмаглий 1972; Gimbutas 1977; Мерперт 1980; Тодорова 1986; Дергачев, 2000, наведено кај Георгиева 2005.

[14]Мовша 1981; Георгиева 1992, наведено кај Георгиева 2005.

[15] Георгиева 2005.

од повеќе научници од различни земји: германските научници Говедарица и Кајзер, романските научници Буртанеску и Туркану и шематскиот приказ предложен од украинскиот научник Телегин [16]. При типолошките методи на анализирање на скиптарите направена е една општа поделба на апстрактни и реалистични типови на скиптари, според која секој од претходно наведените научници формира своја шематска поделба, формирана според своите лични согледувања.

Нивните заклучоци за потеклото и местото од каде што започнало најрано да се шират скиптарите се дијаметрално спротивни. Според германските и романските автори [17], регионот од каде што започнало распространувањето на реалистичните типови на скиптари го поврзуваат со културата на Кукутени - Трипоље [18.] Наспроти нив, според украинскиот автор Телегин, потеклото на скиптарите се поврзува со хвалинската култура. Се поставува прашањето, како е можно заклучоците за нивното потекло да се толку различни, кога и покрај тоа што класификационите шеми се мошне јасни и во својата основа исти. Меѓутоа, и покрај тоа, би можело преку овие анализи да се донесе еден општ заклучок дека појавата на скиптарите се случувала истовремено на Запад и на Исток.

Најпрвин ќе ја разгледуваме класификационата шема (**сл.2**) која е направена со спојување на двете шеми. Првата лево поставена е според Говедарица и Кајзер, додека втората според Телегин. Овие две паралелни шеми на кои се претставени апстрактни и реалистични скиптари, ни даваат можност за анализа на нивната меѓусебна развојна поврзаност. Првата А варијанта (според Говедарица и Кајзер) припаѓа на основниот, наједноставен апстрактен тип на скиптар, кој според стилските карактеристики одговара со варијанта С апстрактен тип (според Телегин). Втората поделба е развојна фаза која ги содржи реалистичните скиптари со канелури - варијанта В и С (според Говедарица и Кајзер) што одговараат со реалистичните типови на скиптари (според Телегин) кои ги нарекува шематски тип без одделен заден дел кој наликува на капаче, детаљ кој ќе се развие во наредната развојна фаза. Третата завршна варијанта е именувана како скиптари - архарински тип D (според Говедарица и Кајзер), која одговара на шематски тип на скиптари со издвоен заден дел во вид на капаче[19].

Наредната класификациона шема (**сл.3**) е направена врз основа на визуелното набљудување на морфолошките, конструктивните и стилските карактеристики на скиптарите, при што се формирани самостојни групи и подгрупи. Покрај тоа што според надворешните одлики постојат разлики,

---

[16] Дергачев 2007.

[17] Govedarica, Kaiser, 1996, стр. 76, 78 и Burtanescu, Turcanu 1997,стр. 81,82, преземено од Дергачев 2007.

[18] Д .Я. Телегин, 2000 , стр. 23, преземено од Дергачев 2007.

[19] Govedarica, Kaiser 1996, стр.68; Burtanescu, Turcanu 1997 стр. 79; Telegin. D. Я, 2000, стр. 21, цртеж 3; Govedarica, Kaiseri Telegin, цртеж 2; преземено од Дергачев 2007.

очигледно е дека овие предмети имаат иста намена. Шемата е поделена на три групи, во првата група така наречена хвалинска група се наоѓаат скиптарите кои потекнуваат од Хвалинск (типови Хвалинск 1 и Хвалинск 2), тие се со наједноставна и најизопштена форма каде што предниот дел е со помали димензии во однос на задниот дел на кој е посветено повеќе внимание, Тоа е, всушност, делот од скиптарот каде се прицврстувала дршката. Во втората група се сместени поттиповите на реалистичните облици на скиптари, тие се мошне едноставни според својата морфолошка варијабилност и според украсните елементи.Тука се групирани примероците пронајдени во: Бирлелешт, Обиршењ 1, Константиновка, Жора де Сус, овие скиптари се одликуваат со сплосната конфигурација и странично поставени канелури во форма на буквата U. Третата група на скиптари (табела II 11-18) претставуваат стандардни сплоснати врвови кои од двете страни се декорирани со идентичен релјефен украс во форма на буквата U, на чија задна страна се наоѓа една попречна линија која формира дел во вид на капаче. Оваа втора група на скиптари ќе ја наречеме архаринска, во неа спаѓаат наодите од Архари, Хлопково, Обиршењ 2, Орџоникидзе, Шљаховски, Џангар и Могошешт.

Третата класификациона шема (**сл.4** ) е направена според Говедарица и Кајзер, и ги анализира скиптарите според нивните морфолошки карактеристики. Иако направената поделба е формална и не ни дава некое ново согледување, сепак добиваме една мошне јасна претстава за меѓусебниот однос на апстрактните и реалистичните типови на скиптари.

Во шемата е прикажана поделба на скиптарите според нивните развојни фази на три поединечни облици, почнувајќи од наједноставните форми, потоа развојно реалистичните и на крај сложено реалистични форми на скиптари. Првата група припаѓа на едноставните апстрактни типови на скиптари, пронајдени во Хлопково и Ариушд, кои претставуваат аморфни изобразувања со многу малку детали. Втората група може да се подели на две подгрупи, во првата подгрупа припаѓаат примероците од Фитонешти и Драма (Табела III, примероци 3-5), скиптари со јасно издвоена и убаво моделирана глава. Во втората подгрупа (Табела III, примероци 6-8) припаѓаат скиптари со издвоена зооморфна глава, при што веќе станува повеќе од јасно дека се работи за претстава на коњ, на која детално се изработени очи, уши, ноздри и уста (во оваа подгрупа спаѓаат примероците од Виницул де Жос, Феделешен и Киараклиа). Во третата група припаѓаат скиптари кои имаат исти детали како и претходните со јасно обликувана коњска глава, детално изобразени очи, уши, ноздри и уста, но во оваа група се издвојува еден нов дополнителен елемент со релјефно изработени линии за кои повеќето научници сметаат дека се работи за претстава на узди, (тука спаѓаат примероците од Салкуца, Суворово, Терекли - Мектеб, нашиот примерок од Шуплевец-Суводол и Касимча).

Преку типолошките методи на анализирање во трите класификациони шеми, на двата типови на скиптари (шематизирани и реалистични) и според нивните карактеристики, можеме да заклучиме дека сите овие скиптари, без разлика на нивните сличности и разлики како и на реоните каде се пронајдени, можат да се обединат како една иста појава која претставува еден културен феномен карактеристичен за енеолитската епоха (**сл.5**).

И покрај тоа што самите скиптари се класифицирани според нивниот различен степен на стилизација, нивниот зооморфизам е повеќе од очигледен. Следствено на тоа секоја анализа која ја применуваат научниците кои се занимаваат со оваа проблематика, сфаќаат дека секоја нивна шема е слична, а нивните различности произлегуваат од начинот на нивното согледување, од каде произлегуваат и различните категории. Сепак, на крајот заклучокот на сите тие научници е еден и единствен, дека се работи за предмети со иста намена од ист временски период.

Сите овие скиптари, без разлика на тоа дали се со апстрактна или реалистична претстава (**сл. 5**), во себе содржат повеќе сличности отколку разлики:

- двата типа на скиптари апстрактни или реалистични, освен некои изолирани примероци од Ростов, Касимча, се изработени од цврст камен - диорит, порфирит итн.
- сите тие претставуваат фигуративни облици од животинска глава со различен степен на стилизација.
- сите тие имаат двостепен облик - преден дел внимателно изработен на кој е изобразена животинска глава, заден дел грубо изработен каде што се прикачува дршката.
- сите тие имаат разлики во предниот дел, но имаат потполно идентичен заден дел.
- сите тие претставуваат скиптари (врвови) кои биле прицврстени во хоризонтална положба за дршката и биле носени во подигната положба[20].

Главната функција на овие предмети, без сомнение, е вградена во нивниот преден дел кој е сликовито претставен со зооморфни детали. Секундарната функција која ја има задниот дел на скиптарите, всушност, претставува место каде се фиксирала дршката. Тој секундарен дел, но и најнеопходен, ја предодредува посебната конструктивна и морфолошка особина на предметот воопшто, што на овие предмети им ја дава нивната основна и културна функција. Токму преку овој дел со секундарна функција, при анализа на реалистичните и шематските типови на скиптари, истите тие можат да се обединат во еден ист тип со различни подтипови.

За да се добие појасна слика за функционалните карактеристики на скиптарот како предмет кој се користел од страна на енеолитскиот човек,

[20] Георгиева 2005.

следна наша задача е да се направи една реконструкција и разгледување на скиптарот како етнографски предмет (**сл.6**).

При решавањето на ова прашање се разгледуваат два главни аспекти, од една страна се разгледуваат стилските карактеристики на скиптарите и нивните основни елементи кои ја отсликуваат нивната улога како ритуални предмети. Другиот аспект на разгледување на скиптарот е од функционален аспект, како предмет кој се состои од два дела. Предниот дел е внимателно полиран, изработен од камен со зооморфни елементи, додека вториот дел кој не е сочуван, но можеме со сигурност да тврдиме дека е дрвена дршка на која се прицврстувал врвот на скиптарот.

Сите овие камени врвови за скиптари, вклучувајќи ги реалистичните и апстрактните типови биле прицврстени на дрвени дршки со пречник од околу 3-4 см и должина од околу 70-80 см, функцијата на овие дрвени дршки била сѐсо цел да може скиптарот да се подигне со помош на раката на таа висина на која предметот би можел да биде воочлив од помала и поголема далечина. Дрвените рачки на врвот преминувале во коленасто свиен дел на чие место се наоѓала вдлабнатина на која се прицврстувал камениот врв. Останува прашањето, дали прицврстувањето се изведувало со пополнување на вдлабнатината со смолеста леплива супстанција или пак било зајакнато од надворешна страна со некој врзивен материјал (коноп и сл.), но постои можност тоа да се случило и на двата начини кои претходно се опишани.

Во научните трудови на Мерпет и Гимбутас од 1950-те и 1960-те години, каде се анализираат енеолитските скиптари, се прави осврт на нивната уникатност и специфичност, наведувајќи ги степските предели како место од каде започнало нивното ширење кон соседните региони. Токму во тие степски предели носителите на културите особено го почитувале коњот и јавачот, како неопходни елементи за освојување на територии. Истите тие научници двата типа на скиптари (апстрактни и реалистични) ги разгледуваат како еднородни предмети со различно стилско прикажување, на кои е претставен коњ кој е припитомен, зауздан и оседлан[21].

Проблематиката за тоа во кој период и на која територија се случила доместификацијата на коњот, се занимава В. И. Бибикова во нејзиниот научен труд.

Врз основа на нејзините бројни статистички анализи, направени според пронајдените остатоци од коњи кои потекнуваат од вкупно 58 локалитети датирани од енеолит, па сѐ до рана бронза, опфаќајќи ја територијата на југоисточна Европа (од Романија, Полска и регионите што се простираат по течението на реката Волга), Бибикова на основа на нејзините истражувања ги донесува следните заклучоци:

[21] Дергачев 2007.

- припитомувањето на коњот во Источна Европа се случило истовремено и паралелно со припитомувањето на другите врсти на копитари.
- завршната фаза на доместификација на коњот се случила во периодот на енеолитот (Средностоговска култура), додека пак почетоците датираат уште од постарите епохи.
- Доместификацијата на коњите, без сомневање, е поврзана со регионите помеѓу реките Днепар и Волга, каде доминираат шумски и степски предели, но изворното место каде што се случило припитомувањето се поврзува со регионите кои се простираат по текот на реката Волга. Токму во тие предели постоеле најповолни услови за доместификација на коњот и негово вклучување во домашната фауна[22].

Од сите овие анализи, може да се заклучи дека камениот скиптар од Шуплевец претставува значаен наод од времето на енеолитот. Неговата уникатност и раритет и до ден- денес плени преку вештината на праисториските мајстори кои успеале да изработат еден мал камен предмет, чија површина е исполирана до идеален сјај, со стилизирани детали кои му даваат на самиот предмет една широка симболика. Машкиот контекст на скиптарот се потврдува преку неколку гробни конструкции каде што скиптариот бил поставени исклучиво во гробови кои припаѓале на личности од машки пол. Ваквите погребувања можат да бидат поврзани со магиска симболика, каде што камениот скиптар со претстава на коњ би му овозможил на елитниот покојник премин во другиот свет[23]. Можеме да го замислиме сопственикот на камениот скиптар од Шуплевец како влијателен претставник на племенската заедница, во чија функција и дејност се сплотени повеќе карактеристики од религиска, производствена или општествена дејност.

## Резиме

Скиптарите во научната литература се нарекуваат уште и „визитна картичка на неканетите гости“. [24] Така и скиптарот откриен на локалитетот Шуплевец, Битолско, без сомнение укажува на надворешно влијание кое настанало со првите продири на индоевропските народи кои живееле во степско - кавкаското подрачје. И покрај тоа што енеолитскиот период, во вистинска смисла на зборот, ја означува појавата на орудијата на бакар, при сондажните истражувања на локалитетот не се пронајдени бакарни предмети. Носителите на културната група Шуплевец - Бакарно Гумно и понатаму ги негуваат неолитските традиции, занимавајќи се со земјоделие,

[22] Дергачев 2007.
[23] Чаусидис 2009.
[24] Дергачев 2007.

исто така и при изградбата на енеолитските живеалишта нема некои промени освен во градбите од Шуплевец каде самиот карпест предел играл голема улога во тоа тие да бидат изградени во комбинација од камен, дрво и глина. Единствено промените се забележуваат во материјалната култура каде керамиката е темносива со зачестено декорирање со канелури, како и појавата на карактеристичната шнур- керамика со втиснување на конец.

**SUMMARY**

In scientific literature, scepters are also called "business cards of uninvited guests". Thus, the scepter discovered at the Shuplevec site, Bitola undoubtedly indicates an external influence that occurred with the first penetrations of the Indo-European peoples who lived in the Steppe-Caucasus area. In spite of the fact that the eneolithic period in the true sense of the word marks the appearance of copper tools, no copper objects were found during the exploratory research of the site. The bearers of the cultural group Shuplevec - Bakarno Gumno continue to nurture the Neolithic traditions by doing agriculture. Likewise, during the construction of the eneolithic dwellings there are no changes except in the buildings from Shuplevec where the rocky area itself played a major role in the fact that they were built in combination of stone, wood and clay. The only changes are noticeable in the material culture, where the pottery is dark gray with frequent decoration with grooves, as well as the appearance of the characteristic cord-marked pottery with thread embossing.

## ЛИТЕРАТУРА

Гарашанин, М. и Симоска, Д. 1976. Контролни ископувања на Шуплевец и некои проблеми на групата Шуплевец - Бакарно Гумно.Macedoniae Acta Archaeologica 2: 9 -41. Прилеп.

Георгиева,П.2005.За зооморфните скиптри и последните етапи на късноенеолитните култури Варна, Коджадермен- Гумелница- Караново VI и Кривидол - Сълкуца, Studia Archaeologica Universitatis Serdicensis, Supplementum IV: 144-167.Sofia.

Дергачев, В. А. 2007.О скиптерах, о лошадъх, о воине. Санкт - Петербург.

Митревски, Д. 2012.Праисторија на Република Македонија, МАНУ. Скопје.

Наумов, Г. и Томаж, А. 2014. Ископување на локалитетот Школска Тумба во Могила.

Чаусидис, Н. 2009. Барабан і “тешко оро” – аналіз міфо-символічного і обрядового значення // *Народна творчість та етнографія: Македонський спецвипуск*: 68 – 79.Київ.

Aleksova, B. 1959. Šuplevac, selo Suvodol, Bitola. Arheološki pregled 1: 43 - 44. Beograd.




*сл.1. Предисториска Европа за време на енеолитот*




*сл.2 (Табела I). Класификациона шема направена според Говедарица и Телегин*




*сл.3 (Табела II). Класификациона шема направена според визуелно набљудување на апстрактни и реалистични типови на скиптари*




*сл.4 (Табела III). Класификациона шема направена според морфолошките и временските развојни елементи на апстрактните и реалистичните скиптари.*




*сл.5 (Табела IV). Општа квалификациона шема направена врз основа на потеклото и хронологијата на апстрактните и реалистични скиптари.*



*сл.6. Реконструкција на скиптарот како етнографски предмет*

UDK 7.04:726.82(497.774/.775)"652"
UDK 904:[726.82:003.071(497.774/.775)"652" 

**Оливера ЈАНДРЕСКА**[1]

# ТРИ ИКОНОГРАФСКИ МОДЕЛИ НА СЦЕНАТА „ДИОСКУРИ“ НА АНТИЧКИТЕ СТЕЛИ ОД ПЕЛАГОНИЈА

***Апстракт:*** *Во овој текст се анализира сцената со Диоскури (Кастори) на античките стели, со презентирање на три иконографски модели на неколку наоди од Пелагонија. Текстот има за цел да ги дополни сознанијата добиени од книжевните извори и материјалната култура, објаснувајќи го нивното значење и статус за време на античка Грција и антички Рим.*

***Клучни зборови:*** *иконографски модели на сцената Диоскури, значење на Диоскурите во фунерарната уметност, антички стели, Пелагонија.*

Развојот на концептот на братството е забележан меѓу протоиндо-европските божества: Ашвин во индиската митологија, Усинш во латвиската митологија, Лел и Полел во полската, како и во многу други земји, од Скандинавија до земјите на Блискиот Исток. Овој модел на „браќа близнаци - богови меѓу луѓето“ во античка Грција и антички Рим е прикажан преку Диоскурите.

Двајцата браќа, Диоскури (Διόσκοροι) или млади богови (kouroi), мислејќи на „Синовите на Зевс“ (во латинска форма познати како Gemini или Кастор и Полукс) се родени како синови на спартанската Леда, бесмртниот Полидевк со Зевс, а другиот брат, смртниот Кастор, со нејзиниот маж, спарта-нскиот крал, Тиндареј. Диоскурите се браќа на бесмртната Хелена од Троја.



*Амфора на Ексекијас, Кастор и Полидевк, Тиндареј и Леда, црнофигурална ваза, 530 п.н.е*

[1] Оливера Јандреска, кустос археолог, НУ Завод за заштита на споменициите на културата и Музеј Прилеп, ул. Александар Македонски, бр.142, Прилеп, oliveravera@gmail.com

## *Податоци за раѓањето и статусот на Диоскурите според книжевните извори*

Од најраните извори на грчката литература[2], се детерминирани 4 верзии за раѓањето и статусот на Диоскурите:

1. Во „Илијада“ двајцата близнаци се смртни, а нивниот татко не се спомнува.
2. Во „Одисеја“ и двајцата се синови на спартанскиот крал Тиндареј, но со божествени карактеристики. Еден ден се мртви луѓе на земјата, следниот ден се богови.
3. Кај Пиндар, двајцата се родени од иста мајка. Кастор е смртен син на Тиндареј, кралот на Спарта, а Полидевк е божествен син на Зевс и Леда. Божествено зачнатиот Полидевк побарал од Зевс да му дозволи да ја подели сопствената бесмртност со својот брат.
4. Претставите на овие епифанични богови[3] покриваат спектар на иконичност, кој се движи од антропоморфизирани изведби на нивните „теофании“, до метонимни ознаки во форма на нивните пилос капи и иконични прикази на браќа ѕвезди, комбинација на телесна (човечка) и космичка „semeia - σημεῖα (знак)“.
5. „Химната на Диоскурите“ од Хомер (ран VI век пр.н.е.), ги опишува браќата како синови на Зевс. Исто така, и во „Каталогот на жени“ од Хесиод, браќата се спомнати после свадбата на Тимандра со Ехемус, кога Леда ги носи кај Зевс.
6. Во „Киприја“ од епскиот циклус, Кастор е претставен како човек, а Полидевк како бесмртен. Оттогаш во науката е прифатено дека тие имаат различен татко, Кастор за татко го има Тиндареј, а Полидевк го има Зевс.

Хомеровата „Химна за Диоскурите“ точно ги пренесува најважните карактеристики на браќата близнаци, Кастор и Полидевк[4] :

„*Музи со светли очи, раскажувајте за Тиндаридите, синовите на Зевс, славните деца на уредната Леда, Кастор скротувачот на коњи и непорочниот Полидевк. Кога Леда лежеше со темниот облачен син на Кронос, таа ги роди под врвот на големиот рид Тајгетус, деца кои се избавувачи на луѓе на земјата и на брзи бродови, кога бурните бранови беснеат над немилосрдното море. Тогаш морнарите ги повикуваат синовите на големиот Зевс, со завети на бели јагниња,*

[2] https://www.perseus.tufts.edu/

[3] За епифанијата на боговите cf. Platt, V. J., Double Vision: Epiphanies of the Dioscuri in Classical Antiquity, Archiv für Religionsgeschichte 20.1, 2018, 229-256.

[4] https://www.perseus.tufts.edu/

*одејќи до предниот дел на гребенот. И кога ги здогледуваат морнарите се радуваат и се одмораат од нивната болка и мака.*“

Спарта за Диоскурите е нивниот земен дом. Преку нивните храмови и фестивали, Спартанците формирале силна врска со Диоскурите, посебно во време на војна. Задачата на Кастор и Полидевк била да ги спасуваат луѓето од неволја. Посебна почит имале во две важни грчки институции: обуката на младите кои ќе ја формираат спартанската војска и безбедноста на морнарите кои ги обновуваат трговските морнарици на Античка Грција. Култот на Диоскурите имал значајна улога и во римската историја, култура и политика во империјалниот период. Диоскурите се „богови меѓу луѓето“, помагале за време на битки, биле патрони на морнарите и омилени гости на банкетот Теоксенија (θεοξένια). Во Спарта се познати како Тиндариди, кај Етрурците Тинас Клиниар, а кај Римјаните Диоскури, Кастори или близнаци (gemini), кои во уметноста и во митологијата се претставени како хероизирани коњаници, крунисани со венецот на бесмртноста.

Овој концепт на претставување на близнаците, сами или во придружба на божество е познат и во Македонија. На вотивните релјефи и надгробните стели се прикажани со различни симболи кои го прикажуваат концептот на братство, како dokana – симбол за „братската љубов“, кој за првпат е претставен од Плутарх[5] - две исправени парчиња дрво поврзани со две греди, штитови, пилос капи, амфори, орел и пар змии.



*Релјеф со Диоскури и божица, Музеј на град Скопје*

[5] Waites, C., M., The meaning of the “Dokana“, American Journal of Archaeology, Vol. 23, No. 1, 1919, 18.

Овој релјеф е соодветен пример каде можат да се видат сите претходно наведени атрибути на божествата. Лево и десно од фронтонот во кој има орел, фланкиран со пар змии, се претставите на Луна и Сол (симболи за Кастор и Полидевк, а тоа е постојаното менување на денот и ноќта, односно смртта и новото раѓање). Под фронтонот е сцената со Диоскурите, во рацете држат две парчиња дрво - симбол за dokana, носат развеани хламиди на рамената и пилос капи, а до задните нозе на коњите во галопирачки став стои по една човечка фигура. Меѓу нив е прикажана божица, која во рацете држи кошница со овошје. Под полето со човечки фигури се прикажани триножна маса (mensa), амфори, од кои едната е со дршки во форма на змии (симбол на хтонските моќи, често користен во сепулкралната иконографија, а во римскиот период змијата како симбол секогаш ги придружува коњаниците), како и други керамички садови лево од триножната маса, садови со месечина, а десно од масата до амфората има садови кои над нив имаат розети, симбол на духовно и повторно раѓање. Под ова поле е фризот со храм, кој е десно од поворката луѓе кои принесуваат жртви во храмот.

Дуализмот (еден ден се смртни, другиот ден се богови) на Диоскурите е познат во уметноста, од кој може да се извлечат заклучоци за визијата на античкиот народ за задгробниот живот. Митот за Кастор и Полидевк се развива во повеќе верзии и секогаш се поврзува со темите: братска љубов, смртност и бесмртност и повторно раѓање. Вообичаениот шематски приказ на надгробните стели е композиција со претстава на двајца млади коњаници кои ги водат своите коњи. Во рацете држат копја, на главата носат конична капа (pilos, pileus), а на грбот им се вее хламида. Пилос е капа која асоцира на фригиските и симболизира половина јајце клетка, која браќата близнаци ја делеле и се родиле од нивната мајка Леда. Нивните капи се исклучително важни во разбирањето на фунерарната уметност. Во склоп со старите верувања или според она што го знаеме за нив, претставувањето на Диоскурите на античките надгробни стели треба да го гледаме како симбол на животниот циклус, смрт и воскресение, постојано менување на денот и ноќта, смрт и ново раѓање. Според едно од најприфатените толкувања во науката[6], близнаците ја означуваат ѕвездената хемисфера, повикувајќи се на питагорејската космолошка интерпретација. Во фунерарната уметност акцентот се става на значењето на нивните капи кои често се претставувани со ѕвезда што го симболизира ѕвезденото небо.

### *Антички стели со сцена „Диоскури“ во Пелагонија*

Во Пелагонија досега се регистрирани неколку иконографски модели на оваа сцена и тоа, сцена на Диоскури со божица, претстава само на Диоскурите и нивните коњи и сцена со само еден од Диоскурите.

[6] Bidez J. Cumont (Franz), *Recherches sur le Symbolisme funéraire des Romains*, *Revue belge de philologie et d'histoire*, tome 22, fasc. 1-2, 1943, 345-349.

### *Споменици со претстава на Диоскури со божица*

Во врска со овој иконографски модел, Диоскури со божица, во науката е изнесена теорија за оригиналната форма на култот[7], која предложила дека првично Диоскурите биле тријада, составена од Кастор, Полидевк и божица, веројатно Елена, нивната сестра или нимфата Јутурна. Кај нас, нашите истражувачи ја препознаваат тријадата како Диоскури со Артемида или Деметра.

Овој култ бил прифатен и почитуван и во околината на Прилеп и Битола, за што сведочат неколкуте пронајдени претстави на Диоскури со божица. Култот кон трите богови е посведочен во светилиштето - пештерата Змеовец, с. Дрен (II - I век пр.н.е.)[8].



*Стела со Диоскури и божица, лок Градиште, Пештани*

На еден вотивен натпис од с. Дуње има посвета на Диоскурите. Во неа се спомнува дека тоа е посвета од 232 год. пр.н.е од еден Достонеец, Seuereos Seueroi Dostoneus со неговата мајка Nike Apolloniou[9]. Фрагментираната стела потекнува од локалитетот Градиште, во атарот на соседното село Пештани. Откриена е во 1967 година, се датира во римскиот период и има димензии

[7] Gartrell, A., Caesar's Castor: The Cult of the Dioscuri in Rome from the Mid-Republic to the Early Principate, Volume One: Thesis, St. Edmund Hall, the University of Oxford, 2015, 23.

[8] Соколовска, В., Религија и култови во хеленистичко време на територијата на Република Македонија, Патримониум, 2014, 63-78.

[9] Проева, Н., Прилог кон античката историја на Мариово, Годишен зборник на Филозофскиот факултет Скопје, 1996, 231-240.

50x56x12 см. Оваа стела е со релјефно претставен триаголен фронтон со патера (чинија за либации) во средината која го симболизира актот на комеморација. Во аглите има по една палмета од кои поѓаат гранчиња со по четири ливчиња, а завршуваат со шишарки. Под фронтонот се Диоскурите без облека, со копје во едната рака, додека со другата рака ги држат уздите на коњите. На главата носат пилоси, а под нив се спушта нивната брановидна коса (IG, 191, 302, 310).

Типолошки овој споменик наликува на иконографскиот модел од Демир Капија, со посвета на Макетианос (II век.пр.н.е.)[10], додека на друг споменик, исто така од Демир Капија, има посвета на Артемида Таламос, заштитничка на бракот[11].



*Диоскури и божица,*
*посвета на Макетианос,*
*Демир Капија*



*Диоскури и божица,*
*посвета на Артемида Таламос,*
*Демир Капија*



*Диоскури со божица, црква св. Атанасиј, с. Крушеани*

[10] http://lupa.at/28252
[11] http://lupa.at/28251

На наодот од црквата св. Атанасиј, с. Крушеани во релјефното поле се претставени Диоскурите, а помеѓу нив божица[12]. Сите три фигури се фронтално поставени. Диоскурите се без облека, со развеана хламида, со едната рака ги држат уздите на коњите, а главите и раката со која треба да го држат копјето се оштетени. Божицата помеѓу нив е облечена во химатион. На оваа стелата стои натписот θεοίς Σωτήρσιν - боговите спасители.



*Диоскури со божица, с. Живојно, Пелагонија*

Стелата потекнува од село Живојно со претстава на Диоскури и божица, (денес во музејот во Битола) и е со посвета на Артемида Ефеска[13]. Овој споменик е подигнат во годината 160, во месецот Артемисиј.

Диоскурите во хламиди и пилоси на главите стојат лево и десно од божицата, која е облечена во пеплос[14].

[12] Papazoglu, BCH, 98, 1974, 377; IG, 144-145, 310; Марич, Р., Антички култови у нашој земљи, Београд, 1933, 40.

[13] IG, 6, 9; Марич, Р., Антички култови у нашој земљи, Београд, 1933, 37; Düll, S., Die Götterkulte Nordmakedoniens in römischer Zeit: Eine Kultische und Typologische untersuchung Anhand Epigraphischer, Numismatischer und Archäologischer Denkmäler (Münchener archäologische Studien ed. E. Homann-Wedeking VII), Wilhelm Fink Verlag, Munich, 1977, 308; Проева, Н., Религијата на античките Македонци, Historia Antiqua Macedonica, Kn. 11, Skopje, 2014, 147.

[14] Düll, S., 1977, 113-114.

## *Споменици со претстава на еден од Диоскурите*

Следниот иконографски модел е мотивот кога е претставен само еден од Диоскурите и неговиот коњ. Пронајдените стели меѓу себе типолошки се слични во иконографскиот приказ.



*Диоскурос, с. Тројкрсти, Пелагонија*

Оваа стела потекнува од селото Тројкрсти и е со димензии: 60x40x8 см[15]. Во сочуваниот дел од релјефното поле претставен е еден од Диоскурите во анфас. Десната рака е подигната и свиткана нагоре и со неа држи копје, додека со левата ја држи уздата на коњот, кој е позади коњаникот. На главата носи пилос. Предната лева нога на коњот е поткрената и се потпира на постамент - жртвеник.

Истиот иконографски модел како претходниот, но со пошематизирана ликовна обработка во изведбата е претставен на наодот од село Волково[16]. Во десната рака која е свиткана во лактот и подигната нагоре, Диоскурот го држи копјето, а со левата ја држи уздата на коњот.

Оваа стела потекнува од локалитетот Баблеица, с. Чепигово и е со димензии 30x24x6 см[17]. Сочуван е дел од релјефно поле на кој е претставен еден од Диоскурите и неговиот коњ. И покрај тоа што фрагментот е со мали димензии, забележителна е квалитетната изработка на релјефот. Претставен е еден од Диоскурите во анфас. Десната рака е подигната нагоре, додека со левата ја држи уздата на коњот, кој е во позадина. Диоскурот не носи облека, а на главата носи пилос капа. Под капата паѓаат прамени брановидна коса кои ги покриваат неговите уши.

Диоскурот на оваа претстава стои фронтално, десната рака свиена во подлактицата е крената нагоре, а на главата носи пилос, под која паѓаат прамени брановидна коса на неговите уши[18]. Околу вратот има закопчана хламида, која е префрлена преку левата подлактица и која паѓа покрај неговата лева нога. Коњот е претставен во десно, со предната нога крената нагоре. На релјефот е испишан натпис.

## Споменик со Диоскури од с. Тројкрсти

Следниот споменик со натпис од село Тројкрсти[19] е од особено значење за фунерарната практика во античкиот период. Во горниот дел е оштетен. Во полето со релјеф се прикажани Диоскурите, поставени фронтално. На вратот им е прикачена хламида, а на главата носат пилоси. Лицата им се оштетени. Од лево, јавачот со левата рака ја држи уздата на својот коњ, а во десната држи корнукопија. Предната лева нога на коњот е подигната. До него прикажан е другиот јавач кој со неговата десна рака ја држи уздата на коњот, а во десната рака држи корнукопија.

Натписот е на старогрчки јазик во седум реда и гласи:

[15] Дел од Збирката на епиграфски споменици и камена пластика, НУ Завод и Музеј Прилеп.
[16] http://lupa.at/28317
[17] Дел од Збирката на епиграфски споменици и камена пластика, НУ Завод и Музеј Прилеп.
[18] IG, 21, 37.
[19] Kazarow, G., BCH 47, 1923, 294-295.

ἐλπίδας / εὖ φορέων / Ἀσκληπιὸν / ἰητῆρα θή/κατο τῷδε οἴ/κῳ νούσων / ἀλεξητῆρα

Овој натпис е значаен бидејќи е посветен на Асклепиј, но на релјефното поле е претставена сцената со Диоскури. Во III-IV век н.е., синовите на Асклепиј, Подалириус и Махаон биле споредувани (synkrisis) со уште еден дивинизиран пар браќа, Диоскурите, Кастор и Полукс[20]. Диоскурите се споредуваат со синовите на Асклепиј бидејќи и тие биле смртни, а кои понатаму се здобиле со статус на богови и кои, исто така биле повикувани од луѓето во време на неволји. Освен овој споменик, од истото село Тројкрсти, уште еднаш е посведочен епитетот сотир, каде на вотивна плоча Асклепиј е опишан како лекар и заштитник од болести[21].

**Резиме:**

Се разгледуваат три иконографски модели на сцената Диоскури на мермерни споменици кои потекнуваат од Пелагонија. Првиот иконографски модел е претстава на браќата со божица, вториот е претстава на само еден од нив со неговиот коњ и третиот модел е претстава на двајцата Диоскури. Тие се најомилените гости на празникот Теоксенија, патрони на морнарите, спасители, но, пред сè, придружници на покојните. Ја изразуваат алегоричната намера за херојство, апотеоза, победа на физичката смрт и повторно раѓање.

Вообичаената иконографија на спомениците е композиција со претстава на двајца млади коњаници кои ги водат своите коњи. Во раката држат копје, корнукопија, штит или вексилум и секој носи конична капа (pilos, pileus) и хламида.

Од книжевните извори и материјалната култура ги прикажуваме некои од најистакнатите аспекти на овие епифанични богови, чија улога се менува, од поврзување со победи, до придружба при смртта на важни личности.

**Summary:**

Three iconographic models of Dioscuri scene on marble monuments, originated from Pelagonia has been considered. The first iconograhic model is a representation of the Dioscuri with a goddess, the second is a representation of one of the Dioscuri (Castores) with his horse and the third model is an image of the two Dioscuri with their horses. They are the most beloved guests on the Theoxenia feast, patrons of sailors, saviors, but above all companions of the deceased. They

[20] Edelstein, E.J., Asclepius: Collection and Interpretation of the Testimonies, Volume I, JHU Press, 1998, 15.

[21] Калпаковска, В., Епиграфски сведоштва за жителите на Стибера, НУ Завод и Музеј Битола, Битола, 2004, 65.

express the allegorical intention for heroism, apotheosis, victory over physical death and rebirth.

The usual iconography on monuments is a composition depicting two young horsemen, leading their horses. The hold spear, cornucopia, a shield or vexillum in their hand and each wears a conical hat (pilos, pileus) and chlamys.

From the literary sources and material culture we outline some of the most prominent aspects of these epiphany gods, which role changes, from being connected with victories to companions at the deaths of important figures.

**Литература:**


1. https://www.perseus.tufts.edu/hopper/text?doc=Perseus%3Atext%3A1999.01.0138%3Ahymn%3D33 - Perseus Digital Library
2. http://lupa.at/ - Bilddatenbank zu antiken Steindenkmälern
3. Bidez J., Cumont (Franz), *Recherches sur le Symbolisme funéraire des Romains*. In: *Revue belge de philologie et d'histoire*, tome 22, fasc. 1-2, 1943.
4. Düll, S., Die Götterkulte Nordmakedoniens in römischer Zeit: Eine Kultische und Typologische untersuchung Anhand Epigraphischer, Numismatischer und Archäologischer Denkmäler, Münchener archäologische Studien ed. E. Homann-Wedeking VII, Wilhelm Fink Verlag, Munich, 1977.
5. Edelstein,E.J. Asclepius: Collection and Interpretation if the Testimonies, Volume I, JHU Press, 1998.
6. Gartrell, Am., Caesar's Castor: The Cult of the Dioscuri in Rome from the Mid-Republic to the Early Principate, Volume One: Thesis, St. Edmund Hall, the University of Oxford, 2015.
7. Калпаковска, В., Епиграфски сведоштва за жителите на Стибера, НУ Завод и Музеј Битола, Битола, 2004.
8. Kazarow Gawril I. Inscriptions et antiquités de la Macédoine occidentale (régions de Mariovo et de Prilep), *Bulletin de correspondance hellénique*. Volume 47, 1923.
9. Марич, Антички култови у нашој земљи, Београд, 1933.
10. Papazoglou Fanoula. Inscriptions de Pélagonie, *Bulletin de correspondance hellénique*. Volume 98, livraison 1, 1974.
11. Papazoglu, F., Milena Milin, Marijana Ricl, Inscriptiones Graecae, Volumen X, Pars II, Fasciculus II, Sectio Prima, Berlin, 1999.
12. Проева, Н., Прилог кон историјата на Мариово, Годишен зборник на Философскиот факултет, 1996.
13. Проева, Н., Религијата на античките Македонци, Historia Antiqua Macedonica, Kn. 11, Skopje, 2014.
14. Соколовска, В., Религија и култови во хеленистичко време на територијата на Република Македонија, Патримониум, 2014, 63-78.

15. Verity J. Platt, Double Vision: Epiphanies of the Dioscuri in Classical Antiquity, Archiv für Religionsgeschischte 20.1, 2018.
16. Waites, C., M., The meaning of the "Dokana", American Journal of Archaeology, Vol. 23, No. 1, 1919.

UDK 738.2(497.775)"653" ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ БР.25
UDK 904-033.64(497.775)"653"

**Заревска Паре**[1]

# МОТИВОТ „ДРВО ВО МЕДАЛЈОН" ПРЕТСТАВЕН НА СРЕДНОВЕКОВНИТЕ ГЛАЗИРАНИ САДОВИ ОД МАРКОВИ КУЛИ ПРИЛЕП

## Апстракт

Неколку фрагменти од глазирани садови коишто се откриени при систематските археолошки ископувања на локалитетите на *Маркови Кули* – Прилеп, за првпат се анализирани од формално-типолошки и иконографско-стилски аспект. Врз основа на иконографска типизација на декоративните мотиви што се изведени на внатрешната површина на садовите, како и техниките на декорирање се поставени хронолошки одредници. Уникатноста на декорацијата, не нуди можност за поставување на поблиски аналогии со достапниот, публикуван материјал, ниту оној од нашиве простори ниту оној од просторите на нашево непосредно опкружување. Објавувањето на овој текст, не е само уште една *tessera* во мозаикот на средновековната глазирана керамика од балканските простори, туку е придонес кон поставувањето на релации со околните производствени центри и одредување на насоките на влијание од блиската околина.

## Клучни зборови

Глазирана керамика, среден век, Маркови Кули - Прилеп, вегетабилни орнаменти, сплит палмети, медалјон, отворени садови, зграфито, шамплеве.

Предмет на елаборирање во овој текст се примероци на глазирана керамика од средновековен Прилеп, распространети на *Маркови Кули*. Средновековниот град, својот највисок дострел го достигнува во периодот од втората половина на XIIIв. до средината на XIVв., кога е престојувалиште на царски византиски и српски намесници. Во тој период, на јужното и југоисточно каменесто подножје, се изградени цели комплекси од дворови, со сите потребни објекти за организирање на поудобен живот на феудалните владетели. Потребите на елитата го поттикнуваат и севкупниот развој на занаетчиските гранки, особено на металургијата и керамичкото производство. Овие процеси покрај што се потврдени низ пишаните извори на средновековните аналитичари, се и археолошки потврдени во долгогодишните

[1] м-р Паре Заревска, Завод за заштита на спомениците на културата, ул. Александар Македонски бр. 400, Прилеп; ул. Борис Кидрич бр.46 Прилеп; pare.zareska@gmail.com

систематски ископувања изведувани на Маркови Кули- Прилеп, при што низ стртиграфските слоеви од наведениот период забележан е повисок процент на занаетчиски производи. Меѓу хронолошки осетливите наоди, бројни се примероците на глазирана керамика којашто е издвоена како посебна, хронолошки осетлива категорија на археолошки наоди.

Глазираната керамика е пронаоѓана од времето на антиката, но својата реафирмација ја достигнува во доцниот среден век. Класифицирана е врз основа на формално-типолошка анализа и врз основа на декоративните мотиви изведени на нејзината површина. Анализата на декоративните мотиви, сè уште претставува отворен предизвик, посебно кога нејзин предмет се тешко достапните наоди од нашиве простори, како и наодите кои не се корелираат лесно со публикуваните примероци низ литературата што ни е достапна. Генерално гледано, мотивите поставуваат аналогија со оние од нашето непосредно опкружување, иако директни аналогии конкретно за претставениве примероци сè уште не се поставени.

Сублимирањето на декоративните мотиви, дозволува издвојување на една поголема ***група*** садови декорирани со ***вегетабилни мотиви.*** Фреквентноста на нивно прикажување, најверојатно се должи на љубовта кон природата, којашто се изразува во целокупното ликовно творештво што се датира кон крајот на тринаесеттиот век. Фриволните креативци немаат за цел што пореално да прикажат конкретен растителен вид, но поигрувајќи си со растителните елементи, да создадат допадливи декорации кои ќе ги разубават занаетчиските производи, во конкретниов случај глазираните садови. Тие изобилуваат со претстави на бршленови, лозови и многу други листови коишто имаат широка примена од антички времиња, па преку раното христијанство стигнуваат во византиската и доцновизантиската уметност[2].

Во рамките на ***групата вегетабилни мотиви,*** се издвојува посебна ***подгрупа*** на садови, кај коишто доминира претстава на впечатлив мотив т.н. ***дрво во медалјон***. Тој најчесто се претставува како доминантен елемент на дното на отворените садови, чинии и паници. Една негова **уникатна претстава** прикажана е на слика број 1, каде што декорацијата е изведена со комбинирање на техниката на врежување – *медитеран зграфито* и специфичната техника на боење т.н. *сликање со петна*[3].

Сл.1.

[2]Декоративните мотиви биле предмет на анализа на поголем број еминентни керамолози кои според нивната стилско- ликовна анализа, генерално издвоиле три групи на декоративни мотиви: вегетабилни, анимални и геометриски .. За поопширна анализа на декоративните мотиви, види Михајлоска П., 2003.

[3]Според Морган овие неправилни кругови - флеки се наречени *петна* сп. Цх. Морган, 1942, 66.



Дел од сад со сочувано дно, поставено на на ниска нога.
Студиски материјал при ИСК-Прилеп. Димензии: 10 x 7,5 сцм. Добро прочистен треп, солидно печен бисквит. Глазурата е проѕирна, со висок сјај и квалитетно споена со основата. Околу централно поставен мотив, дрво во медаљон, кружи лента исполнета со стилизиран растителен орнамент. Декорацијата е изведена со врежување и боење.

Оваа претстава е една од ретките реалистични претстави на дрвото. Слободниот простор околу медаљонот е обрабен со лента, поставена под ободот на оваа сферна чинија. Декоративниот елемент што ја исполнува лентата тешко може да се реконструира, но потсетува на поедноставен *раинсо* елемент[4]. Овој ритмичко-динамичен декоративен орнамент, се смета за најубава и најзначајна креација на хеленистичката орнаментика. Многу рано се преминува и во ориенталната орнаментика каде станува основа на арабеската, од каде повторно ќе се врати во европската уметност. Заради неговата фреквентност и допадливост, користен е како декоративен елемент на повеќето занаетчиски производи, заради што го понел епитетот омилен мотив на дванаесеттиот век[5].

Друга, поинаква варијанта на сè уште реалистична претстава на дрво, среќаваме на фрагментот од **слика бр. 2.**

[4]Терминот *раинсоу* низ литературата во која се обработуваат декоративните мотиви на глазираните садови, најчесто не се преведува. Тој подразбира низа од стилизирани растителни гранчиња, кои најчесто исполнуваат лента која што кружи на внатрешната страна од садот, под ободот или околу медаљонот. сп. Морган, Цоринтх, 34, фиг. 22. д, е, ф.
[5] Георгиева С., 1974, 90.

Сл. 2.

а. б.





Дно на висока и прстенеста нога. Димензии: д – 4; h –1.5). Декорација е изведена со врежување и сликање. Глазурата е одлично споена со основата на црепот, којшто е добро прочистен има црвена боја.
(Инв бр. 156 - ИСК – Прилеп.)

Оваа композиција се асоцира со претставите на т.н. *раздвоена палмета*[6], која е дериват на класичните палмети, а најчесто се користи како декоративен елемент на творбите што датираат од почетокот на XII в. Раздвоените палмети до средината на векот се претставувани во поедноставена праволиниска форма[7]. Фрагментираноста на садот не овозможува реконструкција ниту на формата ниту на композицијата. Се приметуваат остри врвови на триаголна декорација која започнува од кругот на медаљонот и се развива по ѕидовите на садот. На овој примерок може да се гледа како на *урнек* според кој декоратерите ги изведувале мотивите на глазираните садови, произведувани во локалните грнчарски работилници чиј репрезент несомнено е и следниов фрагментиран сад прикажан на слика број три.

Сл.3.

а. б.





Дел од сад со дно на прстенеста нога. Димензии: 17 х 8 см. Ангобата е со кремово жолта. Црепот е добро прочистен, со црвена боја. Глазурата е делимично испадната. Инв Бр. 79 (Св. Димитрија, јужна третина од припрата. Студиски материјал при ИСК - Прилеп)

[6] Терминот сплит палмете (раздвоена палмета) е користен од Морган, при описот на декорациите на материјалот од Коринт сп. Цх. Морган, 1942, 34, фиг.23. г. д.
[7] За хронолошкиот развој на мотивот види кај Зареска П., 2006, 321-333.

Овој фрагментиран сад е пронајден како гробен наод во припратата на црквата Св. Димитрија – Варош, Прилеп[8]. Според формално – типолошка анализа можна е реконструкција на обликот на чинијата и нејзино распоредување во групата *чинии*, вид - *сферични*. Според начинот на изведување на орнаментот, во комбинирана техника со врежување, во манир на *медитеран зграфито* и *сликање* со кафеава и зелена боја. Полихромната глазура е транспарентна и е со висок сјај, но во најголем дел е испадната што, најверојатно, се должи на невнимателно приготвената ангоба или непрецизно одредување на моментот на нанесување на глазурата врз премногу сува или премногу водена ангоба што, пак, е уште еден аргумент во прилог на локално производство. Воедначената црвена-ќерамидна боја на бисквитот, како и добро прочистената глина се карактеристики кои потврдуваат локално грнчарско производство на просторите на Маркови Кули -Прилеп.

Околу централниот медалјон кружи слободна зона која е обрабена со кафеава врежана линија околу која повторно кружи слободна зона, овојпат обрабена со двојна врежана кружница обоена во зелено. На кружницата се прилепени триаголни мотиви кои се издигаат по ѕидовите на садот. Триаголниот елемент, не е само обединувачки елемент на овој и на претходно прикажаниот сад на слика број 2, воедно, тој е многу често застапен на бројни фрагменти најдени на Маркови Кули – Прилеп, кои заради нивната атипичност се изоставени.

Досега се потврдени аналогии со мотивите што се претставени на глазираната керамика од Серес[9] и Мелник[10], но тоа не се однесува и на оваа композиција што се издвојува според својата уникатност.

Врз основа на наведениве карактеристики и археолошкиот контекст на наодот, се поставува поширока хронолошка рамка на датирање, и тоа од крајот на дванаесетти до средината на тринаесеттиот век.

Сл. бр.4.

а.



б.



Дел од дно на прстенеста нога. Димензии: d-7, h – 1.7. Фино прочистен цреп. Глазурата и ангобата во најголем дел се испаднати. Декорацијата е изведена во техника на врежување и сликање.
(Инв. Бр.74. ИСК – Прилеп) Св. Атанас Маркови Кули – Прилеп.

[8] Бабиќ Б., МАА 1, 1975, 228-229.
[9] Бајаловиć – Хадžипешиć, 2003, 181, фиг.7.
[10] Нешева В., 1989, 136, сл. 13.

Во истата група чинии, вид сферични се вбројува и фрагментираниот сад претставен на сл. бр.4. Обединувачки елемент е и централно поставениот медаљон, но композициското решение е различно и засега е уникатно, без познати аналаогии. Мотивот во централно поставениот медаљон е изведен во техника шамплеве[11], за разлика од останатата декорација изведена во техника на медитеран зграфито[12] и боење. Околу централно поставениот медаљон, како и кај претходно претставениот фрагмент, кружи слободен појас исполнет со бледожолтеникава боја. Околу, радијално се распоредени кругови кои се изведени во комбинирана техника на врежување и боење. Тие се боени наизменично со зелена и кафеава боја. Во центарот на дното, јасно се видливи убоди од шестар користен при врежувањето, што аналогно се поврзува со истородниот материјал од просторите на соседна Србија[13]. Глазурата е со висок сјај и транспарентност. Како и кај претходниот фрагментиран сад и во овој случај е испадната. Спојувањето на глазурата е во непосредна зависност со составот и дебелината на слојот на нанесената ангоба чија подготовка и момент на нанесување се базира врз искуството на мајсторите[14].

Сл. бр.5.

а. б





Дно поставено на коса профилирана прстенеста нога (d-5; h-2). Многу малку остатоци од бела ангоба. Црвен добро прочистен цреп. Студиски материјал од депото на ИСК – Прилеп.

Фрагментот од слика број 5, на прв поглед е неатрактивно парче во однос на претходно претставените избрани фрагменти, но токму тој отвора повеќе дилеми: имено, глината е фино прочистена со воедначена црвена боја, за разлика од белата ангоба што е нанесена врз површината на садот и во голема мера е испадната. Декорацијата е внимателно изведена со врежување, од поневешта рака на најверојатно локален цртач. Очигледно е дека садот ги

[11] Champlevè е варијанта на техниката на гребење, при што со специјални алатки се отстранува поголем дел од ангобата и се истакнува централниот мотив. Најзастапена е на садовите кои потекнуваат од урбаните средини D. Papanikola 1992, 11.

[12] Еден поразвиен концепт на овој мотив е застапен на една полутопчеста паница најдена на Кале, Скопје, Инв.Бр. 2А-0084 сп. Андреeска В. 2016, сл.19. 100.

[13] Bajalovic, 1981, 80.

[14] За да се постигне компактност и непорозност се нанесува ангоба и тоа е фаза на ангобирање на садовите. Посебно знаење на занаетот било потребно за да се одреди моментот кога глината не е ни многу сува, па нема да голтне голема количина ангоба, но да не е нити премногу водена, па не ќе ја прими ангобата сп. Sajko Ї. 1982, 42.

минал сите фази на декорирање, освен глазирањето кое најверојатно не е изведено. Според тоа овој полупроизвод е уште еден аргумент за локална продукција.

**Резиме**

Врз основа на функционална поделба, прикажаниве фрагменти се вбројуваат во групата *трпезна керамика*, а според нивна формално – типолошка класификација припаѓаат на *отворени* садови, а според иконографска анализа на декоративните мотиви се дел од групата садови декорирани со *вегетабилни мотиви,* подгрупа – *дрво во медаљон*.

***Мотивот дрво во медаљон*** се смета дека потекнува од мотивот *дрво на животот*, но во прикажаниве претстави тој повеќе потсетува на развиена варијанта на тролист, или поедноставена раздвоена палмета, со исклучок на претставата на сл.бр1, каде што крошната на дрвото е изведена со слободна рака, со сигурни потези во манир на медитеран зграфито како неправилен преплет. Оваа раритетна претстава асоцира на декорациите од торевтичките занаетчиски и производи на применета уметност.

Кога станува збор за ***композицискотo решение,*** присутни се повеќе варијации. Сите имаат *хоризонтален зонски распоред*, каде медаљонот е централно поставен на дното на садот и околу него се мултиплицира друг поедноставен геометриски елемент. Во прикажаниве случаи еднаш тоа е ***круг*** (сл.бр. 4), кој радијално е распореден во втората зона, пред да започне проширувањето и извивањето на ѕидовите на садот. Следен геометриски елемент е ***триаголник*** (на сл. бр.3), кој следејќи го обликот на садот се издига по ѕидовите на неговата внатрешна страна. За разлика од од нив, се среќаваат композиции каде ***втората зона е празна,*** *(*сад на сл.3), додека мултиплицираниот триаголник е поместен во третата зона по ѕидовите на садот и последната варијанта каде што медаљонот е обрабен со лентата, (сл.бр.1) сместена под ободот и исполнета со стилизирана декорација. Овие бројни варијанти на композицијата упатуваат на автохтони креации кои се базирани на импортирани примероци.

Декорацијата е изведена во комбинација на техниката на ***медитеран зграфито*** или **шамплеве** и боење.

Претставите на вегетабилните орнаменти, врз површината на глазираните садови немаат за цел што пореално прикажување на конкретен вид, (со исклучок на садот од сл.1), но глорифицирање на византиска љубов кон природата и креативноста на авторите кои подлегнуваат на еклектистичко влијание. Подоцна, кон крајот на средниот век и овие мотиви често се предмет на стилизирање и симплифицирање, а на преминот во турското средновековие тие сосема се деформираат, не ретко и до непрепознатливост.

Претставените фрагменти во овој текст, нивната формално-типолошка, стилско - ликовна анализа и нивниот археолошки контекст, им придаваат карактеристики според кои тие аргументирано одат во прилог на тезата за постоење **локално производство на глазирана керамика** на територијата на средновековен Прилеп. Егзистирањето на локалната грнчарска работилница се потврдува и со in situ регистрираните остатоци од печка и бројните триподи наоколу[15]. Работилницата организирала производство од XIII в., па се до крајот на средниот век. Во локална работилница за глазирана керамика, веројатно работеле декоратери: сликар, цртач кој немал амбиции да изгради свој сопствен стил, но тие луксузни, декорирани глазирани садови да ги направи достапни и за локалното население.

Садовите се карактеризираат со компактен прочистен цреп и воедначена црвена боја што е резултат на искусните грнчари кои ја совладале вештината на добро контролирање на процесот на печење, што не соодветствува со вештината на нанесување на ангоба, специфична само во производството на глазирана керамика.

Веќе е речено дека македонските домашни производи, во најголем дел се работени според примерите на импортираните цариградски, солунски, serески, мелнички и трновски примероци.

**Summary**

The motif of a tree in a medallion in the selected representations is reminiscent of a developed variant of a three folio or it is a simplified split palmette, with the exception of the representation in Fig. 1, where the canopy of the tree is made with a free hand. It is associated with the decorations of the torreutic crafts and some of the applied arts products.

The compositional solution reveals several variations. Common one is a horizontal zone layout, where the medallion is centrally placed at the bottom of the vessel and around it is multiplied another simplified geometric element: **circle** (Fig. No. 4) or **triangle** (Fig. No. 3). The second zone is empty (container in Fig. 3), (Fig. No. 1) or it is moved above the rim. These numerous variants of the composition refer to indigenous creations based on imported specimens.

The presented fragments in this text, their **formal-typological determination**, **stylistic-artistic analysis**, as well as the **archeological context**, are arguments that support the thesis of local production of glazed ceramics on the territory of the medieval city of Prilep, in a pottery workshop, also confirmed by the discovered ceramic furnace and numerous tripods around it. The vessels are characterized by a compact purified crust and a uniform red color as a result of a well-controlled baking process, which does not correspond to the angoba application phase. The workshop organized production in the period from the XIII

[15] Бабиќ Б., 1986, 257.

century till the end of the medieval period. Decorators probably worked in it: a painter and a drower, who had no ambitions to build his own style but to make those luxuriously decorated glazed dishes available to the locals.

It has already been said that the Macedonian domestic products are mostly made according to the examples of the imported Constantinople, Thessaloniki, Serres, Melnik and Trnovo samples.

**Користена литература:**


**Андреeска В.,**
Глазирана керамика од Скопско Кале (XII-XIVв.), Скопје 2016 (магистерски труд) repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/1976URI http://hdl.handle.net/20.500.12188/1976 (21.04.2022);

**Бабиќ Б.**,
1975: Археолшки ископувања во и околу црквата Св. Димитрија во селото Варош кај Прилеп, Macedoniae acta archaeologica, Прилеп 1975;
1986: Материјалната култура на македонските Словени во светлината на археолошките истражувања во Прилеп, 1986;

**Bajalović – Hadžipešić M.**,
1981: Keramika u srednjovekovnoj Srbiji, Beograd 1981;
2003: Ornamentation of medieval Serbian table ware Byzantine heritage, VIIe Congrès International sur la céramique médiévale en Méditerranée. Charalambos BAKIRTZIS Ed. Tessaloniki, 11-16 octobre 1999. Athènes, Ed. de la Caisse des Recettes Archéologiques, 2003;

**Георгиева С**.
1974: Мияатев Кр. Кр. Миятев, Ангелов Д., Георгиева С., Герасимов Т. Царев Град Търнов, том 2,София, 1974;

**Заревска П.**
Вегетабилни мотиви застапени во декорациите на средновековната глазирана керамика од Македонија – избор, Научно списание 2, Универзитет „Св. Климент Охридски“, Битола 2006;

**Михајлоска П**.
2000: Глазираната керамика во Македонија во периодот од XII до XIVвек, 2000 (во ракопис);

**Morgan Ch**.
1942: Corinth, Results of the excavations conducted by the American School of the Classical Studies at Athens, vol.XI, Cambridge, Massachusetts, 1942;

**Нешева В**.
1989: и др., Мелник градот в подножието на Славова крепост, том 1,1989 София;

**Papanikola D.**,

1992: Bakirtzis D., Maguire E.D., Maguire H., 1992: Ceramic art from byzantine Serres, Urbana and Chicago, 1992;

**Ристески Б**.,

2002: Средновековно грнчарство во централните делови од Балканскиот Полуостров, 2002, (во ракопис);

**Saiko Ï**.

1982: Tehnika i tehnologiя keramičeskogo proizvodstva Sredneĭ Azi v istoričeskom razvitĭ, Moskva 1982.

**Мимоза Христоска**[1]

# ЦРКВАТА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА ВО СЕЛО МАЖУЧИШТЕ, ПРИЛЕПСКО

***Апстракт:*** *Со реевиденцијата која се одвиваше во текот на пет години, се разгледуваше важноста на секој верски објект,а со тоа  и на црквата посветена на Пресвета Богородица, во село Мажучиште. Резултатите доведуваат до заклучок дека во црквата се зографисувало во три наврати – првобитниот фрескоживопис се датира кон крајот на XIV век, додека два подоцнежни слоја, се датираат околу средината на XV и кон крајот на XIX век.*

*Во тој долг временски интервал, во декорацијата на црквата учествувале патувачки зографи произлезени од сликарските работилници во Охрид, Линотопи во Костурско и во Крушево.*

***Клучни зборови***: *Црква Пресвета Богородица* во с.*Мажучиште, ѕидно сликарство, иконографија, икони.*

Селото Мажучиште се наоѓа, во средишниот дел на Пелагонискотo Поле, односно на територијата на Општина Прилеп. Селото е рамничарско, на надморска висина од 660 метри. Атарот зафаќа површина од 16,8км2. На оваа површина обработливото земјиште зазема површина од 1.336 ха, а на пасишта отпаѓаат 230 ха. Селото стопанисува со полјоделска работа. По големина е средно населено[2].

Во средновековните извори, селото Мажучиште воопшто не се споменува. Најстариот познат податок го наоѓаме во Опширниот пописен дефтер бр.4 од 1467/68 година[3].

---

[1] Мимоза Христоска, виш кустос историчар на уметност, НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Прилеп, ул. „Александар Македонски", бр. 142, Прилеп, адреса на живеење: ул. „Цена Џинорозот", бр. 26, Прилеп, е-пошта: hristoskamime@yahoo.com

[2] Тоа во 1961 година броело 610 жители, а во 1994 година 362 жители, македонско население.Митко Панов,Енциколопедија на селата во република Македонија,Скопје,1998,186-187.

[3] Од прегледот на даночните обврзници се дознава дека селото ѝ припаѓало на Прилепската нахија и дека со 50 христијански семејства, тројца неженети и една вдовица колку што ги имало тогаш, спаѓало во поголемите населби во овој крај.Како заеднички тимар, селото на спахиите Халил син на Бозгуш и Варка,син на илијас, им носело годишен приход од 6.170 акчиња.(М.Соколоски – А. Стојановски, Опширен пописен дефтер бр.4,57 – 58).



*Сл.1. Поглед на црквата*

На едно мало плато непосредно крај патот, на самиот почеток на селото Мажучиште се наоѓа гробната црква посветена на Пресвета Богородица.

Со првичните прегледи на црквата Пресвета Богородица, било проценето дека настанала во првата половина на XVII век. Низ тематската и иконографската и стилската анализа на ѕидното сликарство, кое претежно е насликано во XIX век, била воочена силна ликовна традиција негувана во средиштето на Охридската архиепископија. Конзерваторско- реставраторски работи на црквата сѐ уште не се изведени , со што отворена е дискусијата за нејзиното вреднување. Постојат и мислења за нејзино порано датирање.

За црквата нема историски извори[4]. Во Турскиот пописен дефтер се наведени три лица како синови на попот, што може е ситен знак дека во Мажучиште тогаш имало црква[5]. Со неколку варијанти на името, селото е повеќе пати споменувано и запишувано и во Трескавечкиот кодик пишуван на хартија од XVIII век, чијашто содржина на првите петнаесет листа се смета за препис на помeник од XVI век[6].

По својата архитектонска концепција, црквата претставува еднокорабна градба со правоаголна основа и веројатно добила припрата во крајот на XIX век. Градена е од делкан камен, варов малтер и малку тула, овој материјал со кој е градена црквата, видлив е на одредени места каде е одроната сегашната фасада. Црквата е покриена со двосливен кров од ќерамиди, а на источниот дел е поставен и зачуван мал дел на еднороден венец од косо поставени тули.Апсидата од надворешната страна е тристрана со по една плитка ниша на бочните страни. Во средниот дел на јужната фасада вдлабени се три слепи ниши кои се дворедни.

---

[4] Единствено се споменува населбата од римско време,потоа бројни архитектонски делови од мермер и плочи со релјефни претстави се евидентирани на „Тумба- сред село"(Археолошка карта на Република Македонија 1967303).Вакви делови се наоѓаат и во дворот на црквата.

[5] М.Соколоски – А. Стојановски, Опширен пописен дефтер,1988,106 – во тогашниот тимар на Мохмед свештеници биле Петри, Волче,Станиша и Димитри.

[6] За датирањето на ракописот што се наоѓа во Русија, в. Угринова-Скаловска 1981: 190–191; Николовска 1981: 219–220



*сл.2 Внатрешен изглед на црквата*



*сл.3 Фрескоживопис олтар*

Влезот во црквата е од северната страна на припратата. Олтарната апсида од внатрешната страна на црквата, како и проскомидијата се вовлечени во внатрешноста на ѕидот. Чесната трпеза е составена од бел мермерен блок, положен хоризонтално, поставен врз постамент од бигорен камен. За богослужбени потреби, вдлабени се ниши во северниот ѕид на олтарскиот простор и јужно во наосот. Олтарниот простор е одделен од наосот со дрвен иконостас од 19 век. Светлината во наосот продира низ еден мал прозорски отвор поставен на јужниот ѕид. Подот во целиот објект е цементиран[7].

Од друга страна, иако проектирањето на внатрешниот свод врз подолжните фасади е во духот на византиската практика, формата со која тоа е изведено во Мажучиште е својствена за османлискиот период. Сличности наоѓаме меѓу цркви кои биле изградени или обновени во XV, XVI и XVII век – во Македонија[8], југозападна Бугарија[9], југоисточна Србија[10] и во Косово[11]. Фрескоживописот во црквата е некомплетно зачуван, пред сè, поради доградбата на припратата со што се срушил западниот влез од старата црква и варосаните долни партии со бела боја.

Во црквата постојат сликани партии што се зачувани во изворен облик и иконографски поединости што на многу места се видливи под слоевите боја, нанесени отпосле, така што е можно да се одредат сликарски фази. Тематската содржина во црквата се состои од следниве претстави:

[7] Викторија Поповска – Коробар,Патримониум.МК,година13,број 18,488.
[8] Св. Богородица Пречиста во Прилеп, веројатно од крајот на XIV век, обновена во 1420/21 г., в. Суботиќ 1980: 48–49; Св. Петка во с. Побужје, со датација на пораните фази во XIV и XV век, в. Расолкоска-Николовска 1983: 33–55; Св. Богородица во с. Костинци, изградена околу1628/29, в. Топузова, Митревски 1988: 93, сл. 2.
[9] На пример, манастирската црква во Мисловштица, градена во раниот XV век, в. Суботић 2013: 822–823, сл. 4 и 7; за споменици од XVI и XVII век, в. Минчева, Ангелов 2007: 22 (црквата на Билински манастир), 28 (Св. Архангел Михаил, с. Горановци).
[10] Споменици од првата половина на XVII век, в. Ракоција 2013, 79 .
[11] Суботић 2012, 15–21.

- во темето на сводот, во три одделни полиња движејќи се од исток кон запад се насликани: *Вознесение Христово, Старецот на деновите со персонификации на евангелистите и Христос Седржителот со Приготвениот престол*;
-странично во сводот се дваесет и шест бисти на старозаветни личности во медалјони;
-во горниот дел на олтарската апсида е *Богородица со Христос* и *архангелите Гаврил и Михаил*, додека *Службата на архијереите* го опфаќа долниот апсидален дел и најниската зона на страничните ѕидови во олтарскиот простор;
-проскомидиската ниша ја исполнува допојасна претстава на Христос во путир[12];
-во најгорната зона на источниот, јужниот и северниот ѕид се композиции од циклусот на *Големите празници (Благовештение, Раѓање Христово, Сретение, Крштевање, Воскресение на Лазар, Влегување во Ерусалим, Распетие, Мироносици на Христовиот гроб, Слегување во ад и Вознесение)*;

Под нив на страничните ѕидови се распоредени сцени од циклусот *Страдања (Тајна вечера, Миење на нозете, Молитва во Гетсиманија, Предавството на Јуда, Трикратното одрекување на Петар, Христос пред Ана и Кајафа и Пилат ги мие рацете15, Исмејување на Христос, Пат на Голгота, Качување на крстот, Симнување од крстот, Оплакување, Положување во гроб);*
-на јужниот ѕид во наосот се претставени допојасно, единаесет светители сместени наизменично во квадратни и кружни полиња[13].



*Сл.2 Внатрешен изглед на црквата*



*сл.3 Фрескоживопис олтар*

Првиот впечаток што го имаш кога ја гледаш сликарската продукција ги согледуваш карактеристиките на ансамблот од крајот на XIV до крајот на XV век, во Охрид и пошироката околина.

[12] Никола Митревски, Студии за Живописот од западна Македонија 15 – 18 век.2009,140.
[13] Исто,150–152, 174 (цртежи со распоред на фреските).

Наизменичната употреба на обликот квадрат – круг за полињата со светители во средишната зона во наосот[14], се среќаваат најмногу во црквите во Охридскиот Регион.

Се бележат нееднакви форми на композиции, натписите на сцените се пишувани со бела боја на црковногрчки јазик и зачувани на темната заднина, најчесто биле „освежувани" подоцна. При натсликувањето во XIX век, натписите се испишани на црковнословенски јазик.

Следејќи го развијниот пат на фрескоживописот во црквата се откриени повеќе фази на исликување, и тоа најстариот сликан слој потекнува од XIV век, а во текот на XV век живописот бил обновен. Но, не е исклучено, одредени ретуши на ѕидните слики да се правеле и во меѓувремето до XIX век, при некои други промени во внатрешноста на црквата. Показател е тоа што на денешниот висок иконостас се вклопени и елементи од постара олтарска преграда, којашто според стилот на зачуваните икони тука била поставена во XVII век[15].

Во 2001 г. била отворена една поголема контролна сонда во долниот јужен дел од апсидата[16]. Фреската со претстава на архијереј била исчукана со намера за повторно сликање, но не е видливо дали воопшто дошло до тоа. Најстариот сликан слој е зачуван и во апсидалната школка со композицијата на *Богородица со Христос* помеѓу *архангелите Гаврил* и *Михаил.* На овие фрески им е заедничка двобојната заднина, темносина и згаснато сино-зелена.

На страничните ѕидови, изборот и поставеноста на сликаните архијереи не биле исти со првобитната програмска замисла за приказ на Службата. На тоа упатува состојбата со четирите фигури од XIX век, кои се свртени кон исток со отворени свитоци и кадилници. Претставата на Богородица е поставена нешто пониско во однос на апсидалниот лак.

Од стилско-ликовен аспект, одбележуваме неколку одлики на живописот во апсидата, како претставата на Светата литургија која изгледа монументално, особено според контурите[17]. Површината е избоена со окер, мек цртеж, хармоничен расветлен колорит без нагласен контраст на светло и сенка, и со умешно доловување на материјалот.

Се претпоставува дека во Мажучиште првпат било сликано кон крајот на XIV век, од мајстори чија работа е сродна со стилот на живописот во охридските цркви. Нема директни совпаѓања во некој од познатите споменици, но ликовните сфаќања им се блиски.

Кон средината на XV век, направено е директно натсликување на фрескоживописот, а според стилот на иконографисувањето видливи се знаци дека самите зографи се млади.

---

[14] Г.Суботич,1980,181-186.
[15] Викторија Поповска – Коробар,Патримониум.МК,година13,број 18,480.
[16] Сондата ја отвориле од Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Прилеп, во септември 2001-та, при подготвка на техничка документација за конзерваторски проект што не е реализиран од финансиски причини.
[17]Види: Викторија Поповска – Коробар,Патримониум.МК,година13,број 18,484.

Среќна околност е отпаѓањето на суво и тенко на нанесениот слој боја, и уште сега може да се воочи што било прекриено. Со претставите на Божјите ипостаси во одделни медалјони во темето на мажучишкиот свод, симболично се прикажува *Небесното царство* и тринитарната догма со алузија на *Второто Христово доаѓање.* Тематската целина е концепциски сродна со групата специфични во ѕидното сликарството во Охрид[18].

Колку што ни е познато, решението на композицијата во Мажучиште е осамено, но за претставите поединечно наоѓаме иконографски сличности со други цркви низ Македонија[19].

На исток е *Христос од Вознесението* кој во слава седи на божилак и благословува со обете раце. Го вознесуваат четири ангели во хитон и химатион, со раширени крилја и боси нозе.

Во најниската зона на западниот ѕид се насликани композициите *Страшниот суд и Успение на Пресвета Богородица*, над него во третата зона претставени се сцени од *Животот на Христос.* Во најниската зона на апсидата сместена е композицијата *Литургиска служба* на светите отци со *св.Василиј Велики, св.Јован Златоуст и Св.Григориј Богослов*, а над нив е насликан допојасниот фронтален лик на Богородица. Во темето на сводот се насликани *Света Тројца, Исус Христос Сдржател и Богородица Ширшаја од небесета.*

Од раниот период на црквата потекнува и фрескодекорацијата, митската птица, симбол на царска власт и на Христос.

Сликаниот орнамент на ѕидовите во црквата е застапен на три места, се нижат ромбови составени од зелено-црвени цик-цак ленти, внатре се зачувани бели точки, а триаголните полиња наоколу се исполнети со окер ластари. Оваа варијанта произлегува од типот орнаменти за кои се утврдило дека се јавуваат кон крајот на XIII век и може да се следи до XV век[20]. Нишата во проскомидијата е надвишена со растителни орнаменти.

Хронолошката припадност на вториот сликан слој во Мажучиште, околу средината на XV век, е детерминирана од стилските карактеристики на анонимните мајстори, сега парцијално согледливи заради подоцнежните ликовни „упади“. Изгледа дека работеле двајца зографи без стриктна поделба по зони, туку и во иста композиција може да се препознае нивниот заеднички удел. Не се разликуваат многу во постапките, но сепак, едниот е посуптилен и повеќе сликарски ги моделира фигурите со питом изглед.

[18] Види: Викторија Поповска – Коробар,Патримониум.МК,година13,број 18,485.

[19] Н.Митееска,Фрескоживописот во Пелагонија,2009,111.

[20] Викторија Поповска – Коробар,Патримониум.МК,година13,број 18,496.



*сл.6 Изглед на иконостасот и две икони со претстави на Богородица со Исус и Света Недела*

Иконописот (XVII и XIX век) е поставен на ѕидовите во наосот и на иконостасот, бил евидентиран во 1970-тите години[21]. Наосот од олтарот го дели масивниот трикатен иконостас кој нема пластична обработка на дрвото на кој се поставении икони сликани во различни периоди, а најбројни се од XIX век. Стилски одлики се заеднички за многубројни икони во Прилепско и Демирхисарско, датирани во периодот помеѓу втората и четвртата деценија на XVII век. Во историско- уметничките истражувања тие се поврзуваат со творештвото на зографите од селото Линотопи.

За иконостасот не се знае што се случувало во XIX век, Царските двери се насликани со претстава на Благовештението, пророците Давид и Соломон и се претпоставува дека се изработени од непознат анонимен мајстор. На Царските двери е поставен натпис на јужното крило.



*сл.7 Царски двери*



*сл.8 Дел од иконистасот со предтсвата на Деисиз*

[21] Евидентирани икони во СР Македонија, Републички завод за заштита на спомениците на културата – Скопје, Скопје 1987, рег. бр. 16.557 – 16.570.

Се издвојува иконата со претстава на *Христос во путир* од 1872 г., веројатно ја сликал Адамче Најдов од Прилеп, а негово дело би била и *Богородичината икона* со дарителски натпис: Подарѧва Гро/зда Петкова/ ѿт село Мажои/чища 1894, 11 која е закачена на северниот ѕид. Уште две икони стојат на ѕидот, обете со ликот на *св. Недела*, од кои едната е потпишана од Јован Атанасов: Іωаннъ Аθанасовъ / живописецъ 1879, додека другата, не е датирана, му ја припишуваме на зографот Никола Михајлов од Крушево[22]. Сликарството на веќе споменатите зографи кои работат во црквата во с. Мажучиште, работат и во градот Прилеп.

Од движно културно наследство по намена евидентирани се вкупно 19 икони кои се прогласени за споменик на културата. Од овој опус на движно културно наследство се издвојуваат иконите кои се најстари поставени во црквата, а тоа е XVII век, па имаме од XVIII век, а останатите се од XIX .
Од сите овие икони се издвојуваат иконите кои ги работи зограф Јован Атанасов Прилепчанин[23], кој во оваа црква изработил три икони со претстави на *Света Недела*, *Богородица со Исус* и *Света Недела.*

**Резиме:**

Иконографските и тематските прегледи на црквата Пресвета Богородица во село Мажучиште, главно, се сликани по карактеристики на своето време.Карактеристични се за сликарството на XIV и XV век.

Во оваа црква, фреските досега не биле предмет на истражување, но треба да се земе во предвид на последната фаза која е насликана во 19 век и на која е извршено ретуширање со што бојата е видоизменета. Но, тука е фактот дека ниту една фигура на најниската зона на наосот и во олтарната апсида не е зачувана. Но, и покрај намалените можности во целина да се согледа целата сликарска постапка овде ни се претставени маните на сликарството на еден иконописец кој има голема вештина во цртањето, како и неговата висока сликарска култура.

За дефинирање на фрескоживописот во црквата во село Мажучиште, од посебна важност е активноста на сликарската работилница во селото Линотопи во близина на Костур,чија активност се следи во втората половина на XVIвек па се до шеесетите година н XVII век.Според достапноста на пишаните натписи кои се на грчки јазик, се доаѓа до фактот дека фреските водат потекло од првата половина на XVII век.Не е исклучена и можноста дека фреските се работени од локален мајстор.

Драстичните промени кои се направени во црквата во XIX век кога западниот ѕид е срушен, сè со цел да се прошири црквата. Со текот на

[22] Н.Митревски,Црквата Света Богородица во селото Мажучиште и нејзиното место во доцновизантиската уметност во Македонија,Balcanoslavica,28-29,2001,136.
[23] Јован Зограф е роден во 1846 година, во Прилеп, каде што и починал во 1908 година. Вистинското име му е Јован Атанасов Будимовски. Занаетот го учел кај својот зет од сестра, Адамче Зограф, со кого работел цели 17 години, прво како негов ученик, а подоцна како ортак.

времето, во црквата се поставени икони од различни периоди.Најстарата е од 1892 година.

Потребни се архитектонски и археолошки испитувања кои би придонесле за расветлување на постоењето на оваа црква, од нејзиното градење до денес. Исто така, потребна е конзерваторска анализа на фреските и иконите кои би ни доставиле потребни анализи и информации за, воопшто, целиот материјал на движен и недвижен.

**Summary**

The iconographic and thematic examinations of the church of the Most Holy Mother of God in the village of Mazuciste are mainly painted according to the characteristics of their time. They are characteristic for the painting of the 14th and 15th century.

In this church the frescoes have not been the subject of research so far, but we should take into account the last phase which was painted in the 19th century and which has been retouched so that the color is changed. But here is the fact that not a single figure in the lowest zone of the nave and in the altar apse is preserved. But despite the reduced possibilities to see the whole painting process as a whole, here we are presented with the flaws of the painting of an icon painter who has great skill in drawing as well as his high painting culture.

For defining the fresco painting in the church in the village of Mazukishte, the activity of the painting workshop in the village of Linotopi near Kostur is of special importance, whose activity is followed in the second half of the 16th century until the sixties of the 17th century. In Greek, the fact that the frescoes date back to the first half of the 17th century is not excluded. The possibility that the frescoes were made by a local master is not excluded.

The drastic changes that were made to the church in the 19th century when the west wall was torn down were all in order to expand the church. Over time, icons from different periods have been placed in the church. The oldest is from 1892.

Architectural and archeological researches are needed that would contribute to the elucidation of the existence of this church from its construction until today.

**Библиографија:**


1. Никола Митревски,2009, Студии за живописот од западна Македонија 15 – 18 век, Скопје.
2. Никола Митрвски, 2009, Фрескоживописот во Македонија, Скопје.
3. Никола Митревски, Црквата Света Богородица во селото Мажучиште и нејзиното место во доцновизантискатa уметност во Македонија, Balcanoslavica 28-29,2001, Прилеп.
4. Викторија Поповска-Коробар, Сликарските индиции за хронологијата на црквата во Мажучиште кај Прилеп(крај на 14- крај на 19 век), Patrimonium,MK, година 13, број 18/2020.
5. Прилеп и прилепско низ историјата,книга прва, 1971,Прилеп.
6. Информатор за манастирите во пелагониско – преспанскиот регион, 1993, МПЦ.
7. Антоние Николоски, Студии за доцновизантискиот и периодот на преродбата (19 век) во уметноста во Македонија,2010,Скопје.
8. Митко Панов,Енциколопедија на селата во Република Македонија,Скопје,1998.
9. М.Соколоски – А. Стојановски, Опширен пописен дефтер бр.4,57 – 58).
10. Евидентирани икони во СР Македонија, Републички завод за заштита на споменицитe на културата – Скопје, Скопје 1987, рег. бр. 16.557 – 16.570.

**Владо Ѓорески**[1]

# ИСТОРИЈА НА БИТОЛСКОТО СОВРЕМЕНО СЛИКАРСТВО – ТРЕТ ДЕЛ ИСТОРИСКА ГЕНЕЗА - СТРАНСКИ АВТОРИ ВО БИТОЛА И ДЕЛА ОД СТРАНСКИ АВТОРИ СО МОТИВИ ПОВРЗАНИ СО ОВОЈ КУЛТУРНО - ТВОРЕЧКИ ПРОСТОР – ПРВ ДЕЛ

**Апстракт**: Историјата на поновото европско сликарство во Битола и за Битола започнува од средината на XVI век. Тоа е период кога истакнати ликовни уметници доаѓаат во оваа значајна средина, носејќи ја најпрво идејата за високата ренесанса и оставајќи дела со врвни уметнички дострели и визуелна документираност кои најчесто се чуваат во најистакнатите музејски, библиотечни и галериски институции во Париз, Венеција, Берлин.

Оваа тенденција не била само кратка епизода, напротив до крајот на 19 век, постојано во градот доаѓаат истакнати уметници кои, не само во ренесансен стил, ќе работат и во маниристички, класицистички, романтичарски, реалистички стилски определби со што Битола, најдиректно ја вклучуваат во уметничките, мисловните, стилски еволутивни процеси кои се адекватни со европските ликовни процеси. Конечно оваа петвековна историска ликовна присутност е доказ дека појавувањето на современата ликовна уметност во Македонија, кон крајот на XIX век, е логичен проslед на сè она што се случувало и творечки акумулирало во ова по многу нешта единствено градско балканско милје.

Со освојувањето на Балканот, Отоманската Империја, наметнува еден сосема друг однос кон сликарството и ликовната уметност, воопшто.

Овие простори, познати по своите ремек дела особено во фреско-живописот и иконопиството кои се дел од цивилизацискиот светски творечки контекст, сега се во крајно лимитирана и репресивна творечка „цензура“ со забрана на сликање човечки фигури и, воопшто, севкупна иконографска „реалистичка“ и филозофска универзација во ликовното изразување.

Отоманската Империја дозволува само украсно, нефигурално, декоративно и симболично претставување на светот. Тоа придонесло за оформување на своевиден стереотип особено во Западна Европа, според кој во овие простори повеќе од пет векови немало можност да се создадат услови за развој на современите текови во ликовната уметност.

Битола како еден од важните центри на Отоманската Империја, особено го привлекувала вниманието на истражувачи, патеписци, проучувачи, дипломати, трговци, уметници од западноевропската провиниенција. И самите тие во текот на петвековното отоманско опстојување на овие простори, всушност, се доказ за контрадикторноста во толкувањето на

1

визуелните содржини кои се дел од генезата на естетиката и творештвото како дел од современиот ликовен израз, особено во овој град.

Континуитетот на развојот на ликовниот израз, особено во овој град никогаш не престанал, без оглед на се.

Битола е дел од европскиот цивилизациски екстракт, особено во паралелите што ги воспоставила со ликовните движења од низа европски центри, без оглед на основните постулати наметнати од отоманските позиции во однос на оваа проблематика.

Оттаму, можеби, може да се следи севкупната дијалектика на творечките траги кои се суштината и своевидната визуелна фактографија која докажува и покажува дека сепак овој град во своевидната вековна творечка вертикала, сѐ повеќе се наметнува како суштинскиот центар и основа од кој се развива и современото ликовно творештво во Македонија, во европски контекст, без никаква задршка или дилеми.




*Benedetto Bordone, [Arcipelago], Libro di Benedetto Bordone… de tutte l'Isole del Mondo (Venice, 1528). Woodcut.-Со јасно обележена и именувана територијата на Македонија 1528*

Веќе во 16 век, во Битола доаѓа ликовниот уметник Чезаре Вечелио од Венеција, близок роднина на Тицијан ( Александар Стерјевски – „Реката Драгор", стр.176, Битола 2008 год.).

Чезаре Вечелио италијански Cesare Vecellio (c. 1521 – c. 1601, Венеција) – создал низа бакрописи кои покрај прецизноста на ренесансниот цртеж се меѓу најстарите визуелни уметнички документи за Битола во османлискиот период.

Припадник на семејството Вечелио, тој бил син на Еторе, братучед на многу попознатиот Тицијан. Негово најпознато дело е портретот на Сан Себастиано во катедралата Белуно, додека во Палацо дела Магнифика Comunità di Cadore ја создал Посветата на Кадоре во Венеција. Познат е и по фреските на таванот на црквата Св.Лентијаи, како и олтарниот дел што ја прикажува Тајната вечера, сместен во парохиската црква Пиве ди Кадоре. Други негови дела се наоѓаат во црквите во Валесела, Падола, Тарзо, Таи ди Кадоре, Зопе ди Кадоре и Виго ди Кадоре. Објавил студии за историјата на

облеката, со описи и цртежи- De gli habiti за античките и модерните, од различни делови на светот и трите книги со везови со наслов Круна на благородните.

Во Битола престојувал во 1588, создавајќи серија на гравури со мотиви од костими, костимографирани фигурални претстави и специфични арабески, инспирирани од везови, како и декоративни елементи од црковните растителни и вегетациски фрескостилизации, меѓу нив се истакнува бакрорезот со асоцијација на двоглави орли и диптихална композиција карактеристична за иконостасите, како сè уште силно присутна меморија за византиската цивилизација (Margaret F. Rosenthal and Ann Rosalind Jones, 'Cesare Vecellio's 'Habiti Antichi et Moderni': the Clothing of the Renaissance World, Europe, Asia, Africa, The Americas', London, 2008.).



*Чезаре Вечелио – Фрагмент од бакропис, 1588*



*Corona delle Nobili et Virtuose Donne Libro I-IV, page 41*

Од исклучително значење како документ се и неговите гравури, за првпат објавени сега во Зборникот на НУ Завод и музеј Битола.

Ова не се само гравури од Македонија туку севкупниот материјал е проследен со текст во кој се зборува за облекувањето во Македонија и за Македонија, воопшто, од 1588 година:


408

NOBILE DONZELLA MACEDONICA.

L'Habito delle donzelle di Macedonia partecipa di molti habiti di diverse nationi. Usano però di portar sopra del capo un' acconciatura fatta à modo di scattola di legni sottili et leggieri, coperta di teletta d' oro, con assai gioie belle compartita, la quale nella sommità termina à guisa di corona; dalla parte di dietro ha un velo di seta vergato, del quale un capo cade solamente, et il resto è stretto da un cerchio d' oro massiccio tutto gioiellato, il quale cade dietro alle spalle con alcune treccie di capelli, le quali scendono una per tempia vicino all' orecchie. Hanno il collo et il petto ornato di bellissimi et varij ornamenti. I loro visi sono vaghi et leggiadri, sopra de' quali portano un velo vergato sottile et ricco, il quale scende fino alla cintura. Le sottane sono di raso con il busto alto, sopra le quali ne portano altre, di ormesino bianco, lunghe et aperte fino à mezza gamba, et si cingono con un bellissimo velo di seta.

JEUNE FILLE NOBLE DE MACÉDOINE.

Le costume des jeunes filles de Macédoine emprunte quelque chose à celui de diverses nations. Leur coiffure, en forme de panier, de morceaux de bois minces et légers, est couverte d'une toile d'or ornée de pierres précieuses, et se termine à l'extrémité comme une couronne; la partie de derrière est entourée d'un voile de soie vergé dont il ne pend qu'un bout, tandis que le reste, serré par un cercle d'or massif, enrichi de pierres fines, s'allonge sur les épaules avec les tresses des cheveux qui descendent autour des oreilles. Le cou et la poitrine laissent voir des ornements rares et divers. Un voile vergé, fin et riche, qui tombe à la ceinture, couvre leur visage beau et gracieux. Sur la robe de satin, à corsage haut, elles mettent un vêtement de moire blanche, long et ouvert jusqu'à mijambe. Elles portent une magnifique écharpe de soie.

*Чезаре Вечелио – Македонска достоинственица*

VECELLIO, Cesare - Nobile donzella Macedonica. VECELLIO, Cesare. Costumes anciens et modernes Habiti antichi et moderni di tutto il Mondo di Cesare Vecellio précédés d'un essai sur la gravure sur bois par M. Amb. Firmin Didot, Paris, Firmin Didot Frères Fils & Cie, M.DCCC.LIX [=1859-60].


409

MATRONA MACEDONICA.

Le donne maritate di Macedonia costumano una sessa in capo, à modo di dulipante, overo d' altra cosa vergata, et sopra di essa portano un velo sottile, che loro copre la fronte, et, scendendo per le tempie, fascia loro la gola fino al mento. Hanno una veste senza busto, in forma di camicia, con le maniche larghe. Vanno vestite di varij colori. La veste loro di sopra è di panno fino, turchino ò d' altro colore, et molte di loro la portano negra. Vivono alla turchesca, et portano in piedi alcuna sorte di zoccoli di legno, miniati ò dipinti con oro macinato. Portano qualche ornamento di oro, et usano lisciarsi et farsi belle.

MATRONE DE MACÉDOINE.

Les femmes mariées de Macédoine ont une coiffure de toile ou d'autre étoffe rayée, en forme de turban, sous laquelle elles mettent un voile fin qui leur couvre le front, descend sur les tempes et passe sous le menton. Le vêtement, sans corsage, en forme de chemise, a les manches larges. Elles s'habillent d'étoffe de couleurs variées. Le vêtement de dessus est de drap, bleu ou d'autre couleur, et souvent noir. Elles vivent à la manière turque, portent des socques dorés et quelques ornements d'or, se fardent et cherchent à relever leurs attraits.

*Чезаре Вечелио – Македонска матрона, VECELLIO, Cesare - Matrona Macedonica*




*Чезаре Вечелио – Македонска матрона, VECELLIO, Cesare - Matrona Macedonica*




*Чезаре Вечелио – Православен свештеник - VECELLIO, Cesare- Monaco ortodosso*

Чезаре Вечелио братучедот на сликарот Тицијан, кого го придружувал на неговото патување во Аугсбург, во 1548 година. Чезаре, веројатно работел како асистент на големиот ренесансен сликар и бил свесен дека многу од неговите дела му се припишуваат на Тицијан. Во миланската Пинакотека има бројни гравури од од Чезаре Вечелио. Вечелио ја објавил и „Corona delle nobili e donne virtuose“ (1591).Вечелио се прославил со „Habiti antichi et moderni...“, која за првпат била објавена во 1590 година и повторно во 1598 година, со дополнителен материјал. Делото прикажува околу шестотини машки и женски носии, главно од Европа, но и од Азија и Африка.

Овој истакнат ренесансен сликар не е значаен само со својата уметничка визуелна фактографија туку и со неговиот суштински приказ за животот во Македонија во 16 век, односно Битола. Пред сѐ, важно е да се спомене дека и по облеклото и по начинот на прикажувањето на ликовите – овде сѐ уште е присутно европското цивилизациско пулсирање – жените претставени како матрони и благороднички, во визурата на своите костими

носат де факто византиски елементи, а не ориентални додека православниот монах покрај својата одежда во рацете држи книга .Сепак, според овие прикази, не се работи за темен вилает, туку средина со длабоки културолошки и цивилизациски елементи.

Овие ликовни  арте факти зборуваат не само како Западот во тој период ја гледа Македонија туку и каква е всушност Македонија во тој период ( не само како темен вилает –од денешен аспект).

Всушност, овие документи на некој начин зборуваат дека ренесансата со источни елементи, во Битола е веќе присутна во XVI  век, како еден од значајните сегменти во генезата на современата ликовна уметност на Битола.

Нешто малку подоцна, во Битола престојувал и цртачот  и патописец Никола де Николај (роден  1517 година во Ла Грав, починал на 25 јуни 1583 година во Соасон) бил француски војник и географ, сликар кој станал географ на кралот Хенри II. Тој патувал низ Западна Европа (Германија, Данска, Англија, Шведска, Италија, Шпанија, Грција, и Турција - Руменлија). Служел во армиите на речиси сите земји што ги посетил. Во 1551 година, по наредба на кралот, како дел од амбасадата на Габриел д'Арамон, отишол во Турција, во дворот на Сулејман Величествениот. Неговата официјална задача била да создаде серија цртежи за земјата.( Николе, Никола // Энциклопедический словарь Брокгауза и Ефрона : в 86 т. (82 т. и 4 доп.СПб., 1890—1907).

Шеесетте цртежи на кои се прикажани ориентални носии (најверојатно направени од самиот Николај) останувaат непроценлив извор на информации за луѓето во Отоманската Империја од шеснаесеттиот век. Првото издание, со гравури од Луј Данет, било отпечатено во Лион, во 1568 година. Следувале голем број препечатени и преводи на други европски јазици, до XVII век. Цртежите на Николај биле копирани точно или со варијации и широко циркулирале во текот на шеснаесеттиот и седумнаесеттиот век и до крајот на осумнаесеттиот век. Италијанското издание од 1580 година, верно ги репродуцира цртежите и гравурите од првото издание од 1568 година.




*Николај Николас де – Македонска дона – госпоѓа - Nicolay Nicolas De - Donna di Macedonia (Monastir) 1580*




*Николај Николас де – Совршена жена - Nicolay Nicolas De – Femme Perfienne — од патувањата низ Турција  (Манастир – Битола) 1580*




*Nicolay Nicolas De – Femme Perfienne – Големата Дама – од патувањата низ Турција  (Манастир – Битола) 1580*



*Nicolay Nicolas De- Villager, Селанец, гајдаџија, од патувањата низ Турција  (Манастир – Битола) 1580*

Делата на Николај Николас де, особено реализирани во Битола се уште еден доказ не за случајното присуство, туку за присуството на ренесансата особено во Битола со континуитет и активности кои се својствени за центри со европска културна провиниенција и овие сликарски документи дека ренесансата со источни елементи, во Битола е веќе присутна во XVI век, како еден од значајните сегменти во генезата на современата ликовна уметност на Битола.

Како потврда за континуитетот и систематичноста се и делата на Жан-Жак Боазар реализирани, исто така на ова подрачје.

Жан-Жак Боазар (1528 – 30 октомври 1602) бил антиквар и неолатински поет и сликар. Роден бил во Безансон и се школувал во Лувен; но тајно ја напуштил тамошната семинарија и отпатувал низ Италија, каде што останал неколку години. Неговото време во Италија му дало вкус за антиквитети и формирал збирка артефакти од Рим и неговата околина. Потоа ја посетил Отоманската Империја. Автор на бројни текстови и цртежи за бројни илустрирани книги, издадени во 1581-1601 година.( Chisholm, Hugh, ed. (1911). "Boissard, Jean Jacques"... Michael Thimann: Erinnerung an das Fremde. Jean-Jacques Boissards Trachtenbuch für Johann Jacob Fugger. In: Marburger Jahrbuch für Kunstwissenschaft. Band 32, 2005, S. 117–148.)



*Boissard, Jean Jacques – Habitus variarum orbis gentium Habitz - Faemina Macedonica,*

Три жени со традиционална носија, видени во целосна должина; на крајната лева страна млада Македонка облечена во висока и широка наметка од руменлиската област – Манастир-Битола, во центарот благородна жена од Александрија облечена во наметка на главата и извезена туника, на крајната десница жена со турбан од Македонија 1581 година.




*Македонка облечена во висока и широка наметка од руменлиската област – Манастир-Битола*

Континуитетот на стилската присутност од светската историја на уметноста, најпрво реализирана преку високата ренесанса, во Битола продолжува и со маниризмот и раниот класицизам изразен преку делата исто така реализирани тука, во Македонија на Шарл Фериол, односно неговиот колекцинерски албум со сцени од Отоманската Империја и нејзиниот секојдневен живот и доста истакнато и важно - сликарскиот опус на Ван Мур Жан Баптиста, VAN MOUR, Jean Baptiste којшто често бил во придружба на дипломатот Фериол.

Шарл де Фериол - Charles de Ferriol (1652–1722) бил француски амбасадор испратен од Луј XIV во Отоманската Империја, од 1692 до 1711 година, за време на владеењето на султанот Ахмед III.

Неговите албуми се богата сликарска реализација создавана во манирстички стил која често во своите мотиви ја има Руменлија. Албумот е едно од најважните дела на епохата и во однос на модата и на другите аспекти од секојдневниот живот во Левант. Создаден е како дел од напорите на Западот да го разбере Ориентот и нуди важни индиции за начинот на кој Европејците ја перципирале Отоманската Империја на почетокот на 18 век. Во бројните листови, претставени се ликови од Отоманскиот свет, дами и млади девојки, благородници, војници, турски трговци и разни други народи во рамките на Империјата (Македонци, Грци, Албанци, Унгарци, Романци, , Бугари, Татари, Ерменци, Персијци, Индијци, Арапи).






*Од Албумот на Шарл де Фериол – Дервиш, гравура и Харем, гравура во боја, 1697*

Ван Мур Жан Баптиста - Jean Baptiste Vanmour or Van Mour - (9 јануари 1671 – 22 јануари 1737 година) бил фламанско-француски сликар, запаметен по неговото детално прикажување на животот во Отоманската Империја за време на ерата на лалињата и владеењето на султанот Ахмед III. Во Константинопол, останал до неговата смрт.Објави серија од сто гравури (по сликите) во пристојни отпечатоци на Recueil кои претставуваат различни народи на Левантот. Книгата имаше големо влијание во Западна Европа и беше објавена на најмалку пет јазици. Во 1725 година, му била доделена извонредната титула Peintre Ordinaire du Roy en Levant како признание за неговата и важноста на Левантот за француската влада.




*Ван Мур Жан Баптиста – Зима (турско зимско облекло) Румелија, 1714*




*Ван Мур Жан Баптиста – Погреб Румелија (околина на Битола?), 1714*




*Ван Мур Жан Баптиста – Свадба, Румелија (околина на Битола?), 1714*

Архимандритот Антонин, (1817 – 1894) - Андре́й Ива́нович Капу́стин - Архимандри́т Антони́н (в миру Андре́й Ива́нович Капу́стин , Русин, кој Битола ја посетил во 1865, притоа оставил и реализирал бројни цртежи, студиски анализи и прозни остварувања во контекст на реалистичкото сликарство. Покрај службените должности, отец Антонин се занимавал со археологија и астрономија, нумизматика, пишувал поезија и цртал до длабока старост. Антонин Капустин починал на 24 март (5 април) 1894 година, во градот Ерусалим на мутасарифатот Ерусалим (тур. Kudüs Sancağı) на Отоманската Империја. Според тестаментот, тој бил погребан во црквата Вознесение на врвот на Елеонската Гора (Маслинова). Во 1865 година, пропатувал низ Балканските земји. Своите забелешки од патешествието ги објавил во две книги при Руското археолошко друштво, под наслов: „Из Румелии“ (1886) и „Поездка в Румелию“ (1879). Во овие книги се наоѓаат доста интересни податоци за старините во Битолската Област, како и за старите цркви и манастири.( Архимандрит Антонин (Капустин)- Из Румелии-

Боутелскы пять. Вторник. 1 июня 1865 ). Овие патописни белешки подоцна ги превел и на српски јазик Стојан Новаковиќ.




*Архимандритот Антонин Капу́стин – Планината Пелистер над Битола, 1865*



*Архимандритот Антонин Капу́стин – цртеж-1865*

Периодот од XVI век до крајот на XIX век е значаен и многу битен во откривањето на генезата на современото македонско сликарство. Игнорирањето и недоволното проучување на ликовните движења во Битола не само што оставаат одредена празнина и историска нејасност туку севкупниот битолски, единствен ликовен феномен како и македонски ги оставаат, за жал, како една фрагментарна недореченост и локална претенциозност која не само што ја оддалечува од суштината туку создава лажна слика за длабочините и неповторливоста на едно автентично сликарство кое сѐ уште ја нема вистинската валоризација ниту, пак, вистинско вреднување кое е без никакви дилеми создавано со творечка длабочина и значење во европски рамки.

Присуството во историски и хронолошки континиум на познати и истакнати странски , , значајни ликовни автори,само ја докажуваат таа сложена, богата и значајна генеза во сите насоки во развојот на современата уметност на овој град. Или поуките за светското ликовно творештво, не доаѓаат само од некој балкански центар туку директно од европските ликовни центри. Во натамошната ревизија на историјата на македонската уметност мора да се имаат во предвид овие факти. За постоењето на континуитет и жива творечка активност, зборуваат и низа понатамошни факти кои преку одредени ликовни арте факти и ремек-дела, само ќе ја потврдат генеологијата, дијалектиката на ликовната мисла во Битола која, на некој начин, во својот развој ќе има дефинитивно единствена улога во развојот на севкупното ликовно, подоцнежно творештво во Македонија, како дело на бројни генерации распространети низ повеќе од пет векови и низ одредена релевантна компаративистика со историјата на уметноста во најафирмативен однос. Современата ликовна уметност во Битола, е своевиден феномен во македонската ликовна уметност. Во Битола не само што создавале голем број уметници туку сите на некој начин биле во сериозен контекст со актуелните ликовни движења на меѓународен план. Битола била центар на значајни ликовни случувања и ризница на големи ликовни опуси. Визуелната генеза на современиот ликовен израз во Битола има своја компактност, хомогеност и истакнат историцизам којшто е од исклучителна важност за севкупните ликовни елементи на современиот творечки израз во македонската ликовна средина. Овој мал милениумски градски остров е своевидна светлина на надежта, на вербата и на мислата дека уметноста сепак ќе остави траги и кога ќе не има и кога ќе не нема и кога целосно ќе не има и кога целосно ќе не нема, трага која доаѓа од други простори и од универзумот на безвременоста во кој творештвото е есенцијата од која и поради која постои оној невидлив живот, засекогаш обележан со светлината.
(продолжува)

**Литература:**

1. Александар Стерјевски – „Реката Драгор“, стр.176, Битола 2008 год.
2. CANDIA AND THE VENETIAN OLTREMARE: IDENTITY AND VISUAL CULTURE IN THE EARLY MODERN EASTERN MEDITERRANEAN -A thesis submitted to The University of Manchester for the degree of PhD in the Faculty of the Humanities, Eva Stamoulou School of Arts, Histories and Cultures, 2011.
3. Giorgio Reolon, Profilo di Cesare Vecellio e La Dedizione del Cadore di Cesare Vecellio: per una lettura iconografica e contestuale, in Venezia in Cadore 1420-2020, a cura di Matteo Da Deppo, Antiga Edizioni 2020, pp. 55-73.
4. Voyage en Orient au XVIe siècle de Nicolas de Nicolay, Dauphinois, par Honoré Pallias, 1857.
5. Daniele Argenio, « Le récit du voyage dans le Levant de Nicolas de Nicolay », Diasporas, 35 | 2020.
6. NICOLAS DE NICOLAYTN TÜRKİYE SEYAHATNÂMESÎ VE DESENLERİ T Ü L A Y R E Y H A N L I*

7. Markiz Charles de Ferriol - Recueil de cent estampes représentant differentes nations du Levant. Paris, Publication Date: 1715.
8. Moronvalle, Jeff (2010). Le Recueil Ferriol (1714) and Turquerie Fashion. Dix-Huitième Siècle.
9. Архимандрит Антонин (Капустин). Дневник. Год. 1850 /Издание подг. Л. А. Герд, К. А. Вах. М., Индрик, 2013.
10. Архимандрит Антонин (Капустин). Из Румелии / [Соч.] Архим. Антонина, почет. чл. Имп. Рус. археол. о-ва. - Санкт-Петербург : тип. Имп. Акад. наук, 1886. - 650 с.
11. Архимандрит Антонин (Капустин) -Поездка в Румелию / [Соч.] Архим. Антонина, чл. сотр. Имп. Рус. археол. о-ва. - Санкт-Петербург : тип. Имп. Акад. наук, 1879. - [2], 376 с., 8 л. ил., пл., факс.

## Резиме

Современата ликовна уметност во Битола, е своевиден фномен во македонската ликовна уметност. Во Битола не само што создавале голем бројуметници туку сите, на некој начин, биле во сериозен контекст со актуелните ликовни движења на меѓународен план. Битола била центар на значајни ликовни случувања и ризница на големи ликовни опуси. За жал, досега не е доволно и систематски, хронолошки и во една целина, обработен, истражен и публикуван овој период со што ќе се осветлат, ревидираат и потврдат одредени ликовни, естетски и стилски вредности кои најчесто ги надминуваат по своето значење границите не само на оваа средина. Визуелната генеза на современиот ликовен израз во Битола има своја компактност, хомогеност и истакнат историцизам којшто е од исклучителна важност за севкупните ликовни елементи на современиот творечки израз во македонската ликовна средина.Ревизијата на современата ликовна уметност не само што е непоходна туку содржи одреден богат корпус на нови факти кои сигурно ја издига на многу повисоко ниво отколку што досега е поставувана.

## Symmary

Contemporary fine art in Bitola is a unique phenomenon in Macedonian fine art. It is not that Bitola promoted a large number of artists, but all of them, in some way, were in a serious context with the current international art movements. Bitola was the center of important art developments and a treasure of great art works. Unfortunately, until now, this period has not been systematically, chronologically and as a whole, processed, researched and published, which will illuminate, revise and confirm certain artistic, aesthetic and stylistic values, which often exceed in their meaning the boundaries not only of this environment.

The visual genesis of the contemporary artistic expression in Bitola has its compactness, homogeneity and prominent historicism, which is of exceptional importance for the overall artistic elements of the contemporary creative expression in the Macedonian artistic environment.. The revision of contemporary fine art is not only essential, but contains a certain rich corpus of new facts that surely raises it to a much higher level than it has been set before.

**Биљана Темелкоска**[1]

# ЈАВНИ БИБЛИОТЕКИ [2]

***Апстракт:*** *Во овој труд ќе бидат опфатени јавните библиотеки, нивното формирање и развој. Како посебен вид на библиотеки, тие претставуваат локален центар на информации кои го олеснуваат пристапот до информациите од секаков вид. Услугите на јавната библиотека се достапни за сите, без разлика на возраста, расата, полот, религијата, националноста, јазикот или општествениот статус. Целта на овој труд е да ја запознаеме јавноста со резултатите од истражувањето на оваа тема.*

***Клучни зборови:*** *јавни библиотеки, подвижна библиотека, библиотечна услуга, корисници, Cobiss.mk*

Најстарите библиотеки во историјата биле, всушност, архивите и библиотеките, бидејќи покрај научните, книжевните и другите дела, содржеле и голем број државни документи. Појавата на писмото овозможува брз општествен развој, се појавуваат и првите пишани документи, а со тоа и потребата за нивно чување и складирање. За настанување на библиотеките биле неопходни одредени предуслови: појава и развој на писмото кое се јавува 3-4000 години пред нашата ера; развој на литературата при што усмената традиција е недоволна, па се јавува потреба, таа и да се запише што доведува до појава на книжевни споменици, појава на слој образовани луѓе на кои ќе им бидат неопходни библиотеките, а исто така и појавата на самите библиотекари. Формирањето на јавните библиотеки било општествено условено, а нивната улога зависела од политичките, економските и културните прилики во одредениот историски период.

Во Рим, со сè поголемото влијание на грчката култура, покрај приватните, во I век пр.н.е. се создаваат и јавните библиотеки. Планот на Гај Јулиј Цезар да формира јавна библиотека не се остварил поради неговата смрт. Но, по пет години, во 39 год. пр.н.е. била изградена јавна библиотека од страна на римскиот оратор, поет и историчар Гај Асиниј Полио. Библиотеки биле основани и од Тибериј, Веспазијан, Трајан и многу од подоцнежните императори[3]. Со распадот на Западното Римско Царство во 5 век, со разрушувањето на градовите, исчезнале и старите библиотеки со нивното непроценливо богатство од книги и архивски документи. Единствено во манастирските библитеки останал дел од книжевното културно наследство. Од црковните

---

[1] Биљана Темелкоска, виш библиотекар, НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Прилеп, ул. „Александар Македонски“, бр. 400, Прилеп, адреса на живеење: ул. „Боца Иваноска“, бр. 7, Прилеп, е-пошта: biljana_temelkoska@yahoo.com

[2] Стручниот труд е дел од темата „Видови библиотеки“, подготвена за избор во стручно звање виш библиотекар, Скопје, март, 2019 година.

[3] https://www.britannica.com/topic/library/Rome

библиотеки од периодот на ренесансата, најзначајна и најпозната е Ватиканската библиотека. Источната Римска Империја подоцна позната под името Византија како наследничка на Рим и на елинистичкиот свет се трансформирала во лулка и генератор на културниот и севкупниот развој на овој значаен крстопат.

Најстарата јавна библиотека во овој период била основана во Фиренца, околу 1434 година, од Козимо Медичи, господар на Фиренца. Во нејзиниот фонд „имало 4200 инкунабули[4], над 10 200 ракописи и околу 700 000 писма и документи“[5]. Подоцна се создале голем број на библиотеки кои ја обновиле идејата за јавните библиотеки од поранешните периоди, но не можеле да се споредат со античките библиотеки ниту по својата големина ниту, пак, според универзалноста и уреденоста на книжните фондови.

Појавата на првата печатена книга е сврзана со животот и делото на Јохан Гутенберг (1400-1468 год.). И покрај тоа што се тврди дека се пронајдени примери во Кореја и во Кина, каде што се применувала техника на печатење со одвоени (подвижни) букви, Гутенберг и натаму ќе остане татко на првата печатена книга бидејќи тој ја усовршува техниката на печатење со подвижни метални букви. Книгите ќе станат достапни за поширок круг на луѓе, пергаментот се заменува со многу поевтин материјал - хартија, што значително влијае и врз понатамошниот развој на библиотеките во Европа. Во 1455 год., Јохан Гутенберг ја отпечатува Библијата.



Сл. 1 Библијата од Гутенберг, копија изложена во јавната библиотека во Њујорк, САД

Предностите на оваа техника над другите дотогаш познати техники, придонесле таа брзо да се прошири. Од Германија, во 1464 год., се пренесува во Италија, потоа во Швајцарија, Франција, Унгарија, Шпанија, Чешка, Полска и во други земји. На територијата на поранешна Југославија првата печатница е отворена во 1494 год., во Цетиње, Црна Гора.

[4] Најстарите печатени книги, што се појавиле до 1500 година.

[5] Котовчевска Сузана, Библиотеките во средниот и новиот век, Скопје, Министерство за култура на Р Македонија, 2011, стр. 112.

Оттогаш , па сè до денес библиотеките се менувале и развивале. Библиотеките според основачот, член 6, став 1 од Закон за библиотеки[6], можат да бидат јавни (национални и локални) и приватни установи. Според член 6, став 4 од истиот закон, општините обезбедуваат библиотечни услуги за своите жители:

- преку основање локална библиотека, самостојно или во меѓуопштинска соработка со друга општина или
- преку вршење библиотечни услуги од страна на друга јавна библиотека во согласност со нејзиниот основач.

Според член 7, став 3 од Законот за библиотеки,јавни библиотеки се библиотеки чија дејност е наменета за задоволување на општообразовните, културните и другите потреби на граѓаните на подрачјето за кое се основани.

Според член 53 од Закон за библиотеки, матичните библиотеки основани согласно со Законот за библиотечната дејност, продолжуваат да работат како Јавни библиотеки[7].

Според последните податоци добиени од Државниот завод за статистика на РС Македонија, Т-01: Општи податоци за библиотеките во Република Северна Македонија според видот, за 2019 година, јавни (народни) постојат: 52 јавни библиотеки од кои самостојни 14, 23 единици во состав на друга библиотека и 15 во состав на друг деловен субјект.

Во поголем број општествени заедници со различни култури, јавните библиотеки се дефинираат како културни институции кои ги формира државата за да може населението, без разлика на годините, професијата, афинитетите и образовното ниво, да им го обезбеди она што се нарекува или класифицира како информација, којашто е заедничко добро за некое општество или држава и која се состои од основни податоци за кои граѓаните покажуваат интерес, заради проширување на сопствените сознанија во сите подрачја и предмети од општи, стручни или специјализирани знаења. Притоа , граѓаните се поттикнуваат да ги користат книгите, слободното време да го поминат на најкорисен начин, со што и на општеството би му донеле добро.

Јавните библиотеки како културни жаришта на локалната средина, годишно организираат различни содржини како што се: книжевни средби, промоции, предавања, конкурси, изложби, семинари, работилници, интерактивни програми, манифестации и сл.

Јавните библиотеки организираат и мобилни библиотеки. Подвижниот книжен фонд - библиобусот[8], како посебна организациска единица, може да дејствува само во оние библиотеки коишто имаат развиена библиотечна мрежа и дејност, успешно решени кадровски, просторни и финансиски услови и сл. Задачите што ја карактеризираат дејноста на овој фонд, се

[6] („Службен весник на Република Македонија“, бр. 66/04, 89/08, 116/10, 51/2011, 88/15, 152/15 и 39/16).

[7] (“Службен весник на РМ” бр. 66/04, 89/08, 116/10, 51/2011, 88/15, 152/15 и 39/16).

[8] https://www.mb.sik.si/potujoca-knjiznica-bibliobus.html

договарање со корисниците на библиобусот и посети на населени места според однапред утврден план и програма. Денес, својата функција ја остварува на 46 постојки. На сликата е прикажан библиобусот на библиотеката во Марибор, Словенија, кој има за цел да им обезбеди на читателите достапност на книгите, а функционира од 1974 година. Мариборската библиотека на состанокот на европските патувачки библиотеки во Тилбург, Холандија, ја добила првата награда за „Библиобус во 2001 г.“.




Сл. 2 Библиобусот на библиотеката во Марибор, Словенија

Кај нас подвижна библиотека – Библиобус има Градската библиотека „Браќа Миладиновци“, која патува низ повеќе скопски приградски населби и ги посетува учениците од 19 училишта. Подвижната библиотека - Библиобус е адаптирано возило опремено со книги наменети за ученици и има за цел промоција на книгата, достапност на информациите, развој на културата на читање, како и создавање навика за читање кај детската популација.




Сл. 3 Подвижната библиотека - Библиобус на Градската библиотека „Браќа Миладиновци“, Скопје

Подвижната библиотека работи пет дена во неделата, од септември до јуни, и ги посетува училиштата според претходно утврден план. Со библиобусот се овозможува полесен пристап и популаризација на книгата и до оние места кои се оддалечени од централните библиотеки и клонови[9].

[9] https://www.radiomof.mk/bibliobus-patuva-po-skopskite-prigradski-naselbi-i-gi-pottiknuva-decata-da-chitaat-knigi/

Библиотеката како информативен центар мора да создаде нова слика и перцепција за себе кај пошироката јавност за да биде препознатлива како моќен и ефикасен сервис на информации за сите граѓани. Со примена на COBISS како алатка за автоматизирано библиотечно работење и заемната каталогизација, библиотеките го унапредија квалитетот на работењето и постигнаа стандардизираност на процесот на каталогизација. Можноста, корисниците слободно преку интернет да пристапуваат и да ги пребаруваат електронските каталози на библиотеките со користење на сегментот COBISS/OPAC, ги заживеа библиотеките. Сите услуги кои ги овозможува COBISS го зголеми интересот и бројот на корисници на библиотеките, а библиотеките полека почнаа да прераснуваат во информациски точки за задоволување на разновидните потреби на граѓаните[10].

**Јавни библиотеки во Република Северна Македонија вклучени во системот Cobiss.mk[11]**

| **Назив** | **Место** |
|---|---|
| ОУ Дом на култура "Наум Наумовски Борче" | Крушево |
| ОУ Дом на култура "Македонски Брод" | Македонски Брод |
| Општинска установа Матична библиотека "Кочо Рацин" | Пехчево |
| Општинска установа Дом на култура "Крсте П. Мисирков" | Свети Николе |
| Општинска установа Дом на култура "Злетовски рудар" | Пробиштип |
| Општинска установа Дом на култура "Драги Тозија" | Ресен |
| Општинска народна библиотека "Браќа Миладиновци" | Радовиш |
| НУ Центар за култура | Крива Паланка |
| Национална установа Центар за култура "АСНОМ" | Гостивар |
| Национална установа - Центар за култура "Браќа Миладиновци" | Струга |
| Национална установа - Центар за култура | Дебар |
| Национална установа - Универзитетска библиотека "Гоце Делчев" | Штип |

[10] Ѓалевска Жаклина, Резултати и придобивки од учеството на библиотеките во Македонија во мрежата COBISS.Net, Конференција „Улогата на библиотеките во информациско општество базирано врз знаење“, Тирана, 3. декември 2010 г.

[11] https://plus.cobiss.net/cobiss/mk/mk/libraries

| Назив | Место |
|---|---|
| Национална установа - Библиотека "Кочо Рацин" | Тетово |
| Национална установа - Библиотека "Кочо Рацин" | Кичево |
| Национална установа - Библиотека "Григор Прличев" | Охрид |
| Локална установа Библиотека "Благој Јанков Мучето" | Струмица |
| Локална библиотека "Страшо Пинџур" | Неготино |
| Локална библиотека "Гоце Делчев" | Велес |
| ЈОУ Библиотека "Тане Георгиевски" | Куманово |
| Јавна установа Градска библиотека „Браќа Миладиновци“ | Скопје |
| Јавна општинска установа Градска библиотека „Борка Талески“ | Прилеп |
| Јавна општинска установа Библиотека „Феткин“ | Кавадарци |
| Јавна општинска установа Библиотека „Искра“ | Кочани |
| Јавна општинска установа Библиотека „Гоце Делчев“ | Гевгелија |
| Јавна општинска установа Библиотека „Ванчо Прке“ | Виница |
| Јавна локална установа Библиотека „Светлина - Дрита“Прељубиште | Јегуновце |
| Јавна локална библиотека „Илинден“ | Делчево |
| Дом на културата 25 Мај | Валандово |
| Дом на културата „Лазар Софијанов“ | Кратово |
| Дом на Културата „Илинден“ | Демир Хисар |
| Дом на култура Димитар Беровски | Берово |
| Дом на култура „Мирка Гинова“ | Демир Капија |
| Дом на култура „Бранд Петрушев“ | Богданци |

**Резиме**

Истражувањето и запознавањето на пошироката јавност со јавните библиотеки се основна цел на овој труд.

Библиотеките со текот на времето се менувале по својата функција. Во почетокот биле и архиви и библиотеки бидејќи покрај научните, книжевните и другите дела, содржеле и голем број државни документи. Појавата на писмото овозможува брз општествен развој, се појавуваат и првите пишани документи, а со тоа и потребата за нивно чување и складирање. Во Рим, со сѐ поголемото влијание на грчката култура, покрај приватните, во I век пр.н.е., се создаваат и јавните библиотеки. Со разрушувањето на градовите,

исчезнале и старите библиотеки со нивното непроценливо богатство од книги и архивски документи. Единствено во манастирските библитеки останал дел од книжевното културно наследство.

Појавата на првата печатена книга е сврзана со животот и делото на Јохан Гутенберг (1400-1468 год.). Книгите ќе станат достапни за поширок круг на луѓе, пергаментот се заменува со многу поевтин материјал - хартија. Според последните податоци добиени од Државниот завод за статистика на РС Македонија, според видот, постојат 52 јавни библиотеки.

Јавните библиотеки како културни жаришта на локалната средина, годишно организираат различни содржини како што се: книжевни средби, промоции, предавања, конкурси, изложби, семинари, работилници, интерактивни програми, манифестации и сл. Јавните библиотеки организираат и мобилни библиотеки. Подвижниот книжен фонд, библиобусот, како посебна организациска единица, може да дејствува само во оние библиотеки коишто имаат развиена библиотечна мрежа и дејност, успешно решени кадровски, просторни и финансиски услови.

Библиотеката како информативен центар мора да создаде нова слика и перцепција за себе кај пошироката јавност за да биде препознатлива како моќен и ефикасен сервис на информации за сите граѓани. Сите услуги кои ги овозможува COBISS го зголеми интересот и бројот на корисници на библиотеките, а библиотеките полека почнаа да прераснуваат во информациски точки за задоволување на разновидните потреби на граѓаните.

**Summary**

The research and introducing the general public with the Public Libraries is the main goal of this paper.

Libraries have changed over time by its function. At the beginning, they were both: archives and libraries, because beside of scientific, literary and other publications, they also contained a large number of state documents. The appearance of letters enables rapid social development, so the first written documents appeared, and thus the need for their preservation and storage. In Rome with the growing influence of Greek culture, in addition to private, in the I century BC. public libraries are also being created. With the destruction of the cities, the old libraries disappeared with their invaluable wealth of books and archive documents. Only part of the literary and cultural heritage remained in the monastery libraries.

The appearance of the first printed book is related to the life and work of Johann Gutenberg (1400-1468). Books will become available to a wider circle of people, parchment is being replaced by a much cheaper material - paper. According to the latest data obtained from the State Statistic Office of RS Macedonia, by type, there are 52 public libraries.

Public libraries as cultural hotspots of the local environment, annually organize various contents such as: literary meetings, promotions, lectures, competitions, exhibitions, seminars, workshops, interactive programs, events and the like. Public libraries also organize mobile libraries. The mobile book fund, the library, as a separate organizational

unit, can act only in those libraries, which have a developed library network and activity, successfully solved personnel, spatial and financial conditions.

The library, as an information center must create a new image and perception of itself among the general public in order to be recognized as a powerful and efficient information service for all citizens. All services provided by COBISS have increased the interest and number of library users, and libraries have slowly but surely begun to grow into information points to meet the diverse needs of citizens.

## Библиографија

1. Бошески Миле, Млади библиотекари : Прирачник за подготовка на кандидати за натпреварот "Млади библиотекари", Едиција Библиологија, кн. 4, второ дополнето издание, Скопје, Библиотекарско друштво на Македонија, 2008.
2. Глигорова Милева, Аница, Јавните библиотеки ги решаваат потребите на заедницата, Библиотекарство, вол. 30 (2013), бр. 1-2, Скопје, Библиотекарско здружение на Македонија, 2013.
3. Ѓалевска Жаклина, Резултати и придобивки од учеството на библиотеките во Македонија во мрежата COBISS.Net, Конференција „Улогата на библиотеките во информациско општество базирано врз знаење", Тирана, 3. декември 2010 г.
4. Котовчевска Сузана, Библиотеките во средниот и новиот век, Скопје, Министерство за култура на Р. Македонија, 2011.
5. Манева Соња, Јавните библиотеки во Р. Македонија како културни жаришта на локалната средина, Библиотекарска теорија и практика, Библиотекарство, Волумен 30, бр. 1-2, Скопје, Библиотекарско здружение на Македонија, 2013.
6. Николов Благој, Јавните библиотеки - мост кој ги поврзува државата и локалната самоуправа со граѓанската средина, Библиотекарска теорија и практика, Библиотекарство, Волумен 30, бр. 1-2, Скопје, Библиотекарско здружение на Македонија, 2013.

## Користени интернет материјали

1. „Библиобус" патува по скопските приградски населби и ги поттикнува децата да читаат книги, март 2019. 06 јуни 2022. <https://www.radiomof.mk/bibliobus-patuva-po-skopskite-prigradski-naselbi-i-gi-pottiknuva-decata-da-chitaat-knigi/>
2. Библиотеки во системот COBISS.MK, 31 мај 2022. <https://plus.cobiss.net/cobiss/mk/mk/libraries>
3. Закон за библиотеки, 31 мај 2022. <http://arhiva.kultura.gov.mk/index.php/legislativa/2011-03-04-10-39-07/291--zakon-za-bibliotekite>
4. Mariborska knjižnica, Potujoča knjižnica - bibliobus, 03 јуни 2022. <https://www.mb.sik.si/potujoca-knjiznica-bibliobus.html>
5. The history of libraries, The ancient world, Rome, 31 мај 2022. <https://www.britannica.com/topic/library/Rome>

**Соња Стрезоска Велјановска**[1]

# „МАКЕДОНИКА“ ВО НУБ - НАЦИОНАЛНО И НАУЧНО ЗНАЧЕЊЕ

***Апстракт:*** *Статијата претставува краток опис на дејноста, значењето и улогата во општествениот живот на одделот „Македоника“ во НУУБ „Св. Климент Охридски“- Скопје кој се наоѓа во состав на Библиографскиот центар. Претставена е содржината на двете свески кои ги изработува овој оддел „Библиографија Македоника“ и „Македоника информативен билтен“ кои се продукт на истражувања на сѐ што е објавено во светот (издавачка продукција) надвор од границите на Македонија, а се однесува на Македонија и Македонците. Врз основа на богатиот истражен и селектиран материјал преку online бази на податоци, акцентот во статијата е ставен на националното и научното значење на библиографските единици во двете свески, што претставува и главна цел на трудот. Истакната е и потребата од постоење на службата и односот на државата кон неа .*

***Клучни зборови:*** *Служба „Македоника“, „Библиографија Македоника“, „Македоника информативен билтен“, национално значење, научно значење.*

Во НУУБ „Св. Климент Охридски“-Скопје во состав на Библиографскиот центар работи одделот „Македоника“ кој, всушност, претставува „патриотика“ кој со практична работа отпочнал да функционира во 1972 година.

Сите земји во светот си имаат своја „патриотика“ каде на едно место е собран печатен и објавен библиографски материјал кој се однесува на дотичната земја, а се истражува во светот надвор од границите на таа држава.

За големата потреба од формирање на оваа служба говорат нејзините основоположници. „Забрзаниот развиток на науката и научната мисла во Македонија ја наметна потребата за регистрирање и испитување на сето она што е напишано, што се пишува и што во иднина ќе се пишува за Македонија и Македонците“ (Миноски, 1972-1973 : 33).

„Секоја книга на македонски автор, преведена или објавена во странство, секоја статија, изложбен каталог, наслов на периодика во кој се говори за македонскиот народ и народностите, мора да се најде во библиотеката. Ако сакаме што покомплетна слика на светот за нас тогаш треба да набавуваме сѐ. Само со упорно трагање по каталозите, библиографиите од

[1] Соња Стрезоска Вељановска,библиотекар советник во НУУБ Св. Климент Охридски – Скопје

сите видови и бележење сè за нас, нашата наука, култура, политика, македонски збор, фондовите ќе добијат профил кој одговара. На овој проблем работи службата „Тековна Македоника“ (Dojčinoski, 1977 :48).

Големиот интерес за Македонија и Македонците во странство (надвор од границите на Македонија) овозможил да се публикува првиот број на „Библиографија Македоника“, во 1985 година. До 2002 година, службата Македоника објавувала две свески „Југословенски публикации за Македонија“ како прва серија и „Странски публикации за Македонија“ како втора серија.

Во тој период, изборот и селекцијата на материјалот од интерес за „Македоника“ се вршел преку следење на националните и специјалните странски библиографии, преку следење на дневен печат, часописи, монографии на различни јазици, а библиографската обработка се вршела de visu (материјалот во рака). Материјалот за обработка стигнувал во библиотеката во вид на подарок, се добивал преку размена или со купување.

Меѓутоа, промените во современото информатичко живеење налагаа редефинирање на начинот на обработка на „Библиографија Македоника“.

Од 2002 г. започна да излегува свеската „Македоника - информативен билтен“. Причината зошто веќе библиографијата Македоника не се обработува de visu се финансиските средства. Имено, државата, за жал, не го препознава националното значење на оваа служба, па затоа се намалени финансиските средства за купување на материјали од интерес на одделот, а принципот на размена и подарок речиси е замрен. „Така пребарувањата на странски публикации кои се од интерес на овој билтен и се вклучени во билтенот, се вршат online преку интернет врските, при што корисниците побрзо, понавремено и поевтино би дошле до најнови информации. Билтенот е индикатор за купување книги и списанија за комплетирање на библиотечниот фонд во библиотеката, со што се отвора можност за паралелно подготвување на библиографијата Македоника, која се обработува de visu. ... Публикацијата претставува база на информации, преземени селективно од користените извори“(Стрезоска-Вељановска, 2004 : 84).

Во двете свески Библиографија, Македоника и Македоника информативен билтен, критериумите за селекција на материјалот се исти, и тоа:

–странски објавени трудови за Македонија во нејзините етногеографски граници, третирани од било кој аспект за македонскиот народ и македонските национални заедници во странство, малцинствата, етничките групи и Македонци поединци;

–објавени трудови од Македонци кои живеат и творат во странство, без оглед на предметот што го третираат или јазикот на кој пишуваат;

–трудови од македонски автори објавени во странство на македонски јазик, на туѓ јазик или преведени;

–трудови на автори од македонските малцинства и етнички групи објавени на изворниот јазик, на туѓ јазик или преведени.

„Библиографија Македоника“ и „Македоника информативен билтен“, всушност, претставуваат збир на информации за информациите кои се однесуваат на Македонија и Македонците објавени во странство. „Македоника информативен билтен“ има за цел да му помогне на корисникот да го упатат на вистинскиот извор на информацијата и е наменет најмногу за научните работници кои за сопствени цели за научни трудови би го користеле веќе истражениот и селектиран материјал. Библиографијата е наменета и за нашите писатели и поети кои се интересираат за податоците за тоа кои и какви трудови се преведени во странство и какви критики и осврти се пишувани за нивните преведени дела.

Двете свески претставуваат инструмент кој ќе ги олесни напорите на истражувачите на едно место да најдат материјали кои се од интерес на темата која се истражува.„Со „Македоника - информативен билтен“ времето на пребарување на научните работници и сите други корисници се скратува бидејки сѐ за областа која го интересира го има како информација на едно место“. (Стрезоска-Велјановска, 2017 : 52). Библиографските единици имаат научни и културни вредности кои како информации треба да ги користат и да им служат токму на културните и научните работници.

„Македоника не смее да згасне бидејќи во неа (независно дали е библиографија или информативен билтен) сместени се библиографски единици кои ја опфаќаат литературата објавена во светот за Македонија и Македонците независно од тоа од кого, каде, кога, на кој јазик и било за што е напишано, што е од огромно национално значење. Интересот на светот за Македонија и македонскиот народ е сместен во тие скапоцени страници на едно место. Тие страници говорат за важноста и посветеноста на светскиот печат за Македонија и Македонците. Во нив е испишана историјата која ќе остане вечно во архивите во Македонија и во 100 земји во светот каде се дистрибуира „Македоника - информативен билтен“, како доказ дека Македонија постоела, постои и ќе постои. Идните генерации ќе имаат информација за интересот на светот, за тоа колку и што пишувал за Македонија“. (Стрезоска-Велјановска, 2017 : 52). Во денешно време кога користиме информациски и комуникациски технологии многу е важно, како што споменав погоре, информацијата да биде брза и навремена поготово во време кога сé се дигитализира. Библиотеките како информативни центри имаат голема улога во брзото пренесување на информацијата до корисникот. Тенденцијата на службата „Македоника“ како дел од библиотечната дејност е да биде на услуга на корисниците и сервис на науката, и затоа кога ќе се најде информацијата по електронски пат и ќе се вклучи во билтенот, веднаш може да се пребара во дигитална форма целата книга или статија. Меѓутоа, не секогаш ги има сите материјали комплетно во дигитална форма. Затоа за попрецизно истражување и покомплетно презентирање на содржините на печатените материјали, што секако е во интерес на корисникот, потребно е одење на терен каде може de visu да се прегледаат материјалите во интерес на службата.

За „Македоника - информативен билтен“ најважниот елемент во библиографскиот опис на книгата или статијата е анотацијата. ... Таа се формира за подобро да се разбере текстот бидејќи станува збор за многу јазични подрачја и многу наслови од кои не може да се открие ништо конкретно за предметот кој е од интерес на службата „Македоника“ а тоа е Македонија и Македонците .... Во анотацијата се сублимирани моментите кои авторот ги пишува за Македонија и македонскиот народ.Таа е исклучиво на македонски јазик и има за цел што подобро да се запознае читателот со делот во материјалот кој се однесува на Македонија независно од тоа од кого, каде, кога и на кој јазик е напишано.. (Стрезоска-Велјановска, 2020 : 112).

„Нотациите се формирани врз основа на насловот, содржината, предметните определници, клучните зборови, апстрактите, дескрипторите и другите помошни елементи понудени во единиците“.(Стрезоска-Велјановска, 2004 : 86).

„Многу е важно, информациите во анотацијата да не бидат пристрасни или субјективни, туку да бидат непристрасни и објективни, онака како што ги презентираат авторите“. И овде е важна големата умешност и професионалност на библиографот да остане неутрален, треба да се огради од лични коментари, со зборови од типот бугарски гледишта, српски гледишта, грчки гледишта. Затоа е важна „Македоника“, сите тие гледишта особено од областа на историјата и политиката да останат собрани на едно место и идните генерации на историчари, политиколози, новинари, социолози ... да го толкуваат сето тоа“ (Стрезоска-Велјановска, 2017 : 50).

Затоа истражувањето, селекцијата и обработката на материјалот кој е од интерес на Македоника е многу сложена научноистражувачка дејност и бара прилично стручен пристап. Токму затоа се јавува и потребата од истражување на терен во странство за да се видат материјалите на лице место, тоа е најрелевантниот фактор при анотирање и предметизирање. Во таа смисла потребна е симбиоза меѓу „Библиографија Македоника“ и „Македоника информативен билтен“, односно тоа што ќе се истражи преку интернет да се види на лице место и ако е важно за македонската наука да се купи. На тој начин, со прецизно одбран материјал да се прави Библиографија Македоника.Но, за сето ова потребни се финансиски средства и добро обучена екипа. Особено е важен теренскиот дел на истражување во земјите кои најмногу се занимаваат со Македонија и македонското прашање.

Доколку кадровски би се екипирала службата „Македоника“, би можело да се размислува и за проширување на одделот и за реализација на идејата од 70-тите години на 20 в. кога се формирала и екипирала службата, издавање на 4 свески на Библиографија Македоника кои Киро Дојчиноски ги посочува во својата магистерска теза (Dojčinoski, 1977 : 48).

1. Југословенски публикации за Македонија;
2. Странски публикации за Македонија;
3. Публикации издадени во Пиринскиот дел кои се однесуваат на Македонија и

4. Публикации издадени во Егејскиот дел кои се однесуваат на Македонија.

Првите две свески биле реализирани и сè уште се актуелни, односно се работи на нив, ама публикации издадени во Пиринскиот дел кои се однесуваат на Македонија и публикации издадени во Егејскиот дел кои се однесуваат на Македонија, никогаш не излегле. Ова е навистина предизвик за секој библиограф да може да појде во овие делови на Македонија и да ја проследи нивната издавачка продукција. Спорно е доколку некој живее во тие области и се чувствува како Македонец и создава , независно за која област пишува, ние не можеме да го вклучиме во Македоника бидејќи не смее да се декларира како Македонец заради политиката на Бугарија и Грција на непризнавање на малцинствата. Затоа оваа идеа бара теренски истражувања.

„Македоника информативен билтен“ овозможува преглед на истражени библиографски единици во сите области на сите полиња на знаењето на светот.

Во билтенот се наоѓаат библиографски податоци за книги и статии од списанија, од зборници и од дневен печат кои обработуваат историски, политички, општествено-економски и културни состојби на Македонија, во минатото и во сегашноста објавени од странски автори со свои гледишта и ставови конципирани врз основа на нивни извори на податоци. Особено за нашата историска научна мисла важни се размислувањата на соседните балкански земји кои го тангираат македонското прашање. Од истражувањата во бугарската online база на податоци COBISS.BG само под еден клучен збор „македонско прашање“ само на книги (монографии) печатени во Бугарија исклучиво на бугарски јазик, а издадени во последните 10 години откриени се преку 70 библиографски единици. „Импозантниот број на издадени монографии сведочи за актуелноста на ова прашање во бугарската историографија до ден- денешен. ... евидентен е фактот дека бугарските автори неуморно и посветено создаваат пишани материјали кои се однесуваат на македонското прашање. Во книгите ќе се видат нивните аспекти и толкувања на историските факти со кои тие располагаат. .... Систематски работеле на докажување на нивните теории во однос на македонското прашање“(Стрезоска-Велјановска, 2021 : 191). Од ваквите примери може да се согледа националното значење на информациите кои се пласирани во Македоника информативен билтен.

Во „Македоника информативен билтен“, исто така вклучени се и единици од областа на археологија, етнологија, јазик, образование, музика, спорт, уметност. Големиот број на пронајдени информации (библиографски единици) произведени (испишани) во светот, групирани по области во една книшка кои говорат за Македонија и Македонците, се сведок на македонското национално богатство.

Во билтенот се вклучуваат и библиографски единици од природните науки кои говорат за природните убавини на Македонија, за флората и фауната. За еколошката состојба и загаденоста, за животната средина, за развојот на земјоделието и сточарството. Интересно е што кај странските

автори голема е заинтересираноста за истражувања на овие полиња во Македонија.

Што се однесува до критериумот СЀ што е објавено во странство, а се однесува на Македонија, во однос на истражувачкиот дел тој е полесен бидејќи се решава со клучни зборови кои ја тангираат Македонија. Потешкиот дел и голем проблем за библиографот кој истражува е да се задоволат другите два критериуми - објавени трудови од Македонци кои живеат и создаваат во странство, без оглед на предметот што го третираат или јазикот на кој пишуваат и трудови од македонски автори објавени во странство на македонски јазик, на туѓ јазик или преведени.

„Прашањето е зошто тоа претставува проблем? Затоа што многу е тешко да се лоцираат сите (или делумно) Македонци кои творат во странство или учествуваат на семинари, конгреси или имаат објавувано статии во зборници или се преведени на туѓ јазик. Многу е важно во трудот правилно да се наведе институцијата во која авторот работи. Доколку институцијата од која доаѓа авторот, во статијата не е наведена тогаш тешко се доаѓа до податоци за таа статија или тој труд. На пример, во странство се практикува до името и презимето на авторот да стои името на универзитетот или институцијата, градот во кој се наоѓа таа институција и името на државата. Како што наведов, бидејќи истражувањата се вршат преку клучни зборови и тогаш под клучен збор Македонија или Скопје ќе излезат податоци за Македонци кои објавиле во странски списанија или зборници. За жал, голем дел од нашите автори не ги пополнуваат тие податоци(Стрезоска-Велјановска, 2017 : 52).

Убаво е да се повикаме на некои искуства од балканските земји, како на пример, како го решиле овој проблем во библиографиите Сербика и Словеника.

„Од 2009 г. во рамките на Библиографија Сербика влегува и база на статии, објавени во најпознатите светски научни часописи. Таа база се нарекува Наши аутори у сервису Web of Science. Базата содржи околу 18 500 статии и опфаќа период од 2000 г., па до денес. Оваа база се наоѓа во состав на проектот КОБСОН, каде што работи Одделение за научни информации. На овој начин КОБСОН се надополнува со Сербика. Оваа база содржи трудови на истражувачи од Србија во најпрестижните светски часописи. КОБСОН ги евидентира еднаш неделно сите трудови од домашни автори, објавени во Web of Science и ги претставува на домашната јавност на својот портал. Важно е дека тука влегуваат сите преземени статии, во кои авторот ја навел адресата на институцијата во Србија како своја афилијација. Во Словенија, на пример, многу автори во различни земји во светот имаат соработка со Словенечките амбасади и тие преку амбасадите се евидентираат во Словеника“ (Стрезоска-Велјановска, 2015 : 106).

Значи, голема е потребата од соработката на библиотеката и научните работници кои треба да ги доставаат материјалите кои ги презентирале во странство. На овој начин со сигурност ќе бидат вклучени во “Македоника

информативен билтен“ и нивниот труд во иднина ќе биде дел од националното богатство. За ова треба сериозно да размислат библиотечната и научната фела во Македонија за да се најде вистинската формула како во „Македоника“ да се застапат што е можно повеќе македонски автори кои творат во светот надвор од границите на Македонија.

„Библиографија Македоника“ претставува тековна национална библиографија, кога велиме национална значи дека е од интерес на нацијата. Во однос на временските рамки, библиографијата треба да биде тековна, но поради недостаток на кадар тековно не може да се реализира. Секоја здрава држава која се грижи за своето национално и културно богатство, треба да вложува во изработка на ваква библиографија, а воедно и да се грижи за обновување на стручниот кадар. За да се направи библиографија потребно е да се купува материјал кој е од интерес на „Македоника“ затоа е важно државата да помогне да се купува сè што е од значење за нацијата. а претставува странска издавачка продукција, да се донесе во Македонија, па да се преведе за да ги видиме странските аспекти по одредени проблематики, особено од областа на историјата и политиката. Граѓата која се попишува во библиографиите има големо општествено значење бидејќи од неа дознаваме што мислат другите за нас.

Целта на статијата е да се потенцира националното значење на дејноста на одделот „Македоника“. При тоа и на двете свески „Библиографија Македоника“ и „Македоника информативен билтен“ да се гледа како на македонско библиотечно, културно и научно добро кое претставува збир на светското творештво за Македонија и Македонците.

Покрај за науката и културата, двете свески се наменети за потребите на стопанството и целокупниот општествен и политички живот во Македонија.

## Л И Т Е Р А Т У Р А

### Харвардски начин на цитирање и референцирање

Dojčinoski, K. (1977) *Savremene koncepcije razvoja narodne i univerzitetske biblioteke "Kliment Ohridski" - Skopje*. Magisterski rad. Zagreb : Referalni centar Sveučilišta.

Миноски, М. (1972-1973) Кон прашањето за работа на Македоника во НУБ "Климент Охридски" - Скопје. *Библиотекарска искра.* VII (17-18), стр. 33-38.

Стрезоска-Велјановска, С. (2004) Истражување, селекција и обработка на "Македоника – информативен билтен". *Библиотекарство*, 22 (2), стр. 84-86.

Стрезоска-Велјановска, С. (2015) Компаративна анализа на библиографија: Македоника, Бугарика, Сербика, Кроатика, Словеника : библиографски извори и критериуми на селекција. *Библиотека : списание за библиотечни и информационни науки, книгознание и литературна история*, 22 (4), стр. 103-110.

Стрезоска-Велјановска, С. (2017) "Библиографија Македоника" - историски преглед, актуелна состојба и перспективи. *Библиотекарство*, 34 (1-2), стр. 47.

Стрезоска-Велјановска, С. (2020) "Сликата на светот за нас - анотирање во "Македоника" . *Библиотекарство*, 36 (1-2), стр. 112.

Стрезоска-Велјановска, С. (2021) Македонското прашање во бугарски монографии (библиографски податоци од 2010 до 2020). *Зборник на трудови - Битола ,* 24 , стр. 191-205.

UDK 904:94:[911.373(497.773)
UDK 930.85(497.773) 

**Викторија Момева Алтипармаковска**[1]

# РУРАЛНАТА СПОМЕНИЧКА ЦЕЛИНА БРАЈЧИНО – КУЛТУРНА ОСТАВИНА ПОД ПРИВРЕМЕНА ЗАШТИТА


## *Апстракт*

Руралната споменичка целина Брајчино има статус на оставина за која основано се претпоставува дека претставува културно наследство, во смисла на член 5 став 5 и член 11 точка 28 од ЗЗКН.

Со отпочнувањето на постапката за валоризација и додека таа е во тек, постојниот статус на предметна оставина останува непроменет. По завршување на таа постапка предметната целина добива статус на заштитена оставина , по две различни основи: статус на оставина под привремена заштита, во смисла на член 38 точка 3 в.в. член 30 став 1 од ЗЗКН а потоа, статус на културно наследство, од соодветната категорија по значење, во смисла член 40 в.в. член 2 и член 29 од ЗЗКН.

Наведените статусни промени кај предметната оставина следуваат во постапката за воспоставување на заштитата. Од моментот на поведување на постапката за воспоставување на заштита, сè до донесување на актот за заштита, предметната оставина има статус на оставина **под привремена заштита.**




Панорама на Брајчино 2021 год., фото С. Ружин

[1]д-р Викторија Момева Алтипармаковска – дипл.етнолог, конзерватор советник, НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Битола, е- адреса: **makvast@yahoo.com**

Едно од најубавите села на западните падини на планината Баба е селото Брајчино, лоцирано на 1000 м надморска височина во живописната долина на Брајчинска Река. Низ селото тече и реката Брезница. Селото има голем атар со шуми и пасишта, со површина од 6028 хектари или 60 км2, се наоѓа во бафер зоната на Националниот парк „Пелистер" и гравитира кон источната страна на Големото Преспанско Езеро.

Брајчино граничи на север со Штрбово и Арвати, од исток со подрачјата на општините Битола и Бистрица, од југ со Долно Дупени и територијата на Р Грција и од запад со Љубојно. Тоа зафаќа исклучително ридско – планинско земјиште обраснато со листопадна и иглолисна шума (даб, бука, јавор, јасен, бор, ела и смрека) и тревнасти планински пасишта.

За континуитетот на постоење на оваа селска населба која се дислоцирала повеќе пати сведочат археолошките локалитети и остатоците од градби и градежен материјал во неговата околина.

Постоењето на селото е поврзано со два археолошки наоди во неговиот атар . Тоа се локалитетот КУЛА - средновековна тврдина која се наоѓа на 1 км источно од селото, на една голема височинка со зарамнето плато, каде по површината се гледаат грамади од градежен материјал и контурите од одбранбениот бедем на тврдината[2].

Во непосредна близина на црквата Св. Атанас – откриена е средновековна некропола. При изградбата на патот кон релејната станица биле оштетени неколку гробови градени од камени плочи, со ориентација исток-запад.[3]

За промената на локацијата на селото зборуваат и народните преданија. За претходна локација на селото Брајчино се смета местото Рамен Пат, во близина на Станишарски Мост, источно од денешната локација.

Според кажувањата, првото доселено население биле номади кои паселе ситен добиток (кози), затоа што големите пасишта на Баба Планина кои се наоѓаат во близина на Брајчино, одговарале на потребните услови за стопанисување на доселеното население. Подоцна, главни занимања на населението во Брајчино, освен сточарството биле и земјоделието, некои занаети и ситна трговија.

Подоцна во оваа долина, бегајќи пред османлиските зулуми[4], се населиле жители од неколку блиски родови од селата Бесвина, Герман, Раби,

---

[2]Археолошка карта на Ресен, Археолошка карта на РМакедонија, Том II.

[3]Исто.

[4]Темелковски Владо, Никола Миноски, „Извештај од посетата на село Брајчино во текот на Ноември 2006г." - Историските извори и народните преданија укажуваат на тоа дека во турскиот период, погодниот планински терен над селото овозможувал да се движат и престојуваат ајдучки чети кои во селото имале и свои јатаци. За време на Илинденскиот период, на 14 август 1903г., турската војска извршила големи насилства во селото. Брајчино било наполно опљачкано и опожарено, а потоа и врз пресретнатите бегалци биле извршени насилства.

Нивици, Медово, Штрково и др., кои се наоѓаат во Егејска Македонија, денешна РГрција и формирале населба со име Братичино, односно Брајчино.

Во различна форма името Братучина, Братичка и Брајчино се споменува во повеќе извори од различни историски периоди, а најрано во Турските пописни документи за казата Горица[5], во 1900г. во делата на Васил Кнчов, во 1902г. кај Лев Огненов, а во поновата историја во делата на современите географи, етнолози и книжевници[6].

Влогимјеж Пјанка[7] во врска со името на ова село пишува дека е посвојно име образувано со помош на суфиксот -ино од личното име Братица, со отпаѓање на интервокалното -т-. Меѓутоа, жителите на селото пренесуваат предание и можни претпоставки дека името на селото потекнува уште од неговиот зачеток, кога го населиле луѓе блиски по род (браќа и братучеди) по кои селото добило име најпрво Братучина, а со текот на времето преиначено во Брајчино.

Според официјалните податоци од 1953 г., селото бележи 921 жител, а 1961г. – 799 жители од македонска националност. Според податоците од пописот во 2002 год., селото имало 134 жители, а во 2006 биле евидентирани 119 жители и 100 куќи. Тие се занимаваат со сточарство, земјоделие и сечење и преработка на дрва, како и собирање на шумски плодови, пчеларство и овоштарство.

Селото Брајчино е од збиен тип, амфитеатрално поставено на двата брега на Стара Река или Брајчинска Река со стари традиционални куќи, градени од камен и нови куќи од тула и блок, сите на кат, покриени со ќерамиди. Околу куќите постојат дворни места, а во некои постојат зеленчукови и овошни градини.

Според групираноста на куќите и фамилиите, селото се дели на четири поголеми маала:

- Горна Маала – источен дел на селото,
- Долна Маала – западниот дел,
- Чороловска Маала – југозападниот дел,
- Камејнче Маала – во јужниот дел на селото.

Маалата меѓусебно се поврзуваат со два бетонски моста на Брајчинска Река и повеќе стрмни, тесни, но асфалтирани улици. Покрај Брајчинска Река, како нејзина лева притока низ селото тече и реката Брезница. Селските улици се тесни и асфалтирани и одат паралелно со Брајчинска Река како во горниот така и во долниот дел од селото.

[5]Најстари историски податоци претставуваат Турските пописни дефтери за каазите Горица, Билишта и Хрупишта од 1568/69 г., од кои дознаваме за демографската состојба во селото во тој период кога селото имало 41 фамилија.
[6]http:// www.brajcino.mk(последен пат отворено на 12.07.2022).
[7] Влогимјеж Пјанка- полски лингвист и дијалектолог кој работел во Македонија.

Во средината на селото има пространо сретсело – Полена. Тука се наоѓаат селската чешма и спомен - плоча за паднатите борци родум од селото, мостот, селскиот казан за печење ракија, продавница и ковачница која веќе долги години служи како магацински простор. Во близина на центарот на селото се наоѓа старото селско училиште изградено 1921 год., со голем училишен двор кој и ден-денес служи за одржување на селските собири. Со електрична енергија селото се здобило во 1952 год., со задружен дом во 1949 год., со водовод во 1975 год., со телефонски приклучоци 1988 год., а во 1998 год. се асфалтирале и селските улици.



Селскиот казан , училиштето и мостот на Полена, 2021 год., фото С. Ружин

Ова планинско село и денес ги сочувало својата живост и автентичниот амбиент со голем број на објекти од традиционалната архитектура, како станбени така и стопански. Близината на Националниот парк „Пелистер“и Преспанското Езеро, како и човечките ресурси се сметаат за добра основа за развој на алтернативните видови туризам. Селото има извонредни предуслови за развој на екотуризмот, како и развиена свест кај месното население за зачувување на животната средина, која тешко може да се забележи во други села.



Објекти од традиционалната архитектура, 2016 год., фото В. Момева Алтипармаковска

Сите сочувани традиционални куќи во селото се на кат и направени од камен, а околу нив, во дворовите се сместени помошните објекти.

Во дворот на Темелковци е сочувана најстарата куќа во селото „Куќата на Бориса Темељковски“, изградена по пожарот 1903 год., кога во селото останале само неколку фамилии: Темелковци, Теговци, Заровци и Шуковци. Во оваа куќа, која е лоцирана во Горна Маала порано живееле 15 души. Изградена е од камен, дрво и кал, со појасни греди. Во ентериерот имало големи отворени огништа, а над нив полици за сушење и чадење на месо. Покриена била со турски ќерамиди, а ја граделе самоуки мајстори. Куќата имала дрвени прозорски решетки. Денес куќата е во урнатини. Во дворот имало помошни објекти: сеник – за чување сено и лисник – за дабови гранки и лисја. Во студените зими со тоа ги хранеле козите и овците кога не можеле да ги носат на пасење[8].




Урнатините од старата и главната фасада од новата куќа на Темелковци, 2021 год., фотограф С.Ружин

„Куќата на Наум Мачков на Цветка“ е изградена во 1923 година. Таа е објект со централен распоред и подолжен трем, односно чардак. Лоцирана е во Долна Маала или Мачко Маало, изградена од камен и кал, од приземје и кат, со трем и чардак по должината на куќата. Амбарот за жито бил поставен на тремот. Во дворот имало помошни објекти, фурна, плевна и ковачница[9].



Куќата на Наум Мачков, 2016 год., фото В.Момева Алтипармаковска

[8]Викторија Момева – Алтипармаковска, „По трагите на традиционалните градби во Преспа“, Завод и Музеј – Битола, Ресен, 2002.
[9]Исто.

„Кулата на бегот“ или куќата на Вржовци, била откупена од бегот во 1912 година, а изградена е многу години пред тоа во времето кога селото претставувало беговски чифлиг. Објектот се наоѓа во Горна Маала, има неправилна основа и се состои од приземје и кат со четири простории кои гравитираат кон чардакот во форма на „Г“. Во истиот објект, во приземјето биле помошните простории и просториите за чување на стоката. Стопанската и станбената функција кај овој објект е издвоена и распоредена по вертикала. Во истиот објект во приземјето се чувала стоката, а на спратот се живеело. Поставеноста на објектот овозможува голема видливост од нејзините чардаци кон запад, кон влезот на селото и езерото. Неправилната форма на габаритот на објектот, создава затворен двор кој е покриен со калдрма[10].



„Кулата на бегот“ 2016 год, фото В.Момева Алтипармаковска

Во атарот на селото постојат неколку цркви и еден манастир .

Селската црква Св. Никола е изградена1871/72 год. (според записите на источната и западната фасада , како и над јужниот влез).Изградена е како гробишна трикорабна базилика со помали димензии, што е вообичаено за руралните средини. Претставува типична псевдобазилика од 19 век, со нартекс и катна галерија, како и затворен трем од западната и јужната страна[11].



Гробишната и селска црква Св. Никола, 2021 год, фото С.Ружин

[10]Исто.

[11]„Валоризација на сакрално КН – Брајчино“, word document.

Иконите во црквата се воглавно изработени во 1875 и 1889 год. од локалните зографи Апостол Стерјев од с. Пласје во Грција или можеби од истоименото село во близината на Корча и Атанас Димитри од с. Негован, Леринско. Творештвото на овие локални, самоуки зографи припаѓа на конзервативната струја на творците од тој период[12].

Според преданијата, каде што сега се наоѓа малата црква Св. Атанас, некогаш имало голем манастир што бил запален од страна на локалниот турски гарнизон. Исто така, се вели дека ова е местото каде што во 10 век, братот на цар Самоил се замонашил и подоцна починал. Под црквата се пронајдени и големи човечки коски кои никогаш не биле објаснети.

Манастирската црква Св. Петка е тешко да се датира. Се претпоставува дека е изградена на крајот на 15 век, односно почетокот на 16 век. Таа претставува типичен пример на мала еднокорабна црква од поствизантискиот период, со покасно изграден нартекс на западната страна, покриена со камени плочи кои традиционално се користеле како покривач на сакралните објекти, нарочно во руралните средини[13]. Експертите веруваат дека фреските се насликани во 16 век[14].

Црквите се изградени од локални мајстори, односно тајфи кои биле вешти во градењето со бигор, односно камен, во конструкции со рабиц и сл. Анонимниот градител бил автор на градбите во селото.Во времето на валоризацијата на предметното добро недостасуваа релевантни записи и сознанија за имињата на градителите, односно градителските тајфи кои биле креатори на урбанистичката концепција на населбата, на јавните и приватните градби во неа и нивната изведба.

Иако градителите на објектите во Брајчино се непознати, сепак има сознанија дека потекнуваат од регионите на Западна Македонија и Мала Преспа каде што интензивно се практикувало традиционалното градителство како примарно занимање.

Денешната состојба на објектите од профаното градителско наследство во селото Брајчино, е во критична состојба поради тоа што поголемиот дел од објектите се напуштени од една страна, а од друга страна, сопствениците не се во можност да инвестираат во нивно одржување или доколку тоа го прават, често отстапуваат од автентичните содржини и материјали. Најголем проблем во ова село се нерегулираните имотно-правни односи, неадекватна обнова на старите и желбата за изградба на нови објекти со современи материјали во автентичниот амбиент на селото.

Руралната споменичка целина Брајчино има поврзаност со други заштитени природни и културни добра,.

[12]Исто.
[13]„Валоризација на сакрално КН – Брајчино“, word document.

[14]“The village of Brajcino”, word document.

Бидејќи селото Брајчино се наоѓа во бафер зоната на Националниот парк „Пелистер", тоа директно е поврзано со оваа природна оставина која има статус на заштита од 1948 година. Оваа споменичка целина со оглед дека припаѓа на поголемо заштитено подрачје, во нејзиното опкружување има поединечно, посебно заштитена споменичка оставина надвор од границите на нејзината контактна зона.Тоа е манастирската црква Св.Петка.

Брајчино, како *споменичка целина* е поврзано со две посебно заштитени нематеријални (духовни) културни оставини, и тоа:

- Духовно културна оставина „Топонимија на РепубликаМакеоднија", прогласена за културно наследство од особено значење, поткатегорија – исклучително значење, со Одлука наВлада на РепубликаМакедонија, бр. 19-4445/16 од 15.09.2009 година („Службен весник на РМ" бр. 117/09). Ова нематеријално културно наследство опфаќа околу 360.000 топонимски единици, меѓу кои, покрај топонимот – Брајчино, како топонимски материјал спаѓаат и месните топоними, особено: Полена (кој е единствен во Република Македонија), Граишта, Кула, Драгоман, Каменче, Гурмениште, Цуце, Присој, Црни Камен, Рудина, Валејца и др.
- Духовно културна оставина „Охридско-преспански говори", прогласена за културно наследство од особено значење, поткатегорија – исклучително значење, со Одлука на Владата на Република Македонија, бр. 19-4445/12 од 15.09.2009 година („Службен весник на РМ" бр. 117/09). Ова нематеријално културно наследство ги опфаќа говорите што припаѓаат на западното македонско наречје и го зафаќаат котлинскиот дел околу Охридското и Преспанското Езеро, вклучувајќи го селото Брајчино и другите села на источната страна на Преспанското Езеро, како и селата што се распоредени околу Малото Преспанско Езеро на денешната територија на Р Грција.

Селото Брајчино со сите свои културно-историски, етнолошки, социолошки, амбиентално-урбанистички и архитектонски својства, значења и вредности, било предмет на истражувања во текот на 20 век, па, до денес од географски, етнолошки и лингвистички аспект. Имајќи предвид дека се работи за селска населба, истражувањата главно биле од општ карактер и во рамките на пошироките истражувања на регионот на Потпелистериeто и Југозападна Македонија. Тоа значи дека селото и целината повеќекратно се третирани во различни стручни, професионални и научни области. Во таа смисла, видот и степенот на досегашните истражувања можат да се групираат во две области:

Истражувања со цел евидентирање и документирање, заштитно-конзерваторски истражувања, реализирани од 1985 год. до денес. Заштитно-конзерваторските истражувања се однесуваат на евидентирање на архитектонските и амбиенталните содржини и својства на предметното културно наследство во целината, во рамките на НП Пелистер.

Различни видови на стручни и научни истражувања од археолошки, историски, географски, антрополошки, етнолошки, лингвистички, културо-

лошки, урбанистички, архитектонско – градежнички, кои ги опфаќаат аспектите од историското, културното и општественото живеење во селото, релевантни за карактерот на спомeничката целина.

Подетални истражувачки работи на селото Брајчино беа преземени во периодот од 2000 г. до 2014 година, како и во текот на 2021 год., најчесто поради изготвување на техничка и фотодокументација за старите селски куќи, како и заради валоризација на руралната споменичка целина.

- Евидентирање, документирање и истражување на традиционалната рурална архитектура во Потпелистерието (1997-2002), раководител на проектот В.Момева Алтипармаковска. Како резултат на овој проект произлезе публикацијата „ По трагите на традиционалните градби во Долна Преспа“, објавена 2002 год.

- Селските населби и куќи во Потпелистерието- културно наследство на Битолско-преспанскиот Регион, Битола, 2012.

Во оваа споменичка целина, исто така беа реализирани неколку одделни проекти за конзервација и реставрација на црквата Св.Петка, како и конзервација и реставрација на ѕидното сликарство во неа , на коешто работеле стручни лица од НКЦ Скопје и од НУ Завод и музеј –Битола. Исто така, работени се истражувачки работи заради потребите на валоризацијата, категоризацијата и изготвувањето на режимот на заштита на руралната целина[15].

---

[15]Преземените истражувања претставуваат основа за утврдување на категоријата на културната оставина и соодветен *режим на заштита*, во смисла на позитивните споменички прописи.

За *руралната споменичка целина Брајчино* како *заштитена оставина* и нејзината *контактна зона* што заедно сочинуваат *заштитено подрачје*, со оглед на предметната *категорија по значење*, се предвидува:

- ***режим на заштита од втор степен*** (за *споменичката целина)* и
- ***режим на заштита од трет степен*** (за *контактната зона).*

1. **Р*ежимот на заштита од втор степен*** *(*Согласно со член 54 став 3 од *ЗЗКН*, за недвижно културно наследство подразбира:„*...зачувување на автентичноста на заштитеното добро со можности за негов развој со/или преку:*

- *адаптација на ентериерот, конзервација и реставрација на доброто;*
- *парцијални реконструктивни зафати, ревитализација и уредување на просторот на заштитеното добро и неговата непосредна околина, по исклучок доградба и надградба на добрата, со цел да се овозможи нивни одржлив развој, без деградирање на утврдените вредности и културно-историското значење на доброто и доколку тоа е во согласност со мерките за заштита на предметната оставина;*

Имајќи ги предвид актуелните состојби во целината, се наметнува потребата од нови и компаративни истражувања со други села од овој тип во поширокиот регион, како и анализа на развојните потреби, потенцијали и можности на Брајчино, со акцент на културниот туризам, негувањето на традициите, како развојни фактори за одржливоста и идните перспективи во зачувувањето на споменичката целина.

**Библиографија:**


1. Археолошка карта на Македонија, МАНУ„ Скопје, 1996.
2. Јовановски, Владо *(2005).* Населбите во Преспа.
3. Јовановски, М., Зборовник по брајчински.
4. Момева Алтипармаковска, Викторија (2002), По трагите на традиционалните градби во Долна Преспа, НУ Завод и музеј, Битола и НВО ЕКОВАСТ.
5. Момева Алтипармаковска, В., (2012) Селските населби и куќи во Потпелистерието- културно наследсво на Битолско-Преспанскиот регион, НУ Завод и музеј.
6. *Палигора,Ристо(2011)*Студија за манастирски туризам на Баба Планина*, Битола: Центар за развој на Пелагонискиот плански регион.*
7. Панов, М., Енциклопедија на селата во Р.Македонија, Скопје, 1998.
8. Пјанка, В., Топономастика на Охридско-Преспанскиот басен, Скопје, 1970.
9. Томовски, К., Народната архитектура во Преспа, Архитектурата на почвата на Македонија, МАНУ, кн.10, Скопје, 2000.


---

- *архитектонско и партерно обликување на празните простори и локации под посебни услови.*

2. **Режим на заштита од трет степен** (согласно со член 54[а] став 4 од *ЗЗКН*) за недвижно културно наследство подразбира:

- *„контрола на габаритите и височините на објектите во оние простори на контактната зона каде што се утврдува дека со несоодветни интервенции од наведениот вид би се нарушиле визурите на заштитената оставина и би се попречила достапноста до неа ;*

*контрола на уличната мрежа и друга урбана инфраструктура на оние простори на кои со несоодветно планирање од наведениот вид би се попречило соодветното функционирање на заштитеното добро“.*